СЛУЖБЕН ВЕСНИК

на Република Северна Македонија

Број 278 **28 декември 2019, сабота** **година LXXV**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
4420.	**Уредба** за поблиските критериуми за директни плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година.....	**4**
4421.	**Уредба** за изменување и дополнување на Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија.....	**30**
4422.	**Уредба** за Методологија за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици за 2020 година.....	**30**
4423.	**Одлука** за давање согласност на финансискиот план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2020 година.....	**31**
4424.	**Одлука** за одобрување на работењето на Надзорниот одбор на железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје.....	**31**
4425.	**Одлука** за одобрување на работењето на Управниот одбор на железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје.....	**31**
4426.	**Одлука** за давање на согласност на финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година.....	**31**
4427.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар.....	**32**
4428.	**Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола.....	**34**
4429.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје.....	**34**

Стр.

4430. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ п.о. - Скопје..... **34**

4431. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар..... **35**

4432. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Дебар..... **35**

4433. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Општина Демир Хисар..... **35**

4434. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Карпош..... **35**

4435. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Државна изборна комисија..... **36**

4436. **Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Центар Жупа..... **36**

4437. **Одлука** за престанување на важењето на Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за локална самоуправа..... **36**

4438. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар..... **37**

4439. **Одлука** за давање согласност на Годишната инвестициона програма за 2020 година на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ – п.о. – Скопје..... **38**

4440. **Одлука** за пренесување во сопственост недвижна ствар на Општина Центар..... **38**

4441. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на недвижни ствари на Општина Кочани..... **38**

4442. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола..... **39**

4443. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Град Скопје..... **42**

Стр.

4444. **Одлука** за давање согласност на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2020 година... **45**

4445. **Одлука** за давање согласност на Годишниот финансиски план за реализација на Програмата за работа на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија за 2020 година..... **45**

4446. **Одлука** за давање на согласност на Годишната инвестициона програма за 2020 година на Јавното претпријатие за управување и заштита на повеќенаменското подрачје „Јасен“ - Скопје..... **46**

4447. **Одлука** за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – минерална вода, на Друштвото за производство, трговија и услуги КОЖУВЧАНКА ДОО увоз-извоз Кавадарци на локалитетот „Прашник“, Општина Кавадарци..... **47**

4448. **Одлука** за давање согласност на инвестиционите Програми на железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за период од 2020 година до 2022 година..... **47**

4449. **Одлука** за давање согласност на финансиската Програма на железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје за 2020 година..... **48**

4450. **Одлука** за давање согласност на Годишната програма за реализација на стратешкиот план на Агенцијата за катастар на недвижности за 2020 година..... **48**

4451. **Одлука** за утврдување и уплатување на дел од износот на платената акциза на енергенти..... **48**

4452. **Одлука** за давање согласност на Решението за давање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели на Друштво за производство, услуги и трговија на големо и мало ФРСТ МЕДИКАЛ КАНАБИС увоз – извоз ДООЕЛ – Битола..... **48**

4453. **Одлука** за изменување на Одлуката за утврдување на коефициенти за пресметување на платата на функционерите кои ги именува Владата на Република Македонија..... **49**

4454. **Одлука** за давање согласност за давање под долготраен закуп на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија по пат на непосредна спогодба на Друштво за производство, трговија и услуги МХЕ Тополки ДОО Скопје..... **49**

Стр.

4455. **Одлука** за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Здравствен дом - Велес..... **50**

4456. **Одлука** за намалување на увозните давачки - царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошко-напредни производи..... **50**

4457. **Одлука** за донесување на Енергетски биланс на Република Северна Македонија за 2020 година..... **51**

4458. **Програма** за финансирање на проекти од областа на дијаспората за 2020 година..... **92**

4459. **Програма** за промоција и поддршка на туризмот за 2020 година..... **92**

4460. **Програма** за развој на спорт и млади за 2020 година..... **94**

4461. **Програма** за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2020 година..... **96**

4462. **Програма** за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2020 година..... **102**

4463. **Програма** за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2020 година..... **108**

4464. **Програма** за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2020 година..... **113**

4465. **Програма** за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед за умрени лица за 2020 година..... **118**

4466. **Програма** за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Северна Македонија за 2020 година..... **124**

4467. **Програма** за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои не се задолжително здравствено осигурани за 2020 година..... **131**

Стр.

4468. **Програма** за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко - консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2020 година..... **133**

4469. **Програма** за заштита на населението од ХИВ-инфекција во Република Северна Македонија..... **135**

4470. **Програма** за управување со водите за 2020 година..... **147**

4471. **Програма** за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија во 2020 година..... **150**

4472. **Програма** за субвенционирање на дел од трошоците за вградување на уред за погон на ТНГ, метан или друг вид на алтернативно гориво во возилата..... **164**

4473. **Програма** за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година..... **167**

4474. **Програма** за изменување на Програмата за заштита на потрошувачите за периодот 2019-2020 година..... **177**

4475. **Програма** за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2020 година..... **178**

4476. **Програма** за остварување на социјалната заштита за 2020 година..... **179**

4477. **Програма** за управување, уредување и одржување на објектите на граничните премини за патен сообраќај за 2020 година..... **184**

4478. **Програма** за изменување на Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година..... **191**

4479. **Програма** за финансирање на изградба, реконструкција, одржување на објекти и опремување на казнено-поправните и воспитно-поправните установи за 2020 година..... **191**

4480. **Програма** за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година.... **192**

4481. **Програма** за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2020 година..... **196**

4482. **Стратешки план** за работа на Агенцијата за катастар на недвижности за периодот 2020-2022 година..... **239**

Огласен дел..... **1-12**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

4420.

Врз основа на член 47 став (6) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15, 154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 152/19 и 244/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ПОБЛИСКИТЕ КРИТЕРИУМИ ЗА ДИРЕКТНИ ПЛАЌАЊА, КОРИСТНИЦИТЕ НА СРЕДСТВАТА, МАКСИМАЛНИТЕ ИЗНОСИ И НАЧИНОТ НА ДИРЕКТНИТЕ ПЛАЌАЊА ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1
Предмет на уредување

Со оваа уредба се пропишуваат поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година.

Член 2
Поблиски критериуми по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и грло добиток, висина на директни плаќања

(1) Поблиските критериуми по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и грло добиток, како и висината на директните плаќања во зависност од видот на културата, класата и квалитетот на земјоделскиот производ и видот на добитокот, се утврдуваат по области согласно подмерките утврдени согласно дел II и дел III од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година.

(2) Поблиските критериуми во растителното производство од дел II од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година по површина земјоделско земјиште, единица земјоделски производ и висината на директните плаќања во зависност од видот на културата се следни:

Бр. на под-мерка	Име на подмерката	Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања
1.1.	Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури освен тутунот	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои во производна 2019/2020 година имаат засеани и ожнеани површини со следните култури: пченица, јачмен, пченка, ˙рж, овес, ориз, тритикале, хељда, сирак, просо, хмељ, лен, леќа, кикирики, соја, сончоглед, маслодајна репка, добиточна репка, афион, шеќерна репка, памук, анасон, фацелија, граор, еспарзета, добиточен грашок и наут (слануток), за засеана или одржувана површина со луцерка. -Минимум засеана површина збирно за сите култури е 0,5 ха во производната 2019/2020 година;

		-Висината на директните плаќања за пченица, јачмен, пченка, ˙рж, овес, тритикале, хељда, сирак, просо, хмељ, лен, леќа, кикирики, соја, сончоглед, маслодајна репка, добиточна репка, шеќерна репка, памук, анасон, фацелија, граор, еспарзета, добиточен грашок, наут (слануток) и за засеана или одржувана површина со луцерка изнесува 12.000 денари по хектар, односно 14.400 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 5 хектари до максимум 50 хектари со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар; -Висината на директните плаќања за ориз изнесува 25.000 денари по хектар, односно 30.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 5 хектари до максимум 50 хектари со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар; -Висината на директните плаќања за афион изнесува 16.000 денари по хектар, односно 19.200 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 5 хектари до максимум 50 хектари со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал согласно минимално употребената количина на семе по хектар; -Табелата за минимално употребената количина на семе по хектар е дадена во Прилог 1 кој е составен дел на оваа уредба; -Висината на директните плаќања за сите наведени култури согласно алинеја 1 од оваа подмерка изнесува 6.000 денари по хектар, освен за сончоглед и афион каде изнесува 8.000 денари по хектар и за ориз изнесува 18.000 денари по хектар без задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал; -Висината на поддршката од алинеите 3, 4, 5 и 7 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,5 ха до 50 ха 100%, од 50 ха до 100 ха 60%, и над 100 ха 30% збирно за сите култури.
1.2.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со големина од 5 до 50 хектари	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои во производна 2019/2020 година имаат засеани со сертифициран материјал и ожнеани површини со поледелски култури со пријавена површина од 5 до 50 ха збирно за следните култури: јачмен, пченица, рж, овес и сончоглед, а се корисници од подмерка 1.1. на оваа уредба; Остварено производство да е продадено во преработувачки капацитети вклучително и произведените жита за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, а запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи;

		-Висината на поддршката е условена со остварени просечни приноси над: 4.000 кг/ха за пченица, 3.000 кг/ха за јачмен, 3.000 кг/ха за ˙рж, 3.000 кг./ха за овес и 1.500 кг./ха за сончоглед; -Висината на директните плаќања за засеана површина со сертифиран семенски материјал од јачмен, пченица, рж, овес и сончоглед изнесува 5.760 денари по хектар.
1.3.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со сончоглед	- Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат засеани и ожнеани површини со сончоглед и се корисници од подмерка 1.1. на оваа уредба; -Висината на директните плаќања за засеани површини со сертифициран семенски материјал од сончоглед изнесува 3.000 денари по хектар.
1.4.	Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство и цвеќе на отворено и во пластеници	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засеани и ожнеани површини со следниве градинарски култури: домати, пипер, лубеница, диња, тиква, грав, боранија, грашок, компир, краставици, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, тиквички, зелена салата, брокула, спанаќ, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, пашканат, аспарагус, ротквици, цвеќе и засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија и за одржување на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија. -Минимум 0,2 ха засеана површина збирно за сите култури; -Висината на директните плаќања за домат, краставица пипер, компир, цвеќе, боранија, грашок, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, зелена салата, брокула, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, тиквички, пашканат, аспарагус, ротквици и засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија и за одржување на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија изнесува 30.000 денари по хектар, односно 36.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектари до максимум 5 хектари, а за лубеница, диња, тиква изнесува 6.000 денари по хектар, односно 6.600 денари по хектар за земјоделски стопанства со површина од минимум 1,5 хектар до максимум 5 хектари; -Висината на директните плаќања за грав и спанаќ изнесува 20.000 денари по хектар, односно 24.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектари до максимум 5 хектари; -Листата на засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија кои се предмет на директни плаќања за алинеја 3 од оваа подмерка е дадена во Прилог 2 кој е составен дел на оваа уредба. -Листата на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и

		зачински растенија кои се предмет на директни плаќања за алинеја 3 од оваа подмерка е дадена во Прилог 3 кој е составен дел на оваа уредба.
1.5.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за производство под контролирани услови на домати, пиперки и краставици	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства производители на домати, пиперки и краставици во затворени простории под контролирани услови и се корисници од подмерка 1.4. на оваа уредба; -Висината на директните плаќања изнесува 99.000 денари по хектар за производство во контролирани услови и производството да е продадено на домашен пазар или остварен извоз во период од 1 јануари до 15 мај 2020 година во следните минимални количини: -за оранжерии кои се загреваат: домати 50.000 килограми по хектар, пиперки 30.000 килограми по хектар, и краставици 80.000 килограми по хектар и -за пластеници кои се загреваат: домати 20.000 килограми по хектар, пиперки 15.000 килограми по хектар и краставици 32.000 килограми по хектар.
1.6.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со градинарски култури и се корисници од подмерка 1.4. на оваа уредба, остварениото производство да е предадено во преработувачки капацитети за зеленчук директно или преку еден регистриран откупувач во период од 26 декември 2019 година до 25 декември 2020 година, вклучително и произведените градинарски култури за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи. -Висината на директните плаќања изнесува 3 денари по килограм за сите градинарски култури.
1.7.	Директни плаќања по обработлива површина за одржување на постоечки овошни насади	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат минимум 0,2 ха површина со постоечки овошни насади за секој овошен вид посебно и се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства; -Прифатлив минимален број на овошки по хектар за секој овошен вид одделно е даден во Табела за минимален број на овошки по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови во Прилог 4 кој е составен дел на оваа уредба; -Висината на директните плаќања изнесува 41.000 денари по хектар, односно 50.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 5 хектари за јаболко; -Висината на директните плаќања изнесува 36.000 денари по хектар, односно 42.600 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 5 хектари за: слива и праска;

		-Висината на директните плаќања изнесува 33.000 денари по хектар, односно 39.600 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 5 хектари за: круша, вишна, кајсија, цреша, јагода на отворено, малина, капина и боровинка; -Висината на директните плаќања изнесува 25.000 денари по хектар, односно 30.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка до минимум 1 хектар и максимум 5 хектари за: дуња, мушмула, актинија, маслинка, калинка, јапонско јаболко, смоква, аронија, шип, рибизла, гоци бери, бадем и лешник; -Висината на директните плаќања изнесува 15.000 денари по хектар, односно 18.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 5 хектари за: ореви и питоми костени; -Висината на директните плаќања од алинеите 3, 4, 5, 6 и 7 од оваа подмерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа за секој вид одделно: од 0,2 ха до 5 ха 100%, од 5,1 ха до 30 ха 60%, и над 30 ха 30%.
1.8.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.7. за овошни култури предадени во преработувачки капацитет	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со следните овошни видови: вишна, малина, капина, аронија, гоци бери, кајсија, јагода и киви и се корисници од подмерка 1.7. на оваа уредба, остварениото производство на овошје да е предадено во преработувачки капацитети за овошје директно или преку еден регистриран откупувач во период од 26 декември 2019 година до 25 декември 2020 година, вклучително и произведените овошни култури за потребите на сопствениот преработувачки капацитет, запишан во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи; -Висината на директните плаќања изнесува 3 денари по килограм.
1.9.	Дополнителни директни плаќања по површина за реконструирани овошни насади заради промена на сортна структура	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат засадени површини со овошни видови и се корисници од подмерка 1.7. и кои имаат реконструирано овошен насад за промена на сортна структура со пресадување во 2018 година и/или 2019 година; -Висината на дополнителни директните плаќања изнесува 9.900 денари по хектар реконструиран насад за: јаболко, круша, слива, праска, вишна, кајсија и цреша; -Висината на дополнителни директните плаќања изнесува 7.500 денари по хектар реконструиран насад за: дуња, мушмула, актинија, маслинка, калинка, јапонско јаболко, смоква, бадем и лешник; -Висината на дополнителни директните плаќања изнесува 4.500 денари по хектар реконструиран насад за: ореви и питоми костени.
1.10.	Директни	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои

	плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади	имаат површини под лозови насади и се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства. -Минималната површина под лозови насади е 0,2 ха а минималниот потребен број на садници е 1.389 садници по хектар, за лозови насади подигнати до пролет 2019 година; -Висината на директните плаќања изнесува 40.000 денари по хектар односно 48.000 денари по хектар за земјоделски стопанства со пријавена површина за финансиска поддршка од минимум 1 хектар до максимум 10 хектари; -Висината на поддршката од алинеја 3 од оваа мерка се намалува со зголемување на пријавените површини и тоа: од 0,2 ха до 10 ха 100%, од 10 ха до 30 ха 60%, и над 30 ха 30% збирно за сите сорти.
1.11.	Дополнителни директни плаќања по површина за реконструирани лозови насади заради промена на сортна структура	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат површини под лозови насади, се регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, се корисници на мерката 1.10. и кои имаат реконструирано лозов насад за промена на сортна структура со пресадување во 2018 година и/или 2019 година; -Висината на дополнителни директните плаќања изнесува 12.000 денари по хектар реконструиран лозов насад.
1.12.	Директни плаќања за производство на домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација за житни, индустриски, фуражни и градинарски култури	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал кои имаат произведен семенски материјал во 2020 година согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и имаат добиено конечни сертификати. -Произведен во 2020 година, продаден, како и потрошен за сопствени потреби согласно издадениот конечен сертификат за семенскиот материјал; -Минимална прифатлива сертифицирана количина за житни култури е 2,5 тони по хектар пријавена површина; -Минимална прифатлива сертифицирана количина за сточен грашок е 1 тони по хектар пријавена површина; -Висината на директните плаќања изнесува 20.000 денари по хектар за прва генерација (Ц1) и 15.000 денари по хектар за втора генерација (Ц2) освен за тутун каде што висината на директните плаќања изнесува 60.000 денари по хектар.
1.13.	Директни плаќања за производство на домашен лозов и овошен саден материјал	-Корисници на оваа подмерка се правни лица запишани во Регистарот на снабдувачи за саден материјал кои имаат произведен лозов и/или овошен саден материјал во 2020 година согласно Закон за семенски и саден материјал за земјоделски растенија и имаат добиено сертификат за конечно сертифициран саден материјал; -Произведени, продадени, како и потрошени за сопствени потреби домашни лозови и/или овошни садници најдоцна до 30 април 2021

		година; -Висината на директните плаќања изнесува 30 денари по лозов и 35 денари по овошен садник од категоријата САС (стандарден) саден материјал за произведени и продадени садници, вклучително и садници кои се употребени за сопствени потреби; -Висината на директните плаќања изнесува 35 денари по лозов и 40 денари по овошен садник од повисока категорија на сертифициран саден материјал за произведени и продадени садници, вклучително и садници кои се употребени за сопствени потреби.
1.14.	Директни плаќања за производство на сертифициран посадочен материјал за градинарски производи и цветни култури	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на саден материјал со минималниот производен капацитет од 50.000 млади растенија годишно со сертификат за конечено сертифицирање, материјал за размножување и саден материјал-расад од градинарски растенија и цветни култури и кои имаат произведен и продаден посадочен материјал за градинарски производи и цветни култури на домашен пазар во 2020 година, вклучително и посадочен материјал кој е употребен за сопствени потреби; -Цветните култури кои се предмет на директни плаќања за оваа подмерка е дадена во Табела на цветни култури во Прилог 5 кој е составен дел на оваа уредба; -Висината на директните плаќања изнесува 2 денари по продадено младо растение, вклучително и посадочен материјал кој е употребен за сопствени потреби .
1.15.	Директни плаќања за производство на млади растенија од цвеќе во инвитро услови	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства запишани во Регистар на снабдувачи на саден материјал кои имаат произведено и продадено младо растение од родот Орхидеи вид Phalaenopsis во инвитро услови во период од 1 јануари до 15 мај 2020 година; -Висината на директните плаќања изнесува 10 денари по продадено младо растение кое е произведено во инвитро услови со микроразмножување и користење на хранливи агарски подлоги кои имаат желатинска структура во соодветни санитарни услови; -Максимален број на млади растенија е 615.000 по корисник.
1.16.	Директни плаќања за производство на предосновен и основен семенски материјал за житни култури	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистарот на снабдувачи на семенски материјал и кои имаат произведен и продаден предосновен и основен семенски материјал за житни култури во 2020 година согласно Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија; -Висината на директните плаќања за произведен и продаден семенски материјал, вклучително и употребениот за сопствени потреби предосновен семенски материјал изнесува 20 денари по килограм, а за основен семенски материјал изнесува 10 денари по килограм.
1.17.	Дополнителни	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства

	директни плаќања од подмерки 1.4., 1.7. и 1.10. за поддршка на промената на типот на производство од житни култури во градинарски култури, овошни и лозови насади за вкупни површини по стопанство помали од 5 ха	регистрирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои се корисници на подмерките 1.4., 1.7. и 1.10. на оваа уредба со сите евидентирани парцели во Единствениот регистар на земјоделски стопанства, а кои во претходните три последователни години добивале финансиска поддршка исклучиво за житни култури од подмерка 1.1. на оваа уредба; -Висината на директните плаќања изнесува дополнителни 30% од поддршката обезбедена за подмерките 1.4., 1.7. и 1.10. на оваа уредба; -Финансиската поддршка ќе се исплаќа во времетраење од пет последователни години од годината на преминување од производство од подмерка 1.1. во производство од подмерките 1.4., 1.7. и 1.10. на оваа уредба.
1.18.	Директни плаќања за мали земјоделски стопанства дефинирани според историски плаќања за претходните 3 години	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои се корисници по Програмите за финансиска поддршка во земјоделството за 2017, 2018 и 2019 година и истите не се корисници на останатите подмерки од член 2, став 2 и став 3 од оваа уредба; - Висината на директните плаќања се утврдува како просек од висината на одобрените финансиски средства за директни плаќања по Програмите за финансиска поддршка во земјоделството за 2017, 2018 и 2019 година и тоа за: - за одобрен просек од 0 до 10.000 денари, висината на финансиската поддршка изнесува 10.000 денари. - за одобрен просек од 10.001 до 20.000 денари, висината на финансиската поддршка изнесува 20.000 денари. - за одобрен просек од 20.001 до 30.000 денари, висината на финансиската поддршка изнесува 30.000 денари. - за одобрен просек од 30.001 до 40.000 денари, висината на финансиската поддршка изнесува 40.000 денари.

(3) Поблиските критериуми во сточарското производство од дел III од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година по грло добиток и висината на директните плаќања во зависност од видот на добитокот се следни:

Бр. на под-мерка	Име на подмерката	Поблиски критериуми и Висина на директни плаќања
2.1.	Директни плаќања за обележани грла говеда	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.10.2020 година; -Висината на директните плаќања изнесува 2.800 денари по грло, односно 3.100 денари по грло за земјоделски стопанства со пријавен број на грла за финансиска поддршка од минимум 10 до максимум 50 грла. Бројот на обележани грла се пресметува скалесто и тоа: од 1 грло до 100 грла 100%, од 101 грла до 150 грла

		70%, од 151 грла до 300 грла 40% и над 301 грла 20%.
2.2.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за основни стада за производство на говедско месо	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда и се корисници од подмерка 2.1 на оваа уредба, имаат минимум 30 грла говеда обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на говеда, и воедно не се корисници на директните плаќања од подмерка 2.3. на оваа уредба; -Висината на директните плаќања изнесува 1.500 денари и се исплаќа за женско грло говедо кое е на возраст од 12 до 24 месеци на 31.10.2020 година.
2.3.	Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства – производители на кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) и сопственото производство и го имаат предадено на регистриран откупувач на сурово млеко за период од октомври 2019 година до септември 2020 година, запишан во регистарот на откупувачи на земјоделски производи; -Корисници на оваа подмерка се и земјоделските стопанства – производители на кравјо, овчо и козјо млеко регистрирани како одгледувачи на говеда, овци и кози во Регистарот на одгледувалишта на одредени видови животни (говеда, овци и кози) за произведеното млеко за период од октомври 2019 година до септември 2020 година, за потребите на сопствениот преработувачки капацитет запишан во регистарот на откупувачи на земјоделски производи; -Висината на директните плаќања изнесува 3,5 денари по литар произведено и предадено кравјо млеко на преработувачки капацитети запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи и 4,5 денари по литар произведено и предадено овчо и козјо млеко на преработувачки капацитети запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи.
2.4.	Директни плаќања за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале говеда во преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло, за период од мај 2019 година до април 2020 година; -Висината на директните плаќања изнесува 1.500 денари по продадено или заклано грло говедо.
2.5.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.4 за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале говеда во преработувачки капацитети запишани во Регистар на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло и се корисници од подмерка 2.4. на оваа уредба, грлата говеда да не се помлади од 8 месеци и да не се постари од 18 месеци на денот на колење и да се од следните раси: симменталско, оберинталско, монтафонско, херефорд, шароле, буша и мелези; -Висината на директните плаќања изнесува 4.000 денари по продадено или заклано грло говедо.

2.6.	Директни плаќања за добиено теле по пат на В/О	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на регистрирани говеда и се корисници од подмерка 2.1 од оваа уредба кои имаат оплодена крава/јуница по пат на В/О и добиено и регистрирано теле во период мај 2019 – април 2020 година; -Висината на директните плаќања изнесува 1.200 денари по добиено и регистрирано теле; -Висината на директните плаќања за добиено и регистрирано женско теле по пат на примена на полово преддефинирано семе (sex semen) изнесува 2.500 денари.
2.7.	Директни плаќања за обележани грла овци од сите категории	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства одгледувачи на овци кои поседуваат минимум 30 грла овци од сите категории евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.10.2020 година; -Висината на директните плаќања изнесува 1.000 денари по грло, односно 1.100 денари по грло за земјоделски стопанства со пријавен број на грла за финансиска поддршка од минимум 101 до максимум 500 грла за сите категории и возрасти.
2.8.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.7 за задржано женско јагне	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на овци и се корисници од подмерка 2.7. на оваа уредба; -Висината на директните плаќања изнесува 700 денари по грло и се исплаќа за женско јагне кое на 31.10.2020 година е на возраст од 6 до 18 месеци.
2.9.	Директни плаќања за обележани грла кози	-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства одгледувачи на кози кои поседуваат најмалку 10 грла кози од сите категории евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на кози и истите ќе ги чуваат до 31.10.2020 година; -Висината на директните плаќања изнесува 1.000 денари по грло, односно 1.100 денари по грло за земјоделски стопанства со пријавен број на грла за финансиска поддршка од минимум 50 до максимум 150 грла за сите категории и возрасти.
2.10.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.9 за задржано женско јаре	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на кози и се корисници од подмерка 2.9 на оваа уредба; -Висината на директните плаќања изнесува 700 денари по грло и се исплаќа за женско јаре кое на 31.10.2020 година е на возраст од 6 до 18 месеци.
2.11.	Директни плаќања за женски приплодни грла-маторици	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат женски приплодни грла-маторици и поседуваат минимум две грла маторици и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.10.2020 година; -Висината на директните плаќања изнесува 1.000 денари по грло-маторица, односно 1.100 денари по грло-маторица за земјоделски стопанства со пријавен број на грла-маторици за финансиска поддршка од минимум 6 до максимум 50 грла-маторици.
2.12.	Дополнителни директни плаќања	Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства одгледувачи на маторици и се корисници од подмерка 2.11 на оваа

	од подмерка 2.11 за уматичено грло-маторица	уредба; -Земјоделските стопанства да се членови или се Призната организација на одгледувачи на свињи, а приплодното грло маторица на денот на поднесување на барањето за финансиска поддршка да е заведено во матична книга; -Земјоделското стопанство да е со минимални капацитети од 50 грла; -Висината на директните плаќања изнесува 20% по уматичено грло од утврдената висина на поддршка во поддмерка 2.11. од оваа уредба;
2.13.	Директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледале и продале или заклале најмалку 5 гоеници во период од мај 2019 година до април 2020 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло; - Висината на директните плаќања за гоеници со тежина од 90 до 130 килограми по грло изнесува 1.000 денари по грло. Бројот на грла се пресметува скалесто и тоа: од 5-5.000 грла 100%, од 5.001 до 15.000 грла 80%и над 15.001 грла 40%. -Висината на директните плаќања за гоеници со минимална тежина од 131 килограми по грло изнесува 2.000 денари по грло. Бројот на грла се пресметува скалесто и тоа: од 5-5.000 грла 100%, од 5.001 до 15.000 грла 80% и над 15.001 грла 40%.
2.14.	Директни плаќања за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и продадени или заклани бројлери во период од мај 2019 година до септември 2020 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло; -Висината на директните плаќања изнесува 40 денари по пиле.
2.15.	Директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои имаат одгледани и продадени или заклани амортизирани несилки во период од 01 октомври 2019 година до 30 септември 2020 година во преработувачки капацитети запишани во Регистарот на одобрени објекти за производство на храна од животинско потекло; -Висината на директните плаќања изнесува 125 денари по несилка.
2.16.	Директни плаќања за произведени еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои произвеле за сопствени потреби или продале еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди во период од мај 2019 година до септември 2020 година; -Висината на директните плаќања изнесува 6 денари по пиле за сопствени потреби. -Висината на директните плаќања изнесува 10 денари за продадено пиле.
2.17.	Директни	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои

	плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство	поседуваат минимум 10 регистрирани презимени пчелни семејства; -Висината на директните плаќања изнесува 600 денари по пчелно семејство, односно 800 за оние земјоделски стопанства со пријавен број на пчелни семејства за финансиска подршка од минимум 50 до максимум 100 пчелни семејства. -Задолжително одржување на бројот на пријавените презимени пчелни семејства е до 30.09.2020 година.
2.18.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.17. за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици	-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства запишани во Регистерот на одгледувалишта на пчели и се Одобрени институции (одгледувалишта на пчелни матици); -Висината на директните плаќања изнесува 1.000 денари по пчелно семејство кое е во контрола и е вклучено во селекција за производство на пчелни матици.
2.19.	Дополнителни директни плаќања за зголемен пријавен број на грла во основно стадо и пчелни семејства од бројот за кој е исплатена финансиска поддршка од претходната календарска година подмерките 2.1., 2.7., 2.9., 2.11. и 2.17.	-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои имаат пријавено зголемен број на грла во основното стадо, и пчелни семејства од претходната година, запишани се во Регистарот на одгледувалишта на животни и Регистарот на одгледувалишта на пчели и се корисници од подмерките 2.1., 2.7., 2.9., 2.11. и 2.17. на оваа уредба; -Висината на директните плаќања изнесува од 30% од утврдената во основните подмерки 2.1., 2.7., 2.9., 2.11. и 2.17. и се однесува на зголемениот број.

(4) Поблиските критериуми за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство од дел II, код на мерка 211, 214 и 215 од Програмата за финансиска поддршка на руралниот развој за 2020 година, како и висината на директните плаќања се следни:

1) За директни плаќања за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство:

-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои вршат земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство и се корисници од подмерките 1.1., 1.2., 1.3., 1.4., 1.6., 1.7., 1.8., 1.10. и 1.17. од став (2) и подмерките 2.1., 2.4., 2.6., 2.7., 2.9., 2.11., 2.13, 2.14., 2.16. и 2.17. од став (3) од овој член.

-Висината на директни плаќања за вршење на земјоделска дејност во подрачја со ограничени можности за производство е 15% од директни плаќања утврдени во оваа уредба и се доделува на следниот начин:

-директни плаќања по површина обработено земјоделско земјиште кај сите пријавени парцели кои се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри

согласно Системот за идентификација на земјишни парцели за подмерките 1.1., 1.2., 1.3., 1.4., 1.7., 1.10. и 1.17. од став (2) од овој член.

-директни плаќања по единица земјоделски производ од растително потекло кој е произведен на земјоделско земјиште кај сите пријавени парцели кои се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели за подмерките 1.6. и 1.8. од став (2) на овој член и точка 4) од овој став.

-директни плаќања по грло добиток и пчелно семејство за регистрирани одгледувалишта во населени места со надморска висина поголема од 700 метри или со број на жители помал од 100 за подмерките 2.1., 2.4., 2.6., 2.7., 2.9., 2.11., 2.13., 2.14., 2.16. и 2.17. од став (3) од овој член.

2) За дополнителни директни плаќања за подмерките од ставовите (2) и (3) на овој член сертифицирани како растително и сточарско органско производство и производство во преод.

-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои имаат сертифицирано растително и сточарско органско производство и производство во преод согласно Законот за органско земјоделско производство.

-Висината на директните плаќања се зголемува за 30% во однос на директните плаќања предвидени во подмерките 1.3., 1.12., 1.13., 1.14. и 1.16. од став (2) на овој член.

-Висината на директните плаќања се зголемува за 50% во однос на директните плаќања предвидени во подмерка 1.1. алинеи 3, 4 и 5 од став (2) на овој член и во подмерките 2.1., 2.4., 2.7., 2.9., 2.11., 2.13., 2.14., 2.15. и 2.17. од ставот (3) на овој член.

-Висината на директните плаќања се зголемува за 70% во однос на директните плаќања предвидени во подмерките 1.7., 1.8., 1.9., 1.10., 1.11. од став (2) на овој член за овоштарското и лозарското производство висината на директните плаќања се пресметува скалесто и тоа: од 0,1 ха до 10 ха 100%, од 10,1 ха до 40 ха 60%, од 40,1 ха до 60 ха 30% и над 60 ха 10%.

-Висината на директните плаќања се зголемува за 100% во однос на директните плаќања предвидени во подмерките 1.4. и 1.5. од ставот (2) на овој член.

3) За директни плаќања за површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред.

-Корисници на оваа мерка се земјоделските стопанства кои имаат површини наменети за зелено ѓубрење или угар во плодоред.

-Оваа мерка се однесува за површини на кои се одгледуваат тревни смеси кои служат за зелено ѓубрење или пак површините не се користат за земјоделско производство (се остваат за угар во плодоред), со исклучок на површините на кои угарот се применува повеќе од една година на иста површина.

-Висината на директните плаќања изнесува 3.500 денари по хектар.

4) За директни плаќања за преработка на органски производи и органски производи во преод од домашно потекло (вклучително за доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло).

-Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат произведено преработки од примарни земјоделски органски производи или

производи во преод од домашно потекло или пак имаат извршено доработка и пакување на самоникнати видови со органско потекло и истите ги имаат продадено.

-Висината на директните плаќања изнесува 10% од вредноста на произведените и продадени производи со максимален износ до 150.000,00 денари по оператор.

5) За директни плаќања за трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

-Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои вршат трговија или извоз на свежи и преработени органски производи и органски производи во преод од домашно потекло.

-Висината на директните плаќања изнесува 5% од вредноста на продадени/извезени производи со максимален износ до 150.000 денари по оператор.

6) За посебни директни плаќања за стручна контрола и сертификација

-Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи од областа на органското земјоделско производство кои имаат добиено сертификат од овластено тело во 2020 година.

-Висината на директните плаќања изнесува 50% од трошоците за добиен сертификат издаден од овластено тело во 2020 година.

7) За посебни директни плаќања за анализа на својства на почва и производ кај земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди и тешки метали на почва и во органски производи во 2020 година.

-Корисници на оваа мерка се земјоделски стопанства и/или откупувачи запишани во Регистарот на откупувачи на земјоделски производи кои имаат извршени агрохемиски, педолошки или анализи на остатоци од пестициди, тешки метали и други материи на почва и во органски производи во 2020 година.

-Висината на директните плаќања изнесува 70% од трошоците за анализа без данок на додадена вредност, но не повеќе од 9.000 денари по земјоделско стопанство.

8) Директни плаќања за грла говеда од автохтона раса Буша.

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда од расата Буша и имаат најмалку пет уматичени грла говеда од расата Буша обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на говеда и запишани во матична книга на Призната организација на одгледувачи на говеда од расата Буша на денот на поднесувањето на барањето.

-Земјоделските стопанства да се членови на Призната организација на одгледувачи на говеда од расата Буша и во 2019 година да ги спроведувале мерките и активностите од одгледувачката Програма на Признатата организација на одгледувачи на говеда од расата Буша.

-Висината на директните плаќања изнесува 2.000 денари и се исплаќа за уматичено грло говедо од расата Буша и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2020 година.

9) Директни плаќања за грла овци од автохтона раса Праменка (Овчеполка и Шарпланинска).

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои се одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска) и имаат минимум 50 уматичени грла овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска), обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и запишани во матична книга на Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска) на денот на поднесувањето на барањето.

-Земјоделските стопанства да се членови на Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска) и во 2019 година да ги спроведувале мерките и активностите од одгледувачката Програма на Призната организација на одгледувачи на овци од расата Праменка (Овчеполка и Шарпланинска).

-Висината на директните плаќања изнесува 550 денари по грло и се исплаќа за уматичено грло овца и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2020 година.

10) Директни плаќања за грла кози од автохтона раса Балканска коза.

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои се одгледувачи на кози од расата Балканска коза и имаат минимум 50 уматичени грла кози од расата Балканска коза, обележани и евидентирани во Регистарот на одгледувалишта на овци и кози и запишани во матична книга на Призната организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза на денот на поднесувањето на барањето.

-Земјоделските стопанства да се членови на Призната организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза и во 2019 година да ги спроведувале мерките и активностите од одгледувачката Програма на Призната организација на одгледувачи на кози од расата Балканска коза.

-Висината на директните плаќања изнесува 550 денари по грло и се исплаќа за уматичено грло кози и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2020 година.

11) Директни плаќања за одгледување на стопанско корисно автохтоно овчарско куче Шарпланинец.

-Корисници на оваа подмерка се земјоделски стопанства кои одгледуваат овци и кози, кои поседуваат најмалку 50 грла овци и/или кози евидентирани во Регистарот на овци и кози, и се сопственици на педигрирани кучиња од расата Шарпланинец на кои е извршена идентификација со микрочип на денот на поднесување на барањето.

-Максимален број е седум пријавени кучиња по земјоделско стопанство.

-Висината на директните плаќања изнесува 3.000 денари по куче и се исплаќа за куче од расата Шарпланинец кое е на возраст над шест месеци на 30.09.2020 година.

12) Директни плаќања за грла говеда од раса Бивол.

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства кои одгледуваат говеда од раса Бивол, ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на говеда и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2020 година.

-Висината на директните плаќања изнесува 9.000 денари по грло.

13) Директни плаќања за грла овци од автохтона раса Праменка (Каракачанска).

-Корисници на оваа подмерка се земјоделските стопанства сопственици на минимум 10 грла овци од расата Праменка (Каракачанска), ги имаат обележано и евидентирано во Регистарот на одгледувалишта на овци и да се инвентаризирани и карактеризирани од страна на овластена институција за спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството и истите ќе ги чуваат најмалку до 31.12.2020 година.

-Висината на директните плаќања изнесува 5.000 денари по грло.

(5) Утврдениот минимум површина земјоделско земјиште и број на минимум грла добиток вклучително и минимум пчелни семејства во оваа уредба се намалува за 50% и тоа:

-За земјоделски стопанства кај кои сите пријавени парцели се наоѓаат на надморска висина поголема од 700 метри согласно Системот за идентификација на земјишни парцели и се применува за подмерки 1.1., 1.4., 1.7. и 1.10., од став (2) од овој член.

-За земјоделски стопанства кај кои сите пријавени одгледувалишта се регистрирани во населени места со надморска висина поголема од 700 метри или со број на жители помал од 100 и се применуваат за подмерки 2.7. и 2.9. од став (3) од овој член, со исклучок на подмерка 2.13. од став (3) од овој член за која утврдениот минимум е 2 грла и подмерка 2.17. од став (3) од овој член за која утврдениот минимум е 5 пчелни семејства.

(6) Корисници на директни плаќања се земјоделски стопанства кои ги исполнуваат барањата согласно Правилникот за Листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

(7) Во случај на несообразност со задолжителните барања или условите и посебните минимални услови за вкрстена сообразност од членот 49 на Законот за земјоделство и рурален развој, намалувањата или исклучувањата на корисниците од директните плаќања ќе се врши согласно член 57 од Законот за земјоделство и рурален развој.

(8) Корисниците на подмерката 1.18. ќе бидат исклучени од исполнување на условите и барањата согласно Правилникот за Листа на посебни минимални услови за добра земјоделска пракса и заштита на животната средина.

Член 3

Начин на директни плаќања

(1) Директните плаќања во земјоделството за 2020 година ќе се извршуваат според поднесени барања за финансиска поддршка и рокови за поднесување на барањата.

(2) Административните проверки и контроли потребни за реализација на директните плаќања се вршат врз основа на податоци евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства.

(3) Спроведување на мерките за директни плаќања по површина се врши врз основа на барања кои треба да содржат податоци за површината на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства. Максималната дозволена површина на катастарските парцели за кои се поднесува барање дополнително е ограничена со површината евидентирана во Системот за идентификација на земјишните парцели со утврдена употреба на земјоделско земјиште на земјоделското стопанство. Административните проверки се вршат врз основа на податоците за површината на катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства со состојба на 15 март 2020 година и со податоците за површините евидентирани во Системот за идентификација на земјишните парцели со состојба на 15 март 2020 година. При контролата на самото место утврдувањето на големината на површината на декларираната култура се врши на целокупната парцела евидентирана во Системот за идентификација на земјишните (СИЗП) и за сите СИЗП парцели, кои како подлога целосно или делумно ги имаат катастарските парцели евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства и кои се наведени во барањето.

(4) Спроведување на подмерките на директните плаќања во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци, кози, женски приплодни грла-маторици и презимени пчелни семејства се вршат врз основа на податоци од Регистарот за идентификација и регистрација на домашни животни на денот на поднесување на барањето, а утврдување на бројна состојба на маторици врз основа на потврди издадени од регистрирани ветеринарни друштва.

(5) Спроведување на подмерката 2.12. од член 2 став (3) на оваа уредба, во поглед на утврдување на бројната состојба на уматичени грла – маторици се врши врз основа на податоци од Матичната книга на Признатата организација на одгледувачи на свињи запишана во Регистарот на Признати организации на одгледувачи на добиток, потврдени од Признатата организација на одгледувачи на свињи, а заверени од вршител на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна Програма за Одгледување на Добиток (ЗОПОД).

(6) Спроведување на подмерката 2.18. од член 2 став (3) на оваа уредба се врши врз основа на податоци од Регистарот на одгледувалишта на пчели во Агенцијата за храна и ветеринарство, Регистарот на одобрени институции-Одгледувалишта на пчелни матици во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и податоци потврдени од вршителот на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна Програма за Одгледување на Добиток (ЗОПОД).

(7) Кога барателот ги нема намирено финансиските обврски кон Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта по основ на користење на пасишта во државна сопственост и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие Стрежево Битола,

Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес и Јавно претпријатие хидро систем Злетовица, Пробиштип по основ на неплатен воден надоместок ќе се овозможи меѓусебно пребивање на ненамирените финансиски обврски со одобрениот износ на финансиска поддршка, по претходна согласност на барателот со поднесена изјава заверена на нотар дека е согласен ненамирените обврски да се пребијат со одобрената финансиска поддршка.

(8) Изјавата од став (7) на овој член барателот е должен да ја достави до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој во рок од 20 дена од денот на доставување на известувањето за ненамирени финансиски обврски од став (7) на овој член од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

(9) Во случај кога барателот нема да достави согласност во рокот од став (8) на овој член, на истиот не му се исплаќа одобрениот износ на финансиска поддршка.

(10) Доколку одобрениот износ на финансиска поддршка на корисникот не е доволна за подмирување на сите обврски на корисникот утврдени во став (8) на овој член, подмирувањето на обврските се врши по следниот редослед:

1. неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште,
2. обврски по однос на неплатен воден надомест и
3. неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(11) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2020 година за следниов основ:

-неплатена закупнина за користење на државно земјоделско земјиште.

(12) Подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие Стрежево Битола, Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес и Јавно претпријатие хидро систем Злетовица, Пробиштип доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2020 година по основ за неплатен воден надоместок.

(13) Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта доставува до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој податоци за ненамирени финансиски обврски со состојба на 15 јануари 2020 година за неплатен надоместок за користење на државни пасишта.

(14) Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие Стрежево Битола, Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес и Јавно претпријатие хидро систем Злетовица, Пробиштип податоците од ставовите (11), (12) и (13) на овој член ги доставуваат до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој по електронски пат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа уредба.

(15) Ажурирањето на внесените податоци врз основа на извршена уплата и/или технички грешки при пријавувањето на податоците за ненамирени финансиски обврски ќе го вршат Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие Стрежево Битола, Јавното претпријатие за

водостопанство Лисиче-Велес и Јавно претпријатие хидро систем Злетовица, Пробиштип.

(16) Податоците од ставовите (12), (13) и (14) на овој член кои ги доставуваат: Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта и подружниците на Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија, Јавното претпријатие Стрежево Битола, Јавното претпријатие за водостопанство Лисиче-Велес и Јавно претпријатие хидро систем Злетовица, Пробиштип до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој треба да ги содржат видот на обврската, висината на обврската (главен долг и камата), основот од кој произлегува обврската, податоци за должникот (име и презиме/назив, ЕМБГ/ЕМБС), податоци за сметка на субјектот на која треба да се изврши исплатата на обврската и истите треба да бидат целосни, комплетни и валидни за да се сметаат за основ за вршење на пребивање.

(17) Спроведувањето на директните плаќања од член 2 став (4) точки 8), 9) и 10) од оваа уредба, во поглед на утврдување на бројната состојба на говеда, овци и кози се вршат врз основа на податоци од Матичната книга на Признатата организација на одгледувачи, а заверени од вршител на јавна услуга за спроведување на мерки и активности од Заедничката Основна програма за Одгледување на добиток (ЗОПОД).

(18) Спроведување на директните плаќања од член 2 став (4) точка 11) од оваа уредба се врши врз основа на податоци од педигрето издадено од Кинолошки сојуз на Република Северна Македонија.

(19) Спроведување на директните плаќања од член 2 став (4) точка 12) од оваа уредба се врши врз основа на податоци добиени од Регистарот на одгледувалишта на животни.

(20) Спроведувањето на директните плаќања од член 2 став (4) точка 13) од оваа уредба се врши врз основа на податоци добиени од овластена институција за спроведување на мерки и активности од Програмата за заштита на биолошката разновидност во сточарството.

(21) Вкупниот максимален износ на директни плаќања по корисник пресметан во зависност од големината на површината на земјоделско земјиште, единицата земјоделски производ и бројот на грла добиток од подмерките од оваа уредба не може да биде поголем од 18.450.000 денари по корисник.

(22) Спроведувањето на мерката 8 „Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација" од дел IX од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година ќе се врши врз основа на податоци за големина на земјоделска површина по вид на земјоделски производ пријавени во барањата за финансиска поддршка во земјоделството во 2019 година, за директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури освен тутунот, директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство и цвеќе на отворено и во пластеници, директни плаќања по обработлива површина за одржување на постоечки овошни насади и директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади, при што висината на помошта за:

- пченица, јачмен, пченка,`рж, овес, ориз, тритикале, хељда, сирак и просо изнесува 1.250 денари по хектар;

- хмељ, лен, леќа, кикирики, соја, сончоглед, маслодајна репка, добиточна репка, афион, шеќерна репка, памук, граор, еспарзета, добиточен грашок и наут (слануток) и луцерка изнесува 1.875 денари по хектар;

- домати, пипер, лубеница, диња, тиква, грав, бораниј а, грашок, компир, краставици, корнишони, зелка, кељ, кромид, лук, праз, тиквички, зелена салата, брокула, спанаќ, карфиол, модар патлиџан, морков, целер, цвекло, пашканат, аспарагус, ротквици, цвеќе, култивирани лековити, ароматични и зачински растенија како и за лозови насади изнесува 3.750 денари по хектар;

- јаболко, круша, слива, праска, вишна, кајсија, цреша, јагода на отворено, малина, капина и боровинка изнесува 4.666 денари по хектар;

- дуња, мушмула, актинија, маслинка, калинка, јапонско јаболко, смоква, аронија, шип, рибизла, гоџи бери, бадем и лешник изнесува 3.333 денари по хектар и

- ореви и питоми костени изнесува 2.333 денари по хектар.

Доколку пресметаната висина на помош по земјоделско стопанство кое е со површина од 0,1 до 1 хектар е помала од 500 денари висината на помошта ќе се исплати во износ од 500 денари по земјоделско стопанство.

За набавка на дизел гориво за земјоделска механизација Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој спроведува постапка за доделување на договор за јавна набавка.

Член 4

Рокови за поднесување на барања

Крајните рокови за поднесување на барањата од член 3 на оваа уредба по одделни подмерки од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година се следни:

1. До 31 мај 2020 година за следните подмерки: 1.1., 1.3., 1.4., 1.5., 1.7., 1.9., 1.10., 1.11., 1.12, 1.13., 1.14., 1.15. 1.16., 1.17. и 1.18 од член 2 став (2), подмерки 2.1., 2.2., 2.4., 2.5., 2.6., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10., 2.11., 2.12., 2.13., 2.17., 2.18. и 2.19. од член 2 став (3) и точки 1), 2), 3), 8), 9), 10), 11), 12) и 13) од член 2 став (4) од оваа уредба.

2. До 31 октомври 2020 година за подмерка 1.2. од член 2 став (2) од оваа уредба.

3. До 25 декември 2020 година за подмерките: 1.6. и 1.8. од член 2 став (2), точките: 4) 5), 6) и 7) од член 2 став (4) од оваа уредба.

4. За подмерката 2.3. и 2.15. од член 2 став (3) од оваа уредба крајниот рок за поднесување на барања се според следните периоди:

-до 16 мај 2020 година во период од 1 октомври 2019 година до 31 декември 2019 година,
-до 15 јуни 2020 година во период од 1 јануари 2020 година до 31 април 2020 година,
-до 5 ноември 2020 година во период од 1 мај 2020 година до 30 септември 2020 година.

5. За подмерката 2.14. и 2.16. од член 2 став (3) од оваа уредба крајниот рок за поднесување на барања се според следните периоди:

-до 1 март 2020 година во период од 1 мај 2019 година до 31 декември 2019 година,
-до 15 јуни 2020 година во период од 1 јануари 2020 година до 31 април 2020 година,
-до 5 ноември 2020 година во период од 1 мај 2020 година до 30 септември 2020 година.

Член 5

Правните лица кои се занимаваат со откуп, преработка и трговија на примарни земјоделски производи и услуги за колење, потребните податоци за реализирање на директните плаќања согласно Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година, на барање на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој ги доставуваат во рок од 15 дена од денот на приемот на барањето.

Член 6

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10579/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

Прилог 1

Табела за минимално употребени количини семе по хектар

Вид	Минимална употребена количина на семе во кг./ха
Пченица	150
Јачмен	150
Тритикале	180
Рж	180
Овес	120
Ориз	170
Пченка	15
Сирак	10
Сончоглед	4,5
Просо	8
Хељда	40
Соја	80
Леќа	80
Наут	80
Добиточен грашок	150
Граор	100
Еспарзета	30
Луцерка	20

Прилог 2

Листа на засеани култивирани лековити, ароматични и зачински растенија

1. Valeriana officinalis – мачкина трева (валеријана)
2. Inula helenium L. – оман (голем корен, волско око)
3. Ocimum basilicum L. – босилек
4. Trigonella foenumgraecum L. – грчко семе (пискавица, сминдух)
5. Angelica archangelica L. - ангелика
6. Digitalis lanata Ehrh. – волнест напрсток (бесник)
7. Chamomilla recutita L. /Matricaria chamomilla - камилица
8. Centaurea cyanus L. – синчец
9. Silybum marianum L. – (сикавица, дива артичока, бадељ)
10. Petroselinum crispum Mill. - магдонос
11. Calendula officialis L. - невен
12. Achilea millefolium L. – ајдучка трева
13. Echinacea purpurea (angustiflia) – сончев шешир
14. Plangato lanceolata L. – теснолистен тегавец
15. Hissopus officinalis L. - изоп
16. Arnica montana - арника
17. Urtica dioica L. - коприва
18. Gentiana lutea L. - линцура
19. Verbascum phlomolides и Verbascum densiflorum – лопен
20. Malva silvestris L. – црн слез (див слез, голем слез)
21. Althaea officinalis L.– бел слез
22. Saturea hortensis (montana) L.– чубрица
23. Anetum graveolens L. - копар
24. Artemisia dracunculus– естрагон,
25. Coriandrum sativum L. – кориандер
26. Sinapsis alba L. – бел синап
27. Artemisia absinthium L. – пелин (бел пелин, питом пелин)
28. Cuminum cyminum L. - кумин
29. Carum carvi L. -ким
30. Laurus nobilis L.- ловор
31. Stevia Rebaudiana L. - стевија
32. Crocus sativus - шафран

Прилог 3

Листа на повеќегодишни култивирани лековити, ароматични и зачински растенија

1. Lavandula angustifolia L. - лаванда
2. Melissa officinalis L. – маточина (пчелина трева, лимон трева)
3. Mentha piperitae L - нане
4. Salvia officinalis L. - жалфија
5. Hipericum perforatum L. - кантарион
6. Majorana hortensis (Origanum majorana) L. – мајоран
7. Thymus vilgaris L. - тимјан
8. Thymus serpyllum L.-мајчина душичка
9.Rosmarinus officinalis L.-рузмарин
10. Origanum vulgare - оригано
11.Helichrusum italicum - смиље
12. Galeopsistetrahit L. – конопица
13. Trifolium repens L. – Бела детелина

Прилог 4

Табела за минимален број на овошки - садници по хектар за постоечки производни овошни насади по овошни видови

Ред. број	Овошен вид	Прифатливиот број на садници по хектар е над
1.	Јаболка	400
2.	Круши	330
3.	Дуњи	500
4.	Мушмула	550
5.	Слива	330
6.	Праски	330
7.	Кајсија	400
8.	Цреши	240
9.	Вишна	500
10.	Орев	70
11.	бадем	330
12.	лешник	270
13.	питом костен	200
14.	актинидија (киви)	550
15.	маслинка	330
16.	калинка	620
17.	јапонско јаболко	330
18.	смоква	500
19.	аронија	1400
20.	боровинка	2200
21.	шип	1660
22.	рибизла	3330
23.	малина	8000
24.	капина	1250
25.	јагода	31000
26.	гоци бери	2500

Прилог 5

Листа на цветни култури

Едногодишни цветни култури:

1. Celosia cristata L. – петлова кикиришка, кикереска, петлов гребен, целозија,
2. Amaranthus caudatus L. – украсен штир, амарантус,
3. Ageratum mexicanum Sims. – агератум,
4. Aster chinensis L. – летна ѕвезда, летен астер,
5. Calendula officinalis L. – невен,
6. Cosmos bipinnatus Cav. – космос,
7. Tagetes sp. L. – цуцуле, тагетес,
8. Zinnia elegans Jacq. – арнаутче, тодорче, бандера, цинија,
9. Impatiens balsamina L. – воденичe,
10. Begonia semperflorens Link et Otto. – бонбонче, бегонија,
11. Alyssum maritimum Lam. - медарче, алисум, лобуларија,
12. Matthiola incana R.Br. – шебој,
13. Lobelia erinus L. – лобелија,
14. Dianthus chinensis L. – летен каранфил,
15. Euphorbia marginata Purch. – млечика, алпски снег,
16. Salvia splendens Ker.-Gawl. – жалфија, салвија,
17. Mirabilis jalapa L. – ноќна убавица, вампирче,
18. Eschscholzia californica Cham. – ешолција,
19. Portulaca grandiflora Hook. – пркос, калдрмче,
20. Pelargonium sp. L'Herit – сардела,
21. Delphinium ajacis L. – мамуза, ралица,
22. Antirrhinum majus L. – чавкина уста, зајка,
23. Petunia hybrida Hort. – петунија,
24. Verbena hybrida Hort. – вербена.

Двогодишни цветни култури:

1. Bellis perennis L. – паричка, бела рада,
2. Myosotis alpestris F.W.Schmidt – незаборавок, споменок,
3. Cheiranthus cheiri L. – мирizлив шебој,
4. Campanula medium L. – ѕвонче,
5. Dianthus barbatus L. – топ каранфил, турски каранфил,
6. Silene pendula L. – силене, плускавец,
7. Alcea rosea L. – градинарска ружа,
8. Digitalis purpurea L. – напрсток, дигиталис,
9. Viola tricolor Hort. non L. – темјанушка, љубичица.

Повеќегодишни цветни култури:

1. Achillea sp. L. – ајдучка трева,
2. Aster sp. L. – ѕвезда, астер,
3. Chrysanthemum sp. L. – хризантема,
4. Gaillardia sp. Fougen. – воловско око, гаилардија,
5. Rudbeckia sp. L. – рудбекија,
6. Santolina sp. L. – сантолина,
7. Iberis sp. L. – иберис,
8. Campanula sp. L. – ѕвонче,
9. Dianthus sp. L. – каранфил,

10. Sedum sp. L. – седум, жедник,
11. Lupinus sp. L. – волчко, лупинус,
12. Iris sp. L. – перуника, ирис,
13. Hemerocallis sp. L. - дневен љиљан, дневен крин,
14. Hosta sp. Tratt. (syn. Funkia L.) - хоста, функија,
15. Jucca sp.L. – јука,
16. Kniphofia sp. Moench. (syn. Tritoma sp. Ker.) – книфофија, тритома,
17. Phlox sp. L. – бисерче, флокс,
18. Primula sp. L. – јаглика, петопрст,
19. Anemone sp. L. – анемона,
20. Aquilegia sp.L. – кандилце, аквилегија,
21. Delphinium sp. L. – мамуза, делфиниум,
22. Paeonia sp. L. – божур, арапче,
23. Astilbe sp. Buch. Ham. – астилбе,
24. Bergenia sp. Unch. – бергенија,
25. Heuchera sp. L. - корално звонче,
26. Veronica sp. L. – велигденче, вероника,
27. Viola sp. L. - темјанушка, љубичица.

Лукови цветни култури:

1. Galanthus nivalis L. – кокиче,
2. Narcissus sp. L. – штркоцвеќе, нарцис,
3. Freesia sp. Klatt. – фрезија,
4. Gladiolus sp. L. – гладиола,
5. Iris sp. L. – перуника, ирис,
6. Colchicum sp. L. - есенска качунка, мразовец,
7. Fritillaria imperialis L. - царски турбан, фритиларија,
8. Hyacinthus sp. L. – зумбул,
9. Lilium sp. L. – крин, љиљан, лилиум,
10. Tulipa sp. L. – лале.

За заштитени простори

Листно декоративни:

1. Agave americana L. F. Agavaceae - агава,
2. Cordyline sp. Comm. F. Agavaceae - кордилине,
3. Dracaena sp. L. F. Agavaceae – драцена, змаевец,
4. Sansevieria sp. Thunb. F. Agavaceae – сансевиерија,
5. Alocasia macrorhiza L. F. Araceae – слоново уво,
6. Dieffenbachia picta Schott. F. Araceae – дифенбахија,
7. Monstera sp. Adans. F. Araceae – монстера,
8. Philodendron sp. Schott. F. Araceae – филодендрон,
9. Scindapsus sp. Schott. F. Araceae – сциндапсус,
10. Fatsia (Aralia) japonica Decne et Planch F. Araliaceae – аралија,
11. Schefflera sp. J.R. et Forst F. Araliaceae – шефлера, чадор дрво,
12. Araucaria sp. Juss. F. Araucariaceae – собна елка, араукарија,
13. Tradescantia sp. L. F. Commelinnaceae – традесканција, телефонче,
14. Aucuba japonica Thunb. F. Cornaceae – аукуба,
15. Cyperus alternifolius L. F. Cyperaceae – водена палма,
16. Codiaeum (Croton) Rumph. F. Euphorbiaceae – кротон,
17. Aloe arborescens Mill. F. Liliaceae – алое,
18. Asparagus sp. L. F. Liliaceae – аспарагус, шпаргла,

19. Aspidistra sp. Ker. F. Liliaceae – аспидистра,
20. Chlorophytum sp. Ker-Gawl F. Liliaceae – хлорофитум,
21. Ficus sp. L. F. Moraceae – фикус,
22. Peperomia sp. Ruiz et Pav. F. Piperaceae – пеперомија,
23. Pilea cadieri F. Urticaceae – пилеја.

Цветно декоративни:

1. Clivia miniata F. Amaryllidaceae – кливија,
2. Hippeastrum (Amaryllis) F. Amaryllidaceae – хипеаструм, амарилис,
3. Hoya carnosa F. Asclepiadaceae – хоја, восочен цвет,
4. Cineraria (Senecio) hybrida F. Asteraceae – цинерарија, сенецио,
5. Цветно декоративни бегонии F. Begoniaceae – бегонија,
6. Kalanchoe F. Crassulariaceae – каланхе,
7. Azalea (Rhododendron) indica F. Ericaceae – азалеја,
8. Euphorbia pulcherrima F. Euphorbiaceae - божиќно дрвце, божиќна ѕвезда, мексикански црвен лист,
9. Gloxinia (Sinningia) hybrida F. Gesneriaceae – глоксинија, синингија,
10. Saintpaulia ionantha F. Gesneriaceae - африканска љубичица,
11. Cyclamen persicum F. Primulaceae - циклама, персиска љубичица, алпска љубичица,
12. Primula sp. F. Primulaceae - јаглика, петопрст, примула,
13. Hydrangea hortensis F. Saxifragaceae – хортензија,
14. Calceolaria hybrida F. Scrophulariaceae - калцеоларија, папучка.

Режен цвет:

1. Alstroemeria L. F. Amaryllidaceae – алстремерија,
2. Anthurium Schott. F. Araceae – антуриум,
3. Calla L. F. Araceae – кала,
4. Chrysanthemum L. F. Asteraceae – хризантема,
5. Gerbera Caff. corr. Spreng. – гербер,
6. Dianthus L. F. Caryophyllaceae – каранфил,
7. Strelitzia Banks. F. Musaceae – стрелиција, рајска птица,
8. Rosa L. F. Rosaceae – трендафил, роза,

4421.

Врз основа на член 187 став (3) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА МЕРКИТЕ ЗА ПОДДРШКА НА ПРОИЗВОДСТВОТО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ОД ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА

Член 1

Во Уредбата за мерките за поддршка на производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/2019) во член 5 по ставот (3) се додава нов став (4) кој гласи:

„(4) Термоелектроцентрала на биогас или термоелектроцентрала на биомаса може да се стекне со статус на повластен производител кој користи повластена тарифа, ако:

1) е реконструирана по 28.5.2018 година и

2) според проценка од овластен проценувач, во реконструкцијата се вложени средства во износ повисок од 70% од проценетата вредност на инвестицијата потребна за изградба на нова електро¬централа на истата локација, со користење на ист извор на енергија

Член 2

Во членот 9 став (3) точка 1) зборовите „15 €¢/kWh“ се заменуваат со зборовите „18 €¢/kWh“.

Член 3

Во членот 16 по ставот 9 се додаваат два нови става (10) и (11), коишто гласат:

„(10) По исклучок од ставот (7) од овој член, ако во тендерска постапка за доделување на премија на електроцентрали кои се градат на земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на кое е воспоставено право на користење, во една или повеќе понуди оценети како прифатливи е доставен износ на фиксна премија од 0,01 €/ MWh, се спроведува електронска аукција со позитивно наддавање на којашто учествуваат сите понудувачи чиишто понуди се оценети како прифатливи.

(11) Предмет на позитивното наддавање од ставот (10) од овој член е еднократен квалификациски надоместок чијашто почетна вредност се утврдува во тендерската документација и се однесува за секој MW инсталирана моќност на електроцентралата.“

Ставот (10) станува став (12).

Член 4

Во членот 23 став (1) зборовите „2020 година“ се заменуваат со зборовите „2021 година“.

Член 5

Оваа уредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10981/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4422.

Врз основа на член 50 став 1 од Законот за пожарникарство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 152/19), член 10 и член 44 став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15 и 209/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 244/19) и член 22 став 1 точка 11 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

У Р Е Д Б А
ЗА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ ЗА ПЛАТИ И ДОДАТОЦИ НА ПЛАТИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ ВО ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Со оваа уредба се пропишува методологијата за распределба на наменски дотации за плати и додатоци на плати за вработените во територијалните противпожарни единици (во натамошниот текст: ТППЕ) за 2020 година по општини.

Член 2

Средствата за плати и додатоци на плати за вработените во ТППЕ, се утврдуваат во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во раздел 05001 – Министерство за одбрана, Програма А – Децентрализација, Потпрограма А2 – Пренесување на надлежности на единиците на локалната самоуправа.

Член 3

Средствата од член 2 од оваа уредба, се распределуваат по општини, според следните критериуми:

- број на вработени во ТППЕ, согласно бројот на склучени спогодби за преземање во надлежност на градот Скопје и општините, како и други вработени со добиена согласност од Министерството за финансии, а во рамките на одобрените средства по општини обезбедени во Буџетот на Министерството за одбрана за 2020 година и
- износ на основни плати и додатоци на плати по вработен во ТППЕ во согласност со закон.

Член 4

Распределбата на средствата од член 2 од оваа уредба, по општини се врши преку Министерството за одбрана.

Член 5

Остатокот од средствата за исплатени плати и додатоци на плати за вработените во ТППЕ на месечно ниво, се пренесува во наредниот месец.

Член 6

Остатокот од средствата за исплатени плати и додатоци на плати за вработените во ТППЕ на 31.12.2020 година, Министерството за финансии го враќа во Буџетот на Република Северна Македонија.

Член 7

Оваа уредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-11027/1
28 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

4423.

Врз основа на член 26, став 4 од Законот за Централен регистар („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/01, 49/03, 109/05, 88/08, 35/11, 43/14, 199/14, 97/15, 153/15, 27/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Финансискиот план на Централен регистар на Република Северна Македонија за 2020 година, број 0201-3/42 од 3.12.2019 година, донесен од Управниот одбор на Централниот регистар на Република Македонија, на седницата одржана на 3.12.2019 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9880/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател
на Владата на Република
Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4424.

Во согласност со член 383, став (1) точка 4 од Закон за трговски друштва („Службен Весник на Република Македонија бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18) Владата на Република Северна Македонија во својство на Собрание на акционери на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА НАДЗОРНИОТ ОДБОР НА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД – СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на Надзорниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, во врска со Одлуката УО бр.2870/1-4 од 16.12.2019 година со која се одобрува Одлука број 2840/1-6 од 14.12.2019 година, донесена од Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, за склучување на Анекс бр.2 кон Договорот за заем ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, продолжен со Анекс бр.1 ОДУ бр.2126/18 од 27.12.2018 година, со АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9896/1
28 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

4425.

Во согласност со член 383, став (1) точка 4 од Закон за трговски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14, 88/15, 192/15, 6/16, 30/16, 61/16, 64/18 и 120/18) Владата на Република Северна Македонија во својство на Собрание на акционери на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, на седницата одржана на28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЖЕЛЕЗНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ТРАНСПОРТ АД – СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се одобрува работењето на Управниот одбор на Железници на Република Северна Македонија Транспорт АД – Скопје, во врска со Одлуката УО бр.2840/1-6 од 14.12.2019 година, за склучување на Анекс бр.2 кон Договорот за заем ОДУ бр.5091/17 од 25.12.2017 година, продолжен со Анекс бр.1 ОДУ бр.2126/18 од 27.12.2018 година, со АД МЕПСО во државна сопственост Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9896/2
28 декември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
д-р **Кочо Анѓушев,** с.р.

4426.

Врз основа на член 8 став (2) од Законот за ревизија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 158/10, 135/11, 188/13, 43/14, 138/14, 145/15, 192/15, 23/16 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА СОГЛАСНОСТ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА СОВЕТОТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Финансискиот план на Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија за 2020 година бр. 01-286/1 од 5.12.2019 година, донесен од Советот за унапредување и надзор на ревизијата на Република Северна Македонија.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9921/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4427.

Врз основа на член 44 став 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА ГОСТИВАР

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за образование и наука му престанува користењето на движните ствари, и тоа:

Ред. број	Назив на движните ствари	Опис на движните ствари	Количина (парче)
1	Интерактивна бела табла со проектор и софтвер	Производител: SMART Модел: Smart Board 480 Сериски број: C022KW07E0180	1
2	Проектор за интерактивна табла	Производител: EPSON Модел: EB-680 Сериски број: X2BD9100908	1
3	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047242	1
4	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047503	1
5	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047501	1
6	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047253	1
7	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047493	1
8	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047255	1
9	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047495	1
10	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047489	1
11	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047506	1
12	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047491	1
13	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047507	1
14	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047499	1
15	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047487	1
16	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047267	1
17	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047238	1
18	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047481	1
19	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047237	1
20	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047244	1
21	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047240	1
22	Персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: D538/E85+ Сериски број: YMLK047251	1
23	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC234892	1
24	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC234886	1
25	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЦУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC235071	1

26	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC235068	1
27	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC235450	1
28	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC235526	1
29	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC234887	1
30	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC235072	1
31	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC235074	1
32	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC234898	1
33	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC234888	1
34	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC235060	1
35	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC235073	1
36	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC234701	1
37	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC234884	1
38	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC235069	1
39	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC234883	1
40	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC235360	1
41	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC235528	1
42	Монитор за персонален компјутер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: E22-8 TS PRO Сериски број: YVBC234904	1
43	Мултимедиа проектор	Производител: ЕПСОН Модел: EPSON EB-108 Сериски број: X4YY8Z00007	1
44	Печатач	Производител: КОНИКА МИНОЛТА Модел: bizhub 3622 Сериски број: SAAFN021007020	1
45	Преносен компјутер-лаптоп	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: LIFEBOOK- E558 Сериски број: DSAD057698	1
46	Преносен компјутер-лаптоп	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: LIFEBOOK- E558 Сериски број: DSAD057704	1
47	Скенер	Производител: ФУЏИТЏУ Модел: fi-7030 Сериски број: ATLH112497	1
48	Платно за проекции	Производител: С БОКС Модел: PSM-118 Димензии: 213x213cm	1
49	Мултифункциски уред (печатач/ фотокопир/ скенер)	Производител: КОНИКА МИНОЛТА Модел: bizhub 227 Сериски број: A7AK027012018	1
50	Дигитална камера	Производител: КАНОН Модел: Legria HF R806 Сериски број: 241	1

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на општина Гостивар за потребите на ОСТУ „Гостивар“- Гостивар.

Член 3

Министерот за образование и наука склучува договор со градоначалникот на општина Гостивар, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-9998/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4428.

Врз основа на член 44 став 4 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ПРЕСТАНОК И ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ НА ОПШТИНА БИТОЛА

Член 1

Со оваа одлука на досегашниот корисник Министерството за образование и наука му престанува користењето на движните ствари и тоа:

Ред. број	Назив на движните ствари	Опис на движните ствари	Количина (парче)
1	Компјутерска програма Аутокад за едукативни цели	Производител: Аутодеск Модел: AutoCAD	1
2	Компјутерска програма Тауер	Производител: Радимпекс Модел: Tower 8	1
3	Компјутерска програма Архикад	Производител: Графисофт Модел: ARCHICAD 22, верзија NET 10+	1
4	Табли за техничко цртање	Производител: Штедлер Модел: Mars 661	20
5	Ласерски уред за премерување на внатрешни простории (за етаж)	Производител: Саут Модел: PD-58	2
6	Геодетски инструменти – дигитални нивелири со соодветни нивелмански летви	Производител: Саут Модел: DL-2007	1
7	Геодетски мини призми	Производител: Недо Мини призма компатибилна со South N6 тотална станица	2
8	Рачни летви	Производител: БМИ Модел: Basic Ширина на лента: 13 mm Должина на лента: 30 m	3

Член 2

Движните ствари од член 1 од оваа одлука се даваат на трајно користење без надомест на општина Битола за потребите на СОУ „Таки Даскало"- Битола.

Член 3

Министерот за образование и наука склучува договор со градоначалникот на општина Битола, со кој се уредуваат правата и обврските за движните ствари од член 1 од оваа одлука.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-10014/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4429.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДРЖАВНИТЕ ШУМИ „НАЦИОНАЛНИ ШУМИ" П.О. - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" П.О.– Скопје, бр. 09-5291/2 од 6.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-10066/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4430.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДРЖАВНИТЕ ШУМИ „НАЦИОНАЛНИ ШУМИ" П.О. - СКОПЈЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" П.О. – Скопје, бр. 09-5292/2 од 6.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

Бр. 45-10066/2
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4431.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА ГОСТИВАР

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Гостивар, бр. 09-5283/2 од 6.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10066/3
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4432.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА ОПШТИНА ДЕБАР

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на општина Дебар, бр. 09-5284/2 од 6.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10066/4
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4433.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на општина Демир Хисар, бр. 09-5287/2 од 6.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10066/5
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4434.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/08, 145/10, 104/13, 187/13, 43/14, 160/14, 97/15, 148/15 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА ОПШТИНА КАРПОШ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на општина Карпош, бр. 09-5286/2 од 6.12.2019 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10066/6
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4435.

За секој вид енергија е подготвен биланс за задоволување на предвидената потрошувачка. Врз основа на податоците од одделните биланси е пресметана потрошувачка на финалната енергија, како и потребната енергија за обезбедување на потрошувачка на финалната енергија.

Податоците за 2018 година како и за девет месеци од 2019 година за електрична енергија, природен гас, нафта и нафтени продукти и за јаглен се преземени од Државниот завод за статистика (ДЗС).

При изготвување на билансите за мрежните енергии (електрична енергија и природен гас) за следната година (2020), истовремено вклучувајќи ги и последните четири месеци од 2019 година, користени се предвидувања и прогнози за потрошувачката и загубите во системите добиени од соодветните оператори и предвидени потреби на големите потрошувачи, како и прогнози за производство од производителите на електрична енергија.

За суровата нафта и нафтени продукти и јагленитe (кокс, лигнит и јаглен) податоците се добиени од производителите, увозниците на енергенти (трговци и/или големи потрошувачи).

Ознаки за користени мерни единици и дефиниции

Во рамките на Билансот количините на енергентите се прикажани во нивните природни (физички) единици, и тоа: цврстите и течните горива во килотони (kt), природниот гас во илјади нормални кубни метри (1000 nm^3), електричната енергија во гигаватчасови (GWh) и геотермалната енергија и огревното дрво во илјада метри кубни (1000 m^3). За да може да се направи споредба на енергентите и да се пресметаат вкупната потребна и финална енергија, количините на одделните видови енергенти се претворени во ktoe според конверзионите фактори (нето енергетски вредности – НЕВ) прикажани во Табела 1и Табела 2. Освен во ktoe во Табела 1 се дадени и конверзионите фактори во TJ и Gcal како најчесто употребувани. За да може податоците од овој енергетски биланс да се споредуваат со податоците од енергетскиот биланс на ДЗС користена е номенклатура во која децималното место е означено со ".".

Табела 1. Нето огревна вредност на вообичаени видови енергенти

	Единица	Gcal	TJ	ktoe
Камен јаглен	kt	5800-7000	24.28-29.31	0.580-0.700
Коксен јаглен	kt	7 000	29,31	0,7
Мрк јаглен	kt	4000-4600	16.75-19.26	0.400-0.460
Лигнит (увозен)	kt	1980	8,29	0,198
Лигнит (домашен)	kt	1425	5,97	0,143
Кокс	kt	6100	25,54	0,61
Огревно дрво	1000 m^3	1610	6,74	0,16
Брикети, пелети и дрвени отпадоци	kt	4060	17,00	0,41
Дрво од овошни насади или др. вид раст.отпадоци	1000 m^3	2545	10,66	0,25
Геотермална топлина	1000 m^3	36	0,15	0,0036
Биодизел	kt	8840	37,02	0,884
Биоетанол	kt	6370	26,67	0,637
Биогас	1000 m^3	4299-4777	18-20	0.430-0.478
Природен гас	10^6 Nm^3	8171	34,22	0,82
Сурова нафта	kt	10200	42,71	1,02
Течен нафтен гас	kt	11000	46,06	1,1
Моторен бензин	kt	10500	43,97	1,05
Керозин	kt	10300	43,13	1,03
Млазно гориво	kt	10500	43,97	1,05
Екстралесно масло	kt	10200	42,71	1,02
Дизел	kt	10200	42,71	1,02
Мазут	kt	9600	40,20	0,96
Нафтен кокс	kt	7600	31,83	0,76
Останати нафтени продукти	kt	8000-9600	33.49-40.19	0.800-0.960
Електрична енергија	GWh	860	3,60	0,086

Табела 2. Конверзиони фактори

	Gcal	TJ	GWh	ktoe
1 Gcal =	1	4,19E-03	1,16E-03	1,00E-04
1 TJ =	239	1	0,28	2,39E-02
1 GWh =	860	3,60	1	8,60E-02
1 ktoe =	10000	41,88	11,63223	1

1. Резиме на енергетскиот биланс за 2020 година

Финална енергија:

Во 2020 година се предвидува дека потрошувачка на финална енергија ќе изнесува 1,935.1 ktoe, и е на исто ниво со во однос на потрошувачката на финална енергија во 2019 година. Во поглед на потрошувачката на енергенти, нафтените продукти остануваат со најголемо учество од 50.6% (979.6 ktoe), електричната енергија со 28.2% (545ktoe), биомасата со 9,7 % (188ktoe) и јаглените со 6,4% (123 ktoe). Сообраќајот го има приматот на секторот со најголема потрошувачка. Неговата потрошувачка во 2020 година се предвидува да биде 724.3ktoe што е 37% од вкупната потрошувачка на финална енергија, а по него следуваат секторот домаќинство со 472.9ktoe (24%), секторот индустрија со 454.5ktoe (23%), комерцијален и услужен сектор со 213.9ktoe (11%), земјоделство со 18.9 ktoe (1%) и неенергетски потреби со 50.5ktoe (4%).

Потребна енергија: Предвидените потреби од енергија за 2020 година се проектирани на 2,767 ktoe што е на исто ниво во однос на 2019 година. Споредено со 2019 година, најголем пораст се забележува кај природниот гас од 21%, како резултат најмногу на најавите за зголемено производство од ТЕТО. Во 2020 година се предвидува јаглените да учествуваат со 39% (1013.0ktoe) а нафтените продукти 38% (996.3ktoe). Исто така, се предвидува, биомасата да учествува со 7% (187,8 ktoe), природниот гас со 12% (299,4 ktoe), хидро енергијата 5% (122,3 ktoe), а ветерната (8,2 ktoe), геотермалната (5,5 ktoe), биогасот (4,6 ktoe) и соларната енергија (7,2 ktoe) со околу 1% учество.

Електрична енергија: Производството на електрична енергија на ниво на генератор во Република Северна Македонија во 2020 година се предвидува да биде 6439 GWh што е за 6% повисоко во однос на 2019 година.

Природен гас: За 2020 година се предвидени 365 милиони Nm^3 природен гас, од кои 305.2 милиони Nm^3 е предвидено да бидат потрошени за производство на електрична и топлинска енергија. За финална потрошувачка се предвидени 58.8 милиони Nm^3 од кои 50.7 милиони Nm^3 се за индустрија, 7.7 милиони Nm^3 за комершијален и услужен сектор, 190 илјади Nm^3 за сообраќајот и 257 илјади Nm^3 за домаќинствата.

Нафтени продукти: Во 2020 година се прогнозира намалување од 1 % во однос на 2019 година, односно прогнозирано е таа да изнесува 996,3 ktoe. Вкупно 1210 ktoe се очекува да се обезбедат од увоз, од кои 213,9 ktoe се наменети за извоз. За енергетски трансформации, во

термоелектраните на јаглен за потпала и поддршка во просецот на согорување, с предвидено да се употребат 16,7 ktoe, додека останатите 979 се предвидува да се употребат за финална потрошувачка во секторите.

Јагленн: Вкупно **5791,8** kt од кои 5597,2 kt лигнит, 89,6 kt суб-битоминозен јаглен (увозен лигнит со повисока калорична вредност) се предвидува да се потрошат во 2020 година. Потрошувачката на јаглен за енергетски трансформации се очекува да биде околу 5553,4 kt, количество што е наменето за производство на електрична енергија.

Биомаса: Вкупните потреби од биомаса се предвидува да бидат 925,8 илјади m^3 огревно дрво, 83,2 kt дрвени отпадоци, брикети и пелети и 31,4 илјади m^3 дрво од овошни насади или друг вид на растителни отпадоци. Од вкупните количини на огревно дрво 884,1 илјади m^3 се предвидуваат да се потрошат во секторот домаќинство. Од категоријата дрвени отпадоци, брикети и пелети, 70,3 kt се наменети за домаќинствата, а останатите за индустријата, а од категоријата дрво од овошни насади или друг вид на растителни отпадоци вкупната количина е наменета за домаќинствата.

Топлина: Во 2020 година, предвидено е производство на топлина од 2029 TJ што е повисоко од потрошувачката во 2019 година. Од овие потреби 1460 TJ се предвидени за домаќинствата, 459 TJ за комерцијалниот и услужен сектор, 19 TJ за индустријата и 253 TJ се загуби.

Енергетски биланс на Република Северна Македонија за 2020 година

Вкупниот енергетски биланс за 2018 година покажува дека финалната потрошувачка на енергија изнесувала 1903,5 ktoe, а за нејзино обезбедување биле потрошени 2598,9 ktoe (Табела 3). За енергетски трансформации (добивање на електрична и топлинска енергија) биле потрошени 934 ktoe, а притоа биле добиени 371,3 ktoe трансформирана енергија (електрична и топлинска енергија). Потрошувачката во самиот енергетскиот сектор изнесувала 39,1 ktoe (се мисли на сопствена потрошувачка и потрошувачка на останати видови енергија во процесите на производство на: електрична енергија, топлина и експлоатација на цврсти), а загубите во пренос и дистрибуција 93,6 ktoe.

Во 2019 година се проценува дека потрошувачката на финалната енергија ќе биде 1942,4 ktoe. За да се обезбеди оваа енергија потребна е енергија во износ од 2760 ktoe. Делот од потребна енергија кој ќе се користи за енергетски трансформации е 1136,2 ktoe, а се предвидува да се добијат 452,9 ktoe трансформирана енергија.

Во 2020 година се планира финалната енергија да биде 1935 ktoe што е на исто ниво во однос на 2019 година. Околу една петина од оваа енергија ќе се обезбеди од трансформирана енергија (468,6 ktoe) за чие производство се потребни 1160,8 ktoe (енергија за енергетски трансформации). Во енергетскиот сектор се планира да се потрошат 48 ktoe, а загубите во пренос и дистрибуција се проектирани на 92 ktoe. Сите овие бројки укажуваат на тоа дека во 2020 година во Република Северна Македонија се потребни 2762,2 ktoe што е зголемување за 6% во однос на 2018 година, а е на исто ниво во однос на 2019 година.

Табела 3. Енергетски биланс на Република Северна Македонија (ktoe)

Снабдување и потрошувачка (ktoe)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Бруто-примарно производство	1,133.0	1,193.7	1,190.4	1.05	1.00
Увоз	1,658.5	1,721.8	1,783.5	1.08	1.04
Салдо на залихи	-43.0	20.5	7.7	-0.18	0.37
Извоз	149.6	175.6	214.4	1.43	1.22
Вкупно потребна енергија	**2,598.9**	**2,760.4**	**2,767.2**	**1.06**	**1.00**
Енергија за енергетски трансформации	934.0	1,136.2	1,160.8	1.24	1.02
Производство на трансформирана енергија	371.3	452.9	468.6	1.26	1.03
Потрошувачка во енергетскиот сектор	39.1	41.9	48.0	1.23	1.14
Загуби во пренос и дистрибуција	93.6	92.9	92.0	0.98	0.99
Потрошувачка на финална енергија	**1,903.5**	**1,942.4**	**1,935.0**	**1.02**	**1.00**
Финална неенергетска потрошувачка	50.3	53.6	50.5	1.00	0.94
Финална енергетска потрошувачка	1,853.2	1,888.8	1,884.6	1.02	1.00
Индустрија	411.1	445.5	454.5	1.11	1.02
Сообраќај	727.0	739.1	724.3	1.00	0.98
Домаќинства	483.5	485.6	472.9	0.98	0.97
Земјоделство	19.6	19.9	18.9	0.96	0.95
Други сектори	211.9	198.6	213.9	1.01	1.08

2. Потребна финална енергија

Според податоците објавени во „Државниот завод за статистика за 2018 година, вкупната потрошувачка на финална енергија во Република Северна Македонија изнесувала 1935,1 ktoe (

Табела 4, Слика 1). Финалната енергија главно е сконцентрирана во секторот сообраќај (38%), домаќинствата (25%), индустријата (22%), а најмалиот е уделот на секторот (други сектори) (11%), додека земјоделството учествува со само 1% во финалната интегрирана потрошувачка на енергија, а неенергетските потреби за 3%. Електричната енергија како енергенс најмногу се користи во трите сектори во кои се најголеми вкупните потреби за енергија 258 ktoe, најмногу индустријата со 133 ktoe и домаќинствата и секторот сообраќај со 130 ktoe (

Табела 4). Во секторот домаќинство електричната енергија учествува со 257,8 ktoe втор најупотребуван енергент бил биомасата со s179,9 ktoe. Во сектор сообраќај најупотребуван енергент биле нафтените продукти (725,3 ktoe).

Според податоците објавени во „Државниот завод за статистика за крајот на 2019 година вкупната потрошувачка на финалната интегрирана на енергија во 2019 година изнесувала 1942,4 ktoe (

Табела 4, Слика 1). Оваа година исто како и во 2018 година најзастапени ќе бидат нафтените продукти со 51,4% и електричната енергија со 27,6% , потоа следуваат биомасата со 9,8%,

јагленитe со 6,9% , топлината со 2,1%, природниот гас со 2.3% и геотермалната енергија со 0,2% (Слика 2). Во 2020 година се предвидува дека потрошувачка на финална енергија се предвидува да остане на исто ниво во однос на 2019 година. Потрошувачката на финална енергија е предвидена да биде 1935,1 ktoe (Табела 4, Слика 1). Во 2020 година како и во претходните две години најзастапени енергенти во потрошувачка на финална енергија ќе бидат нафтените продукти со 50,6% и електричната енергија со 27,2% . Кај електричната енергија се предвидува зголемување од 11%, додека кај нафтените продукти намалување за 1% во однос на 2019 година. Зголемување од 12% и 10% во однос на 2019 година, се предвидува кај топлината и природниот гас, соодветно. Биомасата останува трет најупотребуван енергент во 2020 година со 187,8 ktoe, а јагленитe се на четвртото место со 123,4 ktoe. Сообраќајот е енергетски најинтензивен сектор со учество во потрошувачката од 724,3 ktoe потоа следува секторот домаќинство со 472,9 ktoe и индустријата со 454,5 ktoe.



Слика 1: Процентуално учество на секторите во потрошувачката на финалната енергија во 2020 година

Табела 4. Потрошувачка на финална енергија по енергенти

ПОТРЕБНА ФИНАЛНА ЕНЕРГИЈА (ktoe)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
ВКУПНО	1,903.5	1,942.4	1,935.1	1.02	1.00
Електрична енергија	524.9	529.2	545.2	1.04	1.03
Топлина	46.5	41.4	46.3	0.99	1.12
Нафтени производи	978.6	998.8	979.6	1.00	0.98
Јагленi	113.8	133.6	123.4	1.08	0.92
Биомаса	191.9	191.0	187.8	0.98	0.98
Природен гас	43.3	43.8	48.2	1.11	1.10
Геотермална	4.5	4.6	4.6	1.02	1.01
ИНДУСТРИЈА	411.1	445.5	454.5	1.11	1.02
Електрична енергија	132.9	141.2	157.0	1.18	1.11
Топлина	0.5	0.5	0.5	0.93	0.97

Нафтени производи	123.5	128.5	127.4	1.03	0.99
Јаглени	111.6	131.7	121.7	1.09	0.92
Биомаса	6.2	6.3	6.4	1.03	1.01
Природен гас	36.5	37.3	41.5	1.14	1.11
Сообраќај	727.0	739.1	724.3	1.00	0.98
Електрична енергија	1.0	1.1	1.3	1.24	1.12
Нафтени производи	725.3	737.6	722.9	1.00	0.98
Природен гас	0.7	0.4	0.2	0.22	0.38
ДОМАЌИНСТВА	483.5	485.6	472.9	0.98	0.97
Електрична енергија	257.8	263.1	250.0	0.97	0.95
Топлина	33.9	32.1	34.9	1.03	1.09
Нафтени производи	11.0	10.5	11.4	1.03	1.08
Јаглени	0.8	0.7	0.6	0.72	0.87
Биомаса	179.9	179.1	175.9	0.98	0.98
Природен гас	0.2	0.2	0.2	1.14	1.11
ЗЕМЈОДЕЛСТВО	19.6	19.9	18.9	0.96	0.95
Електрична енергија	3.3	3.5	3.6	1.09	1.05
Нафтени производи	10.7	11.1	9.9	0.92	0.89
Јаглени	0.6	0.5	0.5	0.72	0.87
Биомаса	1.4	1.3	1.3	0.94	0.97
Геотермална	3.5	3.6	3.6	1.02	1.01
КОМЕРЦИЈАЛЕН И УСЛУЖЕН СЕКТОР	211.9	198.6	213.9	1.01	1.08
Електрична енергија	129.8	120.4	133.3	1.03	1.11
Топлина	12.2	8.8	11.0	0.90	1.25
Нафтени производи	57.7	57.5	57.6	1.00	1.00
Јаглени	0.8	0.7	0.6	0.72	0.87
Биомаса	4.4	4.3	4.2	0.97	0.98
Природен гас	5.9	5.9	6.3	1.06	1.08
Геотермална	1.0	1.0	1.0	1.02	1.01
НЕЕНЕРГЕТСКИ ПОТРЕБИ	50.3	53.6	50.5	1.00	0.94
Нафтени производи	50.3	53.6	50.5	1.00	0.94
Геотермална	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00



Слика 1. Финална конфигурација на енергија по енергенси



Слика 2. Застапеност на секторите во потрошувачката на финална енергија за периодот 2018-2020



Слика 3. Потрошувачка на финална енергија по сектори



Слика 4. Процентуално учество на секторите во потрошувачката на финалната енергија во 2020 година

3. Енергетски трансформации

3.1 Електрична енергија

Согласно прогнозите за 2020 година, предвидено е потрошувачката на финална енергија да биде 1935,1 ktoe од која 28% или 545,2 ktoe (6342 GWh) е електрична енергија.

За обезбедување на оваа електрична енергија воглавно се користат домашни капацитети, но дел од електричната енергија се обезбедува и од увоз.

Производството на електрична енергија од домашните капацитети на ниво на генератор, за 2020 година, предвидено е да изнесува 6439 GWh што е за 6% повисоко во однос на 2019 (Табела 5, Слика 5).Зголемувањето на домашното производство во 2020 во однос на 2019 во главно се должи на зголемувањето на производството од ТЕ-ТО од 22%. Од вкупното домашно производство на електрична енергија 3622 GWh) е предвидено да се добие со помош на трансформација од лигнит и 1430 GWh од хидроенергија и 1160 GWh од природен гас. Инаку од вкупното домашно производство се предвидува термоелектраните на лигнит да учествуваат со 60% хидроелектраните со 22%, термоелектраните-топлани со 18% , ветерните со 1%, електраните на биогас со 1% и соларните електрани со 1,3% (слика 6)



Слика 6Учеството на обновливите извори со повластени тарифи се предвидува да биде 6,5% во кој се опфатени малите хидроелектрани со 50%, ветерните електрани со 25%, електраните на биогас со 14% и соларните електрани со 12%.



Слика 5. Обезбедување на електрична енергија за периодот 2018—2020

Табела 5. Обезбедување на електрична енергија

ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА (GWh)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Домашно производство	5,607	6,082	6,439	1.15	1.06
ТЕЦ	2,896	3,710	3,622	1.25	0.98
ТЕ-ТО	746	953	1,160	1.56	1.22
Хидро	1,791	1,233	1,423	0.79	1.15
Солар	23	26	84	3.67	3.21
Ветерни	97	105	96	0.98	0.91
Биогас	54	55	54	1.00	0.99
Биомаса	0	0	0	0.00	0.00
Геотермална	0	0	0	0.00	0.00
Од тоа со повластени производители	377	373	395	1.05	1.06
Хидро	203	190	196	0.97	1.04
Солар	23	24	49	2.14	2.07
Ветерни	97	105	96	0.98	0.91
Биогас	54	55	54	1.00	0.99
Биомаса	0	0	0	0.00	0.00
Геотермално	0	0	0	0.00	0.00
Нето увоз	1,920	1,538	1,428	0.74	0.93

Бруто лобарувачка	7,527	7,620	7,867	1.05	1.03
Потрошувачка во енергетскиот сектор	427	472	553	1.30	1.17
Загуби	995	991	972	0.98	0.98
Потрошувачка на финална енергија	6,105	6,156	6,342	1.04	1.03
Индустрија	1,545.7	1,642	1,827	1.18	1.11
Сообраќај	11.8	13	15	1.24	1.12
Домаќинства	2,998.8	3,060	2,908	0.97	0.95
Земјоделство	38.9	40	42	1.09	1.05
Други сектори	1,510.4	1,401	1,550	1.03	1.11



Слика 6. Процентуално учество на вкупното крајно снабдување

Во 2020 година потрошувачката во енергетскиот сектор (се мисли на сопствена потрошувачка во процесите на производство на: електрична енергија, топлина и експлоатација на цврсти горива) се предвидува да биде 553,1 GWh, а загубите во пренос и дистрибуција 972 GWh. Кога ќе се соберат финалната потрошувачка на електрична енергија, загубите и потрошувачката во енергетскиот сектор и ќе се одземе онаа електрична енергија што е добиена од домашните капацитети се добива дека 1428 GWh треба да се обезбедат од увоз (Слика 7).



Слика 7. Проектирана увозна

3.2 Топлинска енергија

Во 2018 година потрошувачката на финална топлинска енергија изнесувала 1948,1 TJ . Ако на ова се додаде лека 19,5 TJ се потрошени во самиот енергетски сектор и лека 277,3 TJ биле загубите се добива лека бруто побарувачката изнесувала 2244,9 TJ. Оваа бруто побарувачка е обезбедена од топлани и од термолектраните-топлани (Табела 6).

Во 2019 година се проценува лека потрошувачката на финална енергија ќе изнесува 1732,8 TJ) а загубите се проценети на 233,5 TJ , што значи лека бруто побарувачката би била 1985,5 TJ .

Во 2020 година финалната потрошувачка на топлинска енергија е проектирана на 1938,4 TJ. Оваа енергија предвидено е да се обезбеди при процес на трансформација од топланите и од термоелектраните-топлани од. Загубите предвидено е да изнесуваат 252,2 TJ . Потрошувачката во енергетскиот сектор изнесува само 17,7 TJ .

Табела 6. Побарувачка на топлинска енергија и планирани за нејзино обезбедување

Топлина (TJ)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Потрошувачка на финална енергија	**1,948.1**	**1,732.8**	**1,938.4**	**0.99**	**1.12**
Потрошувачка во енергетскиот сектор	**19.5**	**19.3**	**17.7**	**0.91**	**0.92**
Загуби	**277.3**	**233.5**	**252.9**	**0.91**	**1.08**
Бруто побарувачка	2,244.9	1,985.5	2,209.0	0.98	1.11
Произведено во ТЕТО и Топлани	2,244.9	1,985.5	2,209.0	0.98	1.11

3.3 Нафтени продукти

3.3.1 Моторни бензини

Вкупните потреби од моторен бензин во 2018 година од 103,8 kt, се обезбедена од увоз, додека многу мала количина 4,06 kt е извезена. Салдото на залихи изнесувало -0.82. kt. Под салдо на залихи се подразбира разлика во првиот ден од годината (почетни залихи) и последниот ден од годината (крајни залихи). Според ова ако залихите се со знак плус значи дека има трошење на залихите, а ако се со минус има зголемување на залихите.

Во 2019 година, врз основа на податоците за првите девет месеци од ДЗС и последните три месеци прогнози од компаниите се предвидува финална потрошувачка на енергија да биле 103.3 kt, додека во 2020 година се планира да се потрошат 102 kt моторен бензин. Вкупните потреби ќе бидат обезбедени од увоз (Табела 7).

Табела 7. Моторни бензини (kt)

Моторен бензин (kt)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Финална потрошувачка на енергија	98.9	103.3	102.0	1.03	0.99
Бруто побарувачка	98.9	103.3	102.0	1.0	1.0
Домашно производство во рафинерија	0.00	0.0	0.0		
Увоз	103.80	123.5	122.1	1.18	0.99
Извоз	4.06	21.0	20.3	4.99	0.96
Салдо на залихи	-0.82	0.8	0.2	-0.30	0.29

3.3.2 Дизел за транспортот и нафта за ложење

Вкупните потреби од дизел за транспорт во 2018 година од 573,3 kt за финална енергија и 1,9 kt за потрошувачка во енергетскиот сектор се увезени. Увозот изнесувал 623,6 kt, од кои 53,3 kt биле наменети за извоз (Табела 8). Исто така, вкупните потреби од нафта за ложење во 2018 година, 45,8 kt биле увезени (Табела 8.1).

Во 2019 година потрошувачката на дизел за транспортот е зголемена за 3% односно изнесува 592,6 kt, а за 2020 година се предвидува таа да се намали за 1% во однос на 2019 година или да изнесува 589,4 kt. Во 2019 година кај нафтата за ложење не се предвидува некое зголемување во однос на 2018 година, но во 2020 година се предвидува зголемување од 10% во однос на 2019 година или нафтата за ложење во 2020 година би изнесувала 47,9 kt.

Табела 8: Дизел за транспорт (kt)

Дизел за транспорт (kt)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Финална потрошувачка на енергија	573.2	592.6	589.4	1.03	0.99
Потрошувачка во енергетскиот сектор	1.9	0.7	0.0	0.00	0.00
Бруто побарувачка	575.1	593.2	589.4	1.0	1.0
Домашно производство во рафинерија	0.0	0.0	0.0		
Увоз	623.6	660.3	653.2	1.05	0.99
Извоз	53.3	59.9	63.6	1.19	1.06
Салдо на залихи	4.7	-7.2	0.0	0.00	0.00
Размена	0.1	0.1	0.1	1.01	1.00

Табела 8.1: Нафта за ложење (екстра лесно) (kt)

Нафта за ложење (екстра лесно) (kt)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Финална потрошувачка на енергија	45.8	44.8	47.9	1.05	1.07
Потрошувачка во енергетскиот сектор	0.0	0.0	0.0	0.00	
Бруто побарувачка	45.8	44.8	47.9	1.0	1.1
Домашно производство во рафинерија	0.0	0.0	0.0		
Увоз	43.0	43.8	47.9	1.11	1.09
Извоз	0.0	0.0	0.0		
Салдо на залихи	2.8	0.9	0.0	-0.01	-0.04
Размена	0.0	0.0	0.0		

3.3.3 Течен нафтен гас

Потрошувачката на финална енергија во 2018 година на течен нафтен гас (ТНГ) изнесувала околу 77,7 kt која била обезбедена од увоз. Од Република Северна Македонија во 2018 година биле извезени 1,9 kt, што заедно со потрошената количина на ТНГ значи дека вкупно биле увезени 77.7 kt, додека салдото на залихи изнесувало -0.9 kt (Табела 9).

Во 2019 година според реализацијата од ДЗС потрошувачката на ТНГ се намалува за 3% во однос на потрошувачката во 2018 година. Во 2020 година се предвидува дека потрошувачката на ТНГ ќе се зголеми за 10% во однос на 2019 година биде, односно ќе изнесува 79,7 ktoe.

Табела 9: Течен нафтен гас (kt)

ТНГ (kt)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Финална потрошувачка на енергија	77.7	73.3	79.7	1.03	1.09
Бруто побарувачка	77.7	73.3	79.7	1.0	1.1
Домашно производство во рафинерија	0.0	0.0	0.0		
Увоз	80.4	72.8	81.1	1.01	1.11
Извоз	1.9	1.2	1.4	0.75	1.22
Салдо на залихи	-0.9	1.6	0.0	0.03	-0.01

3.3.4 Мазут

Бруто побарувачката на мазут во 2018 година изнесувала 67,4 kt, од кои 53,8 kt биле наменети за финална потрошувачка а 13,6 за енергетски трансформации (Табела 10).

Во 2019 година потрошувачката во однос на 2018 година е на исто ниво, односно изнесува 68 kt. Кога е во прашање потрошувачката на мазут во 2020 година прогнозите покажуваат дека има намалување од 20% во однос на претходните две години односно таа ќе изнесува 51,8 kt . Од вкупната потрошувачка на мазут за 2020 година 34,3 kt се предвидени за финална потрошувачка, а 17,5 kt за енергетски трансформации.

Табела 10. Мазут (kt)

Мазут (kt)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Финална потрошувачка на енергија	53.8	55.6	34.3	0.64	0.62
Енергија за енергетски трансформации	13.6	12.1	17.5	1.29	1.44
Потрошувачка во енергетскиот сектор	0.0	0.2	0.0	0.00	0.00
Бруто побарувачка	67.4	68.0	51.8	0.8	0.8
Домашно производство во рафинерија	0.0	0.0	0.0		
Увоз	67.3	73.9	59.8	0.89	0.81
Извоз	3.2	7.4	7.5	2.31	1.01
Салдо на залихи	3.3	1.5	0.0	0.00	0.00
Размена	0.0	0.0	0.0		

3.3.5 Нафтен кокс

Врз основа на цената на енергентите на пазарот компаниите го менуваат и енергентот со цел да го оптимизираат своето производство. Како резултат на тоа во 2019 година во однос на 2018 година има зголемување на нафтениот кокс за 15%. Во 2020 година планираната потрошувачка на нафтен кокс (според прогнозите на компаниите) ќе се зголеми и ќе изнесув 59,9 kt или зголемување од 50% во однос на 2019 година (Табела 11).

Табела 111. Нафтен кокс

Нафтен (петролејски) кокс (kt)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Финална потрошувачка на енергија	36.2	41.2	59.9	1.65	1.45
Бруто побарувачка	36.2	41.2	59.9	1.7	1.5
Домашно производство во рафинерија	0.0	0.0	0.0		
Увоз	84.9	90.6	154.0	1.81	1.70
Извоз	47.8	50.5	94.1	1.97	1.86
Салдо на залихи	-0.8	1.1	-0.5	0.57	-0.40

4. Потребна енергија и можности за нејзино обезбедување

Потребната енергија претставува збир од енергијата потребна за енергетски трансформации како и од енергијата која директно се користи како финална енергија.

4.1 Јаглени

Јаглените имаат голема улога во енергетскиот биланс на Република Северна Македонија затоа што учествуваат со околу 39% во потребната енергија. Од цврсти горива во Република Северна Македонија застапени се лигнитот (во кој влегуваат и јаглен, мрк јаглен и тресет), суб-битуминозен јаглен (увозен лигните со поголема калорична вредност), коксот и камениот јаглен (во кој влегуваат антрацит, коксен јаглен и битуминозен јаглен).

4.1.1 Камен јаглен

Потрошувачката на камен јаглен во Македонија во 2018 година изнесува 90,6 kt и се планира да се зголеми на 105,7 kt во 2019 година, а во 2020 година да биде околу102 kt .

Табела 1.22. Потреба во камен јаглен и можности за нејзино обезбедување

Камен јаглен (kt)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Бруто-примарно производство	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00
Увоз	101.2	98.7	100.0	0.99	1.01
Извоз	0.8	0.1	0.0	0.00	0.00
Салдо на залихи	-9.7	7.2	2.0	-0.20	0.28
Вкупно потребна енергија	90.6	105.7	102.0	1.13	0.96
Расположливо за финална потрошувачка	90.6	105.7	102.0	1.13	0.96
Индустрија	90.6	105.7	102.0	1.13	0.96

4.1.2 Кокс

Исто како и камениот јаглен и потрошувачката на кокс во Македонија е мала и во 2018 година биле реализирани 0,2 kt кои биле обезбедени од увоз. Во 2019 како се предвидува зголемување на коксот на 1,4 kt во однос на 2018 година, а во 2020 година се планира дополнително да се зголеми 3 kt во однос на 2019 година.

Табела 133. Вкупни потреби од кокс и [illegible]

Кокс (kt)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Бруто-примарно производство	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00
Увоз	0.3	1.4	3.0	9.14	2.13
Извоз	0.00	0.00	0.0	0.00	0.00
Салдо на залихи	-0.1	0.0	0.0	0.00	0.00
Вкупно потребна енергија	0.2	1.4	3.0	13.11	2.12
Расположливо за финална потрошувачка	0.2	1.4	3.0	13.11	2.12
Индустрија	0.2	1.4	3.0	13.11	2.12

4.1.3 Суб-битуминозен јаглен

Податоците од компаниите говорат дека тие каменот јаглен го имаат заменето со со суб-битуминозен јаглен, Во 2019 година проценето е дека потрошувачката на суб-битуминозен јаглен ќе биде 104,1 kt. Финалната потрошувачка во 2020 е проектирана на 89,6 kt. Се предвидува вкупните количини да се увезат.

Табела 144. Вкупни потреби од суб-битуминозен и [illegible]

Суб-битуми-нозен јаглен (kt)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Бруто-примарно производство	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00
Увоз	91.7	93.1	89.0	0.97	0.96
Извоз	0.1	0.6	0.0	0.00	0.00
Салдо на залихи	-9.1	11.6	0.6	-0.07	0.05
Вкупно потребна енергија	82.5	104.1	89.6	1.09	0.86
Расположливо за финална потрошувачка	82.5	104.1	89.6	1.09	0.86
Индустрија	82.5	104.1	89.6	1.09	0.86

4.1.4 Лигнит

Во 2018 година за задоволување на потребите од финална енергија биле потрошени 48,3 kt, додека за енергија за енергетски трансформации биле потрошени 4689 kt, што значи дека вкупните потреби од енергија извезувале 4737,7 kt. За обезбедување на оваа енергија, бруто домашното производство во 2018 година учествувало со 4994,8 kt и увозот учествувал со 20,6 kt (Табела 15).

Со проекциите за 2020 година се предвидува потрошувачката на финална енергија да учествува со 43,8 kt, а енергетските трансформации да учествуваат со 5553,4 kt во вкупните потреби од енергија од 5597 kt. Исто како и во 2018 и 2019 година најголем дел од потребната енергија се обезбедува од домашно производство (5556,7 kt), додека 14 kt се обезбедени од увоз.

Табела 153. Вкупни количини на јаглен и можности за нивно обезбедување

Лигнит (kt)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Бруто-примарно производство	4,994.8	5,678.2	5,556.7	1.11	0.98
Увоз	20.6	32.4	14.0	0.68	0.43
Извоз	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00
Салдо на залики	-277.7	54.4	26.5	-0.10	0.49
Вкупно потребна енергија	4,737.7	5,765.0	5,597.2	1.18	0.97
Енергија за енергетски трансформации	4,689.4	5,724.2	5,553.4	1.18	0.97
Расположливо за финална потрошувачка	48.3	40.8	43.8	0.91	1.07
Индустрија	39.2	33.1	35.5	0.91	1.07
Домаќинства	3.2	2.7	2.9	0.91	1.07
Земјоделство	2.6	2.2	2.4	0.91	1.07
Други сектори	3.3	2.8	3.0	0.91	1.07

4.2 Природен гас

Природниот гас се повеќе го зголемува својот удел во енергетскиот биланс на Република Северна Македонија затоа што се забележува негов континуира пораст. Во 2018 година потребите од природен гас биле 255377 илјади Nm^3, а за 2019 година се предвидува зголемување од 20% во однос на 2018 година односно потребите од природен гас се проектирани на 302868 илјади Nm^3. Најголемиот дел во 2019 година се искористени за производство на електрична и топлинска енергија, 247871 илјади Nm^3, а 53511 илјади Nm^3 биле расположливи за финална потрошувачка.

Во 2020 година предвидено е 305242 илјади Nm^3 да бидат потрошени за производство на електрична и топлинска енергија што е зголемување за 20% во однос на 2019 година. Ова пред се се должи на проекциите за поголемо производство на електрична енергија од термоелектраните топлани. За финална потрошувачка се предвидени 58887 илјади Nm^3 (Слика 8).

Табела 166. Вкупни количини на јаглен и можности за нивно обезбедување

Природен гас (1000 mn^3)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019

Бруто-примарно производство	0.0				
Увоз	255,377	302,826	365,981	1.43	1.21
Извоз	0				
Салдо на залихи	-151	42	0	0.00	0.00
Вкупно потребна енергија	255,226	302,868	365,981	1.4	1.2
Енергија за енергетски трансформации	201,553.2	247,871	305,242	1.51	1.23
Загуби во пренос и дистрибуција	713.7	1,486	1,852		
Потрошувачка на финална енергија	52,959	53,511	58,887	1.11	1.10
Индустрија	44,606	45,615	50,736	1.14	1.11
Сообраќај	862	503	190		
Домаќинства	226	231	257	1.14	1.11
Земјоделство	0	0			
Други сектори	7,265	7,162	7,705	1.06	1.08



Слика 8. Потреби од примарна енергија

4.3 Обновливи извори

Во 2018 година обновливите извори учествувале во вкупните потреби од енергија со 366,5 ktoe, од кои 191,1 ktoe биомаса, 154 ktoe биле обезбедени од хидроелектрани, (Слика 9). Учеството на обновливите извори во финалната енергија изнесувало 19,3%, а во вкупните потреби од енергија 14,1%.

Учеството на обновливите извори, во финална потрошувачка на енергија во 2019 година е проценето на околу 16,4%, додека учеството во вкупните потреби од енергија се проценети на 11,5%. Намалување на учеството во однос на 2018 година има затоа што има помало производство на електрична енергија од хидроелектраните. Вкупните потреби во

2019 година се проценети на 318,6 ktoe од кои 191 ktoe биомаса, 106 ktoe (1065.3 GWh) се планира да се обезбедат од хидроелектрани.

Во 2020 година вкупните потреби од обновливи извори се предвидува да бидат 335,8 ktoe, што е повисоко во однос на 2019 година. Учеството на обновливите извори во финалната потрошувачка на енергија е предвидено да биде 17,4%, а во однос на вкупните потреби од енергија 12,1%. 187,8 ktoe се планира да се обезбедат од биомаса а 122,3 ktoe од хидроелектрани.

Табела 177. Енергија од обновливи извори

Вкупно потребна енергија (ktoe)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Хидроенергија	154.0	106.0	122.3	0.79	1.15
Соларна	2.0	2.2	7.2	3.67	3.21
Ветерна	8.4	9.1	8.2	0.98	0.91
Биогас	4.8	4.7	4.6	0.97	0.99
Биогорива	0.1	0.1	0.1	1.01	1.00
Биомаса	191.9	191.0	187.8	0.98	0.98
Геотермална	5.4	5.4	5.5	1.02	1.01
Вкупно	**366.5**	**318.6**	**335.8**	**0.92**	**1.05**
Учество во финалната енергија	19.3%	16.4%	17.4%	0.90	1.06
Учество во вкупната потребна енергија	14.1%	11.5%	12.1%	0.86	1.05



Слика 9. Обновливи извори по сектори

4.3.1 Биомаса

Во 2018 година потребите од огревно дрво се задоволени од домашното производство со 944,2 илјади m^3 и увоз со 32 илјади m^3. Салдото на залихи изнесувало 4,2 илјади m^3 (Табела). Вкупните потреби од огревно дрво во 2019 година се проценети на 952,6 илјади m^3, од кои 915,8 илјади m^3 се од домашно производство и останатите од увоз. Во 2020 година потребите од 925,8 илјади m^3 ќе бидат задоволени од домашното производство со 888,4 илјади m^3, а останатото од увоз. Вкупните потреби во 2020 година е предвидено да се намалат за 3% во однос на 2019 година.

Табела18. Биланс на биомаса (огревно дрво) и елементи за нејзиниот обезбедувања

Огревно дрво (1000 m^3)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Бруто-примарно производство	944.2	915.8	888.4	0.94	0.97
Увоз	32.0	32.7	33.3	1.04	1.02
Извоз	0.1	0.1	0.1	1.33	1.02
Салдо на залихи	4.2	4.2	4.2	1.00	1.00
Вкупно потребна енергија	980.4	952.6	925.8	0.94	0.97
Потрошувачка во енергетскиот сектор	0.1			0.00	0.00
Расположливо за финална потрошувачка	980.3	952.6	925.8	0.94	0.97
Индустрија	13.0	12.7	12.3	0.94	0.97
Домаќинства	936.1	909.7	884.1	0.94	0.97
Земјоделство	8.5	8.3	8.1	0.94	0.97
Други сектори	22.6	22.0	21.3	0.94	0.97

Потрошувачката на дрвени отпадоци, брикети и пелети е дадена во Табела 20.1.

Табела 19. Биланс на биомаса (дрвени отпадоци, брикети и пелети) и елементи за нејзиниот обезбедувања

Дрвени отпадоци, брикети и пелети (kt)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Бруто-примарно производство	10.2	10.5	10.9	1.07	1.04
Увоз	68.2	71.0	73.1	1.07	1.03
Извоз	0.9	1.1	1.1	1.22	1.02
Салдо на залихи	0.3	0.3	0.3	1.00	1.00
Вкупно потребна енергија	77.8	80.6	83.2	1.07	1.03
Потрошувачка во енергетскиот сектор	0.0			0.00	0.00
Расположливо за финална потрошувачка	77.8	80.6	83.2	1.07	1.03
Индустрија	10.1	10.5	10.8	1.07	1.03
Домаќинства	65.8	68.2	70.3	1.07	1.03
Земјоделство	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00
Други сектори	1.9	1.9	2.0	1.07	1.03

Во 2018 потрошувачката во категоријата дрво од овошни насади или вид на растителни отпадоци со потрошувачка од 29,6 илјади m^3 и тоа во домаќинствата. Се претпоставува дека потрошувачката во оваа категорија на биомаса во 2019 и 2020 година ќе биде речиси на исто ниво како и во 2018 година односно во 2019 година таа ќе изнесува 31,4 илјади m^3.

Табела 180. Биланс на биомаса (дрво од овошни насади или вид на растителни отпадоци) и зложеноста за период обезбедувана

Дрво од овошни насади или друг вид раст. отпадоци (1000 m^3)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Бруто-примарно производство	29.6	30.8	31.4	1.06	1.02
Увоз	0.0	0.0	0	0.00	0.00
Извоз	0.0	0.0	0	0.00	0.00
Салдо на залихи	0.0	0.0	0	0.00	0.00
Вкупно потребна енергија	29.6	30.8	31.4	1.06	1.02
Потрошувачка во енергетскиот сектор	0.0			0.00	0.00
Расположливо за финална потрошувачка	29.6	30.8	31.4	1.06	1.02
Индустрија	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00
Домаќинства	29.6	30.8	31.4	1.06	1.02
Земјоделство	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00
Други сектори	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00

Вкупниот биланс на биомаса покажува дека вкупните потреби од биомаса се на исто ниво во разгледуваниот период.

Табела 191.. Вкупен биланс на биомаса

Биомаса (1000 m^3)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Потрошувачка на финална енергија	**1,087.6**	**1,064.1**	**1,040.4**	**0.96**	**0.98**
Енергија за енергетски трансформации				**0.00**	**0.00**
Потрошувачка во енергетскиот сектор	**0.1**	**0.0**	**0.0**	**0.00**	**0.00**
Вкупно потребна енергија	1,058.1	1,033.3	1,009.0	0.95	0.98
Бруто примарно производство	983.9	957.1	930.6	0.95	0.97
Увоз	100.3	103.6	106.4	1.06	1.03
Извоз	1.0	1.2	1.2	1.23	1.02
Салдо на залихи	4.5	4.5	4.5	1.00	1.00

4.3.2 Геотермална

Потрошувачката на геотермална во 2020 година има благо зголемување во однос на 2019 година за 1%, односно е предвидено тоа да изнесува 1512 илјади m^3.

Табела 202. Потрошувачка на геотермална енергија и основни макроекономски

Геотермална топлина (1000 m^3)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
Потрошувачка на финална енергија	**1,490.3**	**1,497.8**	**1,512.7**	**1.02**	**1.01**
Енергија за енергетски трансформации					
Загуби во пренос и дистрибуција	**176.1**	**177.0**	**178.7**	**1.02**	**1.01**
Вкупно потребна енергија	1,490.3	1,497.8	1,512.7	1.02	1.01
Бруто примарно производство	1,666.4	1,674.7	1,691.5	1.02	1.01
Увоз	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00
Извоз	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00
Салдо на залихи	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00

4.4 Биланс на потребна енергија

Според ДЗС регистрираната потрошувачка на потребна енергија во 2018 година изнесува 2598,1 ktoe. Од вкупното количество на енергија во 2018 година најголем удел имаат нафтените продукти и тоа со 993,4 ktoe и јагленитe со 865,1 ktoe. Домашното производство учествува со 44%, нето увозот со 58% (Слика 10).

Табела 213. Потрошувачка на енергија

Потребна енергија (ktoe)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
ВКУПНО	2598.9	2,760	2,767	1.06	1.00
Јаглени	865.1	1050.5	1013.0	1.17	0.96
Сурова нафта	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00
Нафтени продукти	993.4	1011.3	996.3	1.00	0.99
Природен гас	208.8	247.8	299.4	1.43	1.21
Биомаса	191.9	191.0	187.8	0.98	0.98
Хидроенергија	154.0	106.0	122.3	0.79	1.15
Соларна	2.0	2.2	7.2	3.67	3.21
Ветерна	8.4	9.1	8.2	0.98	0.91
Биогас	4.8	4.7	4.6	0.97	0.99
Геотермална	5.4	5.4	5.5	1.02	1.01
Електрична енергија (увоз-извоз)	165.0	132.2	122.8	0.74	0.93
Биодизел	0.1	0.1	0.1	1.01	1.00
ДОМАШНО ПРОИЗВОДСТВО	1133.0	1193.7	1190.4	1.05	1.00
Јаглени	799.9	909.6	890.1	1.11	0.98
Биомаса	158.6	156.6	152.5	0.96	0.97
Хидроенергија	154.0	106.0	122.3	0.79	1.15
Соларна	2.0	2.2	7.2	3.67	3.21

Ветерна	8.4	9.1	8.2	0.98	0.91
Биогас	4.8	4.7	4.6	0.97	0.99
Геотермална	5.4	5.4	5.5	1.02	1.01
Биодизел	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00
УВОЗ	1658.5	1721.8	1783.5	1.08	1.04
Јагленi	117.6	119.8	116.0	0.99	0.97
Сурова нафта				0.00	0.00
Нафтени продукти	1101.5	1188.0	1210.3	1.10	1.02
Природен гас	208.9	247.7	299.4	1.43	1.21
Биомаса	32.9	34.1	35.0	1.07	1.03
Електрична енергија	197.5	132.2	122.8	0.62	0.93
Биодизел	0.1	0.0	0.0	0.00	0.00
ИЗВОЗ	149.6	175.6	214.4	1.43	1.22
Јагленi	0.6	0.3	0.0	0.00	0.00
Нафтени продукти	116.2	174.8	213.9	1.84	1.22
Биомаса	0.4	0.5	0.5	1.23	1.02
Електрична енергија	32.4			0.00	0.00
Биодизел	0.0	0.0	0.0	0.00	0.00
САЛДО НА ЗАЛИХИ	-43.0	20.5	7.7	-0.18	0.37
Јагленi	-51.9	21.4	6.8	-0.13	0.32
Сурова нафта				0.00	0.00
Нафтени продукти	8.2	-1.8	-0.1	-0.01	0.04
Природен гас	-0.1	0.0	0.0	0.00	0.00
Биомаса	0.8	0.8	0.8	1.00	1.00
Биодизел	0.0	0.1	0.1	-1.92	1.00



Слика 10. Снабдување со енергетски енергии

Проектираната потребна енергија за 2020 година (согласно сите претходни познати податоци) е 2767 ktoe и е на исто ниво во однос на 2019 година (Слика 11). Најголем

пораст се забележува кај природниот гас за 43%, во однос на 2018 година, односно 21% во однос на 2019 година.



Слика 11. Бруто внатрешна потрошувачка

Во 2020 година се предвидува јагленитe кои се доминантни да учествуваат со 39%, а нафтените продукти со 38% . Биомасата се предвидува да учествува со 7% , природниот гас со 12% и хидроенергијата со 5%.



Слика 12. Процентуално учество на енергентите во вкупната потрошувачка во 2019 година

5. Емисии на стаклени гасови

Емисиите на стаклени гасови во 2018 година изнесувале 7357 kt CO_2 . Најголемиот дел од емисиите доаѓаат од согорување на лигнитот кој се користи за производство на електрична енергија. Веднаш по лигнитот се дизел горивото за транспорт и нафтата за ложење со вкупно 1975 kt CO_2.

Во 2019 година емисиите од стаклени гасови се проценети на 8387 kt CO_2, од кои најголемиот дел исто како и во 2018 година се резултат на производството на електрична енергија од лигнит.

Во 2020 година како резултат на намалување на потрошувачката на јаглен проценето е дека емисиите на CO_2 ќе се бидат на исто ниво како и во 2018 година. Според предвидената потрошувачка на потребна енергија, емисиите на стаклени гасови се пресметани на 8353 kt CO_2 .

Табела 224. Емисии на стаклените гасови (kt CO_2)

CO_2 (kt)	2018 реализација	2019 процена	2020 план	2020/ 2018	2020/ 2019
ВКУПНО	7,357	8,387	8,353	1.14	1.00
Јаглени	4037	4903	4727	1.17	0.96
Сурова нафта	0	0	0	0.00	0.00
Моторен бензин	304	317	313	1.03	0.99
Дизел за транспорт и нафта за ложење (екстра лесно)	1975	2029	2027	1.03	1.00
ТНГ	229	216	235	1.03	1.09
Мазут	209	211	161	0.77	0.76
Нафтен (петролејски) кокс	113	129	187	1.65	1.45

Природен гас	490	582	703	1.43	1.21

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

ЕНЕРГЕТСКИ БИЛАНС НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

Табела 235. Секторен енергетски биланс за 2018 година според мапирањата на ЕУРОСТАТ (ktoe)

Снабдување и потрошувачка	Камен јаглен	Кокс	Суб-битуминозен јаглен	Лигнит	Сурова нафта	Влезни суровини	Вкупно нафтени продукти	Рафинериски гас	ТНГ	Моторен бензин	Керозини, млазни горива	Дизел за транспорт	Нафта за ложење (екстра лесно)
Бруто-примарно производство	0.00	0.00	0.00	731.53			0.00		0.00	0.00	0.00	0.00	0.00
Увоз	0.00	14.50	40.46	47.70			1211.51		91.49	124.24	38.35	692.71	58.01
Извоз	0.00	0.00	0.00	0.00			162.58		0.00	7.83	21.76	53.35	0.00
Салдо на заливи	0.00	-0.03	0.72	2.78			0.58		-0.10	-0.06	0.00	-2.26	-0.12
Вкупно потребна енергија	**0.00**	**14.47**	**41.18**	**782.01**	**0.00**	**0.00**	**1049.51**	**0.00**	**91.39**	**116.35**	**16.98**	**637.11**	**57.89**
Енергија за енергетски трансформации				731.54			27.17						
Термоцентрали				731.54			27.17						
Индустриски топлани (енергани) и комбинирани електрани							0.00						
Рафинерии							0.00						
Јавни котлари							0.00						
Индустриски котлари							0.00						
Производство на трансформирана енергија							0.00						
Термоцентрали							0.00						
Индустриски топлани (енергани) и комбинирани електрани							0.00						
Рафинерии							0.00						
Јавни котлари							0.00						
Индустриски котлари							0.00						
Размена							0.00					0.00	
Потрошувачка во енергетскиот сектор							0.00					0.00	
Загуби							0.00						
Расположливо за финална потрошувачка	**0.00**	**14.47**	**41.18**	**50.48**	**0.00**	**0.00**	**1022.34**	**0.00**	**91.39**	**116.35**	**16.98**	**637.11**	**57.89**
Финална неенергетска потрошувачка							38.64						
Финална енергетска потрошувачка	**0.00**	**14.47**	**41.18**	**50.47**	**0.00**	**0.00**	**983.67**	**0.00**	**91.39**	**116.35**	**16.55**	**637.11**	**57.89**
Индустрија	0.00	14.47	41.18	36.30			105.05		12.20			31.67	17.33
Сообраќај							783.58		62.88	115.90	16.55	578.59	0.00
Останата потрошувачка	0.00	0.00	0.00	14.18			95.04	0.00	16.31	0.45	0.00	26.85	40.56
Домаќинства				4.79			12.24		8.13	0.00		0.00	4.11
Земјоделство				4.56			13.28		0.03	0.45		7.59	0.64
Други сектори				4.83			69.52		8.16	0.00		19.26	35.81

Снабдување и потрошувачка	Мазут	Нафтен Кокс	Други нафтени продукти	Природен гас	Геотермална топлина	Огревно дрво	Дрвени отпадоци, брикети и пелети	Хидро	Соларна енергија	Ветер	Биогас	Биодизел	Топлинска енергија	Вкупно електрична енергија
Бруто-примарно производство	0.00	0.00	0.00	0.00	5.98	188.25	3.78	109.80	2.09	8.21	3.58	0.08		
Увоз	78.88	79.53	48.31	240.28		4.59	13.62					0.00		178.09
Извоз	1.53	78.12	0.00	0.00		0.70	0.13					0.11		
Салдо на залихи	0.10	3.03	0.00	0.00		-6.42	-0.35					0.05		
Вкупно потребна енергија	**77.45**	**4.44**	**48.31**	**240.28**	**5.98**	**189.71**	**18.91**	**109.80**	**2.09**	**8.21**	**3.58**	**0.09**	**0.00**	**178.09**
Енергија за енергетски трансформации	27.17			200.16										
Термоцентрали	27.17													
Индустриски топлани (енергани) и комбинирани електрани														
Рафинерии														
Јавни котлари														
Индустриски котлари														
Производство на трансформирана														
Термоцентрали													55.88	271.97
Индустриски топлани (енергани) и комбинирани електрани														291.70
Рафинерии														80.27
Јавни котлари														
Индустриски котлари														
Размена	0.00							-109.80	-2.09	-8.21	-3.58	0.00		
Потрошувачка во енергетскиот сектор	0.00													113.89
Загуби				1.21	0.68								0.06	31.00
Расположливо за финална потрошувачка	**50.27**	**4.44**	**48.31**	**38.90**	**5.30**	**189.71**	**18.91**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	7.44	83.93
Финална неенергетска потрошувачка			38.64		0.00								48.38	556.19
Финална енергетска потрошувачка	**50.27**	**4.44**	**9.66**	**38.90**	**5.30**	**189.71**	**18.91**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**48.38**	**556.19**
Индустрија	39.40	4.44	0.00	32.77	0.00	2.66	4.12						3.09	285.38
Сообраќај	0.00	0.00	9.66	0.16										1.49
Останати потрошувачи	10.87	0.00	0.00	5.98	5.30	183.05	14.79	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00	45.30	269.28
Домаинства	0.00	0.00		0.17	0.00	177.76	14.43						34.09	260.70
Земјоделство	4.58	0.00		0.00	3.89	1.29	0.00							0.00
Други сектори	6.29	0.00		5.81	1.40	4.00	0.36						11.20	8.58

Табела 2.6. Структура на потрошувачка во 2018 година (нафта, природен гас, обновливи извори на енергија)

Снабдување и потрошувачка	Мазут	Нафтен Кокс	Други нафтени продукти	Природен гас	Геотермална топлина	Огревно дрво	Дрвени отпадоци, брикети и пелети	Хидро	Соларна енергија	Ветер	Биогас	Биодизел	Топлинска енергија	Вкупно електрична енергија
Бруто-примарно производство	0.00	0.00	0.00	0.00	5.98	188.35	3.78	109.80	2.09	8.21	3.58	0.06		
Увоз	78.88	79.59	48.31	240.28		4.59	15.62					0.00		178.09
Извоз	1.53	78.12	0.00	0.00		0.70	0.13					0.11		
Салдо на залихи	0.10	3.03	0.00	0.00		-6.42	-0.35					0.03		
Вкупно потребна енергија	**77.45**	**4.44**	**48.31**	**240.28**	**5.98**	**185.71**	**18.91**	**109.80**	**2.09**	**8.21**	**3.58**	**0.00**	**0.00**	**178.09**
Размена	0.00							-109.80	-2.09	-8.21	-3.58	0.06		122.00
Термоцентрали	-27.17													
Индустриски топлани (енергани) и комбинирани електрани				-200.16									55.88	191.70
Рафинерии														80.37
Јавни котлари														
Индустриски котлари														
Потрошувачка во енергетскиот сектор	0.00												0.06	31.66
Загуби				1.21	0.68								7.44	85.33
Расположливо за финална потрошувачка	**50.27**	**4.44**	**48.31**	**38.90**	**5.30**	**185.71**	**18.91**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**48.38**	**896.15**
Финално неенергетска потрошувачка			**38.64**		**0.00**									
Финална енергетска потрошувачка	**50.27**	**4.44**	**9.66**	**38.90**	**5.30**	**185.71**	**18.91**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**0.00**	**48.38**	**896.15**
Индустрија	39.40	4.44	9.66	12.77	0.00	2.66	4.12						3.09	285.38
Сообраќај	0.00	0.00		0.16										1.49
Останати потрошувачки	10.87	0.00	0.00	5.98	5.30	183.05	14.79	0.00	0.00	0.00	0.00	0.00	45.30	269.28
Домаќинства	0.00	0.00		0.17	0.00	177.76	14.43						34.09	260.70
Земјоделство	4.58	0.00		0.00	3.89	1.29	0.00							0.00
Други сектори	6.29	0.00		5.81	1.40	4.00	0.36						11.20	8.58

4458.

Врз основа на член 18 став 3 од Закон за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА ДИЈАСПОРАТА ЗА 2020 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, утврдени во Раздел 040.01 -Влада на Република Северна Македонија, Потпрограма 14 – Иселеништво, ставка 464-разни трансфери, наменети за финансирање на проекти од областа на дијаспората, во вкупен износ од 6.000.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма ќе се користат за финансирање на програмски активности на здруженија, правни и физички лица со следниве приоритетни цели

	Опис на приоритет	Вкупен износ во денари
	Грижа за дијаспората во соседството и во светот Продлабочување на културната соработка помеѓу Република Северна Македонија и дијаспората; Промоција на мајчиниот јазик, традиција и култура; Постоењето на пишани и електронски медиуми на мајчин јазик за потребите на граѓаните на Република Северна Македонија во дијаспората;	6.000.000,00

3. За реализација на оваа програма се грижи Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Кабинетот на министерот задолжен за дијаспора.

4. Корисниците на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршување на своите програмски активности ќе достават извештај за користењето на средствата до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија - Кабинетот на министерот задолжен за дијаспора најдоцна до 31 јануари 2021 година.

5. Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија -Кабинетот на министерот задолжен за дијаспора, ќе достави Извештај за реализација на оваа програма до Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до 28 февруари 2021 година.

6. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-9922/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

_____

4459.

Врз основа на член 5 од Законот за основање на Агенција за промоција и поддршка на туризмот во Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08, 156/10, 59/12, 187/13, 41/14 и 83/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПРОМОЦИЈА И ПОДДРШКА НА ТУРИЗМОТ ЗА 2020 ГОДИНА

Член 1

Оваа програма е наменета за промоција и поддршка на туризмот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Потребните средства за реализација на Програмата се предвидени во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и изнесуваат 140.314.000,00 денари од кои 78.100.000,00 на сметка 637, 60.000.000,00 денари на сметка 631 и 2.214.000,00 денари на сметка 787 и истите се планирани во Буџетот на раздел 10003 - Агенција за промоција и поддршка на туризмот категорија 42 - стоки и услуги, 46 - субвенции и трансфери и 48 - капитални расходи.

Член 2

Средствата од член 1 став 2 на оваа програма се наменети за промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка и активности за поддршка на туризмот и тоа:

а) За промотивни активности, маркетинг и меѓународна соработка се наменуваат вкупно 34.000.000,00 денари и тоа за:

1. Учество на меѓународни, регионални и локални туристички саеми во Истанбул, Мадрид, Љубљана, Софија, Белград, Берлин, Загреб, Тирана, Букурешт, Приштина, Сингапур, Римини, Лондон, Варшава, Измир, Дубаи Експо 2020, Скопје и други, како и учество

и организација на меѓународни, регионални и локални инвестициски и други семинари, конференции, самити и форуми од областа на туризмот во странство и во Скопје и други градови, согласно потребите и барањата од туристичкото стопанство и Владата на Република Северна Македонија.

се наменуваат 16.250.000,00 денари.

2. Организирање на промотивни кампањи кои ќе се водат во Србија, Словенија, Хрватска, Бугарија, Албанија, Косово, Полска, Германија, Романија, Шведска, Италија, Израел, Турција, Република Северна Македонија и други. Промотивните кампањи ќе содржат:

- Аутдор кампањи (билборди, подвижни и неподвижни реклами),
- Реклами во печатени медиуми,
- Електронска промоција,
- Промовирање преку блогери и
- Промовирање преку влогери

се наменуваат 13.000.000,00 денари.

3. Продукција, дизајн, изработка, печатење и дистрибуција на промотивен материјал (брошури, водичи, флаери, мапи, бизнис картички и слично)

се наменуваат 1.000.000,00 денари.

4. Продукција на видео материјал за Република Северна Македонија како туристичка дестинација и продукција, дизајн, изработка, печатење и дистрибуција за нова комплементарна туристичка брошура,

се наменуваат 600.000,00 денари.

5. Изработка на ситен промотивен материјал (пенкала, чаши, USB, беџови, тефтери и друго) за промотивни туристички цели со цел промоција на Република Северна Македонија како туристичка дестинација,

се наменуваат 1.000.000,00 денари,

6. Продукција, дизајн, изработка, печатење и дистрибуција на водич „Слободни патувачи“,

се наменуваат 600.000,00 денари.

7. Продукција, дизајн, изработка, печатење и дистрибуција на фото брошура. Фото брошурата ќе биде една од главните промотивни алатки на Северна Македонија на социјалните медиуми, односно под одреден специфичен и карактеристичен хаштаг кој ќе биде активен на Инстаграм. Тематските фотографии ќе прикажуваат различни перспективи на нашата земја, природни убавини, културни и традиционални настани и манифестации, луѓе, историја се она што и дава оригинален и безвремен карактер на Северна Македонија,

се наменуваат 100.000,00 денари.

8. Продукција на 360 виртуелни тури за туристички дестинации во Република Северна Македонија,

се наменуваат 500.000,00 денари.

9. Редизајн, репрограмирање, хостинг, поддршка и одржување на македонскиот официјален туристички портал на веб страната Macedonia-Timeless, како и хостинг поддршка и одржување на веб страната www.tourismmacedonia.gov.mk,

се наменуваат 450.000,00 денари.

10. Организација на информативни патувања во Република Северна Македонија за блогери, влогери, инфлуенсери, туроператори, медиуми, новинари и други, чија цел е запознавање со туристичките потенцијали на нашата земја и промоција на туристичките дестинации и производи со цел постигнување на одредено ниво на препознатливост и конкурентност на македонскиот туристички производ,

се наменуваат 500.000,00 денари

б) За активности за поддршка на туризмот се наменуваат вкупно 12.260.000,00 денари и тоа за:

1. Проект за изработка на „Водич за Виа Егнатиа“, кој ќе содржи податоци, информации, слики и текст за овој значаен римски трговски пат, кој проаѓа и низ нашата држава. Водичот ќе биде изработен и испечатен на македонски, албански и англиски јазик.

2. Проект „Означување на локалитетите за спортско качување на Кадина река и Мавровo“, проект кој има за цел промоција на спортското качување и активниот туризам во државата, со поставување на ознаки и патокази за полесно пристигнување до локациите, како и нивно дополнително маркирање.

3. Проект „Уредување на туристички локалитети (природна реткост), Истевнички Кукуље и Попова Шапка “, со цел уредување и промоција на оваа природните реткости во Република Северна Македонија. Проектот ги опфаќа следните активности: поставување на летниковци, маси и клупи на овие туристички атракции.

4. Втора фаза од проектот „Означување на старите чаршии во Прилеп, Битола, Струга и старото јадро во Охрид“. Со овој проект ќе се означат со туристички патокази и знаци старите чаршии и делови од градовите, од туристички аспект и ќе можат да се прочитаат информации за некои позначајни настани и податоци за одредени објекти во истите.

5. Проект „10 планински врвови“ - Кораб – Голем Кораб, Шар Планина – Титов Врв, Шар Планина – Љуботен, Стогово – Бабин Срт, Баба – Пелистер, Ниџе – Кајмакчалан, Јакупица – Солунска Глава, Осогово – Царев Врв, Плачковица – Лисец, Беласица - Тромеѓа, проект кој има за цел промоција на авантуристичкиот туризам на овие најпознати врвови во Република Северна Македонија, и тоа со означување на постоечките пешачки патеки до нив, поставување на атракции на врвовите на овие десет планински масиви во државата.

6. Проект „Поставување на насоки за спортско качување за туристичката атракција Бислимска клисура“, со цел развој на рекреативен спортски туризам, преку уредување на нови и санација на постоечки тренинг локации за качување на карпа на оваа природна атракција.

7. Редизајн на гастрономскиот водич „Вкусовите на Македонија“, со цел дополнување и промена на водичот во насока на збогатување на содржините, како и печатење на нови примероци од истиот.

8. Проект „Изработка на Археолошки водич“, во соработка со институциите за култура и култрно наследство, ќе се изработи убав и содржаен водич за археологијата во државата, наменет за странската и домашната јавност и тоа на неколку светски јазици, со цел збогатување на културната и туристичката понуда.

9. Проект „Тумба Маџари“. Со реализација на проектот обележување на „Археолошкиот локалитет ТУМБА МАЏАРИ” своевидно ќе се придонесе до забрзан развој на културниот туризам, за кој потенцијалите во државата се навистина значајни. Ќе се надмине проблемот со необележаноста на овој значаен археолошки локалитет од светски рамки и ќе се зголеми посетеноста на странските и домашни туристи кои ќе имаат можност да посетат еден значаен локалитет кој го опишува животот на луѓето пред 8.000 години.

10. Проект за збогатување на туристичката понуда на езеро Козјак. Во соработка со локалната самоуправа од општина Желино, ќе се изработат видиковци и одморалишта на овој значаен нов туристички потенцијал, и ќе се означат со информативни табли туристичките потенцијали со цел промоција на туризмот и езерото во домашната и светската јавност.

11. Изработка на водич за спортско качување, со цел дополнување и промена на водичот во насока на збогатување на содржините, како и печатење на нови примероци од истиот.

12. Формирање на авто кампови и нивна промоција - зголемување на туристичката понуда, развој на автокамперскиот туризам, нивна промоција и привлекување на странски и домашен капитал за формирање на автокампови.

13. Формирање, развој, оградување и означување на туристички развојни зони.

14. Аплицирање на европски фондови, фондови од донаторски организации, национални програми и друго.

15. Доспеани ненамирени обврски од претходните години, како и ненавремено реализирани проекти кои бараат подолг временски рок на набавка и извршени услуги.

в) Финансиски средства кои се наменуваат за функционирање на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот (кирии, комунални услуги, поправка и одржување, материјали и ситен инвентар, опрема и машини, обуки, купување мебел, правни и сметководствени услуги и друго).

се наменуваат 11.840.000,00 денари.

Член 3

За субвенционирање на странскиот организиран туристички промет се наменети вкупно 80.000.000,00 денари, дел од буџетска сметка 637 во износ од 20.000.000,00 а остатокот на средствата во висина од 60.000.000,00 денари се обезбедуваат од сметка 631 од игри на среќа.

Член 4

Средствата во висина од 2.214.000,00 денари од сметка 787, од кои 1.000.000.00 денари се наменуваат за организирање на презентации и средби со странски туроператори и денови на македонскиот туризам во странство, како и организација на презентации и настани во Република Северена Македонија, а 1.214.000,00 денари за купување на возила.

Член 5

За начинот и динамиката за реализирањето на оваа програма ќе се грижи Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

Член 6

Распределбата на средствата од оваа програма, согласно дефинираните активности и проекти од оваа програма, Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот ја врши според критериумите за рамномерен регионален развој.

Член 7

Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот за реализираните активности ќе достави извештај до Владата на Република Северна Македонија, како и постигнатите резултати со образложение за евентуални отстапувања од планираните активности заклучно со 31 јуни 2021 година.

Член 8

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија”, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10034/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4460.

Врз основа на член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19) и член 41 став 3 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА РАЗВОЈ НА СПОРТ И МЛАДИ ЗА 2020 ГОДИНА

I. Со планираните средства во оваа програма ќе се реализираат приоритетни активности со кои се остварува јавниот интерес на државата утврдени во член 22 став 2 од Законот за спортот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16 и 190/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19 и 244/19), при што определба е одржување на националниот систем на натпревари и учество на националните тимови и спортистите поединци во рамки на меѓународните натпревари, одржување меѓународни спортски натпревари и манифестации во Република Северна Македонија, научна поддршка на спортот и реализација на проекти од областа на спортот.

Согласно утврдените средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, во раздел 161.01 – Агенцијата за млади и спорт се определува истите да се користат за:

I. Програма 4, Потпрограма 40 – Меѓународен програма, ставка 463 – Трансфер до невладини организации за кои се утврдени средства во износ од 24.822.000,00 денари.

I. Раздел 161.01 - Агенција за млади и спорт
Програма 4
Потпрограма 40 - Меѓународна програма
Ставка 463 - Трансфер до невладини организации

Редни бр.	Опис	износ во денари
1.	Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации	14.822.000,00
2.	Партиципација за финансирање на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации	3.700.000,00
3.	Партиципација за научна поддршка на спортот за изведување на фундаментални истражувања во сите сегменти на дејноста спорт – Институт за спорт	1.000.000,00
4.	Партиципација за подготовки на спортисти од Република Македонија за учество на Летните Олимписки Игри – Токио 2020	3.300.000,00
5.	Партиципација за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија	2.000.000,00
	Вкупно:	24.822.000,00

1. Партиципација за финансирање на меѓународни програми на националните спортски федерации. Планирана е партиципација во реализацијата на програмите на националните спортски федерации за учество во меѓународниот систем на натпревари.

Во 2020 година, наши спортисти, национални тимови и спортски клубови ќе настапат во рамки на регионални првенства, европски и светски првенства, купови, отворени првенства и друг вид меѓународни натпревари, за што се утврдени средства во износ од 14.822.000,00 денари.

2. Партиципација за финансирање на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации. Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за организација на традиционални меѓународни спортски натпревари и манифестации. Во Република Северна Македонија се одржуваат поголем број традиционални спортски натпревари и манифестации во повеќе спортови. Некои од нив се дел од Календарите за натпревари на меѓународните спортски асоцијации, со што се валоризира и нивната вредност и значење, за што се утврдени средства во износ од 3.700.000,00 денари.

3. Партиципација за научна поддршка на спортот за изведување на фундаментални истражувања во сите сегменти на дејноста спорт. Планирани се развојни и апликативни проекти од јавен и локален интерес за националниот и врвниот спорт, спортските клубови, училишните спортски клубови, националните спортски федерации и меѓународните спортски асоцијации – Институт за спорт за што се утврдени средства во износ од 1.000.000,00 денари.

4. Партиципација за подготовки на спортисти од Република Северна Македонија за учество на Летните Олимписки Игри – Токио 2020. Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за учество и подготовки на евидентните кандидати за учество на Летните Олимписки Игри – Токио 2020, за што се утврдени средства во износ од 3.300.000,00 денари.

5. Партиципација за организација на европски и светски првенства во Република Македонија. Планирана е партиципација за реализација на програмите на националните спортски федерации за организација на европски и светски првенства во Република Северна Македонија, за што се утврдени средства во износ од 2.000.000,00 денари.

II. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10038/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4461.

Врз основа на член 16 став 1 точка 10 и став 3 од Законот за здравствена заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН,ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕСОТ ЗА 2020 ГОДИНА

Во Република Северна Македонија, Diabetes mellitus претставува едно од најчестите заболувања и според податоците од Националниот систем за електронски евиденции од областа на здравството - МојТермин дијагностицирани се околу 85,000 пациенти со дијабетес мелитус .

1. **Diabetes mellitus - тип 1** Овој вид на дијабетес е вообичаено се јавува на помлада возраст и застапен кај околу 3000 лица.

2. **Diabetes mellitus - тип 2** опфаќа 96% од сите дијагностицирани случаи од кои 47% се на инсулинска терапија, а останатите користат орална антидијабетична терапија..

I. СОСТОЈБА СО ИНСУЛИН ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Во состав на ЈЗУ постојат Кабинети за дијабетес (вкупно 41), кои се во состав на универзитетски клинки, клинички болници, општи болници и здравствени домови.

Бројот на регистрирани лица со дијабетес кои се на инсулинска терапија во моментов во Република Северна Македонија е 40.000 од кои 3,000 се лица со тип 1 дијабетес и 37.000 со тип 2. Овој број секоја година расте. Согласно податоците од Интернационалната Дијабетолошка Федерација вкупната преваленца (дијагностициран и недијагницираn дијабетес) на дијабетесот изнесува 9.8% од населението на возраст од 25-70 години.

II.ПРЕДНОСТИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ ОД СПРОВЕДЕНАТА ЦЕНТРАЛИЗИРАНА ЈАВНА НАБАВКА НА ИНСУЛИН ЗА 2020 ГОДИНА

Министерството за здравство ја спроведува Програмата за обезбедување на инсулин за 2020 година преку придржување до измените на Законот за здравствена заштита во делот за дијабетес мелитус, активностите на Националната комисија за дијабетес, интегрирањето на грижата за дијабетесот во МојТермин, Националното упатство за третман на дијабетес мелитус тип 2, како и останатите упатства за третман на дијабетес мелитус, контролите на лице место во инсулинските аптеки, контрола на залихите на инсулини редовните состаноци со докторите, фармацевтите и медицинските сестри вклучени во процесот на издавање на инсулинот.

III. ПОТРЕБНИ ТИПОВИ И КОЛИЧИНИ НА ИНСУЛИН, ГЛУКАГОН, ИНСУЛИНСКИ ИГЛИ, ЛЕНТИ ЗА МЕРЕЊЕ ШЕЌЕР И ЕДУКАЦИЈА ЗА ТРЕТМАН И КОНТРОЛА НА ДИЈАБЕТЕС ЗА 2020 ГОДИНА

1.Финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2020 година

Износот на финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот, потрошен материјал за инсулински пумпи за 2020 година се **749.655.000,00** денари.

Бр.	АТЦ код	Генеричко име	фармацевтска форма	единечна мера	јачина	количина единечна мерка
1	A10AB01	Human insulin со кратко дејство	раствор за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL	100 IE/mL	30000 пенкала /патрон
2	A10AB05	Insulin aspart	раствор за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL	100 E/mL	130000 пенкала /патрон
3	A10AB05	fast acting insulin aspart (со брзо ултра дејство)	раствор за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL	100 E/mL	6000 патрон/ пенкало
4	A10AB05	Insulin aspart	раствор за инјектирање	вијала10 mL	100 E/mL	1100 вијали
5	A10AB05	fast acting insulin aspart (со брзо ултра дејство)	раствор за инјектирање	вијала10 mL	100 E/mL	750 вијали
6	A10AB06	Insulin glulisine	раствор за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL	100 E/mL	55000 пенкало/ патрон
7	A10AB04	Insulin lispro	раствор за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL	100 E/mL	13250 пенкало /патрон
8	A10AD01	Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin human (70/30 или 75/25)	суспензија за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL	100 E/mL	550000 пенкало /патрон
9	A10AD05	Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin aspart (30/70)	суспензија за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL	100 E/mL	550000 пенкало /патрон

10	A10AD04	Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin lispro (75/25)	суспензија за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало /патрон 3ml.	100 E/ml.	110000 пенкало /патрон
11	A10AD04	Инсулини и аналози за инјектирање, средно- или долго дејствувачки комбиниран со брзо-дејствувачки insulin lispro (50/50)	суспензија за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало /патрон 3mL.	100 E/ml.	28750 пенкало /патрон
12	A10AC01	Human insulin (со средно дејство)	суспензија за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало /патрон 3ml.	100 IE/ml.	350000 пенкало /патрон
13	A10AE05	Insulin detemir	раствор за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало/патрон 3mL.	100 E/mL.	175000 пенкало /патрон
14	A10AE04	Insulin glargine 100E/mL.	раствор за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало/ патрон 3mL.	100 E/mL.	167500 пенкало /патрон
15	A10AE04	Insulin glargine 300E/mL.	раствор за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало/патрон 1,5mL.	300 E/mL.	9000пенкало /патрон
16	A10AE06	Insulin degludec	раствор за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало/ патрон 3mL.	100 E/mL.	30000 пенкало /патрон
17	A10BJ03	Lixisenatide	раствор за инјектирање	/	/	за 50 пациенти
18	A10BJ02	Liraglutide	раствор за инјектирање	/	/	за 300 пациенти
19	A10BH01	Sitagliptin	таблета или филм обложена таблета	/	/	за 150 пациенти
20	A10BX12/ A10BK03	Empaglifiozin	таблета или филм обложена таблета	/	/	за 100 пациенти
21	H04AA01	Glucagon	Прашок и вехикулум за раствор за инјектирање	наполнето инјекциско пенкало + вијала	1 mg	1350 вијали

	Инсулински игли	должина о.т	единечна мера	количина
22	Инсулински игли со силиконска површина	4 mm	парче	1,000,000

	Инсулински игли	должина од	единечна мера	количина
23	Инсулински игли со силиконска површина	6 mm	парче	3,500,000

Ленти за мерење на шеќер во крв

Со Програмата за 2020 година потребно е да се обезбедат и ленти за мерење на шеќерот во крвта. Во Програмата се предвидени 125 ленти месечно за секој пациент со дијабетес тип 1 . За лицата со дијабетес тип 2 предвидени се 350 ленти годишно.

Ленти за мерење шеќер

Бр.	Ленти за мерење гликемија	единечна мера	количина
24	Ленти за мерење на гликемија за глукометри за пациенти со дијабетес мелитус тип 1	лента	6,000,000

Бр.	Ленти за мерење гликемија	единечна мера	количина
25	Ленти за мерење на гликемија за глукометри за пациенти со дијабетес мелитус тип 2	лента	12,750,000

Во програмата за обезбедување инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење шеќер и едукација за третман и контрола на дијабетесот за 2020 година е предвидено снабдување на пациенти со дијабетес тип 1, согласно медицината базирана на докази и важечките прописи, со инсулински пумпи и потрошни материјали.

Потрошен материјал за инсулински пумпи	Пакување
Инфузиски сет (9/6 мм канила и 109/58 цм пластичноцрево,А 1/10	2.750
Резервоар за инсулин (1.8/3.0 мл) А 1/10	2,750
Сензор за гликозно мониторирање со агол од 90 степени	400
Систем за континуирана испорака на инсулин	30
Систем линк за поврзување со сензор	6

2.Камп за едукација на деца со дијабетес- 185.000,00 денари

Кампот е во организација на ЈЗУ УК за детски болести. Целта на кампот е едукација на лица со дијабетес тип 1 кај кои не е постигната добра гликорегулација, како и кај

лица со дијабетес каде е потребно интервенција во терапијата. Основната идеја е преку едукативни сесии да бидат опфатени сите аспекти на дијабетес како што се прифаќање на состојбата, учење за правилна исхрана, физичка активност, подесување на доза на инсулин и секојдневно живеење со дијабетесот.

3. Едукација за исхрана и физичка активност на високообразовни установи, средни и основни училишта- 60.000,00 денари.

Предвидено е одржување на едукативнио сесии по основни и средни училишта со учениците и студентите од страна на специјалисти. Едукацијата се состои од т.н. структурирани едукативни сесии (дијабетес, хипогликемија, хипергликемија, инсулин, подесување на инсулинска доза за време на болести, физичка активност, исхрана, бременост, алкохол), спортски активности како и културни социјални настани. На овој начин се овозможува интервенција во иднината на младите, каде ќе се заштити нивното здравје. Едукацијата е во организација на Министерство за здравство во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија,дијабетес и метаболички болести-Скопје

4. Изработка на брошури и флаери за дијабетес-100.000,00 денари

Изработка на брошури и флаери во боја со симптоми за хипогликемија и хипергликемија (ниско ниво на шеќерот во крвта и високо ниво на шеќерот во крвта), како би им се олеснило на лицата со дијабетес полесно да научат да ја препознаваат состојбата на хипогликемија и на хипергликемија. Симптомите треба да бидат означени сликовито и со детален опис и како да се препознае кој симптом индицира хипогликемија, а кој хипергликемија. Изработка на брошура (џебно издание) каде што би се наброиле сите прехрамбени артикли достапни на пазарот на Република Северна Македонија, па и пошироко со тоа кој колку јаглени хидрати содржи и како делува врз нивото на шеќер во крвта. Брошурата е замислена да биде џебно издание како би можел секој оној што има дијабетес да може да ја носи со себе, секаде и во секое време.

Изработката е во организација на Министерство за здравство. во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиника за ендокринологија,дијабетес и метаболички болести-Скопје

	Рекапитулар	*Денари*
1	**Финансиски средства кои се потребни за обезбедување на инсулин, глукагон, инсулински игли, ленти за мерење на шеќерот во крвта за 2020 година**	749.655.000,00
2	**Камп за едукација на деца со дијабетес**	185.000,00
3	**Едукација за исхрана и физичка активност на високообразовни установи, средни и основни училишта**	60.000,00
4	**Изработка на брошури и флаери за дијабетес**	100.000,00
	Вкупно потребни средства од Буџетот на Република Северна Македонија	750.000.000,00

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10062/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4462.

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА АКТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

I. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Намалување на морбидитетот и морталитетот на мајките и новороденчињата, преку интегриран пристап во унапредување на здравјето на мајките и новороденчињата, кој ги содржи во себе мерките на планирање на семејството, пренаталната заштита и здравствената заштита во текот на породувањето и леунството, како и пристап до соответни здравствени пакети за социјално вулнерабилните популациони групи.

Општа цел

Општа цел на оваа програма е континуирано унапредување на здравјето на децата и жените во репродуктивен период во насока на намалување на доенечката и материнална смртност.

Специфични цели

1. Континуирано унапредување на системот на мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и ефикасноста на здравствената заштита;
2. Подигање на информираноста и едуцираноста на населението за здрави животни стилови и правилно здравствено однесување во преконцепциски, антенатален, постнателен и во доенечкиот период, со фокус на ранливите категории на жени (жени Ромки, жени од руралните подрачја);
3. Унапредување на квалитетот и еднаквоста во пристапот до здравствените услуги за мајките и децата, со посебен фокус на ранливите категории жени;
4. Навремено откривање на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца;
5. Јакнење на интерсекторската соработка и мобилизирање на партнерството во заедницата на сите релевантни партнери во идентификација и решавање на здравствените проблеми на мајките и децата особено во намалувањето на бариерите и зголемувањето на достапноста на услугите;

6. Обезбедување навремен и ран пристап на секоја бремена жена до квалитетна антенатална здравствена заштита (отстранување на сите видови на географски, финансиски и културолошки бариери особено кај вулнерабилните групи);
7. Намалување на диспаритетите во здравствената состојба кај жените и децата.

II. ПОКАЗАТЕЛ ЗА УСПЕШНОСТ НА ПРОГРАМАТА

Индикатори на успешност на спроведување на програмата се:

- Намален морбидитет на новороденчиња
- Намалена перинатална смртност
- Намалена доенечка смртност
- Намален морбидитет на мајки
- Намалена матернална смртност
- Намален % на живородени со ТТ под 2500 грама.

III. МЕРКИ И АКТИВНОСТИ ОД ПРОГРАМАТА

1. Активности за мониторирање на здравствениот статус на мајките и децата и проценка на ефикасноста и достапноста на здравствените сервиси:

- стручно-методолошки надзор-теренски посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентната патронажна служба;
- обезбедување на бесплатна Фолна киселина за секоја бремена;
- бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување и лица без документ за идентификција;
- бесплатни прегледи за жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување кои претпреле **сексуално насилство;**
- **медикаметозен абортус**
- набавка на современи контрацептивни средства (орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи категории и жени со репетитивни аборуси.

2. Активности за здравствена промоција и унапредување на здравственото однесување преку едукација на населението и промотивни активности:

-промоција на Европската недела на имунизација, вклучително локални активности фокусирани на ромските заедници и руралните средини преку спроведување на едукативни работилници во ромски и рурални средини за детско здравје, важност за имунизација, здрава бременост мајчинство, доење од страна на превентивните тимови и патронажни сестри со особен осврт на 11 општини во кои претежно живеат Роми: Шуто Оризари, Карпош, Виница, Делчево, Пехчево, Битола, Прилеп, Тетово, Гостивар, Штип и Куманово;
- промоција на Светската Недела на доење.

3. Јакнење на капацитетите на здравствени работници кои обезбедуваат здравствена заштита на деца и жени во репродуктивен период:

- обука на здравствени работници (матични лекари, медицински сестри, патронажа, матични гинеколози) за семејно планирање согласно подготвената тренинг програма;
- едукативни работилници за патронажни сестри за здравјето на доенчињата и комплементарна исхрана;
- изготвување на Информација за здравствената состојба на мајките и децата за 2019 година;
- обуки на здравствени работници од примарна здравствена заштита за превенција и менаџмент на родово базирано насилство;
- ангажирање на членовите на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување согласно Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/08, 164/13, 149/14, 192/15 и 37/16).

4. Активности за рана детекција на заболувања кај новороденчињата, доенчињата и малите деца:

-спроведување на тиреоиден скрининг кај сите новородени деца во Република Северна Македонија;
-неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања;
-национален скрининг за цистична фиброза;
- пилот скриниг за неонатален слух кај новороденчиња.

5. Јакнење на интерсекторска соработка и соработка со локалната заедница

- одржување на работилница за креирање на активностите на Програмата со сите чинители и потенцијални партнери.

IV.СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА СЛЕДЕЊЕ, ОЦЕНУВАЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

Процесот на следење, оценување и известување ќе се спроведува согласно насоките во Упатствата, преку подготовка на годишен план на спроведување на активностите на Програмата, на квартално ниво и останатите дефинирани табели за оценување на спроведувањето. Прибирањето, обработката, анализата и чувањето на податоците ќе биде на годишно ниво со измерен статус на реализација на мерките и активностите, а на подолг временски циклус (3 години) ќе се анализира остварувањето на главната поставена цел на Програмата. Добиените податоци и анализи на квартално ниво ќе се чуваат во соодветна електронска датотека која треба да даде статистички приказ на актуелната состојба.

V. ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на оваа програма се: Министерство за здравство, Здравствен дом Скопје, Завод за здравствена заштита на мајки и деца, Универзитетска клиника за

гинекологија и акушерство-Скопје, Универзитетска клиника за детски болести-Скопје, Клинички болници и Општи болници во Република Северна Македонија, Клиничка болница Тетово, Општа болница Куманово, Здравствени домови во Република Северна Македонија, Медицински факултет - Центар за семејна медицина, Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза" - Скопје и јавни здравствени установи во Република Северна Македонија.

VI. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА РАСПРЕДЕЛЕНИ ПО МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Активностите предвидени во оваа програма ќе се финансираат од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Распределбата на средствата по оваа програма ја врши Министерството за здравство **квартално, врз основа на реализирани активности по** доставени фактури и извештаи содржани во Програмата, согласно утврдениот годишен план за работа (табела 2.) со финансиски средства распределени по мерки/активности од оваа програма).

Неизмирените обврски во 2019 година ќе бидат исплатени со оваа програма.

Табела 2. Потребни финансиски средства за реализација на оваа програма

	Активности	Извршител	Количина	Цена	Вкупно
1.	Неонатален скрининг за хипотиреоза за сите новородени	Универзитетска клиника за детски болести - Скопје	22.000	182	4.004.000,00
2.	Неонатален метаболен скрининг за целна популација за новородени сомнителни за метаболни заболувања	Универзитетска клиника за детски болести - Скопје	4000	1.000,00	4.000.000,00
3.	Неонатален скрининг за цистична фиброза	Универзитетска клиника за детски болести - Скопје	22.000	181	3.982.000,00
4.	Пилот скрининг на слухот кај новороденчиња	Универзитетска клиника за уво нос и грло во соработка со јавните здравствени уставови	1	500.000,00	500.000,00
5.	Фолна киселина за секоја бремена	Здравствен дом - Скопје	22.000	16	352.000,00
6.	Медикаментозен абортус	Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство Скопје и Специјална болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза " -Скопје	/	1.500.000,00	1.500.000,00
7.	Обука на здравствени работници за семејно планирање согласно подготвената тренинг програма	Медицински факултет Скопје-Центар за семејна медицина	2	50.000,00	100.000,00
8.	Промоција на Светската недела на доењето	Универзитетска клиника за детски болести -	1	100.000,00	100.000,00

		Скопје/ Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје / Медицински факултет Скопје-Центар за семејна медицина			
9.	Едукативни работилници за патронажни сестри за здравјето на доенчињата и комплементарна исхрана	Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје	2	50.000,00	100.000,00
10.	Изготвување на Информација за здравствената состојба на мајките и децата за 2019 година	Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје	50	500,00	37.000,00
11.	Стручно-методолошки надзор-тренски посети за мониторинг на работата на превентивните тимови, поливалентната патронажна служба	Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје	10	2.500,00	25.000,00
12.	Промоција на Европската недела на имунизација преку едукативни посети од патронажните сестри во ромски и рурални средини за детско здравје, важност за имунизација, здрава бременост мајчинство, доење, со особен осврт на 11 општини во кои претежно живеат Роми: Шуто Оризари, Карпош, Виница, Делчево, Пехчево, Битола, Прилеп, Тетово, Гостивар, Штип и Куманово	Завод за здравствена заштита на мајки и деца/Здравствен дом Скопје/Министерство за здравство	1	100.000,00	100.000,00
13.	Обуки на здравствени работници за превенција и менаџмент на родово базирано насилство	Медицински факултет – Центар за семејна медицина во соработка со Организации на Обединети нации и здруженија	4	50.000,00	200.000,00
14.	Бесплатни прегледи за жени кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување кои претпреле сексуално насилство	Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство - Скопје, Клиничка Болница Тетово, Општа болница Куманово	1	1	300.000,00
15.	Бесплатни прегледи и лабораториски прегледи во тек на бременост, поврзани со бременост, бесплатно породување за бремени жени, кои се надвор од систем на задолжително здравствено осигурување и лица без документ за идентификција	Јавни здравствени установи	1	1.000.000,00	1.000.000,00
16.	Набавка на современи контрацептивни средства	Универзитетска клиника за гинекологија и	100	2.000	200.000,00

	(орална контрацепција, спирали, кондоми) за жени од социјално-ранливи категории и	акушерство - Скопје, Клинички болници, Општи болници и болница за гинекологија и акушерство „Мајка Тереза" - Скопје			
17.	Финансиски средства за ангажирање на членовите на Државната комисија за биомедицинско потпомогнато оплодување согласно Закон за биомедицинско потпомогнато оплодување („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/08, 164/13, 149/14, 192/15 и 37/16)	Министерство за здравство	1	500.000,00	500.000,00
	Средства кои се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија				10.000.000,00
	Буџет на самофинансирачки активности на Министерството за здравство				7.000.000,00
1-17	Вкупно				17.000.000,00

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10063/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4463.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА КАРДИОВАСКУЛАРНИ БОЛЕСТИ (КВБ) ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Болестите на срцето и крвните садови претставуваат голема, хетерогена група на заболувања и се на прво место како причини за смрт во генералната популација во Република Северна Македонија. Исхемичната болест на срцето со своите четири клинички форми – ангина пекторис, акутен инфаркт на миокардот, ненадејна срцева смрт и исхемична кардиомиопатија, е најчеста болест од оваа голема група на заболувања, а настанува како последица на атеросклероза во коронарните артерии. Најновите испитувања покажуваат дека атеросклеротичните промени на крвните садови настануваат уште во најраната возраст (после втората година од животот) така што со превенција треба да се започне што е можно порано.

Од големо значење се и цереброваскуларните болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахноидалното, интрацеребрал¬ното и друг вид крварење кои се вбројуваат во десетте најчести причини за смрт на населението, а се тесно поврзани со болестите на срцето.

Со оваа програмата опфатени:

АДУЛТНА КАРДИОХИРУРГИЈА

Кардиохируршките операции се едни од најсложените хируршки интервенции. Бројот на болни кои имаат потреба од кардиохируршка интервенција е во постојан пораст. Како кардиохируршки интервенции се подразбираат интервенциите на отворено срце помеѓу другите реконструкција на срцеви залистоци, замена на срцеви залистоци, аорто – коронарен бајпас и ред други интервенции помеѓу кои врвот го зазема трансплантацијата на срце од кадаверичен дарител.

Како и секоја друга гранка од хирургијата, кардиохирургијата бара искусен тим од кардиохирурзи, васкуларни хирурзи, анестезиолози, кардиолози и други, како и среден персонал (инструментарки, медицински сестри, анестетичари, перфузионисти и други).

ДЕТСКА ХИРУРГИЈА И ПЕДИЈАТРИСКА ХИРУРШКА ИНТЕНЗИВНА НЕГА

- Со цел навремено дијагностицирање и третман кај педијатриските пациенти, Министерството за здравство интензивно вложува напори во растот и развојот на педијатриската хирургија , како и интензивна хируршка нега.

Преку соработката со тимот на педијатриските хирурзи, кардиохирурзи од Америка, тимот при Институтот за здравствена заштита на мајки и деца, Белград,

Србија, Клинички Центар Србија, Белград, Болница Звездара, Белград и други установи, се намалува бројот на интервенции на деца кои се лекуваат во странство, а воедно и се едуцира македонскиот тим кој ќе треба да продолѓи да работи самостојно без странски едукатори

Тимот за неонатална хирургија и кардиоваскуларна хирургија е составен од: педијатриски хирурзи, анестезиолози, интензивисти, интернисти, кардиолози, медицински сестри, перфузионисти, анестетичари, инструментарки и медицински сестри за во интензивна нега.

- Лимфангиомите спаѓаат во групата на васкуларни малформации, најчесто локализирани на врат, со непосреден контакт и компресија на витални органи и крвни садови во соодветната регија. Досегашната пракса беше овие пациенти да се упатуваат на лекување во медицински центри надвор од Република Северна Македонија. Нашите залагања се во правец, да обезбедиме соодветни услови за третман на овие пациенти на Клиника за детска хирургија. Поради тоа, неопходно е обука на персоналот од врвни експерти од областа, кои ќе едуцираат третирајќи ги веќе дијагностицираните пациенти на нашата клиника.
- потребно е и едукација на хируршкиот тим од Клиника за детска хирургија за третман на специфични случаи од областа на неонатална и доенечка хирургија. Постоперативно овие пациентите се третираат на одделот за интензивна нега и терапија. За применување на соодветните методи во секојдневната пракса потребно е едукација на персоналот.

Со цел унапредување на работата на Клиниката за детска хиругија, воведување на нови методи, што воедно и ќе значи намалување на бројот на пациенти кои имаат потребата од упатување на лекување во странство.

Со овие интервенции се врши трансфер на know-how на нашиот тим за неонатална хиругија и кардиоваскуларна хирургија, со што овие интервенции во иднина би ги вршеле самостојно нашите специјалисти во Република Северна Македонија.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главни цели на Програмата за превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2020 година се:

- Превенција на факторите на ризик;
- Навремено препознавање на КВБ;
- Намалување на смртноста и инвалидитетот;
- Едукацијата на тимот од државната кардиохирургија од страна на едукатори кои со своето искуство и знаење го надоградуваат и пренесуваат на останатите инволвирани колеги. Тимот се состои од специјалисти по кардиохирургија, васкуларна хирургија, анестезија како и среден медицински персонал (медицински сестри, инструментарки, анестетичари и перфузионисти);-

Едукација на нашиот тим за неонатална хирургија и интензивна хируршка нега од страна на тимот кој е составен од доктори (хирурзи, васкуларни, анестезиолози, интензивисти, интернисти, кардиолози) и среден медицински персонал (медицински сестри, перфузионисти, анестетичари, инструментарки и медицински сестри за во интензивна нега)

- Лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахно-идално, интрацеребрално и друг вид крвавење, со должина на болнички престој повеќе од пет години;
- Подобрување во лекувањето на секундарно и терциерно ниво;
- Подобрување на квалитетот на живот кај адултни пациенти со кардиоваскуларни болести во Република Северна Македонија, како би бил во состојба да одговори на се поголемото оптеретување на населението со кардиоваскуларни болести.

III. НОСИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

- Министерство за здравство

IV. ИЗВРШИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на активностите на оваа програма се:

- ЈЗУ Општа болница „Борка Талески" Прилеп
- ЈЗУ Универзитетската клиника за државна кардиохирургија – Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија – Скопје

V. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за превенција на кардиоваскуларните болести (КВБ) во Република Северна Македонија за 2020 година потребни се следните средства:

	Активност	Извршители	Износ
1	Средства наменети за образовни и договорни услуги за тимот кој ја основаше државната кардиохирургија и континуирано работи на растот и развојот на државната кардиохирургија на Универзитетската клиника за државна кардиохирургија – Скопје	Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје	13.200.000,00 ден.
2	Средства наменети за образовни и договорни услуги за тимовите кои континуирано ги воведуваат и развиваат неонаталните хируршки и кардиохируршки интервенции и педијатриска интензивната хируршка нега на Универзитетската клиника за детска хирургија – Скопје	Универзитетска клиника за детска хирургија-Скопје	7.200.000,00 ден.

3	Лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахноидално, интрацеребрално и друг вид крварење, со должина на болнички престој повеќе од 5 години	ЈЗУ Општа болница „Борка Талески" Прилеп	1.200.000,00 ден.
4	Неизмирени обврски за реализирани програмски активности од 2019 година		2.100.000,00 ден.
	ВКУПНО:		23.700.000,00 ден.

Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во вкупен износ од 23.700.000,00 денари од кои 8.700.000,00 денари од основниот буџет и 15.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство. Со програмата ќе се врши и исплата на неизмирени обврски за реализирани програмски активности од 2019 година во висина од 2.100.000,00 денари.

VI. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата за реализација на активностите предвидени со оваа програма се предвидени за:

- трошоци поврзани со ангажирање на странски доктори/тимови од еминенти медицински центри од странство и тоа: трошоци за пат, сместување и надоместок за извршената едукација,

VII.НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на јавните здравствени установи, извршители на активностите, врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма.

Во прилог на фактурите здравствените установи имаат обврска да достават :

- Пресметка за целиот тим на странски едукатори кои вршат теоретска и практична работа .
- Месечен извештај за тимот кој работел директно со пациентите, кардиохирургот, прв асистент, втор асистент, анестезиолог.

- Месечен извештај на македонсиот тим кој е едуциран од страна на странските тимови.
- Шест месечен извештај за вид и обем на извршени здравствени услуги, број на дијагностички процедури, број на извршени хируршки операции, број на интервентни процедури и број на реоперации.
- Годишен извештај за вид и обем на извршени здравствени услуги, број на дијагностички процедури, број на извршени хируршки операции, број на интервентни процедури и број на реоперации.

VIII. ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Јавните здравствени установи кои се извршители на оваа програма, најдоцна до 15-ти во месецот доставуваат фактура и месечен извештај за реализирани активности до Министерството за здравство.

IX.МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Министерството за здравство ќе ги следи активностите од оваа програмата, ќе оддржува редовни состаноци со јавните здравствени установи извршители на програмата, во делот на реализирани активности и ќе предлага мерки и решенија за надминување на одредени проблеми кои можат да произлезат во тековниот процес на работа .

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10064/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4464.

Врз основа на член 16 став 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" број 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16, 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 101/19, 153/19 и 180/19) и член 63 точка 7 од Законот за здравственото осигурување ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07 82/08, 98/08, 06/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО ДУШЕВНИ РАСТРОЈСТВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

ВОВЕД

Проблемите во менталното здравје стануваат се поочигледни во светот. Тие претставуваат сериозен и сложен социо-медицински, но и општествен проблем, со бројни здравствени, социјални и економски последици по поединецот, семејството и општеството во целост.

Овие заболувања имаат економско влијание на општеството и големо влијание на квалитетот на животот, како на поединците, така и на нивните семејства, а стануваат се поочигледни, како во светот така и кај нас.

Околу 20% од вкупниот број на пациентите во примарната здравствена заштита имале едно или повеќе ментални заболувања. До 2025 година се очекува процентот на менталните заболувања да се зголеми до 50 %.

Ефикасното решавање на овие проблеми не е можно само со имплементација на здравствените мерки, туку е потребен сеопфатен, интегративен пристап со учество на програмски организирани активности на различни субјекти во општеството, во чија надлежност се ресорни институции и установи, со особен акцент на социјалниот сектор.

Значаен момент е и трендот на сè поголем број случаи на суицид во Република Северна Македонија.

МЕРКИ И АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА, ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ И ИНДИКАТОРИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМСКИТЕ ЦЕЛИ

1) Згрижување и лекување на лицата кои се сместени во психијатриските установи со изречена мерка од надлежен суд "задолжително лекување и чување во психијатриска установа".

Во психијатриските болници се лекуваат околу 150 лица со изречена судска мерка. За овие пациенти, болниците не се во можност да обезбедат средства и

согласно Законот за извршување на санкции, трошоците за здравствената заштита на овие лица ги обезбедува Министерството за здравство преку соодветна програма.

Пациентите кои се со изречена мерка од суд "задолжително лекување и чување", се лекуваат и згрижуваат во трите психијатриски болници и тоа: околу 60 пациенти во ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар, околу 50 пациенти во ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје" Скопје и околу 40 пациенти во ЈЗУ Психијатриска болница "Негорци" Гевгелија.

Со оглед на фактот дека бројката на лицата со изречена мерка од суд "задолжително лекување и чување" не претставува константна категорија и истата подлежи на варијации во болестите и бројот на пациентите, не е можно да се предвиди апсолутно точен број на заболените и затоа е можен трансфер на средствата од една во друга позиција.

2) Обезбедување на партиципација за дневно болничко лекување на пациенти во Центрите за ментално здравје

Во Република Северна Македонија околу 750 душевно болни пациенти се лекуваат дневно-болнички во следните Центри за ментално здравје :

- 3 (три) Центри за ментално здравје на територијата на град Скопје во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје" – Скопје,
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ УК за психијатрија Скопје,
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ КБ Тетово,
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ ЗД Струмица,
- Центар за ментално здравје во рамки на ЈЗУ ОБ Гевгелија,
- Центар за ментално здравје Демир Хисар во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар и
- Центар за ментално здравје Прилеп во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар.

3) Развој на Центрите за ментално здравје како вон исниституционална форма на лекување.

Душевните растројства опфаќаат широк круг на заболувања, вклучувајќи ги органските, симптоматските, невротските, растројствата во расположението (афективни растројства), шизофрениите, шизотипните и налудничавите растројства, душевната заостанатост и другите душевни растројства.

Светските искуства покажуваат дека кај повеќе од една половина од вкупно дијагностицираните лица, овие растројства добиваат хроничен тек, т.е периодите на подобрување се заменуваат со периоди на влошување и повторна појава на знаците на растројството. Поради природата на болеста, но далеку повеќе како резултат на општествениот став и предрасуди, во кои доминира неприфатеност, маргинализација и отфрлање, голем број лица со душевни растројства остануваат долготрајно, па дури и доживотно хоспитализирани, при што се создава таканаречен хоспитализам.

Поради наведените состојби, во изминатиот период, третманот на овој сериозен социо-медицински проблем беше скоро целосно препуштен на медицинските, т.е психијатриските институции и се одвиваше на товар на здравството и здравственото осигурување, давајќи скромни резултати. Имено, долготрајниот болнички третман во психијатриските установи, во изминатиот период, од една страна беше поврзан со значителни финансиски средства кои претежно беа на товар на здравственото осигурување, а од друга страна придонесуваше долготрајно болнички третираните лица да бидат дополнително стигматизирани, маргинализирани и социјално исклучени. Ваквата хоспитализација предизвикуваше и дополнително влошување на здравствената состојба.

Ваквиот пристап се покажа како недоволно ефикасен, економски неоправдан и не успеа да обезбеди похуман пристап и третман на лицата со душевни растројства во нивната социјална средина.

Следејќи ги и препораките на СЗО, во Република Северна Македонија се премина кон зајакнување на достапноста на овие услуги преку развивање на различни форми на вонболнички третман во локалната заедница, содржани во т.н Центри за ментално здравје во заедницата, со целосен сеопфатен дневно-болнички третман на пациентите. За целосно, адекватно, навремено, ефикасно и економично решавање на овие проблеми неопходно е вклучување на целата општествена заедница, пред се преку соодветните институции и установи во рамките на ресорните министерства, а во тесна соработка и координација со сите останати заинтересирани субјекти.

Во план е и отварање на нови Центри за ментално здравје во Кичево и Битола, кои ќе функционираат во соработка со ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар, како и Центар за ментално здравје во Штип кој ќе функционира во рамки на ЈЗУ Клиничка болница Штип. Овие активности се во надлежност на Министерството за здравство и не побаруваат финансиски средства.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цели на оваа програма се:

- обезбедување на здравствена заштита и згрижување на пациентите кои се со од надлежен суд суд изречена мерка "задолжително лекување и чување",
- обезбедување на здравствена заштита на близу 750 пациенти кои се лекуваат во Центрите за ментално здравје низ Републиката,
- развивање на различни форми на вонинституционално и вонболничко лекување.

ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на Програмата се:

1) Здравствените установи кои ги лекуваат лицата со изречена мерка "задолжително лекување и чување" (ЈЗУ Психијатриска болница "Скопје" Скопје, ЈЗУ Психијатриска болница "Негорци" Гевгелија и ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар).

2) Јавните здравствени установи кои имаат Центар за ментално здравје како организациона единица.

3) Универзитетската клиника за психијатрија, Здружение на психијатри на Република Северна Македонија и Здружение на психолози на Република Северна Македонија, Комисија за ментално здравје формирана од министерот за здравство.

НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во Програмата.

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

1) Финансиските трошоци за обезбедување на болничка здравствена заштита на душевно болните лица кои се со изречена мерка од суд "задолжително лекување и чување" опфаќаат:

- болнички ден (сместување и исхрана во стандардни болнички услови) за стационарни пациенти,
- лекување со спроведување на дијагностички процедури и рехабилитациони мерки,
- лекови кои се наоѓаат на болничката листа,
- потрошен материјал за ординирање на терапијата,
- психосоцијален третман на пациентите како и
- помош и нега на пациентите.

2) Финансиските трошоци плаќање на партиципација за лекување на пациентите кои ги посетуваат центрите за ментално здравје.

3) Финансиски трошоци за подмирување на неизмирените обврски од Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2019 година.

Здравствените установи кои се извршители на овие активности од Програмата, најдоцна до 15.01.2021 година да достават до Министерството за здравство извештаи за реализираните мерки и активности во 2020 година.

За реализација на мерките и активностите предвидени со Програмата за здравствена заштита на лица со душевни растројства во Република Северна Македонија за 2020 година потребни се следните средства:

		Износ
1.	Судски случаи (лица со изречена мерка задолжително чување и лекување)	40.000.000,00
2.	Партиципација за пациентите кои се лекуваат во центрите за ментално здравје	5.000.000,00
3.	Неизмирени обврски од 2019 година	20.000.000,00
	ВКУПНО:	65.000.000,00

Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во висина од 65.000.000,00 од кои 40.000.000,00 денари од основниот буџет и 25.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година .

Бр. 45-10082/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4465.

Врз основа на член 42 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 265/19), член 150-г став (1) и член 274 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19,153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЕДУКАЦИЈА НА ЛЕКАРИ И МЕДИЦИНСКИ ПЕРСОНАЛ, ЗА КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И НЕВРАБОТЕНИ, КАКО И ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОБУКИ ЗА ВРШЕЊЕ НА ПРЕГЛЕД ЗА УМРЕНИ ЛИЦА ЗА 2020 ГОДИНА

I. ВОВЕД

Министерството за здравство се залага за стручно усовршување, односно специјализација/супспецијализација на медицинскиот кадар од јавните здравствени установи во Република Северна Македонија со долгорочна цел подигнување на квалитетот на укажувањето на здравствените услуги во државата. Во таа насока се обезбедуваат што е можно поголем број специјализации за македонските доктори, имајќи предвид дека нивната специјализација овозможува и поголема достапност до специјалистички услуги за граѓаните, како и подобра искористеност на медицинската опрема.

Освен овие активности, а со цел стекнување на најнови знаења и примена на најсовремени техники на лекување, подигнување на нивото на стручно знаење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги во сите облици на здравствена заштита во секојдневната пракса, како и продуцирање на нови стручни лица во државата, Министерството за здравство преку јавните здравствени установи овозможува ангажирање на еминентни странски лекари и експерти, медицински професионалци од најразлични области од медицината, како и спроведување на едукација на овластени лица за преглед на умрени лица.

II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Цел на програмата е подигнување на нивото на стручното знаење и унапредување на квалитетот на здравствените услуги преку стекнување на најновите знаења и примена на најсовремени техники на лекување, зголемување на бројот на специјалистички кадри во здравствениот систем, како и обезбедување на обучени лица овластени за преглед на умрени лица на ниво на Република Северна Македонија.

III. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ И ОБЛАСТИ

Со оваа програма предвидени се активности од следните области:

1. СПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ, СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИИ НА ЛЕКАРИ ОД РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО СТРАНСТВО

Со оваа програма опфатени се специјализациите, односно супспецијализациите на лекари од јавните здравствени установи од Република Северна Македонија во реномирани медицински центри/факултети/универзитети во странство.

2. АНГАЖИРАЊЕ НА СТРУЧНИ МЕДИЦИНСКИ ЛИЦА ОД СТРАНСТВО

Со оваа програма се опфатени трошоците кои произлегуваат од ангажирањето на стручни медицински лица кои доаѓаат од еминентни центри од странство во текот на 2020 година со цел едукации/практична работа/тренинзи/обука на медицинскиот кадар во јавните здравствени установи во Република Северна Македонија.

Во текот на 2020 години планирано е ангажирање на стручни медицински лица од странство за потребите на следните јавни здравствени установи:

- ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести – Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија - Скопје
- ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија - Скопје
- ЈЗУ Клиничка болница Штип
- ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле" – Скопје
- ЈЗУ Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија – Скопје
- ЈЗУ Градска општа болница 8-ми Септември - Скопје

3. ЕДУКАЦИИ ВО УСТАНОВАТА МЕДИЦИНСКИ СИМУЛАЦИСКИ ЦЕНТАР СКОПЈЕ

Со оваа програма се опфатени и едукации кои се реализираат во установата Медицински симулациски центар Скопје, кои се наменети за стекнување практични вештини неопходни за стекнување на називот доктор на медицина, дел од процесот на полагање на практичниот дел од стручниот испит, дел од процесот на стекнување на практични вештини за стекнување со стручно звање специјалист и супспецијалист, дел од полагањето на практичниот дел на специјалистичкиот и супспецијалистичкиот испит и дел од процесот на продолжување на лиценца на докторите на медицина.

Средствата ќе се исплаќаат периодично, согласно потребата и динамиката на реализација на едукациите. Установата Медицински симулациски центар Скопје до Министерството за здравство ќе доставува периодични извештаи за сите едукации извршени во периодот за којшто се известува.

4. КОФИНАНСИРАЊЕ НА СПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА, ОДНОСНО СУПСПЕЦИЈАЛИЗАЦИЈА НА ЗДРАВСТВЕНИТЕ РАБОТНИЦИ И ЗДРАВСТВЕНИТЕ СОРАБОТНИЦИ ВРАБОТЕНИ ВО ПРИВАТНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСТАНОВИ, ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА И НЕВРАБОТЕНИ

Со оваа програма е опфатена и можноста за кофинансирање на здравствените работници и здравствените соработници, односно дел од надоместокот за овие специјализации се покрива со оваа програма согласно склучени договори.

5. ОБУКА НА ОВЛАСТЕНИ ЛИЦА ЗА ПРЕГЛЕД НА УМРЕНИ ЛИЦА

Програмата за обука на овластени лица за преглед на умрени лица, има за цел да ги оспособи кандидатите за самостоен преглед на умрени лица, утврдување на постоење на промени и/или повреди кои би укажувале на евентуално насилна смрт.

Програмата за обука на лица за преглед на умрени лица се состои од теоретски и практичен дел со вкупно 320 часа, која се спроведува од страна на:

- Институт за судска медицина и форензика во соработка со Институт за епидемиологија и медициска биостатистика и
- Институт за патолошка анатомија.

IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Средствата од оваа програма се предвидени за спроведување на активности од следните области:

1. Во областа *Специјализации, супспецијализации на лекари од Република Северна Македонија во странство,* предвидени финансиски средства за :

1.2. Трошоци кои произлегуваат од специјализациите/супспецијализациите во странство согласно склучени договори и решенија: надомест за школарина и полагање специјалистички испит, месечен надомест за престој во износ од 500 евра, патни трошоци, сместување и др. ,

1.3. Дополнителни трошоци кои произлегуваат од законските прописи од земјата каде се спроведува специјализацијата/супспецијализацијата со доставување на соодветен документ.

2. Во областа *Ангажирање на стручни медицински лица од странство,* предвидени се финансиски средства за :

2.1. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на ортопедија, трауматологија, невромониторинг и спортски трауматизам за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар – Скопје, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 3.200.000,00 денари,

2.2. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на офталмологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести – Скопје, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари,

донесена од Министерот за здравство во вкупен годишен износ до 1.440.000,00 денари,

2.3. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на педијатрија, неонатологија за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/ обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 3.960.000,00 денари,

2.4. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на неврохирургијата (ендоваскуларната неврохирургија, спинална неврохирургија и ендоскопија на хипофиза) за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 3.000.000,00 денари,

2.5. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на торакална и васкуларна хирургија (за воведување на минимум инвазивна техника – BATC процедура) за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија Скопје во вкупен годишен износ до 2.000.000,00 денари

2.6. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на максилофацијална хирургија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Клиничка болница - Штип, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 738.000,00 денари

2.7. Трошоци за ангажирање на странски доктори за развој на центарот за цистична фиброза за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле", до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 720.000,00 денари.

2.8. Трошоци за ангажирање на странски доктори за развој на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија до Министерство за здравство, а

согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство, во вкупен годишен износ до 1.600.000,00 денари

2.9. Трошоци за ангажирање на странски доктори од областа на офталмологија и оториноларингологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, кои се исплаќаат по доставена фактура, извештаи и изјава за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука од страна ЈЗУ Градска општа болница 8-ми Септември – Скопје, до Министерство за здравство, а согласно Одлуката за утврдување на надоместокот за ангажирање на странски лекари, донесена од Министерот за здравство во вкупен годишен износ до 1.440.000,00 денари,

3. Во областа *Едукации во установата Медицински Симулациски Центар – Скопје*, предвидени се финансиски средства за :

3.1. Трошоци за едукации кои се реализираат во установата Медицински симулациски центар Скопје по доставени периодични извештаи за сите едукации извршени во периодот во висина од 6.000.000,00 денари, согласно утврдениот ценовник на установата.

4. Во областа *Кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени*, предвидени се финансиски средства за :

4.1. Трошоци за покривање на дел од средствата за спроведување на специјализацијата, односно супспецијализацијата и за полагање на специјалистички, односно супспецијалистички испит на здравствените работници и здравствените соработници преку кофинансирање на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" – Медицински факултет Скопје и Универзитет „Гоце Делчев" - Штип – Медицински факултет Штип, согласно склучените договори.

5. Во областа *Обука на овластени лица за преглед на умрени лица*, предвидени се финансиски средства за спроведување на обука за овластени лица за преглед на умрени лица со дефинирана цена од 18.750,00 денари по слушател. Исплатата ќе се врши согласно добиена фактура од Универзитетот " Св. Кирил и Методиј " – Медицински факултет – Скопје, заедно со извештаите од институциите наведени во глава III, точка 5 од оваа програма, за целосна реализација на обуката.

6. Програмата опфаќа и дополнителни трошоци доколку произлезат од ангажирање на странски доктори/тимови со цел едуцирање на нашите доктори и медицинскиот кадар, како и едукациите кои се спроведуваат во Медицинскиот симулациски центар Скопје согласно склучените договори.

7. Програмата ќе се реализира во обем и содржина на средствата одобрени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година во вкупен износ од 50.000.000,00

денари од кои 15.000.000,00 денари од основниот буџет и 35.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство. Неизмирените обврски ќе се измират во 2020 година.

V. СЛЕДЕЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За спроведување на активностите од оваа програма се грижи Министерство за здравство.

VI. ВЛЕГУВАЊЕ ВО СИЛА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10086/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4466.

Врз основа на член 16 став 1 алинеја 5 и став 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија", бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛИЦА СО БОЛЕСТИ НА ЗАВИСНОСТИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

Употребата и злоупотребата на различни психоактивни супстанци, негативно се рефлектира на севкупното живеење и функционирање како на индивидуален, така и на професионален, семеен и социјален план, предизвикувајќи големи страдања и загуби.

Особено загрижувачко е постојаното намалување на просечната возраст на злоупотреба на психоактивни супстанци и возраста на започнување. Употребата на психоактивни супстанци помеѓу малолетните лица (лица под 18 годишна возраст) во Република Северна Македонија станува сериозен проблем и за кој е потребен сериозен пристап од сите засегнати страни како од професионалните здравствени работници така и од креаторите на политиките.

Консумацијата на алкохол денес не е само појава кај возрасните лица, туку и кај младите луѓе чиј број од ден на ден станува се поголем. Исто така, се поголем е бројот на консументи на алкохол и меѓу жените. Околу 85% од возрасните лица употребуваат алкохол, што е една од главните причини за повеќе болести или прерана смрт. Злоупотребата на алкохол е одговорна за околу 9% од вкупниот морбидитет во европскиот регион, зголемувајќи го ризикот за појава на хепатална цироза, одредени видови на карцином, хипертензија, инсулт и конгенитални малформации, како и појавата на семејни, работни и социјални проблеми, несреќи, напади, криминогено и кривично однесување, несакани повреди, сообраќајни несреќи, насилство, убиство и самоубиство и друго. Се проценува дека над 60.000 луѓе се алкохоличари, а 300.000 имаат проблеми со алкохолот и покажуваат знаци на алкохолна болест

Според Студијата за употреба на психоактивни супстанции помеѓу општата популација во Република Северна Македонија (Институт за јавно здравје 2017), највисоко ниво на консумирање на алкохол е пронајдено во возрасната група 25-34

(76,9%), потоа следи возрасната група 15-24 со 74,7%. Најчесто користена нелегална дрога е канабисот и 8,2% од сите возрасти пријавиле дека земале од оваа дрога во одреден момент од нивниот живот. Стапките на преваленца на земање други видови на дроги во текот на животот се значително помали: екстази 1,6%, амфетамини 1,1%, хероин 1,1%, ЛСД 0,5% и кокаин 1,3%.

АНАЛИЗА НА МОМЕНТАЛНАТА СОСТОЈБА

Третманот на лицата зависни од алкохол актуелно е со доминантна психијатријска ориентација и се одвива пред се во болнички услови, во трите психијатриски болници во државата (Скопје, Демир Хисар и Негорци), а се врши болнички и дневно-болнички на повеќе од 400 лица.

Третманот на лицата зависни од дроги е расположливо во рамките на јавните и приватните здравствени установи во земјата.

Третманот на лекување во јавните здравствени установи вклучува дневно-болнички третман, болничко лекување, детоксификација и агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин). Најголемиот дел од лицата со растројства од употреба на дрога се лекуваат дневно-болнички, каде се нуди третман со агонистичка терапија со опоиди, психо-социјални интервенции, индивидуално или групно советување и социјална и психо-терапија.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основна цел на програмата е вклучување на што поголем број на лица со растројства од употреба на дрога во програмите за лекување со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин), со што ќе се намали употребата на илегални дроги, смртноста од предозирање, честотата на инјектирање, употребата на нестерилен прибор за инјектирање, ширење на инфекции со ХИВ/Хепатит Б и Ц и ќе се намалат криминалните активности.

Ефикасноста на терапијата на одржување со метадон и бупренорфин се состои и во подобрување на квалитетот на животот, здравјето, можноста за вработување, социјалното функционирање и физичкото (телесното) функционирање.

Цел на програмата е на лицата што употребуваат дроги или се зависни од нив да им се пружи помош и подршка преку широко достапни, ефикасни, флексибилни и индивидуално прилагодени интервенции што ќе го подобрат нивното здравје и ќе им овозможат социјално созревање и функционирање, без нивно натамошно стигматизирање и маргинализирање.

ПРИОРИТЕТИ И МЕРКИ КОИ Е НЕОПХОДНО ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ

- завршување на процесот на децентрализација на третманот со бупренорфин и подеднаква достапност на лекот бупренорфин до сите лица со нарушувања од употреба на дрога во земјата, вклучително и лицата лишени од слобода
- изготвување на посебна Програма и Протокол за третман на деца кои употребуваат психоактивни супстанци
- планирање и понатамошно проширување на мрежата на служби преку отворање на нови служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги во повеќе градови во земјата, според потребата (број на лица со нарушувања од употреба на дрога, оддалеченост од постоечките регионални центри и др.), Гостивар, Кичево, Струга и Прилеп
- исполнување на стандардизирани услови за работа во однос на кадарот и обуката на кадарот во сите специјализирани центри во земјата, обезбедување мултипрофесионални тимови во сервисите за третман и нивна адекватна професионална квалификација,
- обезбедување лекови според медицина заснована на докази, за третман на нарушувања од употреба на дрога и предозирање, во сите сервиси за третман на нарушувања од употреба на дрога и
- ревидирање на постоечките протоколи – протокол за метадон, протокол за бупренорфин и проткол за неонатален апстиненцијален синдром

изготвување на софтверски програм за лицата со болести на зависност кои се на третман во јавните здравствени установи

анализа на состојбите во однос на простор, опрема и кадар и примената на протоколите во казнено поправните установи во земјата

- Развивање на специфични програми и протокол за третман на жени/бремени жени
- Подеднаква достапност на сервисите за третман на соматски и психички коморбидитет за лицата со нарушувања од употреба на дрога како и за сите останати пациенти во земјата

ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ (ИНДИКАТОРИ НА УСПЕШНОСТ)

Напредок во однос на достапност на услугите за пациентите во местото на живеење преку отворање на нови Служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги.

Вклучување на што поголем број на лица кои употребуваат дроги во програмите за лекување со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин). Со овие мерки, ќе се овозможи:

- постигнување апстиненција,
- намалување на зачестеноста и острината на рецидивите,
- намалување на морбидитетот и на морталитетот предизвикани со злоупотреба на незаконската опиоидна дрога или како последица од тоа, особено ризикот од ХИВ, хепатитис Б и Ц и други по крвен пат преносливи болести од инјектирање со нестерилна опрема,
- подобрување на физичкото и психолошкото здравје;
- намалување на криминалното однесување за обезбедување на финансиски средства за злоупотреба на дрога;
- овозможување и поддршка за реинтеграција на работното место и во системот на образованието и
- унапредување на социјалното функционирање

ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Третманот на зависноста од дроги и лекувањето во дневни болници и болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена и зависници - судски случаи претставува комбинација на: фармакотерапија (агонистичка терапија со опоиди - метадон и бупренорфин), лекови за смирување на болки, за подобрување на апетитот, регулирање на расположението, сонот и др.), психотерапија која се спроведува во зависност од проценката на потребите на пациентот и семејството и социотерапија која претставува учење на социјални вештини за возобновување или подобрување на социјалното функционирање.

Согласно, доктринарните ставови и медицината заснована на докази, финансиските трошоци за обезбедување на дневно-болничка и болничка здравствена заштита на лицата со болести на зависности опфаќаат:

	ПАКЕТИ ЗА ЗАВИСНОСТИ И АЛКОХОЛИЗАМ	Цена на пакет услуги
1.	ПАКЕТ БР. 1	
	Во цената на пакетот се вклучени услугите од доктор и медицинска	1700,00 денари

	сестра, потрошен материјал и лабораториски услуги	
2.	**ПАКЕТ БР. 2**	
	Во цената на пакетот се вклучени услугите од доктор психијатар, доктор и медицинска сестра, потрошен материјал и лабораториски услуги	**1900,00 денари**
3.	**ПАКЕТ БР. 3**	
	Во цената на пакетот се вклучени услугите од доктор психијатар, доктор, медицинска сестра, психолог, социјален работник, потрошен материјал и лабораториски услуги	**2100,00 денари**
4.	**ПАКЕТ БР. 4 Болничко лекување на пациенти**	
	Во цената на пакетот е вклучен болнички ден за стационарни пациенти (сместување и исхрана во стандардни болнички услови, лекување со спроведување на дијагностички процедури и рехабилитациони мерки и психосоцијален третман на пациентите). Дополнително ќе бидат фактурирани ординирана терапија, потрошен материјал и лабораториски услуги.	**550,00 денари**

За реализација на мерките и активностите предвидени со оваа програма предвидени се средства за:

1.	**Метадон / бупренорфин**	**Количини**
1.1.	Набавка на метадон за 1600 лица со болести на зависности	4 850 000 мл.
1.2.	Набавка на бупренорфин за 330 лица со болести на зависности Таблети од 2 мг. - 229 600 мг. Таблети од 8 мг. - 907 200 мг.	1 136 800 мг.
2.	**Лекување во дневни болници, болничко лекување и лекување во казнено поправни установи**	
2.1.	Лекување во дневни болници на зависници од алкохол и дрога над 30 дена	
2.2.	Болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена	
2.3.	Лекување на зависници-судски случаи	
3.	**Неизмирени обврски за реализирани програмски активности за 2019 година**	
	ВКУПНО ПОТРЕБНИ СРЕДСТВА	**85.500.000,00**

Пресметките за потребните количини на метадон и бупренорфин се направени врз основа на податоците за бројот на пациентите и динамиката на потрошувачката на агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин) во 2019 година и залихите на метадон и бупренорфин. За да се добие проектирана вредност на фискалните импликации земени се цените на чинење на метадон и бупренорфин во 2019 година.

Доколку во 2020 година се отворат нови Служби за превенција и третман од злоупотреба на дроги во Република Северна Македонија, лицата кои ќе бидат опфатени со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин), ќе бидат дел од Програмата за здравствена заштита на лица со болести на зависности за 2020година.

ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Оваа програма ќе се реализира во обем и содржина согласно одобрените средства од основниот буџет наменети за оваа програма, во висина од **75.500.000,00 денари и 10.000.000,00 денари** од буџетот на самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Извршители на оваа програма во третманот на алкохолизам и со агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин) се: Психијатриските болници Скопје, Демир Хисар и Негорци, Универзитетска клиника за токсикологија – Скопје и Службите за превенција и третман од злоупотреба на дроги кои функционираат во рамките на болниците во Тетово, Куманово, Струмица, Штип, Гевгелија, Охрид, Битола, Велес, Кавадарци, ГОБ 8-ми Септември Скопје, КПУ Идризово - Скопје и КПУ Затвор Битола.

НАЧИН НА ФАКТУРИРАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

Министерството за здравство месечно ќе ги распределува средствата на здравствените установи извршители на активностите врз основа на доставени фактури и извештаи за реализација на активностите содржани во оваа програма.

Набавените количини на метадон и бупренорфин ќе се дистрибуираат до овластените здравствени установи - извршители на програмата, на неделно/месечно ниво по претходна нарачка од страна на Министерството за здравство.

ДОСТАВУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАИ И РОКОВИ

Здравствените установи кои се извршители на оваа програма, најдоцна до 20 во месецот доставуваат фактура и месечен извештај за реализирани активности до Министерството за здравство.

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

Министерството за здравство ќе врши редовни контроли во јавните здравствени установи извршители на програмата, во делот на реализирани активности

согласно оваа програма и контрола на динамиката на потрошувачката на агонистичка терапија со опоиди (метадон и бупренорфин) и увид во медицинската документација.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10092/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4467.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА ДРЖАВЈАНИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА КОИ НЕ СЕ ЗАДОЛЖИТЕЛНО ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРАНИ ЗА 2020 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Со Законот за здравственото осигурување е уредено здравственото осигурување на граѓаните, правата и обврските од здравственото осигурување, како и начинот на спроведување на здравственото осигурување. Здравственото осигурување се установува како задолжително и доброволно осигурување. Задолжителното здравствено осигурување се установува за сите државјани на Република Северна Македонија заради обезбедување на здравствени услуги и парични надоместоци врз начелата на сеопфатност, солидарност, еднаквост и ефективно користење на средствата под услови утврдени со закон.

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување се уредуваат видовите на придонеси за задолжителното социјално осигурување, обврзниците за плаќање на придонеси, обврзниците за пресметка и уплата на придонеси, основиците на кои се плаќаат придонеси, стапките на придонеси, начинот на пресметка, роковите на плаќање на придонеси, контрола на пресметување и уплата на придонеси како и други прашања кои се значајни за утврдување и плаќање на придонесите.

2. МОМЕНТАЛНА СОСТОЈБА

Со Законот за здравственото осигурување се утврдува кои категории на лица се задолжително здравствено осигурани меѓу кои се и државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување.

Со Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, горепосочената категорија на граѓани на Република Северна Македонија се утврдуваат како обврзници за плаќање на придонес за задолжително здравствено осигурување, а како обврзник за пресметување и уплатување на придонесот е Министерството за здравство.

3. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Со донесувањето на оваа програма се обезбедуваат услови за плаќање на придонесот за задолжително здравствено осигурување на државјаните на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување. Министерството за здравство како обврзник за пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување ќе може на месечна основа да го плаќа придонесот. Согласно тоа, овие лица ќе имаат редовно уплатен придонес и со тоа непречено користење на здравствените услуги односно здравствената заштита.

4. ПОТРЕБНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Според податоците добиени од Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, државјани на Република Северна Македонија кои немаат ниту еден основ на здравствено осигурување се околу 240.000, а придонесот за задолжително здравствено осигурување на месечно ниво, за еден осигуреник е 1.010,00 денари.

5. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

За пресметување и уплатување на придонесот за задолжително здравствено осигурување според оваа програма, обезбедени се средства во износ од 2.900.000.000,00 денари од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, од кои ќе бидат измирени и заостанатите обврски од 2019 година.

6. МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА

Следење на спроведување на оваа програма врши Министерството за здравство и по потреба ја известува Владата на Република Северна Македонија.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година..

Бр. 45-10093/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4468.

Врз основа на член 16 ставови (2) и (3) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр.43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ СРЕДСТВА ЗА БОЛНИЧКО ЛЕКУВАЊЕ БЕЗ НАПЛАТА НА УЧЕСТВО (ПАРТИЦИПАЦИЈА) ЗА ПЕНЗИОНЕРИ И ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СРЕДСТВА ЗА СПЕЦИЈАЛИСТИЧКО - КОНСУЛТАТИВНИ И БОЛНИЧКИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ЗА КОРИСНИЦИТЕ НА ПРАВОТО НА СОЦИЈАЛНА ПАРИЧНА ПОМОШ КАКО И НА ЧЛЕНОВИТЕ НА НИВНИТЕ ДОМАЌИНСТВА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Програмата за обезбедување средства за болничко лекување без наплата на учество (партиципација) за пензионери и за обезбедување на средства за специјалистичко-консултативни и болнички здравствени услуги за корисниците на правото на социјална парична помош и неговите членови на нивните домаќинства во Република Северна Македонија за 2020 година, обезбедува грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на правото на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства.

Со Програмата се опфатени корисниците на старосна, инвалидска, семејна и земјоделска пензија, чијашто пензија е пониска од 14.000 денари и се со живеалиште на територијата на Република Северна Македонија. Со Програмата се опфатени случаите на болничко лекување во болничките здравствени установи во Република Северна Македонија непосредно по акутно заболување, состојба и повреда или заради влошување на хронична болест.

Со Програмата не се опфатени членовите на семејството на корисникот на пензијата како и случаите на:

- специјализираната медицинска рехабилитација како продолжено болничко лекување
- сместување во геронтолошка установа и
- дневното болничко лекување (дневна болница)

Со Програмата се опфатени здравствените услуги од областа на специјалистичко-консултативната и болничката здравствена заштита за корисниците на правото на социјална парична помош како и за членови на нивните домаќинства, освен за

лековите од листата на лекови издадени на рецепт во примарната здравствена заштита и за лекување во странство.

За реализација на мерките предвидени во оваа програма, Владата на Република Северна Македонија обезбедува средства од Буџетот на Република Северна Македонија.

2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целта на донесувањето на оваа програма е обезбедување грижа во чувањето, следењето и унапредувањето на здравјето на пензионерите и на корисниците на социјална парична помош како и на членовите на нивните домаќинства.

3. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата ќе се реализира со финансиски средства во висина од 89.400.000,00 денари од основен буџет на Република Северна Македонија за 2020 година одобрени се 74.400.000,00 денари, а останатите 15.000.000,00 денари од самофинансирачки средства на Министерството за здравство.
Во рамки на средствата ќе бидат измирени заостанатите обврски од 2019 година.

4. МОНИТОРИНГ НА ПРОГРАМАТА

Следење на спроведувањето на Програмата врши Министерството за здравство и по потреба ја известува Владата на Република Северна Македонија.

„Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10095/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4469.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ХИВ ИНФЕКЦИЈА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

I.Вовед

Почнувајќи од 2018 година Министерството за здравство во целост ја презеде одговорноста за финансирањето на активностите за превенција на ХИВ кај клучните популации.

Со цел да се постигне најмногу за вложените ресурси, потребни се фокусирани интервенции, координација и поврзување со другите сродни стратегии и области и вклучување на локалната власт во одговорот кон ХИВ. Намалувањето на стигмата и дискриминацијата и воопшто на нееднаквостите во пристапот до здравствените и социјалните услуги се основен предуслов за успешна реализација на целите на Програмата и одржување на ниско ниво на епидемијата на ХИВ во земјата.

II. Моментална состојба

Со Програмата за заштита на населението од ХИВ во 2019 година заклучно до средината на месец декември 2019 година, опфатени се 13.316 лица од клучни популации, извршени се преку 2.000 ХИВ тестирања, поделени се 274.000 кондоми, 386.000 сетови за превенција на ХИВ/СПИ преку инјектирање дроги и 63.000 информативни материјали наменети за превенција на ХИВ, СПИ и крвно преносливи болести кај клучни популации.

III Приоритетни цели на програмата за 2020 година

Главна цел на програмата е:

Одржување ниска преваленца на ХИВ во Република Северна Македонија преку универзален пристап до превенција, третман, грижа и поддршка, базиран на почитување на човековите права и недискриминација.

Специфични цели на програмата за 2020 година се:

1. Да се одржи ниска преваленца на ХИВ кај клучни популации во Република Северна Македонија во 2020 година;

2. Да се зголеми бројот на лица од клучни популации кои го знаат својот ХИВ статус, со акцент на МСМ;

3. Секое лице кое живее со ХИВ да има пристап до квалитетен и сеопфатен третман за ХИВ и услуги за грижа и поддршка како дел од сеопфатен третман за ХИВ;

4. Одржување интегриран и одржлив информациски систем за мониторинг на активностите и на постигнатите резултатите поврзани со превенција, третман, грижа и поддршка за ХИВ.

5. Лабораториски анализи за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасност во лекувањето на ХИВ позитивни индивидуи

Успешноста на Програмата ќе се оценува преку основните индикатори на исход:

1. Број на новодијагностицирани случаи на ХИВ според стадиум на инфекција;

2. Број и процент на лица кои го знаат својот ХИВ статус;

3. Број и процент на лица кои се поставени на АРТ;

4. Број и процент на лица кај кои е постигната супресија на ХИВ.

IV МЕРКИ, АКТИВНОСТИ И ПОКАЗАТЕЛИ НА УСПЕШНОСТ

Цел 1. Да се одржи ниска преваленца на ХИВ кај клучни популации во Република Северна Македонија во 2020 година.

Цел 2. Да се зголеми бројот на лица од клучни популации кои го знаат својот ХИВ статус со акцент на МСМ

Мерка 1: Зголемување на опфатот на МСМ со услуги за превенција на ХИВ и други СПИ

Активности:

1. Одржување, отворање нови и проширување на стационарните и теренските сервиси за МСМ;
2. Воведување нови и иновативни пристапи за зголемување на опфатот со ХИВ превенција за МСМ (социјални, нови и електронски медиуми, апликации и платформи за паметни телефони, ИТ алатки и сл.);
3. Изготвување протокол за постекспозициска профилакса применлив специфично за МСМ, како и ревидирање на постоечкиот протокол за постекспозициска профилакса кај здравствени работници;
4. Изготвување протокол за пропишување на предекспозициска профилакса и медицинско следење за корисниците на профилаксата, како и отпочнување пилот

програма за предекспозициската профилакса како комплементарна мерка за превенција.

Показатели на успешност

1. Број на организации кои нудат услуги за превенција на ХИВ кај МСМ; Цел – опфатен дополнителен град
2. Број на МСМ опфатени со основен пакет за превенција на ХИВ; Цел – 5000 МСМ опфатени на годишно ниво
3. Отпочната пилот програма за предекспозициска профилакса кај МСМ и следење на влијанието; Цел – опфатени 300 лица

Извршители: ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби; Министерство за здравство; здруженија

Мерка 2: Елиминирање на стигма, дискриминација и хомофобија кон МСМ

Активности:

1. Организирање активности против хомофобијата и јавната стигма и дискриминацијата кон популацијата на МСМ;
2. Зајакнување на капацитетите на лицата кои работат во програмите за поддршка на МСМ;
3. Сензитивизација и обука на засегнати страни со цел креирање на поддржувачка средина за ефективна превенција на ХИВ и СПИ меѓу МСМ;

Показатели на успешност

1. Број на активности за намалување на стигма;
2. Број на работилници и обучени лица;

Извршители: Здруженија

Мерка 3: Одржување висок опфат и квалитет на програмите за намалување штети од употреба на дроги кај лицата кои инјектираат дроги (ЛИД)

Активности:

1. Одржување на стационарните и теренските сервиси за намалување на штети од употреба и инјектирање дроги раководени од граѓански здруженија;
2. Психосоцијална поддршка на лица кои се на третман за зависност од дроги;
3. Проширување на сервисите и фреквенцијата на теренско ДСТ и воведување на интегрирани услуги за ДСТ во рамките на превентивните услуги кои се нудат од страна на граѓанските здруженија.

Показатели на успешност

Број на ЛИД опфатени со основен пакет за превенција на ХИВ; Цел - 4500 опфатени ЛИД на годишно ниво

Извршители: Здруженија

Мерка 4: Одржување на висок опфат и квалитет на програмите за превенција на ХИВ и СПИ кај СР

Активности

1. Одржување на стационарните и теренските сервиси за превенција кај СР раководени од граѓанскиот сектор;
2. Развивање програма за работа со машки и трансродни сексуални работници;
3. Зајакнување на организациските и оперативни капацитети на постоечките програми за поддршка на сексуалните работници, со посебен фокус кон МСМ СР;
4. Проширување на сервисите за ДСТ и воведување на интегрирани услуги за ДСТ во рамките на превентивните услуги кои се нудат од страна на граѓанските здруженија.

Показатели на успешност

1. Број на СР опфатени со основен пакет за превенција на ХИВ; Цел – 1850 опфатени СР на годишно ниво

Извршители: Здруженија

Мерка 5. Подобрување на достапноста на ХИВ тестирањето за лица припадници на клучните популации и на општата популација

Активности

1. Одржување на постоечките теренски сервиси за ХИВ тестирање за клучните популации засегнати од ХИВ, раководени од граѓанските здруженија;
2. Демедикализација на ХИВ тестирањето со брзите скрининг тестови;
3. Интегрирање на ХИВ тестирањето во постоечките стационарни сервиси за превенција на ХИВ и СРЗ раководени од здруженијата и засегнатите заедници;
4. Проширување и надградба на програмите за ХИВ тестирање со фокус на мажи кои имаат секс со мажи и машки сексуални работници кои се раководени од здруженијата и засегнатите заедници во соработка со јавно-здравствените институции;
5. Воведување на нови и иновативни пристапи за промоција и зголемување на опфат со ХИВ тестирање помеѓу клучните популации засегнати од ХИВ;
6. Подобрување на условите за ХИВ тестирање и советување за клучни популации и ранливи групи во рамки на здравствените установи, вклучително и во ТБ диспанзери, центри за лекување на зависности и затвори и институции од затворен карактер;
7. Проширување на соработката помеѓу јавно-здравствените установи и граѓанските здруженија за подобрување на достапноста и квалитетот на ДСТ;
8. Изработка на протокол и воведување на самотестирање за ХИВ;
9. Секој позитивен скрининг тест ќе биде потврден/отфрлен во референтните лаборатории при ИЈЗ или Клиниката за инфективни болести.

Показатели на успешност

1. Број на млади и лица од општа популација тестирани за ХИВ – Цел 1.200 годишно
2. Број на МСМ тестирани за ХИВ и други СПИ; Цел – 2.000 годишно
3. Број на ЛИД тестирани за ХИВ и други СПИ; Цел – 800 годишно
4. Број на СР тестирани за ХИВ и други СПИ. Цел 1.000 годишно
5. Изменета законска регулатива/донесено решение за вршење на ХИВ тестирање во овластени здруженија

Извршители: Здруженија, ЦЈЗ, ИЈЗ, Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби

Мерка 6. Подигање на свесноста и сензитивноста за ХИВ и правата на лицата од клучните популации меѓу општата јавност и клучните институциите
Активности

1. Обуки за сензитивизација на кадар во клучни институции (здравство, социјална заштита, правда, полиција, медиуми и др.) и изработка на водичи за работа со припадници на клучните популации
2. Едукативни сесии за превенција на ХИВ со фокус за намалување на стигма и дискриминација кон клучни популации и лица кои живеат со ХИВ
3. Спроведување на активности со фокус на намалување предрасудите и дискриминацијата, зголемување на стапката на ХИВ-тестирање и одбележување на Светскиот ден на СИДА

Показатели на успешност

1. Број на обучени и сензитивизирани здравствени работници во однос на проблематиката поврзана со ХИВ инфекцијата
2. Број на едукативни сесии за превенција и со фокус за намалување на стигма и дискриминација кон клучни популации и лица кои живеат со ХИВ
3. Број на фокусирани активности и кампања за подигнување на јавната свесност изразен во проценет број на индивидуи до кои допреле комуникациските пораки

Извршители: Министерство за здравство, ИЈЗ, Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Здруженија, ЦЈЗ.

ЦЕЛ 3: Секое лице кое живее со ХИВ да има пристап до квалитетен и сеопфатен третман за ХИВ и услуги за грижа и поддршка како дел од сеопфатниот третман за ХИВ

Мерка 1. Воспоставување интегриран систем за обезбедување на терапијата, грижа и поддршка за лица кои живеат со ХИВ

Активности:

1. Утврдување и континуирано ажурирање на листа на неопходни антиретровирусни лекови за прва, втора и трета линија на терапија, како и педијатриски антиретровирусни лекови
2. Набавка и дистрибуција на АРВ лекови и редовно следење на нивните ефекти
3. Координиран пристап помеѓу УКИБФС, Министерството за здравство, Агенцијата за лекови и Фондот за здравствено осигурување во планирањето на процесите за обезбедување на терапијата, како и вклучување на заедницата на лица што живеат со ХИВ во следењето на процесите
4. Ревидирање на националното упатство за медицинско згрижување при ХИВ-инфекција, во согласност со медицината базирана на докази и упатствата на СЗО и на Европското клиничко здружение за СИДА
5. Обезбедување услови за планирано родителство на мажи и жени кои живеат со ХИВ

Мерка 2. Одржување добро здравје и висок степен на адхерентност кај пациентите со ХИВ на АРТ (>90%) преку континуирано нудење услуги за психосоцијална поддршка

Обезбедување сервиси кои овозможуваат долг и квалитетен живот за ЛЖХИВ и висока адхерентност до антиретровирусната терапија, вклучувајќи и психосоцијална и врсничка поддршка и позитивна превенција (едукација и советување за сексуалното здравје; справување со стигмата и дискриминацијата и промоција на употребата на кондоми).

Показатели на успешност

1. Број и процент на лица кои се поставени на АРТ; Цел: најмалку 90% лица со дијагностицирана инфекција се поставени на АРТ
2. Процент на лица кои се задржани на терапија
3. Процент на лица кај кои е постигната супресија на вирусот; Цел: најмалку 90% од лицата што примаат АРТ
4. Ажуриран протокол за терапија
5. Број и процент на лица опфатени со услуги за психосоцијална и врсничка поддршка и позитивна превенција во рамките на ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби и преку соработка со здруженија за поддршка на ЛЖХИВ. Цел: најмалку 90% од лицата со дијагностицирана ХИВ-инфекција

Извршители: ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, здруженија.

Цел 4: Одржување на интегриран и одржлив информациски систем за мониторинг на активностите и на постигнатите резултатите поврзани со превенција, грижа и третман на ХИВ.

Мерка 1 Прибирање, раководење и употреба на стратешки информации за мониторинг на ХИВ епидемијата и програмите за превенција

Активности:

1. Унапредување и одржување на националниот електронски систем за прибирање информации поврзани со превенција на ХИВ кај клучни популации
2. Спроведување на редовни мониторинг посети во сите организации и институции за обезбедување на квалитет на активностите
3. Одржување на Националниот центар за мониторинг и евалуација на активностите за превенција на ХИВ во Република Северна Македонија
4. Континуирана едукација за надзор и пријавување во информацискиот систем за сите инволвирани организации и институции
5. Годишна проценка на број на лица што живеат со ХИВ користејќи релевантни алатки за моделирање (според Европскиот центар за превенција и контрола на болести, УНАИДС и сл.)
6. Подобрување на дисеминацијата на податоците, извештаите од надзорот и резултатите од истражувањата за ХИВ
7. Редовно ажурирање на анонимниот регистар за случаи на ХИВ помеѓу Клиниката за инфективни болести и Институтот за јавно здравје
8. Анализа на континумот на услуги за здравствена грижа во врска со ХИВ во соработка со ЈЗУ Универзитетска клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби и Институт за јавно здравје

Показатели на успешност

1. Функционален електронски систем за прибирање на податоци
2. Број на одржани обуки за корисници
3. Број на теренски увиди
4. Редовни квартални, полугодишни и годишен извештај за реализација на програмските активности
5. Извештај за напредокот кон постигнување на целите „90-90-90"
6. Ажурирана база на податоци помеѓу ИЈЗ и Клиниката за инфективни болести

Извршители: Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

Цел 5: Лабораториски анализи за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасност во лекувањето на ХИВ позитивни индивидуи

Мерка: Лабораториски анализи за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасност во лекувањето на ХИВ позитивни индивидуи

Активности: Следниве специфични тестови се предвидени да се работат на Институтот за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје:
1. Испитување на вирусниот тропизам за CCR5 рецепторот пред започнување на терапија со антагонист на CCR5, или при неефикасност во користењето на овој лек;
2. Испитување на транспортерот на П-гликопротеин 1 (MDR1) заради соодветна проценка на очекуваното намалување на вирусното оптоварување кај пациентот;
3. Испитување на цитохром P450 изоензимот 2D6 (CYP2D6) за проценка на стапката на метаболирање и соодветно, ефикасноста на антиретровирусните лекови и индивидуализирано дозирање на овие лекови;
4. Испитување за ХЛА-Б*5701 се прави пред започнување на третман со Abacavir (ABC) со цел да се избегнат ризични, живото-загрозувачки реакции на овој лек кај носители на специфичната ХЛА варијанта.
Во согласност со актуелните препораки за дијагноситицирање и терапија на носителите на ХИВ вирусот, предвидуваме сите овие анализи да се прават кај секој новооткриен ХИВ позитивен случај во Северна Македонија, како и кај пациенти кои веќе започнале со терапија, а не се добива соодветен одговор од тековната терапија. Проектираната бројка на пациенти кои ќе бидат опафтени со овие анализи за 2020 година е 100 (60 новооткриени и 40 кои се веќе на терапија, а потребна е проценка на ефикасноста).
За сите испитаници потребниот материјал за анализа е крв, од која се изолира ДНК, која потоа се користи за амплифицирање на конкретните гени од интерес, а дел се складира за понатамошни анализи. Комбинираните трошоци за сите анализи по 1 испитаник (вклучени земање крв, изолација на ДНК, неколку ПВР амплификации, хибридизација со специфични олигонуклеотидни проби, ХЛА типизација со Luminex и ССП) изнесуваат 20.000 ден. За анализирање на предвидените 100 испитаници во 2020 година, вкупно се предвидени 2.000.000 ден. (два милиони денари).
Со вклучување и финансирање на оваа ставка во Програмата за ХИВ значајно ќе се унапреди третманот и квалитетот на живот на ХИВ позитивните лица.
Извршители: Институтот за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје

V. Потребни финансиски средства (обем,цена и вкупни средства) Табела 1

Потребни финансиски средства (обем, цена и вкупни средства) Табела 1 за 2020					
Координација,собирање и употреба на стратегиски информации, следење и проценка					
Ред бр.	Активност	Извршител	Количина	Цена	Планиран износ согласно програма

1	Национален центар за управување со податоци, надзор и следење Мониторинг, следење и проценка	Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија	1	500.000,00	500.000,00
2	Одржување дата-база на известувања мониторинг посети одржување на возило	Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија	1	180.000,00	180.000,00
3	Публикација и печатење на упатства, стандарди и едукативни материјали	Министерство за здравство	1	100.000,00	100.000,00
4	Набавка на ХИВ тестови за брз скрининг и хив тестови за самотестирање кондоми и лубриканти	Министерство за здравство	1	2.500.000,00	2.500.000,00
5	Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за мажи што имаат секс со мажи (МСМ) во Скопје, Тетово, Охрид, Штип и Струмица	Здруженија	1	6.000.000,00	6.000.000,00
6	Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за лица кои инјектираат дрога (ЛИД) во Скопје (3), Гостивар, Кичево, Охрид, Тетово,Струга, Битола, Кавадарци, Струмица, Гевгелија, Прилеп, Штип, Велес и Куманово	Здруженија	1	20.079.500,00	20.079.500,00
7	Превенција на ХИВ кај клучните популации – програми за сексуални работници (СР) во Скопје (2), Гостивар, Тетово,Охрид, Битола, Струмица, Гевгелија	Здруженија	1	6.740.500,00	6.740.500,00
8	Позитивна превенција и психосоцијална поддршка кај лица со ХИВ и нивни партнери со превенција кај МСМ	Здруженија	1	1.700.000,00	1.700.000,00
9	Активности за теренско ХИВ тестирање и советување кај клучните популации	Здруженија	1	3.200.000,00	3.200.000,00
10	Психосоцијална поддршка за лица што се лекуваат од зависност од дрога	Здруженија	1	1.800.000,00	1.800.000,00

11	Активности за дијагноза и третман на СПИ и услуги за сексуално и репродуктивно здравје кај клучните популации и млади лица	Здруженија	1	4.700.000,00	4.700.000,00
12	ХИВ ДСТ вклучувајки новооткриени пациенти со туберкулоза	Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија	200	150	30.000,00
13	Доброволно и доверливо тестирање и советување за ХИВ	10 Центри за јавно здравје и Центри за превенција и третман на зависности, Психијатриска Болница	2.100	150	315.000,00
14	Предавања за превенција на ХИВ кај лица кои издржуваат казна затвор и доброволно и доверливо тестирање за ХИВ и Спроведување на стручни предавања и превенција на ХИВ и СПИ помеѓу општа и млада популација	10 Центри за јавно здравје	150	1.500,00	225.000,00
15	Конфирматорска лабораториска дијагноза на ХИВ- инфекција	Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	40	3.000,00	120.000,00
16	Конфирматорска лабораториска дијагноза на ХИВ- инфекција	Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија	30	3.000,00	90.000,00
17	Набавка на антиретровирусни лекови за терапија и профилакса за хив инфекција и тестови за следење на хив инфекција	Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби	1	37.420.000,00	37.420.000,00

18	Иследување за избор на ефикасен антиретровирусен третман и контрола на ефикасност на лекување со антиретровирусна терапија HLA- B-5701 тест, Тропизам -CCR5, Фармакогенетика, Генотипизација - CYP450	Институт за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје	100	2.000	2.000.000,00
ВКУПНО					**87.700.000,00**

VI. Финансирање (извори на обезбедување на средствата – Буџет на Република Северна Македонија, донации и други извори)

Вкупните средства за реализација на оваа програма изнесуваат 87.700.000,00 денари. Оваа програма ќе се реализира во рамките на средства обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година и тоа: 62.700.000,00 денари од основен Буџет и 25.000.000,00 денари од Буџет на самофинансирачки активности на Министерство за здравство, додека дел од активностите и мерките ќе се реализираат во рамките на постоечките Буџети на јавните здравствени установи. Неизмирените обврски кон извршителите за 2019 година ќе бидат исплатени во тек на 2020 година.

VII. Извршители на Програма

Извршители на оваа програма се Министерство за здравство, Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија, Институт за имунобиологија и хумана генетика на Медицинскиот факултет во Скопје, Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби, Центри за јавно здравје, Општи и специјални болници и здруженија избрани врз основа на јавен повик објавен од страна на Министерство за здравство.

VIII. Доставување на извештаи и рокови

Распределбата на средствата од оваа програма ќе ја врши Министерството за здравство кон извршителите на активностите, врз основа на доставени фактури изготвени според приложените формати за изготвување на фактури , барање за исплата на средства со уредно пополнети наративни извештаи за имплементација на активностите, преглед на трошоци, изјава за потврда на спроведените активности и точноста на доставените податоци во извештајот, барање за исплата на средства и фактура, докази за извршена набавка, договори и друга документација.

IX. Следење на реализација на Програмата (мониторинг и евалуација)

Следење на спроведувањето на оваа програма ја врши Министерство за здравство во соработка со Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија.

Министерството за здравство подготвува Годишен извештај за програмска и буџетска реализација на оваа програма најдоцна до јуни 2021 година.

Подготвениот Годишен извештај за програмска и буџетска реализација на програмата се објавува на веб страната на Министерството за здравство.

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10114/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4470.

Врз основа на член 218 став (1) од Законот за водите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ВОДИТЕ ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се утврдуваат средствата за извршување на работите согласно член 212 од Законот за водите и тоа за: управување и развој на водните ресурси и надоместување на трошоците за работење на органите на државната управа и органите и организациите кои имаат соодветни надлежности во управувањето со води, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти, изградба на нови и одржување и унапредување на постојните хидромелиоративните системи и хидросистеми, одржување и заштита на природните езера, одржување на водотеци, изградба и одржување на објекти за регулација на водотеци, заштита од штетните дејства на водите вон населени места, подготовка на планови за одбрана од поплави и замрзнување, планови за заштита од ерозија и порои, подготовка на соодветни планови за заштита од други штетни дејствија на водите вон населените места, контрола на состојбите и собирање и обработка на податоците за резерви на вода и нивно рационално користење, хидрогеолошки и други истражувања, подготвува и организирање на спроведувањето на програмата за мерки за заштита на водите од загадување, преземање на мерки за извршување на определени работи за заштита од загадување, мониторинг и утврдување на состојбата со квалитетот и квантитетот на водите и мониторинг на безбедноста на водата за консумирање од страна на човекот, воспоставување и одржување на заштитни зони и изградба на одржување на објекти за заштита на водите од загадување.

II

Средствата за извршување на работите наведени во дел I на оваа програма, кои се утврдени во членовите 206, 213, 214 и 215 од Законот за водите ќе се остварат од следните извори:

Изворни приходи	
1.	Надоместок за користење на водите од:
1.1	Правни лица кои произведуваат електрична енергија од хидроелектрични централи за секој произведен киловат час - 1,0% од производната цена
1.2	Правни лица кои произведуваат електрична енергија од термоелектрични централи за секој произведен киловат час - 0,5% од производната цена
1.3	Правни лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем, за консумирање, за секој употребен или искористен метар кубен искористена вода - 2% од утврдената цена од давателот на услугата
1.4	Правните и физички лица, кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем, за комерцијални цели (флаширање на вода) - 0,5% од продажната цена на производот
1.5	Правните и физички лица, кои користат вода за производство на храна , пијалоци и технолошки потреби - 2% од цената на метар кубен искористена вода во јавниот водоснабдителен систем
1.6	Правни и физички лица кои користат вода од јавен или сопствен водоснабдителен систем на геотермални води - 7 денари од утврдената цена за метар кубен искористена вода
1.7	Правните и физички лица, кои користат вода за одгледување на риби, во рибници и во кафези и водни птици - 3% од продажна цена на килограм риба, односно птици
1.8	Правни и физички лица кои користат вода за наводнување - 2% од утврдена цена на метар кубен за хектар земјиште
1.9	Правни и физички лица кои користат вода за одводнување - 1% од утврдена цена на метар кубен од давателот на услугата
1.10	Правни и физички лица кои користат вода за миење и сепарирање на песок, чакал и камен - 2% од цената на метар кубен сепариран материјал
2.	Надоместок за испуштање на води од:
2.1	Правни и физички лица кои испуштаат непречистени отпадни води и води со

	променливи својства и отпадни материи и супставнции во реципиентите, а немаат уреди за прочистување - 1% од утврдената цена за собирање и третман на отпадни води
3.	Надоместок за вадење песок, чакал и камен од:
3.1	Правни и физички лица кои со дозвола вадат песок, камен и чакал од коритата и бреговите на водотеците, езерата, акумулациите, пороите и другите површински водни тела, и површините кои во Катастарот на недвижности се заведени “под води” - 7% од цената на метар кубен изваден песок, камен и чакал
4.	Закупнина на државно земјиште дадено под закуп, што во Катастарот на недвижности се води „под води“
5.	Средства од Буџетот на РСМ (трансфер)
6.	Буџетите на општините, општините во градот Скопје, градот Скопје
7.	Други приходи во согласност со закон

III

Вкупно планираните средства во оваа програма ќе се распределуваат спрема одредените проценти по намени согласно член 212 став (6) од Законот за водите и тоа како следи:

Намена		%	Планирани средства во (денари)
1.	- Изградба на нови и одржување и унапредување на постојните јавни водоснабдителни објекти	32,3	20.000.000,00
	- Регулација на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода	28,9	17.900.000,00
2.	Исплата на заостанати долгови по склучени договори од Програмата за управување со водите за 2019 година	13,2	8.100.000,00
3.	Методологија за пресметување на единицата на штетност согласно со количината на испуштената вода и видот и количината на отпадните материи и супстанции што се испуштаат во површинските и подземните води.	2,4	1.500.000,00
4.	Санирање на таложник во Пречистителна станица за отпадни води во Јегуновце и сервисирање на пумпи во Пречистителна станица за отпадни води во Јегуновце	4,6	2.900.000,00
5.	Набавка на хемикалии и одржување на системот за спроведување на мониторинг на Југохром, Јегуновце	11,4	7.000.000,00
6.	Набавка на резервоари (цистерни) за сулфурна киселина и натриум бисулфат, и набавка на вентилатор за издувни гасови во Јегуновце	5,6	3.500.000,00
7.	Трошоци за спроведување на Програмата	1,5	950.000,00
	ВКУПНО	100	61.850.000,00

IV

Средствата од дел III точка 1 алинеја 1 од оваа програма ќе се користат врз основа на доставени барања за финансирања за „Изградба на нови и одржување и унапредување постојните јавни водоснабдителни објекти ”.

Барање може да поднесат единиците на локална самоуправа и јавните комунални претпријатија најдоцна до 31.03.2020 година. Кон барањето треба да бидат доставени следните документи:

- Дозвола за користење на вода;
- Основен проект изработен од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Ревизија на проектот од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Решение за одобрен елаборат за заштита на животната средина или Студија за оценка на влијанието на животната средина и

- Документ за исправност на водата за пиење.

Средствата од дел III точка 1 алинеја 2 од оваа програма ќе се користат врз основа на доставени барања за финансирања за „Регулација на водотеци заради заштита од штетно дејство на вода“.

Барање може да поднесат единиците на локална самоуправа и водостопанствата надлежни за реализација на овие проекти најдоцна до 31.03.2020 година. Кон барањето треба да бидат доставени следните документи:

- Водостопанска согласност;
- Основен проект изработен од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа;
- Ревизија на проектот од стручна установа или друго правно лице лиценцирано за вршење на таков вид работа и
- Решение за одобрен елаборат за заштита на животната средина или Студија за оценка на влијанието на животната средина.

V

Средствата од дел III точка 1 алинеја 1 од оваа програма се распределуваат врз основа на следните критериуми:

А) Подрачје во кое се наоѓа системот

- Урбана средина	5 бода
- Рурална средина	10 бода

Б) Досегашен начин на водоснабдување на населението

- Од водоводна мрежа	5 бода
- Од јавна чешма	15 бода
- Од бунари	10 бода
- Останато	10 бода

В) Финансиско учество на локална самоуправа и јавните комунални претпријатија во изградбата на системот за водоснабдување.

- > 25%	10 бода
- 25-50%	20 бода.

Средствата од дел III точка 1 алинеја 2 од оваа програма се распределуваат врз основа на следните критериуми:

А) Подрачје во кое се наоѓа водотекот

- Урбана средина	5 бода
- Рурална средина	10 бода

Б) Ризик од поплави

- Евидентирани поплави во последните три години 20 бода
- Евидентирани поплави пред повеќе од три години 15 бода

В) Финансиско учество при реализација на проектите за регулација

- > 25%	10 бода
- 25-50%	20 бода.

VI

Средствата од дел III точки 1, 4, 5 и 6 од оваа програма ќе се користат врз основа на претходно склучен Договор за доделување на средства, спроведена постапка за јавни набавки и уредна исплатна документација.

Средствата од дел III точка 3 од оваа програма ќе се користат за потребите на Министерството за животна средина и просторно планирање во согласност со член 212 ставови (3) и (6) од Законот за водите, а ќе се реализираат во согласност со Законот за јавните набавки.

VII

За реализација на оваа програма ќе се грижи Министерството за животна средина и просторно планирање.

VIII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе почне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10151/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4471.

Врз основа на член 16 ставови 2 и 3 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19 и 180/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА ТУБЕРКУЛОЗАТА КАЈ НАСЕЛЕНИЕТО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО 2020 ГОДИНА

I.ВОВЕД

Туберкулозата се уште претставува глобален медицински проблем пред се во неразвиените земји и земјите во развој. Денес, една третина од светската популација е инфицирана со туберкулозниот бацил. Кај 10% од инфицираните во текот на животот се развива болест.Според податоците на Светската здравствена организација, секоја година во светот се регистрираат над 8 милиони нови случаи на туберкулоза а умираат над 2 милиони. Појавата на резистентни форми на туберкулоза чиј број континуирано се зголемува, е една од причините која придонесува за големината на проблемот со туберкулозата. Денес во светот има приближно половина милион заболени од резистентни форми на туберкулоза. Епидемијата на ХИВ/СИДА во светот придонесе за значително зголемување на бројот на болни од туберкулоза. ХИВ инфекцијата е најмоќен познат фактор што овозможува прогресија на туберкулозната инфекција во болест. Фактори кои претставуваат ризик за реализација на оваа Програма се доцнењето се реализација на јавните набавки, доцнењето со реализација на ѓактивниот скрининг на болни со радиофотографија и недоволната реализација на на активностите кои се во надлежност на диспанзерите, стационарите и патронажната служба.

II. СОСТОЈБА ВО ИЗМИНАТИТЕ 11 ГОДИНИ

Од 2007 година кога е воспоставена електронската база на податоци за болните од туберкулоза, наваму туберкулозата во Република Северна Македонија е во континуирано опаѓање што е прокажано на табелата:

година	2007	2008	2009	2010	2011	2012	2013	2014	2015	2016	2017	2018
број на регистрирани	563	483	473	420	362	355	323	285	284	267	218	216
стапка на регистрирани /100000	27,5	23,6	23,1	20,4	17,6	17,2	15,7	13,8	13,7	12,9	10,6	10,5

население												
стапка на умрени/1000 00 население	1,8	1,3	0,8	1,5	0,9	1,3	1,1	0,9	0,9	0,8	0,3	0,6
мажи	348	275	278	252	214	213	219	182	176	169	142	142
жени	215	208	195	168	148	142	104	103	108	98	76	74

Околу 75-80% од регистрираните болни од туберкулоза се случаи на белодробна туберкулоза додека 20-25% се случаи на вонбелодробна туберкулоза. Во континуитет се намалува и стапката на детска туберкулоза92,9/100000 население во 2018 година). Бројот на мултирезистентни случаи на туберкулоза варира од 2-3 лица на годишно ниво.Коинфекцијата на туберкулоза и ХИВ во периодот 2007-2018 година е регистрирана кај 6 лица.

Во последните години во Република Северна Македонија бележиме подобрување на епидемиолошката состојба со туберкулозата но, лошата социјално економска состојба поради невработеноста, сиромаштијата, стигмата, големиот број на хронични незаразни болести се фактори кои придонесуваат проблемот со туберкулозата во Република Северна Македонија и натаму да перзистира. Ова наметнува потреба од постојана активност од надлежните институции одговорни за контрола на болеста.

III. МЕРКИ КОИ ТРЕБА ДА СЕ ПРЕВЗЕМАТ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА СОСТОЈБИТЕ

Со цел поуспешна контрола на туберкулозата во Република Северна Македонија, намалување на ризикот од ширење на инфекцијата, особено онаа предизвикана од резистентни соеви на Mycobacterium tuberculosis, спречување на коинфекција меѓу туберкулозата со ХИВ инфекцијата, неопходно е да се превземат сите расположиви превентивни мерки кои придонесуваат за рано откривање и спречување на болеста. Сепак најдобра превентивна мерка е правилно и навремено лекување на секој болен од туберкулоза со што се прекинува ланецот на ширење на инфекцијата.

IV. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Целите на програмата се зацртани со секоја програмска активност.

1.1 Активно пронаоѓање на случаи на туберкулоза кај ризични групи со селективна радиофотографија :

Со цел рано откривање на болните од туберкулоза и други неспецифични белодробни заболувања се врши селективно радиофотографско снимање на лица кај кои постои поголема опасност од заболување од туберкулоза. Тоа се лица кои спаѓаат во т.н. ризични групи: затвореници, болни во психијатриски болници, привремено населени лица, бездомници, лица во домови за стари, популација со поголема стапка на заболување од туберкулоза во однос на националата (Роми),

подрачја со поголема стапка на заболување од туберкулоза, корисноци на дроги и сл. Со радиофотографија во 2020 година ќе бидат опфатени 2500 лица.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

1.2 **Дообработка на сомнителни ртг наоди**:

Цел на активноста е да прегледаните лица со радиофотографско снимање, и сите сомнителни рентгенолошки наоди дополнително се обработуваат. Во 2020 година се планира со дообработка да бидат опфатени 100 лица. По извршената дообработка се изготвува Извештај .

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

2. Трошоци за скрининг на сомнителни за ТБ(партиципација)

Како контакти се испитуваат:

- Сите лица кои биле во контакт со болен од микроскопски позитивна туберкулоза
- Сите членови на семејството на болен од микроскопски негативна туберкулоза
- Родителите и другите членови на семејството на болно дете (до 14 годишна возраст)

Минимум испитувања за преглед на контакти:

- Возрасни: рентгенграфија на бел дрон и директна микроскопија два искашлока
- Деца : испитувањето се состои од туберкулинско тестирање по методата на Манту и квантиферон тест по индикација поставена од лакар, рентгенграфија и директна микроскопија два искашлока.

За испитаните контакти се пополнува формулар кој се доставува во ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза заедно со фактура за партиципација која не е наплатена од пациентот. Врз основа на фактурите доставени од установите кои ги прегледале контактите ќе биде извршена исплата од Институтот.Со оваа активност се планира да бидат опфатени околу 600 лица.

Извршители: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза,ЈЗУ Институт за белодробни болести кај децата Козле, другите стационари и диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза.

3. **Мониторинг-евалуација и стручно методолошка помош на здравствените установи кои спроведуваат превенција, дијагноза и лекување на болните од туберкулоза**

Цел на оваа активност е да се подобри организацијата на работата, обемот и квалитетот на стручната работа, спроведување на превентивни мерки, водење на медицинската документација за случаите со туберкулоза и сл.во установите за белодробни заболувања и туберкулоза.

Тимот за мониторинг и евалуација го сочинуваат експерти од Институтот. Се мониторира и евалуира по два пати годишно работата на 40 установи и тоа: 4 болници, 12 диспанзери, 3 психијатриски болници 1 специјален завод , 11 Казнено-поправни установи, 7 микробиолошки лаборатории,ЈЗУ Универзитетска клиника за Ортопедија во делот кој се однесува на лицата со остеоартикуларна туберкулоза,

ЈЗУ Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби во делот кој се однесува на туберкулозата на централниот нервен систем.

За извршениот стручно методолошки надзор се изготвува Извештај со предлог мерки за надминување на идентификуваните проблеми за секоја установа посебно.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

4. **Исплата на патни трошоци на болните од туберкулоза и лицата кои биле во контакт со нив и се јави на преглед во тек на лекувањето во ЈЗУ Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза –Скопје и ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата –Козле**

Со цел за се постави дијагноза на туберкулоза како и да спроведат контролни прегледи според препораките на СЗО и ЕЦДЦ потребно е сите лица болни од туберкулоза да дојдат на преглед во ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје а децата во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле. Износот на патните трошоци ќе биде исплатен според Одлуката за исплата на патни трошоци на болните од туберкулоза во тек на лекувањето и на лицата кои било во контакт со нив донесена од страна на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза - Скопје, врз основа на член 35 од статутот на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје. Се планира со оваа активност да бидат опфатени **160** болни и 600 контакти.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје и ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје и ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле

5. **Работилница за туберкулоза за специјалисти со акредитација**

Со цел да се освежување и надополнување на знаењата како и практично да се примени наученото, еднаш годишно се организира предавање за најмногу **25** специјалисти кои работат со туберкулоза. Работилницата е акредитирана од Македонско лекарско друштво и Лекарска Комора на Македонија

Извршител: Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

6. **Годишен состанок на претставници од установите за белодробни заболувања и туберкулоза**

Со цел да се зајакне контролата на туберкулозата во рамките на установите за контрола на туберкулозата еднаш годишно се организира состанок на раководителите вкупно **20** на кој се презентираат извештаите за работата на установите во претходната година и се разгледува состојбата со туберкулозата на ниво на државата. Заклучоците од овој состанок се презентираат пред Комисијата за туберкулоза.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

7. **Работилница за туберкулоза за медицински сестри**

Со цел освежување и надополнување на знаењата како и практична примена на наученото, еднаш годишно се организира предавање за **40** медицински сестри.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

8. **Работилница за туберкулоза за доктори од примарната здравствена заштита со акредитација**

Со цел поактивни вклучување во контролата на туберкулозата на докторите од Примарната здравствена заштита **два пати годишно** се одржува работилница за туберкулоза со учество до **25** доктори. Работилницата е акредитирана од Македонско лекарско друштво и Лекарска Комора на Македонија

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

9. **Работилница за туберкулоза на медицински и немедицински кадри од казнено-поправни установи**

Два пати годишно се организира едукација за туберкулоза за вработениот медициски и немедицински персонал од казнено-поправните установи со цел подигање на нивото на знаење за туберкулозата и примена на Протоколот за контрола на туберкулозата во овие установи. На работилницата треба да учествуваат до 20 лица

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

10. **Работилница за практичен пристап кон болестите на респираторниот систем наменета за специјалисти и доктори од општа пракса со акредитација**

Со цел подобрување на пристапот на докторите кон болестите на респираторниот систем и туберкулозата планирано е **два пати годишно** советување, освежување на знаењата и стекнување на нови вештини за специјалистите и докторите од општа пракса. На секоја работилница се планира да учествуваат до **30** доктори.
Работилниците се акредитирани од страна на Македонското лекарско друштво и Лекарската комора на Македонија.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

11. **Доброволно доверливо советување и ХИВ тестирање на лица болни од туберкулоза**

Сите лица со дијагностицирана туберкулоза пред почеток на лекувањето задолжително се советуваат и тестираат за ХИВ според Протоколот за доброволно доверливо советување и ХИВ тестирање. Во 2020 година се планира да бидат советувани и тестирани **160** лица.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза, диспанзерите и
Стационарите.

12. **Работилница за латентна туберкулозна инфекција за БЦГ имунизација, манту тест**

Оваа работилница има за цел да го подобри пристапот на вработените во дијагноза и лекување на латентната туберкулозна инфекција,лекарите и медицинските сестри од центрите за имунизација и установите за белодробни

заболувања и туберкулоза. Се планира да бидат опфатени **30** здравствени работници

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

13. ДОТ активности

Овие активности имаат за цел непосредно да го контролираат лекувањето на болните од туберкулоза со цел да се спречи прекин и несоработка тек на лекувањето. По завршената посета односно советување се пополнува формулар на кој се потпишуваат болниот ,членовите на неговото семејство и сите присутни. Формуларот се доставува до Централниот регистар за туберкулоза на ЈЗУ Институт за белодробни болести и туберкулоза каде се внесува во електронската база на податоци. Едновремено еден од членовите на семејството кој ја превзема обврската да го контролира болниот додека ги зема лековите и оди на закажаните контроли потпишува изјава за соработка со установата која ја спроведува ДОТ активноста. Обрасците со фактура за реализираната активност се доставуваат до Институтот од каде се врши исплата. Планирани се **200** посети/советувања..

Извршител: стационарите, диспанзерите, поливалентната патронажа и избраните лекари.

14. Набавка на тврди подлоги со глицерол Loewenstein Jensen „или еквивалент„

За бактериолошка потврда на туберкулозата потребна е набавка на цврсти подлоги

Lowenstein Jenssen во количина од **3000** подлоги за ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

15. Набавка на медицинска опрема

Набавка на медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза- Скопје и ЈЗУ Институт по белодробни заболувањ а кај децата-Козле

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза и ЈЗУ Институт по белодробни заболувањ а кај децата-Козле

16. Набавка на медицински потрошен материјал хранителни подлоги Bactec Migit 960 ,BBl кит ,суплемент и калибратори копатибилни за Bactec Migit 960

За бактериолошка потврда на туберкулозата потребна е набавка на течни подлоги Бактек Мигит 960, во количина од **3000** парчиња.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

17. Набавка на имунохроматографски тест за идентификација на Mycobacterium tuberculosis на ниво на спецuес од култура компатибилен на Capilia TB

За разграничување на типичните од атипичните микобактерии потребно е да се направи идентификација. Потребни се околу **100** теста за идентификација.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

18. **Набавка на тестови за симултана детекција на туберкулоза и резистенција на рифампицин компатибилен на Xpert MTB/Rif „или еквивалент„**

Xpert MTB /Rif е еден од молекуларните тестови за дијагноза на туберкулоза кој е во примена во Институтот од 2014 година. За 2020 година има потреба од набавка на 500 теста. Тестот се изведува само во националната референтна лабораторија
Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

19. **Набавка на Elisa test кит за одредување на туберкулозна инфекција**

За дијагноза на латентна туберкулозна инфекција има потреба од набавка на **500** теста за 2020 година. Тестот се работи во Националната референтна лабораторија во Институтот и во ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата- Козле.
Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

20. **Набавка на антитуберкулотици од прва линија за лекување на новорегистрираните случаи на туберкулоза**

Набавката на антитуберкулотици од прва линија има за цел да спречи ширењето на туберкулозата преку лекување на сите новорегистрирани случаи на туберкулоза според стандардни режими на лекување препорачани од Светската здравствена организација. Лековите се наменети за лекување на сите болни од туберкулоза во диспанзерите и стационарите.
Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

21. **Набавка на антитуберкулотици од втора линија за лекување на болни со резистентни форми на туберкулоза**

Има за цел да го спречи ширењето на резистентните форми на туберкулоза, чие лекување е долготрајно, скапо и честопати неуспешно. Иако бројот на мулти и полирезистентни форми на туберкулоза во Република Северна Македонија не е голем, сепак, неопходно е да се превземат сите превентивни мерки за спречување на појава на овие форми на туберкулоза. Нелекувањето на овие болни претставува можност за ширење на инфекција со тешки форми на болеста чие лекување трае најмалку 2 години со неизвесен исход и последици од лекувањето. Годишно, во Северна Македонија се регистрираат 2-3 нови случаи на мулти или полирезистентна туберкулоза.

Резистентните форми на туберкулоза (РР, мулти и полирезистентните) се лекуваат исклучиво во Институтот. Набавка и чувањето на лекови за овие форми на туберкулоза се врши од страна на Институтот врз основа на бројот на лица кои се лекуваат со нив.
Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

22. **Набавка на лекови за купирање на нус ефектите од антитуберкулотската терапија**

Со цел купирање на нус ефектите од антитуберкулотската терапија потребна е набавка на: хапатопротектори, антихистаминици и Б комплекс за околу **150** лица
Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

23. Набавка на РТГ филмови

За Институтот потребно е да се набават **500** за контролни прегледи на болните од туберкулоза, како и за скрининг на сомнителни и лица кои биле во контакт со болен.

200 од ртг филмовите се со димензии 35x35 и се за снимање на обичен рентген додека 300 со димензии 35x42 се за принтање преку дигитален ртг апарат.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

24. Набавка на медицински потрошен материјал и лабораториски материјал

За потребите на лабораториите за дијагноза на туберкулоза потребно е да се набави

медицински и лабораториски потрошен материјал.

Извршител:ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

25. Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција- набавка на Респиратори

За лицата кои се во непосреден контакт со болни од туберкулоза во стационарите за белодробни заболувања и туберкулоза во Република Северна Македонија потребна е набавка на маски за лична заштита-респиратори.Респираторите се наменети за Институтот и стационарите за белодробни заболувања и туберкулоза. Потребни се 1000 респиратори.

Извршител:ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

26. Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција маски

За вработените во стационарите и диспанзерите потребна е набавка на средства за лична заштита-хируршки маски во количина од 50000 парчиња. Маските се наменети за персоналот и болните од туберкулоза во установите за белодробни заболувања и туберкулоза.

Извршител:ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

27. Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција – набавка на Ракавици

За вработените во стационарите и диспанзерите потребна е набавка на сретства за лична заштита ракавици во вкупна количина од 45 000 парчиња. Ракавиците се наменети за персоналот во установите за белодробни заболувања и туберкулоза

Извршител:ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

28. Набавка на услуги за ДДТ

За задолжителна дезинфекција, дезинсекција и дератизација на ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза поточно на магацинот за лекови и други простории два пати годишно.

Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

29. **Одржување и надградба на софтверот за електронска обработка на податоците за болните од туберкулоза во Република Северна Македонија**

ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза раководи со базата на податоци за случаите на туберкулоза во Република Северна Македонија. Софтверот е лоциран во Институтот и има потреба од континуирано одржување.
Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

30. **Подготовка на материјали и организирање на активности од програмата**

Подготовка на состаноци (контакирање на учесници, подготовка на материјали,
умножување), собирање на документи за реализираните активности од оваа програмата,изработка на извештаи и сл.
Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

31. **Набавка на прехранбени и хигиенски пакети за болните од туберкулоза**

Со цел успешно лекување на болните од туберкулоза и обезбедување на нивна подршка и подобра соработка во тек на лекувањето потребна е набавка на 700 прехранбени и 700 хигиенски пакети.
Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

32. **Координација и мониторинг на дистрибуција на пакети –**

Оваа активност подразбира идентификување на пациентите кои треба да примаат прехрамбени пакети врз основа на податоците од Централниот регистар за туберкулоза, координирање на активностите околу дистрибуција на прехранбените и хигиенските пакети до 16 диспанзери за белодробни заболувања и туберкулоза како и водење на евиденција за примените пакети
Извршител: ЈЗУ Институт за белодробни заболувања и туберкулоза

V. НОСИТЕЛ НА ПРОГРАМАТА

- Министерство за здравство

ИЗВРШИТЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- ЈЗУ Институт забелодробни заболувања и туберкулоза-Скопје;
- ЈЗУ Институт по белодробни заболувања кај децата-Козле;
- Другите стационари;
- Диспанзерите за белодробни заболувања и туберкулоза во Македонија;
- Избрани лекари;
- Поливалентна патронажа;

VI. ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Табела 1. Финансиски средства за реализација на програмата

бр	Активност	Извршител	Индикатор	Единечна цена во денари	Вкупен износ во денари
1.1	Активно пронаоѓање на случаи на ТБ кај ризични групи со селективна радиофотографија	ЈЗУ ИБЗТ	2500	317,00	792.500,00
1.2	Дообработка на сомнителни РТГ наоди	ЈЗУ ИБЗТ	100	2900,00	290.000,00
2	Трошоци за скрининг на сомнителни од ТБ (партиципација)	ЈЗУ ИБЗТ стационарите и диспанзерите		120.000,00	120.000,00
3	Мониторинг и евалуација	ЈЗУ ИБЗТ	80	4700	376.000,00
4	Исплата на патни трошоци за болните од туберкулоза и лицата кои биле во контакт со нив и кои се јавиле на контролен преглед во ЈЗУ ИБЗТ и ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата	ЈЗУ ИБЗТ ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата	160 болни и 600 лица од контакт со болен	140.000,00	140.000,00
5	Работилница за туберкулоза за специјалисти со акредитација	ЈЗУ ИБЗТ	1	66.000,00	66.000,00
6	Годишен состанок на претставници од институции кои спроведуваат контрола на туберкулоза	ЈЗУ ИБЗТ	1	24.000,00	24.000,00
7	Работилница за туберкулоза за медицински сестри	ЈЗУ ИБЗТ	1	48.000,00	48.000,00
8	Работилница за туберкулоза за доктори од примарната здравствена заштита со	ЈЗУ ИБЗТ	2	48.000,00	96.000,00

	акредитација				
9	Работилница за туберкулоза за медицински и немедицински кадри од казнено поправните установи	ЈЗУ ИБЗТ	1	24.000,00	24.000,00
10	Работилница за практичен пристап кон болестите на респираторниот систем за специјалисти и доктори од општа пракса со акредитација	ЈЗУ ИБЗТ	1	36.000,00	36.000,00
11	Доброволно доверливо советување и ХИВ тестирање на лица болни од туберкулоза	ЈЗУ ИБЗТ диспанзери стационари	160	240	38.400,00
12	Работилница за латентна туберкулозна инфекција, БЦГ имунизација и Манту тест	ЈЗУ ИБЗТ	1	36.000,00	36.000,00
13	ДОТ активности	ЈЗУ ИБЗТ диспанзери стационари	200	1000	200.000,00
14	Набавка на тврди подлоги со глицеролLowenstein Jensen или еквивалент	ЈЗУ ИБЗТ	3000	94,00	282.000,00
15	Набавка на медицинска опрема	ЈЗУ ИБЗТ ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата			5.235.600,00
16	Набавка на медицински потрошен материјал хранителни подлоги Bactec Migit 960 BBl, кит	ЈЗУ ИБЗТ	3000	600,00	1.800.000,00

	суплемент и калибратори компатибилни за Bactec Migit 960				
17	Набавка на имунохроматографски тест за идентификација на Mycobacterium tuberculosis на ниво на специе од култура компатибилен на Capilia TB	ЈЗУ ИБЗТ	100	840,00	84.000,00
18	Набавка на тестови за симултана детекција на туберкулоза и резистенција на рифампицин компатибилен на Xpert MTB/Rif „или еквивалент„	ЈЗУ ИБЗТ	500	2832,00	1.416.000,00
19	Набавка на Elisa test кит за одредување на туберкулозна инфекција	ЈЗУ ИБЗТ	500	2.100,00	1.050.000,00
20	Набавка на антитуберкулотици од прва линија за лекување на новорегистрирани случаи на туберкулоза	ЈЗУ ИБЗТ		4.000.000,00	4.000.000,00
21	Набавка на антитуберкулотици од втора линија за лекување на резистентни форми на туберкулоза	ЈЗУ ИБЗТ	1	1.000.000,00	1.000.000,00
22	Набавка на лекови за купирање на нус ефектите од антитуберкулотската терапија	ЈЗУ ИБЗТ	за 150 пациенти	100.000,00	100.000,00
23	Набавка на РТГ филмови	ЈЗУ ИБЗТ		30.000,00	30.000,00

24	Набавка на медицински потрошен материјал и лабораториски материјал	ЈЗУ ИБЗТ		60.000,00	60.000,00
25	Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција - Набавка на респиратори	ЈЗУ ИБЗТ	1000	120,00	120.000,00
26	Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција - маски	ЈЗУ ИБЗТ	50000	2,2	110.000,00
27	Обезбедување на лична опрема за контрола на инфекција-ракавици	ЈЗУ ИБЗТ	45000	2,7	121.500,00
28	Набавка на услуги за ДДД	ЈЗУ ИБЗТ	2	12.000,00	24.000,00
29	Одржување и надградба на софтвер за електронска обработка на податоци за ТБ пациенти во РСМ	ЈЗУ ИБЗТ	4	30.000,00	120.000,00
30	Подготовка на материјали и организирање на активности од програмата	ЈЗУ ИБЗТ	4	20.000,00	80.000,00
31	Набавка на прехранбени и хигиенски пакети за ТБ пациенти	ЈЗУ ИБЗТ	700	2.200,00	1.540.000,00
32	Координација и мониторинг на дистрибуција на пакети	ЈЗУ ИБЗТ	4	10.000,00	40.000,00
	ВКУПНО				19.500.000,00

Распределбата на средствата од оваа програма ќе ја врши Министерството за здравство, квартално кон извршителите на активностите, врз основа на доставени фактури изготвени според приложените формати за изготвување на фактури. Согласно оваа програмаи барања за повлекување на средства со уредно пополнети наративни извештаи за имплементација на активностите, прегледи на трошоци,

поддржани со останати материјали (фотографии, аудио и видео снимки, написи, списоци на учесници, докази за извршена набавка, договори и друга документација дефинирана во договорите). Ќе се врши исплата по склучени договори извршителите на активностите подготвуваат и доставуваат квартални извештаи во рок од 10 дена по завршување на кварталот до Министерството за здравство.

а) Министерството за економија ќе распише четири јавни огласи во два дневни весници во времетраење од 30 дена. Министерството за економија може да го продолжи времетраењето на јавниот оглас во случај на недоволен број поднесени барања за точките од дел II од оваа програма.

б) За спроведување на активностите за реализација на мерките од дел II од оваа програма министерот за економија ќе формира четири комисии од три члена и нивни заменици.

в) Комисиите ќе имаат за цел да ја утврдат исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците од мерките од дел II од оваа програма и на министерот за економија ќе му предложат донесување на решенија за исплата на утврдениот надоместок.

г) Комисиите ќе ги разгледаат пристигнатите барања поднесени заклучно со последниот ден наведен во јавните огласи, заедно со потребната документација, и ќе го утврди точниот број на пристигнати уредни и комплетни барања, според принципот „прв дојден прв услужен“.

Министерството за економија го задржува правото да изврши посета во домаќинствата кои ќе поднесат барање.

Лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација не може да остварат надомест.

Исплатата на средствата за надоместување на дел од трошоците за мерките од дел II од оваа програма ќе се врши врз основа на донесено решение од министерот за економија, се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за оваа намена.

Министерството за економија за секоја од мерките од дел II од оваа програма ќе објави Листи на барателикои го остваруваат правото на надомест на својата веб страница.

VI

Министерството за економија до 31.1.2021 година, да достави извештај до Владата на Република Северна Македонија со финансиски показатели за реализација на оваа програма, во кој ќе бидат опфатени постигнатите резултати, како и образложението за евентуални отстапувања од планираните активности.

VII

Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија, а ќе се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10557/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4476.

Врз основа на член 9 став 1 алинеја 2 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19 и 146/19) и член 34 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА ЗА 2020 ГОДИНА

I. Појдовна основа

Остварувањето на социјалната заштита во Република Северна Македонија во 2020 година се заснова на Законот за социјалната заштита, Законот за социјалната сигурност за старите лица, Законот за семејството, Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство, Законот за вработување на инвалидните лица, Законот за употреба на знаковниот јазик, Законот за инвалидски организации, Законот за цивилни инвалиди од војната, кривично правните прописи и други закони и подзаконски акти, со кои се уредени правата и услугите од социјалната заштита.

Со оваа програма поблиску се уредуваат подрачјата на социјалната заштита, потребите на населението и начинот и средствата за остварување на социјалната заштита.

Со оваа програма се предвидува подобрување и развој на услугите и мерките од социјална заштита, согласно потребите на граѓаните.

Оваа програма се заснова на политиките и определбите на Владата на Република Северна Македонија за 2020 година, со која се имплементираат стратешките приоритети за тековната година, Оперативниот план за активните програми и мерки за вработување за 2020 година, Националната стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“ и Акцискиот план за спроведување на статегијата, Програмата за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија за 2020 година, ревидираната Национална стратегија за изедначување на правата на лицата со инвалидност 2010-2018 година, Националната стратегија за старите лица 2010 – 2020 година, Националната стратегија за намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост во Република Македонија 2010-2020 година, Програмата за развој на социјалната заштита 2011-2021 година и Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

Во остварувањето и развојот на социјалната заштита во 2020 година, значајно место ќе има спроведувањето на Програмата за реформи во вработувањето и социјалната политика 2020, како инклузивен и партиципативен стратешки процес, кој ќе го следи и придру-

жува процесот на Европска интеграција на Република Северна Македонија и кој понатаму ќе претставува значаен механизам на взаемен дијалог со Европската Комисија преку утврдување и редовно следење на приоритетите во опфатените области и кој ќе биде структуриран следејќи го моделот на Стратегијата на Европската унија „Европа 2020“. Во оваа насока ќе се следат и меѓународните документи, конвенциите и препораките, меѓу кои се: Програмата за Стратегијата за социјална кохезија на Европскиот комитет за социјална кохезија, Целите за одржлив развој на ООН во делот за намалување на сиромаштијата и други препораки врз основа на кои ќе се врши постапно приближување кон законодавството на Европската Унија.

II. Подрачја на социјална заштита

Собранието на Република Северна Македонија ги усвои Закон за социјалната заштита и Закон за социјалната сигурност за старите лица, кои прописи влегоа во сила од 23.5.2019 година. Сите подзаконски акти за имплементација на новата регулатива се објаени, така што првата исплата на паричните права од реформираниот систем на социјална заштита и заштитата на децата се изврши на 10.6.2019 година.

Со новиот Закон за социјалната заштита се воведе гарантирана минимална помош, се овозможи зајакната активација на корисниците на гарантирана минимална помош на пазарот на трудот, интегрирање на категоријалните бенефиции во генерички парични давања согласно основот на користење и се овозможи комбинирање на правата на парична помош, се овозможи и интегрираност меѓу правата на парична помош и социјалните услуги а административната постапка за стекнување со правата на парична помош се поедностви. Корисниците на гарантирана парична помош остваријa за прв пат право на детески додаток и образовен додаток (за основно и средно образование), со што се имплементира семеен пакет, односно обезбедување на средства за намалување на сиромаштијата на материјално необезбедените домаќинства.

Отпочнати се активности за активација на корисниците на гарантирана минимална помош заради оспособување за работа и вработување, со донесување на подзаконски акт и овозможување на соработката помеѓу стручните лица од центрите за социјална работа и центрите за вработување.

Донесен е нов Закон за социјална сигурност за старите лица, со цел за зголемување на ефективноста на паричните давања за оваа категорија на граѓани и намалување на процентот на сиромаштијата кај старите лица над 65 годишна возраст, кои неможат да обезбедат средства за егзистенција по други основи.

Во овој период ангажирани се странски и домашни експерти за изготвување на нормативи и стандради за социјалните услуги, кои ќе се обезбедуваат во домот на корисникот, во заедницата и вон семејството, како и иновативни и интервентни социјални услуги.

Започна со имплементација Проектот за подобрување на социјалните услуги кој е финансиран со кредит од Светска Банка. Имено, преку овој проект се имплементираат значајни активности како поддршка на реформата на системот за социјална заштита, во рамките на кои ќе се спроведе постапка за обезбедување на финансиска и стручна поддршка на општините и давателите на социјални услуги, заради воспоставување на нови социјални услуги во локалната заедница.

Националната стратегија за деинституционализација 2018-2027 „Тимјаник“, се имплементира преку активностите предвидени во Акционот план за спроведување и тоа:

- заврши трансформацијата на Детскиот дом „11 Октомври“ во Скопје така што децата од оваа установа се сместени во згрижувачки семејства, односно 27 деца се преселени во мали групни домови (4 во Скопје и 1 мал групен дом во Штип) каде се обезбедени услови за живеење на децата кои се најблиски до семејната средина.

- заврши трансформацијата на Домот за доенчиња и мали деца Битола на возраст од 0-3 години така што 37 дете од оваа установа се сместени во згрижувачки семејства и 31 преселени во пет мали групни домови во Битола, каде се обезбедени услови за живеење на децата кои се најблиски до семејната средина.

- сите деца до 18 годишна возраст го напуштија Специјалниот завод Демир Капија и се сместени во станбени единици за организирано живеење со поддршка (во Неготино, село Тимњаник и една станбена единици во Скопје). Отворени се и две станбени единици за организирано живеење со поддршка за лица над 18 години, деинституционализирани од Специјалниот завод Демир Капија (една во село Корешница – Демир Капија и една во Скопје)

- продолжени се активностите во насока на трансформација на Заводот за заштита и рехабилитација „Бања Банско“ – Струмица. Обезбедено е преместување на седум возрасни корисници (во четири стана со повремена поддршка) и две деца (во групен дом во Битола) од установата да преминат да живеат во заедницата, а натамошните активности ќе го имаат предвид приоритетот на децата до 18 годишна возраст.

Во текот на 2019 година се унапреди мрежата на специјализирани сервиси жртви на семејно насилство, за обезбедување психо-социјална поддршка и советување на жртви на семејно насилство, кои активности ќе продолжат и во текот на 2020 година.

Ќе продолжи реализацијата на Програмата за рефундирање на средства платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил за лица со најмалку 80% инвалидност на долните екстремитети, лица со умерена, тешка и длабока ментална попреченост, за потполно слепи лица со придружник и за потполно глуви лица, има за цел да овозможи полесен пристап до автомобил на корисниците, а со тоа и нивна полесна мобилност и социјална вклученост во заедницата. Со оваа програма ќе се обезбедат средства за рефундирање на трошоци платени како царински давачки, данок на додадена вредност и акциза за набавка на патнички автомобил од корисниците во текот на 2020 година.

Во 2020 година ќе продолжи имплементацијата на Програмата за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри за 2020 година преку финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија согласно Одлуката на Владата на Република Северна Македонија, за распоредување на приходите од игри на среќа и од забавни игри во 2020 година за финансирање на програмските активности на националните инвалидски организации, нивните здруженија и нивната асоцијација, на здруженија за борба против семејно насилство и за Црвениот крст на Република Северна Македонија.

III. Потреби на населението и социјалната превенција

1. Развој на социјалната заштита

Имплементацијата на Националната програма за развој на социјалната заштита 2011-2021 година, ќе ја следи и оценува Координативно тело, врз основа на донесениот Оперативен план за имплементација оваа програма за 2020 година, а во согласност со мерките од реформата на системот на социјална заштита, со цел за создавање на можности за ефикасен одговор и справување со идентификуваните предизвици во делот на социјалната заштита, сиромаштијата и социјалната вклученост.

Министерството за труд и социјална политика започна со имплементација на Проектот за унапредување на социјалните услуги со финансиска поддршка, кредит во од Групацијата Светска Банка, кој има за цел да го подобри пристапот до услугите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст и пристапот до социјални надоместоци и услуги од социјална заштита. Имено, активностите на проектот се насочени кон развој на политики, поставување на сеопфатен систем на социјални услуги и системско спроведување на реформираните услуги преку проширена мрежа на даватели на социјални услуги, техничка помош и обуки за поддршка и зајакнување на капацитетот на локалната власт.

2. Справување со сиромаштијата и социјалната исклученост

Прашањата за справување со сиромаштијата и социјалната исклученост, ќе бидат опфатени со ревидирана Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика 2022, кој документ се изготвува во тесна соработка и координација со Европската комисија, како нов стратешки механизам на социјално-економскиот дијалог по однос на приоритетите и реформите во областа на пазарот на труд, вработувањето, образованието и социјалната политика.

Процесот на деинституционализација ќе преставува еден од приоритетите во системот на социјалната заштита. Имено, ќе продолжи функционирањето на постоечките 18 станбени единици за организирано живеење со поддршка и тоа 9 станбени единици во Неготино и 9 станбени единици во Град Скопје, за 87 корисник со попреченост во менталниот развој над 18-годишна возраст. Давателот на оваа услуга е здружение избрано на јавен конкурс.

Националната стратегија за деинституционализација во Република Македонија 2018-2027 „Тимјаник“ ќе се имплементира согласно мерките и активностите, предвидени со Акцискиот план за спроведување на овој документ. Во оваа насока фокусот ќе биде на воспоставување на алтернативни облици на заштита во заедницата. Преку овие активности ќе се создадат услови за деинституционализација на сместените деца и возрасни лица во сите установи во системот на социјалана заштита.

Во функција на подигнување на грижата кон старите лица, имплементација на Националната стратегија за стари лица 2010-2020 година ќе се спроведе согласно со Оперативен план за 2020 година, со кој документ активностите ќе се насочат особено кон проширување на мрежата на установи за вон-семејна социјална заштита и услуги во заедницата со проширување на мрежата на дневни центри за стари лица и воспоставување на центри за давање помош во домашни услови.

Со цел соодветна заштита на бездомните лица, во 2020 година ќе продолжи соработка со Црвен Крст на Република Северна Македонија за функционирање на четирите Регионални интервентни прифатилишта за бездомни лица и тоа во: Скопје, Битола, Струмица и Струга.

Социјалната заштита на децата без родители и без родителска грижа , како и за децата во ризик, ќе се реализира во насока на почитување на стандардите за социјална интеграција во општеството и почитување на правата на децата утврдени со Конвенцијата за правата на децата на Организацијата на обединетите нации. Во оваа насока, ќе се јакнат капацитетите на стручните лица во установите за социјална заштита и ќе се развива мрежата на згрижувачки семејства, а особено воспоставување на специјализирани згрижувачките семејства.

Во 2020 година ќе се имплементираат проекти од областа на социјалната заштита на здруженија избрани на јавни огласи, кои финансиски ќе се поддржат од страна на Министерството за труд и социјална политика. Со оваа активност ќе бидат реализирани проекти за обезбедување на психосоцијална подршка и специјализирани услуги за особено ранливи категории (деца во социјален ризик, жртви на семејно насилство и социјално исклучени лица).

3. Активности поврзани со приближување на законодавството во областа на социјалната заштита кон законодавството на ЕУ

Во текот на 2020 година, ќе се ревидира Програма за реформи во вработувањето и социјалната политика, така што ќе се предвидат мерки и активности за намалување на сиромаштитара и социјалното вклучување за ранливите граѓани, за период до 2022 година.

4. Тековни активности во социјалната заштита

Во областа на социјалната заштита се спроведуваат активности во насока на подобрување на заштитата на граѓаните, подобрување на квалитетот на услугите и социјалната превенција.

• Превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца

Во 2020 година ќе се продолжи со активности за превенција и справување со сексуалната злоупотреба на деца и педофилија, како и превенција и справување со злоупотреба и занемарување на деца, преку Националното координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување.

• Вклучување на здруженија, на приватната иницијатива и на физички лица во социјалната заштита.

Ќе продолжи соработката со инвалидските организации и националните сојузи на лица со инвалидност на Република Северна Македонија, согласно со одредбите од Законот за инвалидски организации.

По заокружувањето на законските прописи со кои се создадени услови за вклучување на невладиниот сектор во вршењето на одредени работи од социјалната заштита, во 2020 година, ќе продолжат активности за развивање на партнерски однос со здруженијата.

Министерството за труд и социјална политика, ќе спроведе постапка за обезбедување и доделување средства за давање социјални услуги од здруженија и приватни даватели на социјални услуги согласно Законот за осцијална заштита. Во 2020 година, преку овие постапки ќе се овозможи давање на социјални услуги за живеење со поддршка, лична асистенција, помош и нега во домот и третман и рехабилитација во терапевска заедница од лиценцирани даватели на социјални услуги.

Исто така, ќе се настојува, партнерски однос за одредени работи од социјалната заштита да се изгради и со физичи лица кои ги исполнуваат пропишаните законски услови.

• Социјална заштита на бегалци, азиланти, внатрешно раселени лица и повратници од реадмисиони договори.

Покрај редовната грижа за внатрешно раселените лица, активностите на Министерството за труд и социјална политика и понатаму ќе бидат насочени кон програми со кои ќе се стимулира враќањето на овие лица во местото на живеење и трајно решавање на проблемот на одреден број на внатрешно раселени лица. Во однос на бегалците, односно лицата со признат статус на бегалец и лица под супсидијарна заштита, Министерството за труд и социјална политика ќе преземе мерки за олеснување на процесот на интеграција на овие лица, согласно со Програма за интеграција на лицата на кои им е признаено правото на азил во Република Северна Македонија за 2020 година. Во оваа насока, за овие лица, во текот на 2020 година ќе се направат напори за имплементација на поголем број на активности.

За лицата вратени во однос на договорите за реадмисија, кои при враќањето се судираат со одредени проблеми во рамки на „Програмата за помош и поддршка при реинтеграција на повратниците во Република Македонија согласно со реадмисионите договори" предвидени се сет мерки и активности, со кои ќе им се овозможи олеснет пристап на овие лица до социјалните права.

• Инспекциски надзор

Со инспекцискиот надзор во социјалната заштита, во 2020 година се очекува понатамошно активно спроведување на надзорот над спроведувањето на Законот за социјалната заштита, во однос на остварување на правата и услугите од социјалната заштита и исполнување на условите за вршење на дејноста од социјалната заштита.

IV. Средства за остварување на социјална заштита

Средствата за остварување на Програмата за социјална заштита за 2020 година во Буџетот за 2020, на Раздел 150.01 предвидени се следниве буџетски потпрограми:

1. Потпрограма 40 – Центри за социјална работа и Завод за социјални дејности. Во 2020 година на оваа потпрограма, се предвидени буџетски средства во износ од 544.589.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 1.385.000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 875.000 денари и средства од донации во износ од 390.000 денари.

2. Потпрограма 41 – Дневни центри и прифатилишта за вонинституционална социјална заштита. Во Буџетот за 2020 година, на оваа потпрограма се планирани 88.539.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 350.000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 430.000 денари и средства од донации во износ од 150.000 денари.

3. Потпрограма 42–Установи за институционална социјална заштита. Во Буџетот за 2020 година на оваа потпрограма се планирани 204.261.000 денари средства од основен буџет, средства од основен буџет (приходи) во износ од 13.680.000 денари, средства од самофинансирачки активности во износ од 2.940.000 денари и средства од донации во износ од 2.590.000 денари.

4. Потпрограма 4А – Изградба, опремување и одржување на објекти за социјална заштита. Во Буџетот за 2020 година на оваа потпрограма се планирани 13.500.000 денари средства од основен буџет.

5. Потпрограма 46 – Деинституционализација и социјални услуги. Во Буџетот за 2020 година на оваа потпрограма се планирани средства од во износ од 261.383.000 денари средства од основен буџет.

6. Потпрограма 47 – Подобрување на социјалните услуги. Во Буџетот за 2020 година на оваа потпрограма се планирани средства во износ од 435.050.000 денари денари, за финансирање на активностите предвидени со Проектот за подобрување на социјалните услуги, со средства од заем со Светска банка.

7. Потпрограма 50 –надоместоци за социјална заштита. Во Буџетот за 2020 година на оваа потпрограма се планирани 6.179.000.000 денари и тоа

- на ставка 471 - 5.570.000.000 денари за социјални надоместоци, кои ќе се распоредат за:

гарантирана минимална помош (домаќинство кое е материјално необезбедено и нема во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува),

надоместок заради попреченост (заради поттикнување на социјална вклучување и еднакви можности на лице со тешка или длабока интелектуална попреченост, со најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице и потполно глуво лице, со навршени 26 години возраст, најдоцна до 65 годишна возраст, а се користи без оглед на старосната возраст на корисникот),

надоместок за помош и нега од друго лице (за лице со навршени 26 години возраст, со умерена, тешка или длабока интелектуална попреченост, лице со потешка и најтешка телесна попреченост, потполно слепо лице, како и лице со трајни промени во здравствената состојба, на кое му е неопходна помош и нега од друго лице заради тоа што не може само да ги врши основните активности од секојдневниот живот доколку ова право не може да го оствари врз основа на други прописи),

надоместок на плата за скратено работно време (поради нега на детето со попреченост и најтешки облици на хронични заболувања, утврдено со Законот за работните односи, кое право родителот го остварува во центарот за социјална заштита, без оглед на возраста на детето),

додаток за домување (за материјално и станбено необезбедени лица кои до 18-годишна возраст имало статус на дете без родители и без родителска грижа, односно и по престанување на старателството, а најмногу до 26-годишна возраст),

траен надоместок (за згрижувач кој згрижувал лице во своето семејство и родител кој се грижел за детето со попреченост),

еднократна парична помош (на лице или на семејство кое се нашло во состојба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија и подолго лекување во здравствена установа на член на семејството),

право на здравствена заштита (корисник на гарантирана минимална помош, кое е лице неспособно за работа; корисник на надоместок заради попреченост; корисник на надоместок за помош и нега од друго лице; лице со статус на признаен бегалец и лице под супсидијарна заштита; корисници на вон-семејна заштита; лице-жртва на семејно насилство за кое се превзема мерка на заштита согласно прописите од областа за превенција, спречување и заштита од семејно насилство и лице-жртва на трговија со луѓе, само доколку не можат да се стекнат со осигурување по друг основ),

право на надоместок за трошоци за сместување и надоместок за згрижување на сместеното лице во згрижувачко семејство ќе се исплатува на семејствата кои во семејството ќе згрижат лице, корисник на социјална заштита,

сместување во ученички домови или други установи на деца без родители и родителска грижа до оспособувањето за самостоен живот и работа, а најдоцна до завршувањето на средното образование, ако не постојат можности згрижувањето и воспитанието да се обезбеди на друг начин; дете со воспитно-социјални проблеми (занемарено, злоставувано и социјално необезбедено дете) и дете со нарушено поведение, а за кои центарот ќе оцени дека установата може да обезбеди чување, воспитување, образование и нормален развиток на детето,

парична помош за социјална сигурност за старите лица (над 65 годишна возраст, кое има постојано место на живеење во Република Северна Македонија во последните 15 години пред поднесување на барањето и доколку лицето и неговиот брачен другар или лицето со кое живее во вонбрачна заедница нема/ат во сопственост имот и имотни права од кои може да се издржува, не е корисник на пензија од Република Северна Македонија или вид на исплата по основ на старост, инвалидност или доживување од друга држава и не остварило приходи по сите основи во последните три месеци пред поднесување на барањето).

- на ставка 433 - 120.000.000 денари трансфери до Фондот за здравствено осигурување, и

- на ставка 464 – 489.000.000 денари за разни трансфери.

8. Потпрограма 51 – надоместоци за цивилни инвалиди од војната. Во Буџетот за 2020 година на оваа потпрограма се планирани 66.000.000 денари.

9. Потпрограма 54 – надоместоци за заштита на бегалци и азиланти. Во Буџетот за 2020 година на оваа потпрограма се планирани вкупно 12.400.000 денари средства од основен буџет наменети за исплата на права за лицата со признат статус на бегалец, лицата под супсидијарна заштита и барателите на азил, надоместок на правата за внатрешно раселените лица и лица вратени по основа на договорите за реадмисија.

Распределбата на финансиските средства наменети за социјална заштита е направена во согласност со обезбедените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, со напомена дека во 2020 година ќе се измират и неизмирените обврски по основа на правата од 2019 година.

V. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10558/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4477.

Врз основа на член 49-г став 1 од Законот за Царинската управа („Службен весник на Република Македонија" бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12,43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА УПРАВУВАЊЕ, УРЕДУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ ЗА 2020 ГОДИНА

I

ОПШТА ОДРЕДБА

Со оваа програма се пропишува управувањето, уредувањето и одржувањето на објектите на граничните премини на Република Северна Македонија за патен сообраќај за 2020 година.

II

ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

Основни извори на средствата потребни за реализирање на оваа програма се планирани во Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година.

За реализација на оваа програма потребни се вкупно 41.195.000,00 денари и истите се планирани од буџетски раздел 09003 - Царинска управа на Република Северна Македонија, буџетска сметка 637-16, сопствена сметка 631-14 и сметка од самофинансирачки активности 787-14, програма 22 – Гранични премини и програма 20 – Царинска управа.

Планирани активности	Буџет на Република Северна Македонија за 2020 година	сметка/програма/ ставка
Поправки и тековно одржување:		
Тековно одржување на објекти	8.000.000,00	637/22/424
Одржување противпожарни апарати, замена на дојавувачи за пожар и		637/22/424

централи	450.000,00	
Одржување рампи	800.000,00	637/22/424
Одржување ваги	3.000.000,00	637/22/424
Одржување агрегати	1.250.000,00	637/22/424
Одржување фискални апарати	100.000,00	637/22/424
	13.600.000,00	
Договорни услуги:		
Надворешно одржување на хигиена на гранични премини	12.500.000,00	637/22/425
	12.500.000,00	
Инвестиционо одржување - градежни работи:		
Набавка и монтажа на дизел агрегати	2.000.000,00	787/20/480
Изработка на планска, проектна и техничка документација за потребите на Царинска управа	500.000,00	787/20/481
Изработка на геодетски елаборати	600.000,00	637/22/481
Реконструкција и промена на столарија на објекти на Царинска Управа	2.000.000,00	787/20/481
Реконструкција пречистителни станици на граничните премини	1.000.000,00	637/22/482
Санација на асфалтни површини на гранични премини	3.000.000,00	787/20/482
Покривање на кров на објект на котлара и деловни простории	1.000.000,00	637/22/482
Реконструкција на надворешна и внатрешна хидрантска мрежа на граничните премини	1.000.000,00	637/22/482
	11.100.000,00	
Надоместоци за експропријација	1.000.000,00	637/20/485

	575.000,00	631/20/485
	2.420.000,00	787/20/485
	3.995.000,00	
ВКУПНО:	41.195.000,00	

III

ДИНАМИЧЕН ПЛАН ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТИ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Активности поврзани со изградба на објекти и инфраструктура кои се наоѓаат во границите на опфат утврдени со урбанистичките планови за граничните премини, со средства од Буџетот на Царинската управа за 2020 година не се предвидуваат.

Во текот на 2020 година Царинската управа ќе продолжи со активности за изградба на граничен премин Маркова нога, а воедно ќе продолжат веќе започнатите активности и изградбата на граничен премин Белановце-Станчиќ. Воедно во насока на осовременување на граничните премини се планира изработка и поставување на нова сигнализација на граничен премин Богородица и граничен премин Стар Дојран, кои се реализираат со финансиски средства обезбедени од ИПА програмата на Европската унија.

IV

ПЛАН ЗА ИНВЕСТИЦИОНО И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

Инвестиционото одржување на граничните премини опфаќа: санација, реконструкција и замена на објекти, опрема, инсталации и др.

Во текот на 2020 година во смисла на инвестиционо одржување на објектите на граничните премини се предвидуваат следните активности: санација и крпење на дупки на асфалтни површини, реконструкција и замена на столарија на фасада и внатрешна столарија на објект на граничен премин Блато, на терминал на граничен премин Гевгелија, граничен премин Делчево и граничен премин Деве Баир, реконструкција на пречистителни станици на граничен премин Меџитлија и граничен премин Деве Баир, како и реконструкција на надворешна и внатрешна хидрантска мрежа на граничните премини Деве Баир, Делчево, Свети Наум и Блаце, како и набавка на дизел агрегати за граничните премини.

Со тековното одржување на граничните премини се предвидува одржување на: објекти, опрема и инсталации, ваги, рампи, агрегати, фискални апарати, чистење на наноси од снег на платото во зона на контрола на патници и терминал, одржување на хигиена на отворени површини на граничните премини и терминали и одржување на противпожарни апарати.

Тековното и инвестиционо одржување на граничните премини се предвидува да се изврши со средства на Царинската управа за 2020 година, раздел 09003 - Царинска управа, буџетска сметка 637-16 и сметка од самофинансирачки активности 787-14, програма 22 - Гранични премини и програма 20 – Царинска управа, расходни ставки 424, 425 и 481.

Предвидени средства за реализација: 36.100.000 ден.

V

ПОДГОТВИТЕЛНИ РАБОТИ ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕЛОВЕН ПРОСТОР, КОЛСКИ ВАГИ, ПАРКИРАЛИШТА, ТЕРМИНАЛИ И САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

Во текот на 2020 година предвидени се активности за подготвителни работи за изградба на деловен простор, колски ваги, паркиралишта, терминали и санитарни јазли на граничните премини, во смисла на изработка на архитектонско урбанистички проекти, основни проекти како и изработка на геодетски елаборати за земјиште и објекти на граничните премини.

Подготвителните работи во делот на изработка на проектната документација за изградба на објекти на граничните премини се предвидува да се изврши со средства на Царинската управа за 2020 година, раздел 09003 - Царинска управа, буџетска сметка 637-16 и сметка од самофинансирачки активности 787-14, програма 22 - Гранични премини и програма 20 – Царинска управа, расходна ставка 481.

Предвидени средства за реализација: 1.100.000 ден

VI

ПЛАН ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ОПРЕДЕЛЕНО СО УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

1. Иницирање на изработка на урбанистички проекти, технички планови, документација и услови за градба

Со планот за уредување на градежното земјиште определено со урбанистички планови, се планира иницирање на изработка и усвојување на урбанистички планови за граничните премини, како и измена на постојните.

Во текот на 2020 година, Царинската управа преку Министерството за транспорт и врски, а во согласност со член 49-б , став 1, алинеја 2 од Законот за Царинска управа („Службен весник на Република Македонија“бр.46/04, 81/05, 107/07, 103/08, 64/09, 105/09, 48/10, 158/10, 53/11, 113/12,43/14, 167/14, 33/15, 61/15, 129/15, 23/16, 120/18 и 248/18), ќе иницира изработка на нова урбанистичко планска документација, за граничен премин Мецитлија, граничен премин Маркова Нога и граничен премин Богородица.

2. Планирање, градење, поставување, пренамена, реконструкција и отстранување на објекти

Активности поврзани со планирање, градење, поставување, пренамена, реконструкција и отстранување на објекти, со средства од Буџетот на Царинската управа за 2020 година не се предвидуваат.

3. Решавање на имотно-правни односи на градежното земјиште

Царинската управа на Република Северна Македонија во 2020 година ќе продолжи со постапката за запишување на правата на недвижностите на граничните премини во сопственост на Република Северна Македонија.

Во текот на 2020 година се предвидува да продолжат активностите поврзани со постапките за експропријација на земјиште во опфатот на граничните премини Блаце, Маркова Нога и Ќафасан кои вклучуваат исплата на надоместоци на поранешните сопственици по склучени спогодби за експропирано земјиште, како и исплата на надоместоци определени со правосилни судски пресуди.

Исплата на надоместоци за експроприрано земјиште се предвидува да се изврши со средства на Царинската управа за 2020 година, раздел 09003- Царинска управа, буџетска сметка 637-16, сопствена сметка 631-14 и сметка од самофинансирачки активности 787-14, програма 20 – Царинска управа, расходна ставка 485.

Предвидени средства за реализација: 3.995.000 ден.

VII

НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ КОИ СЕ ДАВААТ ВО ЗАКУП, НА ДЕЛОВНИОТ ПРОСТОР, КОЛСКИТЕ ВАГИ,

ПАРКИРАЛИШТА, ТЕРМИНАЛИ И САНИТАРНИ ЈАЗЛИ

Објектите на граничните премини со кои располага Царинската управа се даваат во закуп по пат на јавен оглас согласно Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост сопственост („Службен весник на Република Македонија" бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и 22/19).

Користењето на објектите кои се даваат во закуп, паркиралишта, терминали и санитарни јазли се врши врз основа на потпишување договори за регулирање на односите меѓу органите на државната управа и правните лица кои вршат дејности кои се поврзани со царинското работење од една страна и Царинската управа од друга страна во врска со користењето на објектите на граничните премини за патен сообраќај.

Во договорите ќе се дефинираат површините кои ги користат органите на државната управа како и останатите права и обврски во поглед на регулирање на заедничките трошоци за тековно одржување, струја, греење, вода, комуналии, јавна хигиена, примена на прописите од областа на противпожарната заштита.

Начинот на користење на објектите од страна на правните лица кои вршат дејности поврзани со царинското работење и чие присуство на граничните премини е неопходно, ќе се регулира со склучување поединечни договори за закуп согласно Законот за Царинска управа.

VIII

ПЛАН ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИ НА

ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ ПОД ЗАКУП

Објектите и локациите за рекламниот простор Царинската управа ќе ги дава во закуп по пат на јавен оглас за поднесување пријави и спроведување постапка за јавно наддавање, при што се предвидува склучување договор со правното лице кое ќе излицитира највисока цена за закуп на објектите и локациите за рекламен простор на граничните премини на Република Северна Македонија за патен

сообраќај, а врз основа на почетна цена утврдена во согласност со Закон за процена од страна на Бирото за судски вештачења.

IX

ВИД НА УСЛУГИ НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

ЗА КОИ СЕ НАПЛАТУВА НАДОМЕСТОК

Видот на услугите на граничните премин за кои се наплатува надоместок се:

- Давање во закуп објекти и локации за рекламен простор и
- Извршени услуги – надоместок за влез и користење терминал и терминални услуги кај царински постапки на стока која не подлежи на издавање дозволи од надлежни инспекциски органи и услуга за мрежно напојување, надоместок за влез и користење терминал и терминални услуги кај царински постапки на стока која подлежи на издавање дозволи од надлежни инспекциски органи и мрежно напојување, и надоместок за утовар и истовар на стока.

X

ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10587/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4478.

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 104/19 и 146/19) и член 35 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 238/18) Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ДЕЈНОСТА ЗА ЗАШТИТАТА НА ДЕЦАТА ЗА 2019 ГОДИНА

1. Во Програмата за развој на дејноста за заштитата на децата за 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 246/18 и 127/19,) делот III. „Финансирање на заштитата на децата“ се менува и гласи:

„Средствата за остварување на Програмата за развој на заштитата на децата за 2019 година во Буџетот за 2019, на Раздел 150.01, предвидени се следните буџетски потпрограми:

1. Потпрограма 30 - Установи за детска заштита

Во 2019 година на оваа потпрограма се предвидени буџетски средства во износ од 8.362.000 денари, средства од основен буџет во износ од 4.242.000 денари и средства од самофинансирачки активности во износ од 4.120.000 денари.

2. Потпрограмата 3А - Изградба, опремување и одржување на објектите за детска заштита. Во Буџетот за 2019 година на оваа потпрограма се планирани 87.500.000 денари.

3. Потпрограмата А2- Пренесување на надлежности на ЕЛС. Во Буџетот за 2019 година на оваа ставка за пренесување на надлежности на ЕЛС се планирани 1.842.235 денари од кои 1.787.235.000 денари се наменети за блок дотации за детска заштита.

4. Потпрограма 52 - Надоместоци за детска заштита. Во Буџетот за 2019 година за оваа потпрограма се планирани вкупно 3.958.304.000 денари средства од основен буџет наменети за исплата на утврдените парични права со Законот за заштита на децата (детски додаток, додаток за образование посебен додаток, еднократна парична помош за новороденче, партиципација и родителски додаток за дете).

Распределбата на финансиските средства наменети за заштита на децата е направена во согласност со обезбедените средства во Буџетот на Република Македонија за 2019 година, со напомена дека во 2019 година ќе се измират и неизмирените обврски по основ на остварени права од 2018 година.

2. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 45-10740/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4479.

Врз основа на член 127 став 1 од Законот за извршување на санкциите („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 99/19, и 220/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ НА ОБЈЕКТИ И ОПРЕМУВАЊЕ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ И ВОСПИТНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА 2020 ГОДИНА

I

Со оваа програма се уредува финансирањето на изградба, реконструкција, одржување на објектите и опремување на казнено - поправните и воспитно - поправните установи, вкупните средства потребни за извршување на оваа програма во целина и изворот на средствата.

II

Во текот на 2020 година планирано е да се реализираат инвестициони активности во вкупен износ од 249.885.000,00 денари кои се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, од кои средства од основен буџет во износ од 55.500.000,00 денари, од самофинансирачки активности во износ од 835.000,00 денари и средства од Заемот од Банката за развој на Совет на Европа во износ од 193.550.000,00 денари.

III

ГРАДЕЖНО ЗАНАТСКИ РАБОТИ, ИЗВЕДБА НА ПРЕЧИСТИТЕЛНА СТАНИЦА, ИЗВЕДБА НА КАПАЦИТЕТ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ, ИНСТАЛИРАЊЕ НА СОЛАРНИ ПАНЕЛИ КАКО И НАБАВКА НА МЕБЕЛ И ОПРЕМА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ВО ВКУПНА ВИСИНА ОД 33.296.000,00 ДЕНАРИ ОД КОИ 32.461.000,00 ДЕНАРИ ОД ОСНОВЕН БУЏЕТ И 835.000,00 ДЕНАРИ ОД БУЏЕТ ОД САМОФИНАНСИРАЧКИ АКТИВНОСТИ НА КАЗНЕНО - ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ

1.КПД ИДРИЗОВО

1.1. Градежно занатски работи во постојните објекти на КПД Идризово

1.2.Изработка на проект, набавка на мебел и опрема во КПД Идризово

2. КПД ШТИП

2.1.Изведба на пречистителна станица

2.2.Градежно занатски работи во Установата

3. ЗАТВОР ПРИЛЕП

3.1.Доградба на установата

3.1 Изведба на капацитет за водоснабдување

4.ЗАТВОР СКОПЈЕ

4.1.Градежно занатски работи во Установата

5. ЗАТВОР СТРУМИЦА

5.1 Градежно занатски работи во во Установата

6.КПД ОД ОТОВОРЕН ВИД СТРУГА
6.1 Градежно занатски работи во Установата
7.ВПД ТЕТОВО
7.1.Инсталирање на соларни панели
8.ЗАТВОР КУМАНОВО
8.1.Градежно занатски работи во Установата
9.ЗАТВОР ТЕТОВО
9.1.Градежно занатски работи во Установата

IV

ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА, ИЗВЕДБА И НАДЗОР НАД ГРАДЕЖНИТЕ РАБОТИ КАКО И НАБАВКА НА ОПРЕМА И МАШИНИ, МЕБЕЛ И ВОЗИЛА ЗА ПОТРЕБИТЕ НА КАЗНЕНО-ПОПРАВНИТЕ УСТАНОВИ ЗА КОИ СЕ ПРЕДВИДЕНИ СРЕДСТВА ВО ВКУПЕН ИЗНОС ОД 216.589.000,00 ДЕНАРИ ОД КОИ 193.550.000,00 ДЕНАРИ ОД ЗАЕМОТ И 23.039.000,00 ДЕНАРИ ОД БУЏЕТСКОТО УЧЕСТВО НА ЗАЕМОТ

1. Казнено-поправна установа КПД ИДРИЗОВО
1.1. Изведба на градежни работи, надзор над изведбата на градежните работи, проектирање, ревизија, набавка на опрема и машини, мебел и возила.
2. Воспитно-поправна установа ВПД ТЕТОВО
2.1. Изведба на градежни работи, надзор над изведбата на градежните работи, проектирање, ревизија, набавка на опрема и машини и мебел.

V

За реализација на оваа програма ќе се користат средства обезбедени со Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година, Раздел 07002 - Управа за извршување на санкциите,

Сметка 637 Програма 3 - казнено - поправни установи, капитална потпрограма 3А – изградба, реконструкција и опремување на казнено-поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи, ставка 480 – купување на опрема и машини во износ од 7.000.000,00 денари, ставка 481 - градежни објекти во износ од 10.161.000,00 денари, 482-други градежни објекти во износ од 15.000.000,00 денари, 483 – купување на мебел во износ од 300.000,00 денари,

Сметка 787 Програма 3 - казнено - поправни установи, капитална потпрограма 3А- изградба, реконструкција и опремување на казнено-поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи, ставка 480 – купување на опрема и машини во износ од 600.000,00 денари, ставка 481 - градежни објекти во износ од 200.000,00 денари и ставка 482 – други градежни објекти во износ од 35.000 денари,

Сметка 637 Програма 3 - казнено поправни установи, капитална потпрограма 3Б - реформи на казнено - поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи, 480 – купување на опрема и машини во износ од 540.000,00 денари, ставка 481 - Градежни објекти во износ од 21.815.000,00 денари, 483 – купување на мебел во износ од 180.000,00 денари, 486 - купување на возила - 504.000,00 денари и од заемот,

Сметка 786 Програма 3 - казнено поправни установи, капитална потпрограма 3Б - реформи на казнено - поправните установи, категорија 48 - Капитални расходи, 480 – купување на опрема и машини во износ од 3.000.000,00 денари, ставка 481 - Градежни објекти во износ од 186.750.000,00 денари, 483 – купување на мебел во износ од 1.000.000,00 денари и 486 - купување на возила – 2.800.000,00 денари.

VI

За извршувањето на оваа програма се изготвува извештај во рокот предвиден за составување на годишна сметка на Управата за извршување на санкциите.

VII

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10794/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

_____

4480.

Врз основа на член 30 од Законот за извршување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/19), член 7 ставови (3) и (4) од Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.49/10, 53/11, 126/12, 15/13, 69/13, 106/13, 177/14, 25/15, 73/15, 83/15,154/15, 11/16, 53/16, 120/16, 163/16, 74/17, 83/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.152/19 и 244/19), член 12 од Законот за виното („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/10, 53/11, 6/12, 23/13, 106/13, 188/13, 149/15, 39/16 и 172/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 235/19) и член 66 од Законот за сточарството („Службен весник на Република Македонија“ бр.7/08, 116/10, 23/13, 149/15 и 39/16), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО ЗА 2020 ГОДИНА

I

Средствата за финансиска поддршка во земјоделството за 2020 година во вкупен износ од 4.200.000.000 денари, обезбедени согласно Буџетот на Република Северна Македонија за 2020 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.265/19) раздел 14004програма 2потпрограма 20ставка 464 разни трансфери ќе се користат според следните мерки:

Број на мерка	*Код на мерка*	*Мерки за поддршка на доходот на земјоделските стопанства*	*Вкупен износ на мерките во денари*
1	1	Директни плаќања за растително производство	1,000,000,000
2	2	Директни плаќања за сточарско производство	1,500,000,000
Мерки за дополнителна поддршка за развој на земјоделството (државна помош во земјоделството)			
3	3	Помош во премии и осигурување	70,000,000
4	4	Помош за заштита на земјоделско земјиште	1,000,000
5	5	Помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство	10,000,000
6	6	Помош во сточарскиот сектор	12,000,000
7	7	Финансиска поддршка за складирање на пченица од домашно производство од род 2019 година	1,000,000
8	8	Помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација	250,000,000
9	9	Материјални трошоци за спроведување на Програмата	15,000,000
10	10	Заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2012, 2013, 2014, 2015, 2016, 2017, 2018 и 2019 година	1,341,000,000
		Вкупно	4,200,000,000

II

Средствата од дел I мерка 1 од оваа програма наменети за директни плаќања за растително производство во иснос од 1.000.000.000 денари ќе се користат според слениве подмерки:

Број на подмерка	Код на подмерка	Име на подмерката
1.1.	1.1.	Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за сите поледелски култури и овсен тутунот
1.2.	1.2.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со големина од 5 до 50 хектари
1.3.	1.3.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.1. за обработлива земјоделска површина со сончоглед
1.4.	1.4.	Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за градинарско производство и цвеќе на отворено и во пластеници
1.5.	1.5.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за производство под контролирани услови на домати, пиперки и краставици
1.6.	1.6.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.4. за градинарски култури предадени во преработувачки капацитети
1.7.	1.7.	Директни плаќања по обработлива површина за одржување на постоечки овошни насади
1.8.	1.8.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 1.7. за овошни култури предадени во преработувачки капацитет
1.9.	1.9.	Дополнителни директни плаќања по површина за реконструирани овошни насади заради промена на сортна структура
1.10.	1.10.	Директни плаќања по обработлива земјоделска површина за одржување на постоечки лозови насади
1.11.	1.11.	Дополнителни директни плаќања по површина за реконструирани лозови насади заради промена на сортна структура
1.12.	1.12.	Директни плаќања за производство на домашен сертифициран семенски материјал од прва и втора генерација за житни, индустриски, фуражни и градинарски култури
1.13.	1.13.	Директни плаќања за производство на домашен лозов и овошен саден материјал
1.14.	1.14.	Директни плаќања за производство на сертифициран посадочен материјал за градинарски производи и цветни култури
1.15.	1.15.	Директни плаќања за производство на млади растенија од цвеќе во инвитро услови
1.16.	1.16.	Директни плаќања за производство на предосновен и основен семенски материјал за житни култури
1.17.	1.17.	Дополнителни директни плаќања од подмерки 1.4., 1.7. и 1.10. за поддршка на промената на типот на производство од житни култури во градинарски култури, овошни и лозови насади за вкупни површини по стопанство помали од 5 ха
1.18.	1.18.	Директни плаќања за мали земјоделски стопанства дефинирани според историски плаќања за претходните 3 години

III

Средствата од дел I мерка 2 од оваа програма наменети за директни плаќања за сточарско производство во износ од 1.500.000.000 денари ќе се користат според следниве подмерки:

Број на подмерка	Код на подмерка	Име на подмерката
2.1.	2.1.	Директни плаќања за обележани грла говеда
2.2.	2.2.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.1. за основни стада за производство на говедско месо
2.3.	2.3.	Директни плаќања за произведено и предадено кравјо, овчо и козјо млеко
2.4.	2.4.	Директни плаќања за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет
2.5.	2.5.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.4 за одгледани и заклани грла говеда во регистриран кланичен капацитет
2.6.	2.6.	Директни плаќања за добиено теле по пат на В/О
2.7.	2.7.	Директни плаќања за обележани грла овци од сите категории
2.8.	2.8.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.7 за задржано женско јагне
2.9.	2.9.	Директни плаќања за обележани грла кози
2.10.	2.10.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.9 за задржано женско јаре
2.11.	2.11.	Директни плаќања за женски приплодни грла-маторици
2.12.	2.12.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.11 за уматичено грло-маторица
2.13.	2.13.	Директни плаќања за одгледани и заклани гоеници во регистрирани кланични капацитети
2.14.	2.14.	Директни плаќања за одгледани и заклани бројлери во регистрирани кланични капацитети
2.15.	2.15.	Директни плаќања за амортизирани несилки заклани во регистрирани кланични капацитети
2.16.	2.16.	Директни плаќања за произведени еднодневни бројлерски пилиња и еднодневни женски пилиња од јајценосни хибриди
2.17.	2.17.	Директни плаќања за регистрирано презимено пчелно семејство
2.18.	2.18.	Дополнителни директни плаќања од подмерка 2.17. за пчелни семејства вклучени во селекција за производство на пчелни матици
2.19.	2.19.	Дополнителни директни плаќања за зголемен пријавен број на грла во основно стадо и пчелни семејства од бројот за кој е исплатена финансиска поддршка од претходната календарска година подмерките 2.1., 2.7., 2.9., 2.11. и 2.17.

IV

Средствата од дел I мерка 3 од оваа програма во износ од 70.000.000 денари за помош во премии и осигурување ќе се користат согласно член 98 од Законот за земјоделство и рурален развој со максимален износ на поддршка од 150.000 денари по земјоделско стопанство.

V

Средствата од дел I мерка 4 од оваа програма во износ од 1.000.000 денари ќе се користат за анализа на физичките и хемиските својства на почвата на земјоделски стопанства кои имаат извршени агрохемиски или педолошки анализи во 2020 година и тоа 70% од трошоците за анализа без данок на додадена вредност, но не повеќе од 9.000 денари по земјоделско стопанство.

VI

Средствата од дел I мерка 5 од оваа програма во износ од 10.000.000 денари за помош за одделни категории носители на земјоделско стопанство ќе се користат согласно член 102 од Законот за земјоделство и рурален развој како дополнителна помош која се оделува на земјоделски стопанства корисници на директните плаќања.

Дополнителната помош се доделува на следните категории носители на земјоделски стопанства:

-Дополнителна помош од 5% на правно лице регистрирано во ЕРЗС како земјоделско стопанство кое е основано од носителот или членот на семејно-земјоделско стопанство со целокупниот земјоделски имот на семејно-земјоделско стопанство освен објекти за домување или престојување на земјоделски производители;

-Дополнителна помош од 10% на млад земјоделец носител на семејно-земјоделско стопанство;

-Дополнителна помош од 20% на носител на семејно-земјоделско стопанство кој е регистриран вршител на земјоделска дејност согласно со Законот за вршење на земјоделска дејност или е регистриран како индивидуален земјоделец согласно со Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Дополнителната помош се доделува на земјоделски стопанства корисници на директни плаќања кои имаат:

- од минимум 5 до максимум 50 ха пријавена површина од подмерката 1.1. од дел II на оваа програма со задолжителна употреба на сертифициран семенски материјал,

- од минимум 1 до максимум 5 ха пријавена површина од подмерката 1.4. од дел II на оваа програма,

- од минимум 1 до максимум 5 ха пријавена површина од подмерката 1.7. од дел II на оваа програма,

- од минимум 1 до максимум 10 ха пријавена површина од подмерката 1.10. од дел II на оваа програма,

- од минимум 10 до максимум 50 грла говеда од подмерката 2.1. од дел III на оваа програма,

- од минимум 101 до максимум 500 грла овци од подмерката 2.7. од дел III на оваа програма,

- од минимум 50 до максимум 150 грла кози од подмерката 2.9. од дел III на оваа програма,

- од минимум 6 до максимум 50 грла-маторици од подмерката 2.11. од дел III на оваа програма и

- од минимум 50 до максимум 100 пчелни семејства од подмерката 2.17. од дел III на оваа програма.

VII

Дел од средствата од дел I мерка 6 од оваа програма во износ од 12.000.000 денари за помош во сточарскиот сектор се наменети за покривање на административни трошоци за воспоставување и одржување на матично книговодство и трошоци за испитувања извршени за утврдување на генетскиот квалитет или приносот во сточарството, согласно член 103 став 2 алинеи 1 и 2 од Законот за земјоделство и рурален развој, а средствата ќе се реализираат со јавен конкурс согласно член 60-б од Законот за сточарство кој го спроведува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

VIII

Средствата од дел I мерка 7 од оваа програма во износ од 1.000.000 денари се наменети за финансиска поддршка за складирање на пченица од домашно производство од род 2020 година.

Корисници на средствата од дел I мерка 7 од оваа програма се земјоделски стопанства евидентирани во Единствениот регистар на земјоделски стопанства кои имаат пријавена површина со пченица согласно подмерката 1.1. од оваа програма и ја имаат предадено пченицата на складиштење кај складиштарите во период од 1 август до 1 септември 2020 година, со исклучок на земјоделските стопанства кои складираат за сопствени потреби.

IX

Средствата од дел I мерка 8 од оваа програма во износ од 250.000.000 денари ќе се користат согласно член 98-в од Законот за земјоделство и рурален развој за помош за поддршка на трошоците за набавка на гориво за земјоделска механизација за земјоделски стопанства.

Помошта од ставот (1) на овој член е во висина од 50% од трошоците на земјоделските стопанства за набавка на дизел гориво за земјоделска механизација, но не повеќе од100.000 денари по земјоделско стопанство.

X

Средствата од дел I мерка 9 од оваа програма во износ од 15.000.000 денари ќе се користат од страна на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој за покривање на материјални трошоци за спроведување на оваа програма и тоа за: услуги за печатење на образци и информативни материјали и огласи потребни за спроведување на

оваа програма, услуги за печатење и достава на известувања до барателите, услуги за проверка на трансакциски сметки на корисниците на програмите, набавка на гориво и патни трошоци за вршење на контролите на терен, како и трошоци поврзани со оддржување на возилата, услуги за изработка, прилагодување и оддржување на софтверски решенија за спроведување на оваа програма, услуги од надворешни експерти вклучително и ревизија на оваа програма, услуги за обезбедување на сателитски снимки наменети за контролите на терен, набавка на информатичка и техничка опрема наменета за спроведување на оваа програма вклучително и опрема потребна за спроведување на котролите на терен.

XI

Средствата од дел I мерка 10 од оваа програма во износ од 1.341.000.000 денари ќе се користат за исплата на финансиски средства за заостанати обврски по мерки од Програмите за финансиска поддршка во земјоделството од 2012, 2013, 2014, 2015, 2016,2017, 2018 и 2019 година.

XII

Корисници на директни плаќања од дел I мерки 1, 2, 3, 4 и 5 од оваа програма се земјоделски стопанства кои ги имаат намирено сите финансиски обврски согласно член 14-а од Законот за земјоделство и рурален развој.

Корисниците на директни плаќања од дел I мерка 2 од оваа програма се земјоделски стопанства кои имаат подмирени надоместоци и обврски кои произлегуваат од годишните наредби за здравствена заштита на животните и Законот за идентификација и регистрација на животните.

XIII

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерките 1 и 2 од оваа програма е утврден во член 4 од Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 3 од оваа програма е 31.8.2020 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 4 од оваа програма е 31.5.2020 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за директни плаќања за мерката 5 од оваа прогама е 31.5.2020 година, освен кога барањето се поднесува истовремено и за мерките 1.2., 1.6. и 1.8. за кои периодот е утврден во член 4 точки 2 и 3 од Уредбата за поблиските критериуми за директните плаќања, корисниците на средствата, максималните износи и начинот на директните плаќања за 2020 година.

Крајниот рок за поднесување на барања за мерката 7 од оваа програма е 15.9.2020 година.

XIV

Крајниот рок за почетокот на исплата на средствата по мерки и подмерки од оваа програма ќе се извршува според следниот распоред:

Број на мерка	Број на подмерка	Почеток на исплата
1	1.1., 1.2., 1.3., 1.18.	ноември 2020
	1.4., 1.5., 1.8., 1.16.	февруари 2021
	1.6., 1.9., 1.12., 1.13., 1.14., 1.15., 1.17.	мај 2021
	1.7., 1.10., 1.11.,	ноември 2020
2	2.1., 2.2., 2.7., 2.8., 2.9., 2.10.	април 2021
	2.3., 2.15.	јуни 2020
	2.4., 2.5., 2.6., 2.11., 2.12., 2.13., 2.19.	мај 2021
	2.17., 2.18.	март 2021
	2.14., 2.16.	мај 2020
3	/	март 2021
4	/	март 2021
5	/	јуни 2021
6	/	декември 2020
7	/	септември 2020
8	/	септември 2020
10	/	август 2020

XVI

Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2020 година.

Бр. 45-10884/1
28 декември 2019 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
Зоран Заев, с.р.

4481.

Врз основа на член 70 став (5) од Законот за безбедност на храната („Службен весник на Република Македонија“ бр. 157/10, 53/11, 1/12, 164/13, 187/13, 43/14, 72/15, 129/15, 213/15, 39/16 и 64/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 декември 2019 година, донесе

П Р О Г Р А М А
ЗА МОНИТОРИНГ НА БЕЗБЕДНОСТА НА ХРАНАТА ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

I

Средствата за реализација на оваа програма се утврдени во износ од 7.800.000,00 денари и тоа од следните извори:

1. Средства од Буџет на Република Северна Македонија, раздел 14005, Програма 3, Потпрограма 30,ставка 464, сметка 637	7.800.000,00

II

Средствата за реализација на оваа програма ќе бидат искористени за плаќање на тековни активности опишани и утврдени во оваа програма и за заостанати обврски од Програмата за мониторинг на безбедноста на храната во Република Северна Македонија за 2019 година.

III

Целта на оваа програма е одредување на присуството и концентрациите на контаминентите во храната, утврдување на присуство на резидуи од пестициди во и на храната, миграцијата на одделни супстанции од материјалите и производите кои доаѓаат во контакт со храната, мониторирање на можно присуство на ГМО храна, мониторирање на органските производи, мониторирање на храната третирана со јонизирачко зрачење, утврдување на безбедноста на храна за различни други параметри, микробиолошки критериуми и други опасности во храната, како и евалуација на нивното влијание врз здравјето на човекот.

IV

Мониторингот на безбедноста на храната се спроведува на различни видови или категории храна и во однос на различни параметри, кои се критериуми за безбедноста на храната. Во рамки на оваа програма планирани се следните активности:

IV.1 Мониторинг на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми на одредени категории на прехранбени производи - планирани се 200 мостри храна;

IV.2. Мониторинг на безбедноста на храната за определување на присуство на резидуи од пестициди во однос на максимално дозволеното ниво (МДН) во производи од растително потекло – планирани се 500 мостри храна;

IV.3. Мониторинг за определување на максимално дозволени количества на специфични максимални нивоа на резидуи од пестициди или метаболити на пестициди во:
- преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и пестициди кои не треба да се употребуваат во земјоделското производство на обработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца; и
- почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња и пестициди што не треба да се употребуваат во земјоделски производи наменети за производство на почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња - планирани се 45 мостри храна;
IV.4. Мониторинг за определување на присуството на тешки метали во одредени видови прехранбени производи – планирани се 241 мостри;
IV.5. Мониторинг за определување на присуството на нитрати во одредени видови прехранбени производи – планирани се 60 мостри ;
IV.6. Мониторинг за определување на присуството на микотоксини во одредени видови прехранбени производи - планирани се 171 мостри;
IV.7 Мониторинг на материјали и производи кои доаѓаат во контакт со храната – планирани се 54 мостри ;
IV.8. Мониторинг во однос на утврдување на присуството на ГМО храна – планирани се 50 мостри ;
IV.9 Мониторинг на производи од органско производство во Република Северна Македонија - планирани се 53 мостри и
IV.10 Мониторинг на храна третирана со јонизирачко зрачење - планирани се 50 мостри .
IV.11 Мониторинг на додатоци на исхрана – планирани се 100 мостри

Во согласност со планот за спроведување на мониторинг програмата, вкупниот број на мостри храна или материјали и производи што доаѓаат во контакт со храната кои ќе бидат земени и анализирани изнесува 1524.

IV.1 Мониторинг на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми на одредени категории на прехранбени производи

Во согласност со Законот за безбедност на храната и препораките на Европската Унија за мониторирање на штетните агенси во храната, а со цел производство, промет и пуштање на безбедна храна на пазарот како и заштита на здравјето на потрошувачите, посебно внимание оваа програма посветува на определување на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми.
Ваквиот приоритет е во согласност со трендот на Европските програми за мониторинг, препораките на Светската Здравствена Организација, како и резултатите добиени со анализа на податоците за земените мостри од храна за период од 2007 до 2017 год. како и податоците за заразните болести кои се пренесуваат преку храната. Најголем број од акутните заболувања кои потекнуваат од храна се должат на микробиолошки предизвикувачи на алиментарни заболувања кои се пренесуваат преку храната. Од анализите произлегува дека микробиолошката контаминација е доминантна во споредба со останатите параметри.
Согласно со Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната (*[1]), мониторирањето на микробиолошките

критериуми за безбедност на храната ќе биде во согласно со приложените табели, во кои е определена поврзаноста на одделни прехранбени производи и микроорганизми кои ќе се бараат во нив.

Според оваа програма, планирано е да се земат по 50 мостри од 4 видови на храна предвидени за анализа на присуството на микробиолошките критериуми кои согласно Правилникот за посебните барања кои се однесуваат на микробиолошките критериуми за храната, треба да ги исполнуваат, односно вкупно 200 мостри и тоа: термички обработен пилешки стек и производи од мелено месо по термичка обработка во угостителски објекти или во малопродажни објекти, мајонез, претходно исечкан зеленчук.

Табела бр.1. Категории производи во кои се спроведува мониторинг на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми

Категорија на храна	Микроорганизми/ нивни токсини, метаболити	План за земање мостри		Граници		Аналитички референтен метод	Фаза на која се однесува критериумот
		n	c	m	M		
1. Мелено месо и подготовки од месо произведени од живинско месо наменети за јадење по термичка обработка	Salmonella	5	0	Отсуство во 25g		МКС EN ISO 6579	Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење
	Campylobacter spp.	5	0	Отсуство во 25g		МКС EN ISO 11272-1	
2. Мелено месо и подготовки од месо произведени од сите останати видови освен живина, наменети за јадење по термичка обработка: - Плескавица; - Ќебапи; - Свинска вешалица;	Salmonella	5	0	Отсуство во 10g		МКС EN ISO 6579	Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење
	Yersinia enterocolitica	5	0	Отсуство во 25g		МКС EN ISO 11273	
	E. coli O 157:H7	5	0	Отсуство во 25g		МКС EN ISO 16654	
3. Мајонез, преливи со мајонез и салати со мајонез	Salmonella	5	0	Отсуство во 25g		МКС EN ISO 6579	Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење
	Listeria monocytogenes	5	0	Отсуство во 25g		МКС EN ISO 11290-1	
4. Мостри од претходно исечено овошје, зеленчук и печурки (готови за консумирање)	Salmonella	5	0	Отсуство во 25g		МКС EN ISO 6579	Производи пласирани на пазарот во текот на нивниот рок на траење
	Listeria monocytogenes	5	0	Отсуство во 25g		МКС EN ISO 11290-1	

(без термичка обработка): сечкани домати; сечкани краставици; сечкана зелка; сечкани печурки						

Мониторингот ќе се спроведува по вид прехранбен производ, а ќе се земаат мостри од угостителски објекти или во малопродажни објекти во кои се продаваат, подготвуваат или послужуваат производите од точки 1, 2, 3 и 4 од Табелата 1;

Табела бр.2 Преглед на временскиот период, количините на земени мостри и паричните средства потребни за спроведување на мониторирањето на микробиолошки критериуми на храната.

Активност	Индикатор	Временски период за реализација на активноста	Количество на мостра од секој производ кој ќе се земе	Планирани средства од буџетот
I. Земање на мостри од производи предвидени за анализа на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми	Број на мостри од видовите храна кои ќе бидат земени	Јануари - декември 2020 година	Количество на мостра од секој производ кој ќе се земе	Вкупно планирани средства за мониторинг на безбедноста на храната во однос на микробиолошките критериуми 220.000,00
1. Мелено месо и подготовки од месо произведени од живинско месо наменети за јадење по термичка обработка	50 мостри од пилешки стек	јануари – декември	50 парчиња од 150-200 г	50.000,00
2. Мелено месо и подготовки од месо произведени од сите останати видови освен живина, наменети за јадење по термичка обработка: - Плескавица; - Ќебапи; - Свинска вешалица;	50 мостри од овие производи	јануари – декември	50 парчиња од 100-150 г	50.000,00
3. Мостри од мајонез, преливи од мајонез и салати со мајонез	50 мостри	јануари – декември	50 мостри од по 500 г	50.000,00
4. Мостри од претходно исечено	50 мостри	јануари – декември	50 мостри од по 400-500 г	50.000,00

овошје, зеленчук и печурки (готови за консумирање) (без термичка обработка): сечкани домати; сечкани краставици; сечкана зелка; сечкани печурки				

IV.2 Мониторинг на безбедноста на храната за определување на присуство на резидуи од пестициди во однос на максимално дозволеното ниво (МДН) во производи од растително потекло

Спроведувањето на мониторирањето на безбедноста на храната во однос на максимално дозволените нивоа на активни материи - резидуи од пестициди, ќе опфати земање на мостри од растителни производи и лабораториско квалитативно и квантитативно определување на присуството на резидуи од пестициди или нивни метаболити во храната.

Мострите се земаат: од местата на откуп на земјоделските производи / од зелените пазари за земјоделски производи / од производи пласирани на пазарот, во Република Северна Македонија.

Предмет на мониторирање ќе бидат вкупно 34 вида на производи од растително потекло, при што секој од нив ќе биде лабораториски анализиран за присуство на остатоци на активните материи од производите за заштита на растенијата – резидуи од пестициди од најчесто употребуваните регистрирани производи за заштита на растенијата. Максимално дозволеното ниво (МДН) на резидуите од пестициди е одредено согласно Правилникот за општите и посебните барања за безбедност на храната во однос на максимално дозволените нивоа на резидуи од пестициди во или врз храната и храната за животни од растително и од животинско потекло (*2).

Мострите од секој од предвидените видови на производи од растително потекло, ќе се земат во специфичниот период на берба односно во сезоната карактеристична за производот. Земањето на мостри од предвидените видови на производи од растително потекло, ќе се врши во определените региони карактеристични за раст на зеленчукот или овошјето.

За одредувањето на групите на производи од растително потекло на кои ќе се вршат анализите и пестицидите кои што ќе се испитуваат, ќе бидат, исто така земени во предвид и податоци добиени од Европската Агенција за безбедност на храната (EFSA).

Производите ќе бидат во свежа и непреработена состојба, со вкупна тежина на секоја мостра во согласност со најдените количини и репрезентативноста на мострата согласно Правилникот за начинот и постапката за земање примероци за определување на резидуи од пестициди во храната во рамки на официјалната контрола (*3).

Мониторирањето ќе ги опфати следните производи од растително потекло, распределени по региони, земајќи го во предвид периодот на берба на производот – сезоната.

Вкупно ќе се земат 500 мостри од производи од растително потекло, за анализа на резидуи од производите за заштита на растенијата.

1. **Домат (од раноградинарското производство)**

- Планирано е да се земаат мостри од раноградинарското производство на домати одгледувани во оранжерии и домати одгледувани на отворено, во текот на берба, во текот на месеците април и мај, од Скопскиот, Струмичкиот регион и Гевгелиско – Валандовскиот регион;

2. **Домат**

- Мострите се земаат во текот на месец август-октомври од Скопскиот, Струмичкиот регион и Гевгелиско – Валандовскиот регион;

3. **Пиперки (од раноградинарското производство)**

- Планирано е да се земаат мостри од раноградинарското производство на пиперки одгледувани во оранжерии и пиперки одгледувани на отворено, во текот на месеците април и мај, од Струмичкиот, Гевгелиско - Валандовскиот и Радовишкиот регион;

4. **Пиперки**

- Мострите се земаат во текот на месеците август, септември и октомври од Струмичкиот, Гевгелиско - Валандовскиот и Радовишкиот регион;

5. **Морков**

- Мострите се земаат во текот на месеците септември -октомври од Скопскиот, Битолскиот и Беровскиот регион;

6. **Млад компир**

Мострите се земаат во текот на месеците мај и јуни, во Струмица, Гевгелија и Неготино;

7. **Компир**

- Мострите се земаат во текот на месеците септември -октомври од Скопскиот, Битолскиот и Беровскиот регион;

8. **Краставици (од раноградинарското производство)**

- Планирано е да се земаат мостри од **раноградинарското производство на краставици** во оранжерии и од краставици растени на отворено, во текот на месеците април и мај, од Скопскиот, Струмичкиот, Гевгелиско - Валандовскиот регион;

9. **Краставици**

- Мострите се земаат во текот на август - септември од Скопскиот, Струмичкиот, Гевгелиско - Валандовскиот регион;

10. **Корнишони**

- Мострите се земаат во текот на месеците октомври -ноември од Скопскиот, Струмичкиот и Гевгелиско - Валандовскиот регион;

11. **Лук**

- Мострите се земаат во текот на месеците јуни - јули од Кавадаречкиот, Неготинскиот и Росоманскиот регион;

12. **Млад кромид**

- Мострите се земаат во текот на месеците мај - јуни од Гевгелија -Валандово, Струмица и во септември Прилеп -Бучин, Гостивар, Скопје;

13. **Кромид/главица кромид**

- Мострите се земаат во текот на месеците јули -септември од Гевгелија - Валандово, Струмица и во септември Прилеп -Бучин, Гостивар, Скопје;

14. **Грашок**

- Мострите се земаат во текот на месеците април - мај од Скопскиот, Струмичкиот и Тетовскиот регион;

15. Карфиол

- Мострите се земаат во текот на месец септември од Струмичкиот и Гевгелиско- Валандовскиот регион;

16. Брокула

- Мострите се земаат во текот на месец септември од Струмичкиот и Гевгелиско- Валандовскиот регион;

17. Модар патлиџан

- Мострите се земаат во текот на месец септември од Струмичкиот и Гевгелиско- Валандовскиот регион;

18. Зелка

- Мострите се земаат во текот на месеците септември -октомври од Вардарискиот, Струмичкиот и Тетовскиот регион;

19. Праз

- Мострите се земаат во текот на месеците август-септември од Струмичкиот и Гевгелискиот регион;

20. Зелена салата

- Мострите се земаат во тек на месеците април- октомври од Вардарски (Скопски, Полошки) и Кавадаречкиот регион;

21. Грав-сушен

- Мострите се земаат од Вардарски (Скопски, Полошки) регион;

22. 'рж во зрно

- Произведени и / или пласирани на пазарот во Република Северна Македонија;

23. Кафеав (излупен) ориз

- Произведени и / или пласирани на пазарот во Република Северна Македонија;

24. Грозје

- Мострите се земаат во текот на август - септември од Тиквешкиот, Скопскиот и Велешкиот регион;

25. Тиквички

- Мострите се земаат во текот на месеците мај-јули од Повардарискиот, Струмичкиот и Тетовскиот регион;

26. Диња

- Мострите се земаат во текот на месец јули -август од Скопскиот, Струмичкиот, Гевгелиско - Валандовскиот регион;

27. Цреши

- Мострите се земаат во текот на месеците мај -јули од Скопскиот, Охридскиот и Битолскиот регион;

28. Кајсии

- Мострите се земаат во текот на месец мај -јули од Скопскиот, Струмичкиот, Гевгелиско - Валандовскиот регион;

29. Киви

- Мострите се земаат од Скопскиот, Стумичкиот и Охридскиот регион;

30. Јагоди

- Мострите се земаат во текот на месеците мај-јуни од Скопскиот, Тетовскиот и Охридскиот регион;

31. Круши

- Мострите се земаат во текот на месец август од Скопскиот, Тетовскиот и Охридскиот регион;

32. Слива

- Мострите се земаат во текот на месеците август -септември од Скопскиот, Струмичкиот, Гевгелиско - Валандовскиот регион;

33. Јаболка

- Мострите се земаат во текот на месец октомври од Охридскиот, Тетовскиот и Ресенскиот регион;

34. Портокали

- Произведени и / или пласирани на пазарот во Република Северна Македонија;

Табела бр. 3 Преглед на временскиот период, бројот на земени мостри регионите од кои се земаат и средствата кои се потребни за реализација на мониторингот на резидуите од пестициди во производи од растително потекло

Активност	Индикатор	Временски период за реализација на активноста	Број на мостри од секој производ кој ќе се земе	Планирани средства
Земање на мостри од земјоделски производи (за анализа на присуство на активни материи од пестициди)	Број на вкупно земени мостри од примарни земјоделски производи	Јануари-Декември 2020 година	Број на мостри од секој производ кој ќе се земе	Вкупно планирани средства за мониторинг на резидуи од пестициди во земјоделски производи 3.500.000,00
1.Мостри од домати од раноградинарско производство – Скопскиот, Струмичкиот регион и Гевгелиско – Валандовскиот регион	9 мостри вкупно од наведените региони	април -мај	9 вкупно	63.000,00
2.Мостри од домати Скопскиот, Струмичкиот регион и Гевгелиско – Валандовскиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	август - октомври	18 вкупно	126.000,00
3.Мостри од пиперки од раноградинарско производство- Струмичкиот, Гевгелиско - Валандовскиот и Радовишкиот регион	9 мостри вкупно од наведените региони	април -мај	9 мостри	63.000,00
4.Мостри од пиперки од Струмичиот, Гевгелиско- Валандовскиот и Радовишкиот регион.	18 мостри вкупно од наведените региони	август-октомври	18 мостри	126.000,00

5.Мостри од морков во Скопскиот, Битолскиот и Беровскиот регион	14 мостри вкупно од наведените региони	септември – октомври	14 вкупно	98.000,00
6. Мостри од млад компир од Стумичкиот, Гевгелискиот и Неготинскиот регион	9 мостри вкупно од наведените региони	мај-јуни	9 мостри	63.000,00
7. Мостри од компир од Скопскиот, Битолскиот и Беровскиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	септември - октомври	18 мостри	126.000,00
8.Мостри од краставици од раноградинарско производство-Скопскиот, Струмичкиот, Гевгелиско - Валандовскиот регион	9 мостри вкупно од наведените региони	април-мај	9 мостри	63.000,00
9.Мостри од краставици од Струмичкиот, Гевгелиско-Валандовскиот и Скопскиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	август-септември	18 мостри	126.000,00
10. Мостри од корнишони од Скопскиот, Струмичкиот и Гевгелиско-Валандовскиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	октомври-ноември	18 мостри	126.000,00
11. Мостри од лук од Кавадаречкиот, Неготинскиот и Росоманскиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	јуни-јули	18 мостри	126.000,00
12. Мостри од млад кромид од Струмичкиот, Гевгелиско-Валандовскиот регион, Прилеп - Бучин, Гостивар, Скопје	18 мостри вкупно од наведените региони	мај-септември	18 мостри	126.000,00
13. Мостри од кромид од Струмичкиот, Гевгелиско-Валандовскиот регион, Прилеп-Бучин, Гостривар, Скопје	18 мостри вкупно од наведените региони	јули-септември	18 вкупно	126.000,00
14. Мостри од грашок во Скопскиот, Струмичкиот и Тетовскиот регион	9 мостри вкупно од наведените региони	април-мај	9 мостри	63.000,00
15.Мостри од карфиол во Струмички и Гевгелиско - Валандовски регион	9 мостри вкупно од наведените региони	септември	9 мостри	63.000,00

16.Мостри од брокула во Струмички и Гевгелиско-Валандовски регион	18 мостри вкупно од наведените региони	септември	18 мостри	126.000,00
17.Модар патлиџан во Струмички и Гевгелиско - Валандовски регион	9 мостри вкупно од наведените региони	септември	9 мостри	63.000,00
18. Мостри од зелка од Повардарскиот Струмичкиот и Тетовскиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	септември - октомври	18 вкупно	126.000,00
19.Мостри од праз од Струмичкиот и Гевгелискиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	август - септември	18 мостри	126.000,00
20.Мостри од зелена салата во Вардарски (Скопски, Полошки) и Кавадаречкиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	април-октомври	18 вкупно	126.000,00
21.Мостри од грав-сушен, во Вардарски (Скопски,Полошки) регион	9 мостри вкупно од наведените региони	септември-декември	9 вкупно	63.000,00
22.Мострите од 'рж во зрно произведени и / или пласирани на пазарот во Република Северна Македонија	9 мостри вкупно од наведените региони	јануари-декември	9 вкупно	63.000,00
23.Мострите од кафеав (излупен) ориз, произведени и / или пласирани на пазарот во Република Северна Македонија	9 мостри вкупно од наведените региони	јануари-декември	9 вкупно	63.000,00
24.Мостри од грозје од Тиквешкиот, Скопскиот и Велешкиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	август - септември	18 мостри	126.000,00
25.Мостри од тиквички во Повардарискиот, Струмичкиот и Тетовскиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	мај – јули	18 мостри	126.000,00
26.Мостри од диња од Скопскиот, Струмичкиот, Гевгелиско-Валандовскиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	јули -август	18 вкупно	126.000,00
27.Мостри од цреши од Скопскиот, Охридскиот и Битолскиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	мај -јули	18 мостри	126.000,00
28.Мостри од кајсија од Скопски, Неготински, Струмички регион	18 мостри вкупно од наведените региони	мај -јули	18 вкупно	126.000,00

29. Мостри од киви од Скопскиот, Стумичкиот и Охридскиот регион.	9 мостри вкупно од наведените региони	јануари-декември	9 вкупно	63.000,00
30. Мостри од јагоди од Скопскиот, Тетовскиот и Охридскиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	мај –јуни	18 вкупно	126.000,00
31. Мостри од круши од Скопскиот, Тетовскиот и Охридскиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	август	18 мостри	126.000,00
32.Мостри од сливи од Скопски, Струмички, Гевгелиско – Валандовски регион	18 мостри вкупно од наведените региони	август – септември	18 мостри	126.000,00
33. Мостри од јаболка од Тетовскиот, Ресенскиот и Охридскиот регион	18 мостри вкупно од наведените региони	октомври	18 вкупно	126.000,00
34. Мостри од портокали произведени и / или пласирани на пазарот во Република Северна Македонија	9 мостри вкупно од наведените региони	јануари-декември	9 вкупно	63.000,00

Табела 4. Комбинации на пестициди / производи кои треба да се следат во / на производи од растително потекло зададени во Табела 3.

Пестицид	Забелешки
2,4-D	Ќе се анализира само во / на зелена салата, спанаќ и домати.
2-Phenylphenol	Ќе се анализира во / на сите производи.
Abamectin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Acephate	Ќе се анализира во / на сите производи.
Acetamiprid	Ќе се анализира во / на сите производи.
Acrinathrin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Aldicarb	Ќе се анализира во / на сите производи.
Aldrin and dieldrin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Ametoctradin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Azinphos-methyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Azoxystrobin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Bifenthrin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Biphenyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Bitertanol	Ќе се анализира во / на сите производи.
Boscalid	Ќе се анализира во / на сите производи.
Bromide ion	Ќе се анализира само во / на зелена салата и домати.

Bromopropylate	Ќе се анализира во / на сите производи.
Bupirimate	Ќе се анализира во / на сите производи.
Buprofezin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Captan	Ќе се анализира во / на сите производи.
Carbaryl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Carbendazim and benomyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Carbofuran	Ќе се анализира во / на сите производи.
Chlorantraniliprole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Chlorfenapyr	Ќе се анализира во / на сите производи.
Chlormequat	Ќе се анализира само во / на домати и овес.
Chlorothalonil	Ќе се анализира во / на сите производи.
Chlorpropham	Ќе се анализира во / на сите производи.
Chlorpyrifos	Ќе се анализира во / на сите производи.
Chlorpyrifos-methyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Clofentezine	Ќе се анализира за сите наведени производи, освен житни култури.
Clothianidin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Cyazofamid	Ќе се анализира во / на сите производи.
Cyfluthrin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Cymoxanil	Ќе се анализира во / на сите производи.
Cypermethrin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Cyproconazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Cyprodinil	Ќе се анализира во / на сите производи.
Cyromazine	Ќе се анализира само во / на зелена салата и домати.
Deltamethrin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Diazinon	Ќе се анализира во / на сите производи.
Dichlorvos	Ќе се анализира во / на сите производи.
Dicloran	Ќе се анализира во / на сите производи.
Dicofol	Ќе се анализира за сите останати производи, освен житни култури.
Diethofencarb	Ќе се анализира во / на сите производи.
Difenoconazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Diflubenzuron	Ќе се анализира во / на сите производи.
Dimethoate	Ќе се анализира во / на сите производи.
Dimethomorph	Ќе се анализира во / на сите производи.
Diniconazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Diphenylamine	Ќе се анализира во / на сите производи.
Dithianon	Ќе се анализира само во / на јаболка и праски.

Dithiocarbamates	Ќе се анализира само во / на сите наведени производи, освен брокула, карфиол, зелка, вино и кромид.
Dodine	Ќе се анализира во / на сите производи.
Emamectin benzoate B1a, expressed as emamectin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Endosulfan	Ќе се анализира во / на сите производи.
EPN	Ќе се анализира во / на сите производи.
Epoxiconazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Ethephon	Ќе се анализира само во / на јаболка, праски, домати и вино.
Ethion	Ќе се анализира во / на сите производи.
Ethirimol	Ќе се анализира за сите наведени производи, освен житни култури.
Etofenprox	Ќе се анализира во / на сите производи.
Etoxazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Famoxadone	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fenamidone	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fenamiphos	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fenarimol	Ќе се анализира за сите наведени производи, освен житни култури.
Fenazaquin	Ќе се анализира за сите наведени производи, освен житни култури.
Fenbuconazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fenbutatin oxide	Ќе се анализира само во / на јаболка, јагоди, праски, домати и вино.
Fenhexamid	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fenitrothion	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fenoxycarb	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fenpropathrin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fenpropidin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fenpropimorph	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fenpyroximate	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fenthion	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fenvalerate	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fipronil	Ќе се анализира во / на сите производи.
Flonicamid	Ќе се анализира само во / на јаболка, праски, спанаќ, зелена салата, домати, овес и јачмен.
Fluazifop-P	Ќе се анализира само во / на јагоди, зелка, зелена салата, спанаќ и домати.
Flubendiamide	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fludioxonil	Ќе се анализира во / на сите производи.
Flufenoxuron	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fluopicolide	Ќе се анализира во / на сите производи.

Fluopyram	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fluquinconazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Flusilazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Flutriafol	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fluxapyroxad	Ќе се анализира во / на сите производи.
Folpet	Ќе се анализира во / на сите производи.
Formetanate	Ќе се анализира во / на сите производи.
Fosthiazate	Ќе се анализира во / на сите производи.
Glyphosate	Ќе се анализира во / на сите производи.
Haloxyfop including haloxyfop-P	Ќе се анализира само во / на јагоди и зелка.
Hexaconazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Hexythiazox	Ќе се анализира за сите наведени производи, освен житни култури.
Imazalil	Ќе се анализира во / на сите производи.
Imidacloprid	Ќе се анализира во / на сите производи.
Indoxacarb	Ќе се анализира во / на сите производи.
Iprodione	Ќе се анализира во / на сите производи.
Iprovalicarb	Ќе се анализира во / на сите производи.
Isocarbophos	Ќе се анализира во / на сите производи.
Isoprothiolane	Ќе се анализира само во / на кафеав ориз.
Kresoxim-methyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Lambda-cyhalothrin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Linuron	Ќе се анализира во / на сите производи.
Lufenuron	Ќе се анализира во / на сите производи.
Malathion	Ќе се анализира во / на сите производи.
Mandipropamid	Ќе се анализира во / на сите производи.
Mepanipyrim	Ќе се анализира во / на сите производи.
Mepiquat	Ќе се анализира само во / на јачмен и овес.
Metalaxyl and metalaxyl-M	Ќе се анализира во / на сите производи.
Methamidophos	Ќе се анализира во / на сите производи.
Methidathion	Ќе се анализира во / на сите производи.
Methiocarb	Ќе се анализира во / на сите производи.
Methomyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Methoxyfenozide	Ќе се анализира во / на сите производи.
Metrafenone	Ќе се анализира во / на сите производи.
Monocrotophos	Ќе се анализира во / на сите производи.
Myclobutanil	Ќе се анализира во / на сите производи.

Omethoate	Ќе се анализира во / на сите производи.
Oxadixyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Oxamyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Oxydemeton-methyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Paclobutrazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Parathion	Ќе се анализира во / на сите производи.
Parathion methyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Penconazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Pencycuron	Ќе се анализира во / на сите производи.
Pendimethalin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Permethrin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Phosmet	Ќе се анализира во / на сите производи.
Pirimicarb	Ќе се анализира во / на сите производи.
Pirimiphos-methyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Procymidone	Ќе се анализира во / на сите производи.
Profenofos	Ќе се анализира во / на сите производи.
Propamocarb	Ќе се анализира само во / на јагоди, зелка, зелена салата, спанаќ, домати и јачмен.
Propargite	Ќе се анализира во / на сите производи.
Propiconazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Propyzamide	Ќе се анализира во / на сите производи.
Prosulfocarb	Ќе се анализира во / на сите производи.
Prothioconazole	Ќе се анализира само во / на зелка, зелена салата, домати, овес и јачмен.
Pymetrozine	Ќе се анализира само во / на зелка, зелена салата, јагоди,спанаќ и домати.
Pyraclostrobin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Pyridaben	Ќе се анализира во / на сите производи.
Pyrimethanil	Ќе се анализира во / на сите производи.
Pyriproxyfen	Ќе се анализира во / на сите производи.
Quinoxyfen	Ќе се анализира во / на сите производи.
Spinosad	Ќе се анализира во / на сите производи.
Spirodiclofen	Ќе се анализира во / на сите производи.
Spiromesifen	Ќе се анализира во / на сите производи.
Spiroxamine	Ќе се анализира во / на сите производи.
Spirotetramat	Ќе се анализира во / на сите производи.
Tau-Fluvalinate	Ќе се анализира во / на сите производи.
Tebuconazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Tebufenozide	Ќе се анализира во / на сите производи.

Tebufenpyrad	Ќе се анализира за сите наведени производи, освен житни култури.
Teflubenzuron	Ќе се анализира во / на сите производи.
Tefluthrin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Terbuthylazine	Ќе се анализира во / на сите производи.
Tetraconazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Tetradifon	Ќе се анализира за сите наведени производи, освен житни култури.
Thiabendazole	Ќе се анализира во / на сите производи.
Thiacloprid	Ќе се анализира во / на сите производи.
Thiamethoxam	Ќе се анализира во / на сите производи.
Thiodicarb	Ќе се анализира во / на сите производи.
Thiophanate-methyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Tolclofos-methyl	Ќе се анализира во / на сите производи.
Triadimefon	Ќе се анализира во / на сите производи.
Triadimenol	Ќе се анализира во / на сите производи.
Triazophos	Ќе се анализира во / на сите производи.
Tricyclazole	Ќе се анализира само во / на кафеав ориз.
Trifloxystrobin	Ќе се анализира во / на сите производи.
Triflumuron	Ќе се анализира во / на сите производи.
Vinclozolin	Ќе се анализира во / на сите производи.

IV.3 Мониторинг за определување на максимално дозволени количества на специфични максимални нивоа на резидуи од пестициди или метаболити на пестициди во:
- преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и пестициди кои не треба да се употребуваат во земјоделско производство на обработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца; и
- почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња и пестициди што не треба да се употребуваат во земјоделски производи наменети за производство на почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња

Спроведувањето на мониторирањето на безбедноста на храната во однос на максимално дозволени количества на резидуи од пестициди или метаболити на пестицидите во преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца и во почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња се врши согласно со: Правилникот за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба-преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца (*4) и Правилникот за посебните барања за безбедност на храната за посебна нутритивна употреба-млечна храна за доенчиња (*5).
Спроведувањето на мониторингот ќе биде во согласност со приложените табели во кои е определена поврзаноста на одделни прехранбени производи и

максимално дозволени количества на резидуи од пестициди или метаболити на пестициди кои ќе се бараат во нив.
Според оваа програма, планирано е да се земат вкупно 45 мостри, односно 25 мостри од преработена храна на житна основа (едноставни жита кои се или треба да бидат растворени со млеко или друга соодветна хранлива течност; жита со додаден производ на висок процент на протеини кои се или треба да бидат растворени со вода или друга течност што не содржи протеини; тестенини, кои се употребуваат откако ќе се подготват со варење во вода или друга соодветна течност и двопек и бисквити, кои се употребуваат директно или после пулверзација и додавање на вода, млеко или друга соодветна хранлива течност) и „детска храна" освен преработена храна на житна основа и 20 мостри од почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња- млечна храна за доенчиња.

Табела.5 Преглед на предвидените пестициди или метаболити на пестициди за чии активни материи (резидуи) ќе се мониторира предвидената преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца

МОНИТОРИНГ НА РЕЗИДУИ ОД ПЕСТИЦИДИ ИЛИ МЕТАБОЛИТИ НА ПЕСТИЦИДИ		
Категорија на храна	Хемиски назив на супстанцијата	Максимално ниво на резидуа (mg/kg)
Преработена храна на житна основа и „детска храна" освен преработена храна на житна основа	Кадусафос	0.006
	Деметон-С-метил/деметон-С-метил сулфон/ оксидеметон-метил(поединечно или комбиниран, изразен како деметон-С-метил)	0.006
	Етопрофос	0.008
	Фипронил (збир од фипронил и фипронил-десулфинил, изразен како фипронил)	0.004
	Пропинеб/пропиленетиуреа (збир од пропинеб и пропиленетиоуреа)	0.006

Табела бр.5.1 Пестициди кои не треба да се употребуваат во земјоделско производство на преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца

Хемиски имиња на супстанции (дефиниции на резидуи)
Дисулфотон(збир од дисулфотон, дисулфотон сулфоксид и дисулфотон сулфон изразено како дисулфотон)
Фенсулфотион (збир од фенсулфотион, неговиот оксигенски аналог и нивните сулфони, изразено како фенсулфотион)
Фентин, изразен како трифенилтин катјон
Халоксифоп (збир од халоксифоп, неговите соли и естри вклучувајќи ги конјугатите, изразено како халоксифоп)
Хепталор и транс-хептахлор епоксид, изразено како хептахлор
Хексахлоробензен

Нитрофен
Ометоат
Тербуфос (збир од тербуфос, негов сулфоксид и сулфон, изразен како тербуфос

Табела бр.5.2 Пестициди кои не треба да се употребуваат во земјоделско производство на преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца

Хемиско име на супстанција
Алдрин и диелдрин, изразено како диелдрин
Ендрин

Табела.6 Преглед на предвидените пестициди или метаболити на пестициди за чии активни материи (резидуи) ќе се мониторира храната за доенчиња - почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња

МОНИТОРИНГ НА РЕЗИДУИ ОД ПЕСТИЦИДИ ИЛИ МЕТАБОЛИТИ НА ПЕСТИЦИДИ		
Категорија на храна	Хемиски назив на супстанцијата	Максимално ниво на резидуа (mg/kg)
Почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња	Кадусафос	0.006
	Деметон-С-метил/деметон-С-метил сулфон/ оксидеметон-метил(поединечно или комбиниран, изразен како деметон-С-метил)	0.006
	Етопрофос	0.008
	Фипронил (збир од фипронил и фипронил-десулфинил, изразен како фипронил)	0.004
	Пропинеб/пропиленетиуреа (збир од пропинеб и пропиленетиоуреа)	0.006

Табела бр.6.1 Пестициди кои не треба да се употребуваат во земјоделско производство на почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња

Хемиски имиња на супстанции (дефиниции на резидуи)
Дисулфотон(збир од дисулфотон, дисулфотон сулфоксид и дисулфотон сулфон изразено како дисулфотон)
Фенсулфотион (збир од фенсулфотион, неговиот оксигенски аналог и нивните сулфони, изразено како фенсулфотион)
Фентин, изразен како трифенилтин катјон
Халоксифоп (збир од халоксифоп, неговите соли и естри вклучувајќи ги конјугатите, изразено како халоксифоп)
Хепталор и транс-хептахлор епоксид, изразено како хептахлор
Хексахлоробензен
Нитрофен

Ометоат
Тербуфос (збир од тербуфос, негов сулфоксид и сулфон, изразен како тербуфос

Табела бр.6.2 Пестициди кои не треба да се употребуваат во земјоделско производство на почетна формула за доенчиња и последователна формула за доенчиња

Хемиско име на супстанција
Алдрин и диелдрин, изразено како диелдрин
Ендрин

Табела бр. 7 Преглед на временскиот период, бројот на земени мостри регионите од кои се земаат и средствата кои се потребни за реализација на мониторингот на резидуите од пестициди или метаболити на пестициди.

Активност	Индикатор	Временски период за реализација на активноста	Број на мостра од секој производ кој ќе се земе	Планирани средства
Земање на мостри од производи (за анализа на присуство на активни материи од пестициди или метаболити на пестициди) поделени по градови	Број на вкупно земени мостри од производи	Јануари-декември 2020 година	Број на мостра од секој производ кој ќе се земе	Вкупно планирани средства за мониторинг на резидуи од пестициди или метаболити на пестициди 315.000,00
Преработена храна на житна основа и детска храна за доенчиња и мали деца				
Скопје	3 мостри	Јануари-декември	3 мостри	21.000,00
Куманово	3 мостри	Јануари-декември	3 мостри	21.000,00
Велес	3 мостри	Јануари-декември	3 мостри	21.000,00
Кавадарци	3 мостри	Јануари-декември	3 мостри	21.000,00
Струмица	3 мостри	Јануари-декември	3 мостри	21.000,00
Штип	3 мостри	Јануари-декември	3 мостри	21.000,00
Битола	3 мостри	Јануари-декември	3 мостри	21.000,00
Струга	2 мостри	Јануари-декември	2 мостри	14.000,00
Гостивар	2 мостри	Јануари-декември	2 мостри	14.000,00
Почетна формула за доенчиња и во последователна формула за доенчиња				
Скопје	3 мостри	Јануари-декември	3 мостри	21.000,00
Куманово	2 мостри	Јануари-декември	2 мостри	14.000,00

Велес	2 мостри	Јануари-декември	2 мостри	14.000,00
Кавадарци	2 мостри	Јануари-декември	2 мостри	14.000,00
Струмица	2 мостри	Јануари-декември	2 мостри	14.000,00
Штип	2 мостри	Јануари-декември	2 мостри	14.000,00
Битола	2 мостри	Јануари-декември	2 мостри	14.000,00
Струга	2 мостри	Јануари-декември	2 мостри	14.000,00
Гостивар	3 мостри	Јануари-декември	3 мостри	21.000,00

IV.4. Мониторинг за определување на присуството на тешки метали

метаподатоци, 20 веб сервиси за преглед, 15 веб сервиси за преземање податоци, кои опфаќаат 15 збирки на просторни податоци, од кои што согласно техничките спецификации кои произлегуваат од директивата извршена е хармониазија на 4 збирки на просторни податоци.Извршена е хармонизација и стандардизација на збирките на просторни податоци за административните единици, дигиталниот модел на терен, хидрографската мрежа и географските имиња и за истите се креирани WMS и WFS веб-услуги. АКН и НИПП-субјектите ќе продолжат со соработка за да го зголемат обемот и достапноста на ажурни, точни и добро одржувани просторни податоци на националниот НИПП-геопортал.

Согласно со Извештајот од следењето на напредокот на транспонирање и спроведување на европското законодавство за животната средина степенот на транспонираност на европската INSPIRE-директива (2007/2/EC), во Законот на националната инфраструктура на просторните податоци на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/14 и 106/16), се транспонирани 72% од задолжителните одредби. Во насока на понатамошно усогласување со европското законодавство, донесена е Уредбата за стандардите на метаподатоците („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.123/19).

Во текот на 2019 година беа направени следните активности поврзани со унапредување на ИКТ и тоа: надградба со нови функционалности во еКат и еКат Шалтер за надворешните и внатрешните корисници со кои се подобрува ефикасноста при работа и квалитетот на внесени податоци, обезбедување на непречено функционирање на ЕРП и ДМС системи, набавена е нова информатичка опрема која обезбедува континуитет во непречено функционирање на системите во АКН,средување на пасивната компјутерска мрежа во сите подрачни одделенија на АКН и ЦКН-Скопје, оптимизација на серверската инфраструктура и подобрување на организацијата за администрирање и опслужување на привилегии за надворешни и внатрешни корисници.

Во рамките на Проектот „Соработка за дигитална демократија“ кој го сочинуваат пет компоненти и тоа компонентите за Адресен регистар, НИПП, ИКТ, Скен центар и геодезија, беа изработени комуникациски планови посебно за секоја компонента кои треба да го даваат генералниот комуникациски план за целиот Проект.

По принципот од помало кон поголемо, секоја компонента води кон генералниот Проектен комуникациски план, кој пак ќе биде вграден во Генералната стратегија за односи со јавноста на АКН кој се планира да биде донесен до крајот на 2019 година.

Овие комуникациски планови се поткрепени со акциските планови, а дополнително тие пак ќе бидат сегментирани и дополнети со медиа планови.

Комуникациските планови ќе придонесат кон поголемата транспарентност, но и видливост и отчетност во работата на АКН. Генералната стратегија за односи со јавноста и корпоративно комуницирање, која ќе ја подготви АКН ќе придонесе кон промовирање на нов модел на отвореност кон јавноста.

1.2.2 АНАЛИЗА НА СИЛНИТЕ И СЛАБИТЕ СТРАНИ, МОЖНОСТИТЕ И ЗАКАНИТЕ (SWOT)

Силни страни:

- единствена институција за управување со ГКИС;
- воспоставен и интегриран катастар на недвижности во Република Северна Македонија;
- нов современ иефикасен електронски катастарски систем имплементиран на цела територија на Република Северна Македонија;
- имплементиран ISO 9001:2008 стандард;
- функционален систем за електронско плаќање за услугите (интегриран физички и виртуелен пос терминал);
- дигитално интегрирани алфанумерички и графички податоци за катастарот на недвижности во единствена централизирана база на податоци;
- овозможен on-line пристап до податоците на АКН;
- оперативен електронски шалтер за професионалните корисници;
- воспоставена дигитална архива за предмети по поднесени пријави од 2014 година до денес;
- воспоставен систем за електронско управување со ресурсите и документите;
- поседување сопствена и сигурна хардверска платформа за постоечки и идни софтверски решенија;
- корисничко ориентирана институција;
- поддршка од Владата на Република Северна Македонија за реформирање на АКН;
- поседување аналогна архива со геопросторни податоци и збирка на исправи со трајна вредност;
- воспоставен систем кој овозможува примена на модерните технологии за сателитско геопозиционирање (МАКПОС);
- воспоставени национални геодетски референтни мрежи по европски стандарди;
- поедноставена процедура за одржување на катастарот на недвижности;
- оперативен систем за изработка на стандардизирани дигитални геодетски елаборати;
- дистрибуција на геопросторните податоци преку други правни субјекти (нотари, приватни геодетски фирми, локална самоуправа, министерства, извршители, проценители, банки и други);
- изработени дигитални топографски карти во размер 1:25000, 1:50000 и 1:100000 за цела територија на Република Северна Македонија;
- воведена законска обврска на органите кои вршат јавно овластување (судови, министерства, органите на државната управа и единиците на локалната

самоуправа) за доставување на исправите кои содржат правен основ по електронски пат;
- зголемен процент на примени предмети по електронски пат;
- намален бројот на корисници на шалтерите на АКН;
- функционален катастар на инфраструктурни објекти, како дел од катастарот на недвижности;
- функционален Регистар на цени и закупнини;
- АКН координатор на активностите на НИПП во Република Северна Македонија и го одржува националниот геопортал;
- воспоставена национална и меѓународна соработка(потпишани меморандуми за соработка со национални институции и со катастарски институции од регионот и пошироко) и
- членство во меѓународни здруженија и организации од областа на геодезијата, картографијата и катастарот.

Слаби страни:

- недоволна комуникација - хоризонтална и вертикална;
- недостиг на простор за архивската граѓа од трајна вредност;
- недостаток на високообразовен стручен кадар и постоење на голем број вработени со несоодветно образование пришто се доведува во прашање компетентноста во извршување на работните задачи;
- невоодначена распределба на предмети помеѓу од подрачните одделенија за катастар на недвижности и ЦКН;
- немање процедури во кои е дефиниран типот на документот кој се потпишува само електронски, електронски/хартиено и само хартиено;
- недостиг на поединечни атрибути од клучните регистри во Република Северна Македонија во базата од ГКИС;
- зависност на АКН од надворешни правни субјекти за одржување на ИКТ-системите;
- немање соодветни работни простории и услови за работа;
- неизедначеност во постапувањето по барањата и нецелосно почитување на процедурите за работа ;
- непостоење на програма за менторство во насока на унифицирање на постапките;
- немање на протоколи за односи со јавноста и одделение за односи со јавност;

Можности:

- воведување нови е-услуги за подобро опслужување на корисниците;
- подобрување на квалитетот на податоците запишани во катастарот на недвижности;

- намалување на процентот на незапишани права во катастарот на недвижности;
- отпочнување со производство на нови картографски производи;
- воспоставување на центар за обработка и анализа на податоци од сателитски снимки;
- воспоставување на центар за скенирање;
- продлабочување на соработката со меѓународни донатори и меѓународна соработка за знаење и пренос на искуства;
- продлабочување на соработката со научните институции од соодветни области;
- поврзување со Регистри на податоци во надлежност на други институции, а со цел да се подобри квалитетот на податоците во базата на податоци на АКН;
- внес на податоци за улици и куќни броеви во базата на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви и одржување на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви;
- воспоставување и управување со Адресен регистар;
- одржување на Регистарот на преземени недвижности наменети за продажба;
- ажурирање на податоците во Регистарот на цени и закупнини кој ќе послужи како основа за воспоставување на масовна проценка на недвижностите;
- управување со Графичкиот регистар за градежно земјиште;
- можност за поврзување со Google, Microsoft, Navteq, TeleAtlas итн., како корисници на податоците на АКН вградени во нивните производи/услуги, врз основа на договор;
- можност за примена на софтверски решенија со отворен код;
- поставени развојни околини за екат системот, дистрибутивниот систем, ЕРП
- развој на модели на јавно приватно партнерство (ЈПП);
- АКН е непрофитна институција која се стреми кон зголемување на процентот на сопствени приходи во нејзиниот буџет, за развојни цели;
- Воведување на автоматска прераспределба на предмети рамномерно низ сите подрачни одделенија за КН и ЦКН и
- потенцијал за развој на нови производи и услуги, како резултат на општите трендови на пазарот.

Закани:

- промената на пазарните услови, односно економски кризи и слично води до намален број барања од корисниците;
- конкуренцијата од меѓународни интернет-пребарувачи или испорачувачи на податоци (Google, Microsoft,OpenStreetMap), како и приватни ГИС-компании;
- ризик од пропаѓање на договорните правни субјекти кои ги одржуваат ИКТ системите на АКН и
- непостоење на заедничка стандардна владина ИКТ-инфраструктура.

- Погрешно и тенденциозно информирање на некои медиуми, кои би створиле лоша слика за работењето на институцијата.
- Одлив на едуцирани и искусникадри
- ограничени можности за вработување на млад едуциран кадар според потребите на институцијата

1.2.3 ПРЕЗЕМЕНИ МЕРКИ И ОЧЕКУВАНИ РЕЗУЛТАТИ

Со Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019), се очекува подобрување на квалитетот на податоците запишани во катастарот на недвижности, олеснување на процедурите и поедноставување на постапките за запишување на недвижностите со незапишани права со тоа се очекува зголемување на интересот на корисниците на услугите на АКН. По подготвениот и усвоен Акциски план за запишување на правата на сопственост на Република Северна Македонија на катастарски парцели во катастарски општини со претходен премерен катастар во 2019 година реализирани се активностите во обем од 75%. Врз основа на законските измени во периодот кој следи ќе се подготви Акциски план за запишување на правото на сопственост на Република Северна Македонија, на катастарски парцели врз основа на постојна катастарска евиденција-катастар на земјиште, а кои во катастарот на недвижности се со незапишани права за катастарски општини со претходен пописен катастар.

Со истите изменувања и дополнувања на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019), овозможено е правата на сопственост на инфраструктурните објекти од јавен интерес, изградени на земјиште во приватна сопственост, да се запишуваат во катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, со обврска сопствениците на инфраструктурните објекти да ги решат имотно правните односи на земјиштето во рок од десет години од денот на влегувањето во сила на овој закон. Обврската за решавање на имотно правните односи на земјиштето, АКН ја прибележува во имотниот лист во кој се запишани инфраструктурните објекти.

АКН ќе работи на унифицирање на податоците во еКат системот по однос на воедначување на податоците во документите каде што како носител на право на сопственост се јавува Република Северна Македонија, од причини што постојат невоодначени записи на уписот на Република Северна Македонија во еКат базата на податоци.Согласно Конечна спогодба за решавање на разликите опишани во резолуциите 817 (1993) и 845 (1993) на Советот за безбедност на Обединетите Нации, за престанување на важноста на привремената спогодба од 1995 година и за воспоставување на стратешко партнерство меѓу страните и ратификацијата на Протоколот за пристапување во НАТО од Првата страна на Конечната спогодба како и согласно Уставниот закон за спроведување на амандманите од XXXIII до XXXVI на

Уставот на Република Северна Македонија (Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 6/2019), АКН ќе превземе активности кон усогласување на записите во базата на податоци во кои е содржано името на државата пришто направена е проценка дека има околу 68.000 документи (записи) во кои треба да се направи усогласување со новото име на државата. АКН во моментот работи и на усогласување на имињата на катастарските општини во еКат базата на податоци.

Во 2019 година АКН изготви Студија за избор на нова државна картографска проекција во рамките на која се анализирани повеќе картографски проекции кои би можеле да се применат за територијата на Република Северна Македонија. Анализите и препораките од студијата ќе послужат како основа при изборот на новата државна картографска проекција.

Во тек е изработка и на Студија за нови геодетски референтни системи која ќе биде основа за промена на македонскиот државен координатен систем и воведување во официјална употреба на европскиот ETRS 89-координатен систем, кој е стандард за работење во земјите на ЕУ.

Со воведувањето во официјална употреба на новиот ETRS 89-координатен систем и новата државна картографска проекција треба да се овозможи максимален квалитет при прибирањето и дистрибуцијата на просторните податоци на територија на Република Северна Македонија, како и при нивната картографска интерпретација.

Согласно заклучоците и препораките од горенаведените студии, АКН интензивно ќе работи на создавање предуслови за што поскора примена на новиот државен координатен систем и новата државна картографска проекција, проследено со широка стручна расправа во која што ќе бидат вклучени сите засегнати страни.

АКН ќе работи на создавање предуслови за воведување во официјална употреба на европскиот ETRS89-координатен систем во Република Македонија кој што нашата држава е должна да го имплементира, како земја кандидат за членство во ЕУ.

Националните геодетски референтни мрежи кои што АКН ги воспостави и ги одреди во изминатиот период, со спроведување специјални мерни кампањи ќе бидат поврзани со соодветните геодетски мрежи на соседните земји и вклопени во европските геодетски референтни рамки.

Пред ставањето во официјална примена на новите национални геодетски референтни мрежи ќе претходи процес на нивно поврзување со локалните геодетски мрежи, процес на датумска трансформација на постојните податоци, промена на законската и/или подзаконската регулатива и едукација на засегнатите страни за правилна примена на новите геодетски референтни системи во практиката.

Новите национални геодетски референтни мрежи ќе бидат предмет на редовно одржување со цел да се задржи и да се подобри нивната функционалност. Планирано е да се изврши осовременување на МАКПОС системот, преку негова софтверска и хардверска надградба, со која ќе се овозможи прием и обработка на сателитски сигнали од новите глобални GNSS сателитски системи, европскиот Galileo и кинескиот

Compass (Beidou). Со цел да се осигура интегритетот и следењето на временската еволуција на просторниот референтен систем на Република Северна Македонија, а во согласност со важечките прописи, предвидено е да се изврши ново GNSS премерување на точките од прв и втор ред од пасивната GNSS мрежа-МАКРЕФ.

Во периодот 2020-2022 година ќе се одвиваат и подготвителни активности за промена на државниот висински референтен систем и негово усогласување со европските стандарди. Планирано е да се изврши обновување и преодредување на уништените репери од новата нивелманска мрежа од висока точност (НВТЗ), како и нејзино погустување со развивање на нивелмански влаци долж новоизградените патишта.

Во однос на гравиметриските работи, предвидено е да се изврши погустување на апсолутната гравиметриска мрежа со поставување на уште една апсолутна гравиметриска точка во централниот дел на нашата држава и да се извршат нови апсолутни гравиметриски мерења во рамките на мрежата.

Врз основа на претходно изготвената стратегија АКН ќе спроведе активности за одредување прецизен геоид за територијата на Република Северна Македонија и негова примена во геодетската практика, со цел да се подобри квалитетот на геопросторните податоци кои што се добиваат во постапките на премерување со примена на методите на глобално сателитско позиционирање.

Согласно со модерните европски трендови ќе се изработи и проект за воспоставување повеќе наменска комбинирана геодетска мрежа (мрежа од нулти ред) на територијата на Република Северна Македонија, која што покрај за стандардните геодетски потреби, долгорочно ќе служи и за следење на геотектонските движења на земјината кора.

Се очекува реализацијата на активностите во доменот на основните геодетски работи, заради нивната специфичност, сложеност и финансиските побарувања, во добар дел да бидат поддржани од меѓународните донатори во рамките на проектите кои се имплементираат или ќе се имплементираат во АКН во периодот опфатен со планирањето. За реализација на овие активности ќе се црпат искуства од развиените европски земји како што се: Шведска, Норвешка, Холандија, Јапонија и други.

Во согласност со динамиката на извршување на работите поврзани со премерот, обележувањето, одржувањето и обновувањето на граничните белези и граничната линија на државната граница, АКН ќе продолжи со изработка на топографски и ортофото карти, како дел од новата гранична документација.

АКН ќе изврши подготовка за печатење на топографските карти во сите размери, а печатењето ќе биде реализирано од страна на Генералниот директорат за картирање на Република Турција, врз основа на склучениот меморандум за соработка.

Активностите поврзани со ласерското скенирање на територијата на Република Северна Македонија (Lidar проект) ќе продолжат да се реализираат и во периодот што следува. Целта е да се изготви прецизен дигитален модел на теренот (DTM и DSM) на целата државна територија, кој понатаму ќе најде широка примена во реализацијата на

проекти од повеќе области, како што се: кризниот менаџмент, просторното планирање, заштитата на животната средина, геодезијата, инфраструктурата, земјоделството, шумарството, одбраната и слично. Дистрибутивниот LIDAR портал преку кој корисниците ќе можат да вршат преглед, селекција и преземање на LIDAR податоците планирано е да се стави во функција во првата половина од 2020 година. Се очекува реализацијата на овие активности да биде поддржана од меѓународните донатори, пред сè од Владата на Кралството Норвешка.

АКН ќе работи на градење капацитети кои ќе овозможат примена на далечинската детекција и други современи мерни технологии, со кои на брз и ефикасен начин се доаѓа до ажурни геопросторни податоци, во функција на брзо изготвување картографски производи на локално и државно ниво. Се планира изработка на студија која ќе има за цел да ја утврди потребата од воспоставување современ центар за обработка на податоци од сателитски снимки, како и потребните ресурси за негово воспоставување (човечки, технички и финансиски). Се очекува изработката на студијата и воспоставувањето на центарот за обработка на податоци од сателитски снимки да биде поддржано од одредени меѓународни донатори, пред сè од Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA).

Географскиот центар на Република Северна Македонија е лоциран во атарот на село Долно Врановци (Велешко), на 1,5 км северно од селото во непосредна близина на реката Бабуна. Со одредувањето на географскиот центар создадени се предуслови за понатамошна промоција и популаризација како на самиот локалитет, така и на локалната заедница и на државата во целост. Во насока на популаризација на географскиот центар на Република Северна Македонија ќе биде негово пригодно обележување со поставување на соодветно обележје и уредување на самата локација.

Во насока на оваа активност, во 2020 година ќе се изготви проект за партерно уредување на локалитетот околу географскиот центар и ќе се отпочне со негова реализација. Сите активности ќе се координираат со локалната самоуправа на Општина Чашка со цел на изготвување на соодветна урбанистичко-планска документација и обезбедување на пристапен пат и друга неопходна инфраструктура до самиот локалитет.

АКН ќе продолжи активно да учествува во изготвувањето и одржувањето на паневропските Еурогеографикс продукти: Euro Boundary Map (Карта на граници во Европа), Euro Global Map (Глобална карта на Европа), Euro Regional Map (Регионална карта на Европа) и Euro Digital Elevation Model (Дигитален висински модел на Европа), како и во изготвувањето на Global Map (Глобална карта на светот), чија изработка е координирана од Обединетите нации.

Во согласност со политиката на отвореност и сервисна ориентација ќе се воспостават модели за перманентна комуникација со корисниците на картографските производи преку кои истите ќе бидат информирани за активностите кои што се

одвиваат во АКН во доменот на картографијата, со цел да се слушнат и земат во предвид нивните мислења и потреби.

Во периодот 2020-2022 година АКН ќе продолжи да работи на вршење геодетските работи за посебни намени поврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектна документација, како и на вршење премер во функција на запишување на недвижности сопственост на Република Северна Македонија, врз основа на одлуки донесени од Владата на Република Северна Македонија.

Согласно со одредбите од Законот за катастар на недвижности, АКН во периодот 2020-2022 година ќе продолжи да ги врши работите поврзани со премерот, обележувањето, одржувањето и обновувањето на граничните белези и граничната линија на државната граница, во координација со Министерството за надворешни работи, како надлежно министерство.

Од обемната база на геопросторни податоци за територијата на Република Северна Македонија, во периодот 2020-2024 година ќе бидат превземени мерки за воспоставување на сервис на отворени податоци (Open Data Sources) со цел да се овозможи користење на овие податоци од страна на заинтересирани физички и правни лица, а во насока на поттикнување на нови идеи и решенија за нови услуги во приватниот сектор кои ќе створат услови за отворање на нови работни места.

Со измените на Законот за катастар на недвижности како надлежност на АКН се пропишува и вршењето на премер во функција на теренско прибирање на податоци за улици и куќни броеви, а во функција на воспоставување на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви. АКН донесе Правилник за формата и начинот на водење на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви („Службен весник на Република Македонија“ бр. 220/2018).

Подготвен е Предлог закон за систем на адреси од страна на работна група во која учествуваа претставници од: АКН, Министерството за транспорт и врски, Министерството за внатрешни работи, Централен регистар, Министерството за информатичко општество и администрација, Државен завод за статистика, ЗЕЛС и град Скопје. Овој Предлог закон е доставен до надлежниот орган и предлагач на законот, Министерството за транспорт и врски и за истиот е започната постапка за негово донесување. По усвојувањето на Законот за систем на адреси, ќе следува донесување на подзаконски акти.

Во почетокот на 2020 година ќе се отпочне со реализација и имплементација на пилот проект за скенирање на целокупниот архивски аналоген материја со кој ќе се опфатат и податоците од извршениот премер на територијата на државата кој датира од 1929 година се до периодот на задолжителното доставување на податоците од страна на професионалните корисници до 2015 година. Се дигитализирањето на архивскиот

материјал и документацијата од трајна вредност преку постојната софтверска инфраструктура ќе се овозможи забрзување на дигитализираните процеси на решавање на предметите, увидот и довербата на граѓаните во јавната книга а се во насока на подобрување на квалитетот услугите кон сите крајни корисници.

Врз основа на искуствата од пилот проектот АКН ќе подготви Стратегија за скенирање на документите од трајна вредност, чија цел е скенирање и дигитализирање на архивскиот материјал на АКН на централно и локално ниво. Овие записи ќе бидат достапни преку постојната софтверска инфраструктура на АКН, со што ќе се овозможи забрзан и дигитализиран процес за решавање на предметите како во АКН, така и кај професионалните корисници. Бидејќи станува збор за повеќегодишен проект, а имајќи го во предвид големиот архивски материјал со кој располага АКН, бенефитите од овој проект нема веднаш да бидат видливи. Локацијата на која што ќе се спроведува пилот проектот, потребно ќе биде да се опреми со соодветна компјутерска опрема, опрема за скенирање, канцелариска опрема и екипирање на соодветната организациона единица со квалификуван персонал.

За таа цел во текот на 2021 година АКН планира да отпочне со градба на нов објект на локација на која сега се наоѓа генералната дирекција на АКН. Новиот објект треба да биде изграден согласно современите архитектонски трендови и функционалности со што ќе се овозможи подобрување на работните услови на вработените. Постојниот објект кадешто сега се наоѓа седиштето на АКН се планира да прерасне во централен архив каде што ќе се започне со процесот на скенирање на документите од трајна вредност. Во објектите каде што се наоѓаат одделенија за катастар на недвижности Прилеп и Крушево во текот на 2020 година се планира реновирање, бидејќи овие објекти се објекти од културно и историско значење.

Во периодот 2020-2022 предвидена е изработка на нова ИКТ стратегија која ќе го опфати развојот и примената на новите технологии, градење на сопствени институционални капацитети и независност како и континуирана замена на стара информатичка и компјутерска опрема. Како еден од приоритетите во оваа област планиран е редизајн и реинженеринг на постојните софтверски решенија и сервиси кон професионалните корисници:

- Редизајн и реинженеринг на еКат и еКат-Шалтер со воведување на нови функционалности и нов кориснички интерфејс;
- Редизајн и нови функционалности на дистрибутивниот геопртал ОССП-(One Stop Shop Portal);
- Редизајн и нови функционалности на националниот портал за Национална Инфраструктура на Просторни Податоци-НИПП;
- Пуштање во примена на порталот за Регистарот на превземемени недвижности наменети за продажба и
- Нов геопортал за дистрибуција на податоци од LIDAR скенирање.

Со надградбата, редизајнот и реинженерингот и примената на нови технологии ќе се овозможи полесен и побрз начин на дистрибуција на геопросторните податоци со кои располага Агенцијата за катастар на недвижности како сервисно ориентирана институција кон професионалните корисници и другите државни институции.

Регистарот на имот на Република Северна Македонија и државните органи како корисници на имотот претставува регистар во кој ќе биде внесен имот во сопственост на Република Северна Македонија. Во овој регистар ќе влезат сите недвижности кои се во државна сопственост и на сите недвижности ќе им се додели единствен идентификатор и ќе се овозможи напредно пребарување по одредени филтри со цел полесно пронаоѓање на потребните недвижности. Параметри за пребарување ќе бидат: катастарско одделение, катастарска општина, број на парцела, влез/кат/стан, број на имотен лист, адреса, корисник на недвижноста.
Регистар на имот на Република Северна Македонија и државните органи како корисници на имотот се предвидува да има и графичка визуелизација на парцелата како и на сите недвижности во овој регистар.

Идентификаторот на недвижноста ќе биде единствен и на секоја недвижност ќе може да се поврзат онолку државни институции колку што ја користат таа недвижност.

Базата на податоци која ќе ја користи Регистарот на имот на Република Северна Македонија и државните органи како корисници на имотот, ќе содржи поврзаност помеѓу државните институции кои користат недвижен имот и идентификаторот на секоја недвижност. Оваа поврзаност ќе даде брза и јасна слика кој недвижен имот е на користење од страна на државните органи на Република Северна Македонија.

Пазарниот концепт за купување податоци од еКат шалтер, ќе ги следи модерните и современи трендови на електронски нарачки. Корисникот ќе има можност прво да ги избере сите недвижности кои се потребни, а потоа за секоја недвижност да го одбере типот на податоците кои му се потребни. Со завршување на процесот ќе се креираат сите потребни излезни документи согласно важечките законски и подзаконски акти на АКН.

АКН на недвижности ќе започне да го развива системот за масовна проценка на недвижности на цела територија на Република Северна Македонија. Со воведување на системот за масовна проценка ќе се обезбедат придобивки и тоа од повеќе аспекти:

- транспарентен пазар на недвижности каде сите информации за недвижностите се достапни до јавноста;
- подобрување и модернизирање на даночна политика на имот на целата држава;
- обезбедување на еднозначни податоци за вредноста и карактеристиките на недвижностите кои би го подобриле работењето на проценителите, судските вештаци, агенциите за недвижности, судовите и државната управа која има потреба од овие податоци и

- воведување на меѓународни стандарди во работата на проценителите, вештаците и агенциите за недвижности и слично.

Целта на проектот е да се формира централен систем за воспоставување на масовна проценка во Република Северна Македонија, кој ќе има еднозначни податоци за недвижностите и ќе направи поврзаност помеѓу институциите кои ги креираат, користат и оддржуваат податоците за вредноста на недвижностите. Главната цел на овој систем е преку достапните податоци од сите институции и регистри, да креира и одржува вредносни зони на целата територија на Република Северна Македонија, да воспостави модели за проценка на недвижен имот со кои ќе бидат опфатени сите недвижности запишани во катастарот на недвижносите и да биде во можност да изврши проценка на сите недвижности запишани во катастарот на недвижности во точно одредено време и да издаде пазарна вреност за секоја недвижност или дел од недвижност поединечно.

Во наредните три години се очекува АКН континуирано да го одржува и да го дополнува Регистарот на цени и закупнини кој би бил основа за воспоставување на систем за моделирање, односно масовно вреднување на недвижностите евидентирани во катастарот на недвижностите.

Во 2020 година АКН на недвижности планира развој и имплементација на веб и мобилна апликација "МОЈ ИМОТ". Намената на ваков тип на софтвер е сопствениците на недвижен имот, во секо време да имаат увид во својата недвижност и правните процеси поврзани со истата, како и останати правни процеси кои можат да влијаат на нивната сопственост.

Апликацијата "МОЈ ИМОТ" ќе овозможи лесен и брз начин на ажурирање на податоците на сопственикот на имот како податоци за контакт телефон, e-mail, лични податоци.

Софтверското решение на веб апликацијата ќе му овозможи на корисникот едноставен пристап до графички преклоп на податоците за својата недвижност со податоците од сите регистри кои се во надлежност на Агенцијата за катастар на недвижности.

Мобилната апликација "МОЈ ИМОТ" ќе му овозможува на сопственикот на имот на терен на брз и ефикасен начин да ги идентификува своите недвижности.

Сопствениците на недвижен имот преку апликацијата ќе имаат можност сите информации поврзани за својата недвижност да ги добиваат преку e-mail, како и да ги препраќаат мануелно/автоматски до претходно избрани/дефинирани листи на адвокат, нотар или геодетска компанија со избирање од официјална листа од соодветните комори.

Во првиот квартал од 2020 година во функција ќе биде пуштен во новиот портал за НИПП. Со новите функционалности ќе се овозможи подобар кориснички интерфејс, полесно креирање метаподатоци, хармонизација на геопросторните податоци согласно техничките спецификации кои произлегуваат од INSPIRE-директивата. Клучна активност во оваа област ќе биде воспоставувањето на Регистарот на збирка на

просторни податоци. Со овие активности ќе се овозможи подобрување на планирањето и носењето на одлуки на национално и локално ниво. АКН со поддршка од шведскиот катастар ќе работи на подготовка на нова Стратегијата за НИПП за периодот 2020-2022 во рамки на проектот „Соработка за дигитална демократија". Во оваа постапка ќе бидат вклучени сите субјекти и НИПП работните групи.

Во периодот 2020-2022 АКН и субјектите во НИПП континуирано ќе работат на имплементација на Законот на НИПП во делот на креирање метаподатоци, хармонизација на геопросторните податоци согласно со техничките спецификации кои произлегуваат од INSPIRE-директивата, како и на изработката на веб-услуги. За вработените од одделението за НИПП при АКН и за номинираните учесници во НИПП работните групи се планира организирање и одржување на годишни специјализирани обуки чија реализација ќе биде поддржана од проектот „Соработка за дигитална демократија". Во насока на понатамошна промоција на НИПП од 2020 година се планира воведување на НИПП ден.

За да се подобри комуникацијата со засегнатите страни и тоа со општините, министерствата и професионалните корисници, АКН подготви и ќе продолжи да ги развива, комуникациските планови за следните области: воспоставување на Графички регистар на улици и куќни броеви, за геодезија, за НИПП, за Скен Центар и за ИТ. Овој план ги објаснува процедурите и постапките за начинот на комуникација на АКН со засегнатите страни. АКН планира да организира низа на работилници со цел подготовка на Стратегијата за односи со јавноста. Во рамките на оваа стратегија АКН планира да воспостави одделение за односи со јавност како и да воведе протоколи за односи со јавноста кои во моментот не постојат. АКН вложува напори да се одговори на потребите на граѓаните и професионалните корисници преку веб страницата која АКН ја има и е една од најажурираните во рамките на владините институции. Содржините на веб страницата редовно се одржуваат на три јазика, македонски, англиски и албански јазик. Согледувајќи ја неопходноста од креирање на ваков документ, АКН до крајот на 2019 година планира да донесе Генерална стратегија за односи со јавноста која ќе ги содржи правила на комуницирање на хоризонтално и вертикално ниво. Со донесувањето на оваа Стратегија ќе се дефинираат правилата на комуницирање, ќе се дефинира визуелната идентификација на АКН, во смисла на бренд и она што можеби е и најважно, ќе ја отвори институцијата кон јавноста, да биде достапна до медиумите и преку нив и до јавноста (се говори за структурирано и осмислено појавување во јавноста и нејзино информирање, што не значи дека сега АКН е институција затворена за информации, но само ќе биде поредовно и структурирано).

АКН и Лантматериет и во текот на 2020 година ќе продолжат со имплементација на проектот „Соработка за дигитална демократија" кој е финансиски поддржан од страна на Шведската меѓународна развојна агенција (Swedish International Development Agency-Sida). Проектот и во текот на 2020 година ќе ги подржи активностите на АКН кои се поврзани со теренското прибирање на податоците за улици и куќни броеви, обновувањето на ГНСС примениците од МАКПОС системот,

поддршка во изработка на Стратегијата за НИПП и НИПП активностите, развој на ИКТ Стратегијата и поддршка при имплементацијата на пилот проектот за скенирање на архивската документација.

АКН аплицираше пред фондовите на Европската Унија за добивање на финансиска поддршка за теренско прибирање на податоци за 10 општини а во функција на воспоставување на Графичкиот регитар за улици и куќни броеви овој проект се планира да се реализира во текот на 2020 година.

АКН и во текот на 2020 ќе ја продолжи соработката со Холандскиот катастар рамките на SPATIAL 2 проектот кој е финансиран од страна на Холандското министерство за надворешни работи во рамките на MATRA предпристапната програма, АКН и претставниците на холандскиот катастар ќе организираат низа на работилници и обуки за вработените и засегнатите министерства од областа на институционалниот развој, Адресниот Регистер и картографија.

Во рамките на потпишаниот Меморандум за соработка, помеѓу Генералниот директорат за картирање на Република Турција и АКН ќе се продолжи со печатењето на топографските карти во размер 1:100000 во количина 10.800 листови и карти во размер 1:200000 во количина од 4.800 листа, за целата територија на нашата држава кои карти претходно се изработени и се подготвени за печатење во Агенцијата.

1.3 МИСИЈА

АКН е сервисно ориентирана институција која обезбедува сигурен и ефикасен пристап до дигиталните податоци од ГКИС преку е-сервиси, електронски го одржува катастарот на недвижности и катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, управува со Графички регистар за градежно земјиште, внесува податоци за улици и куќни броеви во базата на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви и го одржува Графичкиот регистар за улици и куќни броеви, одржува Регистар на преземени недвижности наменети за продажба, создава услови за идно воспоставување на масовна проценка, воспоставува и одржува геодетска референтна инфраструктура по меѓународни стандарди и обезбедува јавен пристап до Националната инфраструктура на просторни податоци, ги јакне човечките ресурси и капацитети со цел соодветно да одговорат на барањата на новите програми, системи и методи, стремејќи се кон зголемување на средствата од сопствени приходи во Буџетот на АКН.

1.4 ВИЗИЈА 2022

АКН е современа институција со целосно воспоставени примарни и секундарни бизнис-процеси кои овозможуваат размена на високо квалитетни и ажурни дигитални податоци и сервиси на национално и регионално ниво, придонесувајќи кон економски раст и развој на општеството.

1.5 ЗАДАЧИ И ОБВРСКИ НА АКН

Задачите и обврските на АКН се утврдени со Законот за катастар на недвижности и Правилникот за внатрешна организација на АКН.
Согласно со Законот за катастар на недвижности, АКН е надлежна за:
- управување со ГКИС,
- вршење основни геодетски работи,
- вршење премер на недвижностите,
- вршење премер и одржување на државната граница,
- вршење геодетски работи за посебни намени,
- востановување и одржување на катастарот на недвижности,
- вршење масовна процена на недвижностите запишани во катастарот на недвижности,
- воспоставување и управување со Графичкиот регистар за градежно земјиште,
- изготвување на топографски карти,
- водење Регистар за просторни единици,
- водење Графички регистар за улици и куќни броеви,
- водење регистар на цени и закупнини,
- водење Регистар на преземени недвижности наменети за продажба,
- воспоставување, одржување и овозможување јавен пристап до Националната инфраструктура на просторните податоци согласно со посебен закон и
- вршење надзор на работењето на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи

АКН функционира врз основа на принципите на легитимност, стручност, ефикасност, транспарентност, сервисна ориентираност, професионалност и одговорност за работата што ја врши и резултатите кои ги постигнува.

1.6 СПЕЦИФИЧНОСТ НА АКН

АКН има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Законот за катастар на недвижности. Со АКН управува Управниот одбор кој е составен од пет члена и тоа по еден член на предлог од Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Министерството за финансии, Министерството за животна средина и просторно планирање и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство. Со АКН раководи директор. Директорот на АКН има заменик.

АКН работите од својот делокруг ги извршува преку: Генералната дирекција, Центарот за катастар на недвижности-Скопје, Регионални сектори за катастар на недвижности, одделенија за катастар на недвижности и катастарски шалтери.

Работата на секторите која се однесува на катастарот на недвижности за општините во Скопскиот статистички регион според номенклатурата на територијални единици за статистика (НТЕС) ја координира Центарот за катастар на недвижности-Скопје.

Организациската структура е функционално дефинирана и уредена со Правилник за внатрешна организација на АКН. Согласно програмските определби за спроведување на реформите во АКН, како еден од приоритетите е воспоставување на нова организациона структура и донесување на нов акт за внатрешна организација, со цел подобрување на хоризонталната и вертикалната комуникација, како и подобрување на работните процеси со цел навремено и професионално извршување на работните задачи.

АКН во рамките на управувањето со човечките ресурси се придржува кон начелото на правична застапеност на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

1.7 СТРУКТУРА НА АКН

АГЕНЦИЈА ЗА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ



Органограм на АКН

1.8 ПРИОРИТЕТИ И ЦЕЛИ НА АКН

За реализација на стратешките приоритети и цели на Владата на Република Северна Македонија, АКН за периодот 2020-2022 година има утврдено 3 (три) приоритети за чиешто спроведување се утврдени 29 (дваесет и девет) цели и тоа:

- ПРИОРИТЕТ БР. 1:

АКН Е СЕРВИСНО ОРИЕНТИРАНА ИНСТИТУЦИЈА

Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на 4 (четири) цели:

- зголемено задоволство и доверба на корисниците од работата на АКН;
- обезбедување точна и навремена информација до корисниците,
- информирање на јавноста, преку промоцијана услугите, со што корисниците ќе знаат кои услуги може да ги добијат од АКН за колку време и за кој износ,
- организирање и одржување на обуки за професионалните корисници.

- ПРИОРИТЕТ БР. 2:

ЕФИКАСЕН, СИГУРЕН И БЕЗБЕДЕН ДИГИТАЛЕН ГКИС (Геодетско - катастарски информационен систем)

Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на 14 (четиринаесет) цели:

- одржување на катастар на недвижности и катастар на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности;
- подобрување на квалитетот на податоците од катастарот на недвижности;
- изготвување на геодетски елаборати за посебни намени- ажурирани геодетски подлоги;
- одржување современа геодетска референтна инфраструктура и воспоставен ETRS89-координатен систем;
- вршење премер во функција на запишување недвижности кои се во сопственост на Република Северна Македонија;
- изработка на топографски и наменски карти и карти по НАТО стандарди;
- координирање на НИПП активностите во Република Северна Македонија;
- управување со Графичкиот регистар за градежно земјиште;
- одржување на Регистар на преземени недвижности наменети за продажба;
- водење на Регистарот на цени и закупнини, како основа за идна масовна проценка на недвижности;
- ласерско скенирање на територијата на Република Северна Македонија;

- внес на податоци за улици и куќни броеви во базата на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви и одржување на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви;
- пилот проект за воспоставување скен центар во АКН и
- меѓународна соработка.

- ПРИОРИТЕТ БР. 3:

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА АКН И СОРАБОТКА НА НАЦИОНАЛНО И МЕЃУНАРОДНО НИВО

Овој приоритет ќе се спроведува преку реализација на 11 (единаесет) цели:

- нова законска регулатива за геодетска дејност и водење на регистри, со која АКН ќе го добие вистинското место во општеството, ќе бидат пропишани сите потребни норми и правила за негово работење;
- воспоставување на нова организациона структура и донесување на нов акт за внатрешна организација;
- изработка на ИКТ Стратегија;
- реинженеринг на код и редизајн на кориснички интерфејс на системот електронскиот катастар
- реинженеринг на компоненти на системска/апликациска архитектурата и редизајн и модернизација на web кориснички и управувачкиот интерфејс на ОССП
- реинженеринг/редизајн на кориснички интерфејс/изработка на нов современ систем за обработка на графички и атрибутни податоци за катастар на недвижности и катастар на инфраструктурни објекти како дел од катастар на недвижности согласно потребите на АКН и професионалните корисници;
- едуциран и високомотивиран кадар;
- ефективно управување со бизнис-процеси;
- изградба на нов објект;
- обучен кадар и обучени професионални корисници и
- издигање на институцијата во лидер по иновациите, примена на новитети и начин на брзо и сигурно работење.

1.9 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД 2018 ГОДИНА

Во текот на 2018 година седумте регионални сектори за катастар на недвижности и Центарот за катастар на недвижности – Скопје (во понатамошниот текст: ЦКН) продолжија со активностите кои се однесуваат на усогласување на податоците од поединечното запишување со податоците од катастарот на недвижности, запишување на недвижностите кои во постапката на систематското излагање останале со

незапишани права со цел да се намали процентот на незапишани права во катастарот на недвижностите и континуирано одржување на востановениот катастар на недвижности со запишување на промени за недвижностите и на носителите на правата на недвижностите.



Број на примени, решени, одбиени и нерешени предмети за периодот јануари - декември 2018 година



Динамика на решавање на предметите за периодот 2008 - декември 2018 година

Дистрибутивен систем на АКН

На порталот http://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/ во периодот јануари - декември 2018 година се направени вкупно 46.717 нарачки со вкупно 177.402 производи со

направени успешни нарачки, од кои според формата на производот се издадени 177.335 производи во електронска форма, 58 производи во хартиена форма и 9 сервиси.



Споредба на податоците издадени преку дистрибутивниот систем на АКН

Бројот на нарачки направени преку дистрибутивниот систем на АКН во периодот јануари - декември 2018 година во однос на периодот јануари - декември 2017 година е зголемен за 84 %, а додека бројот на производи издадени преку дистрибутивниот систем на АКН е зголемен за 143 %.

Дигитализација на катастарски општини

Во периодот јануари- декември 2018 година, во делот на дигитализацијата на катастарските планови, направена е миграција во е-кат графика на 13 КО и внесена е една КО во МАКЕДИТ софтверот.Од вкупно 1913 КО во нашата држава, досега се мигрирани вкупно 1852 КО. Преостануваат уште 61 КО за миграција, од кои 60 КО се во надлежност на ОКН Тетово, а 1 КО во надлежност на ОКН Гостивар.

Спроведување контрола и надзор

Во рамките на Секторот за контрола и надзор во периодот јануари- декември 2018 година примени се вкупно 713 претставки. Од нив и од нерешените предмети од претходните месеци решени се вкупно 687 претставки.

Согласно годишниот план за контрола, во периодот јануари- декември 2018 година извршени се контроли на работата во 25 одделенија за катастар на недвижности, додека согласно планот извршени се контроли на 152 приватни геодетски фирми.
Во периодот јануари - декември 2018 година, стручни лица од Секторот за контрола и надзор извршија прием на 355 странки, на кои им беа дадени соодветни насоки за разрешување и надминување на проблемите од областа на имотно- правните работи.
Бројот на примени повици преку контакт- центарот на АКН, вкупниот број на поставени прашања од страна на професионалните корисници, вкупниот број на побарани информации, како и вкупниот број на поставени прашања за кои е во процес

креирањето одговор во периодот јануари - декември 2018 година е значително намален во однос на истиот период во 2017 година.



Регистрирани повици од корисниците во периодот јануари- декември 2018 година

Регистар на цени и закупнини

Во периодот јануари-декември 2018 година во базата на Регистарот на цени и закупнини се внесени 30.542 трансакции, од кои 21.006 продажби на недвижности и 9.536 закупи на недвижен имот. Споредбено со 2017 година, во 2018 година има регистрирано 16.040 трансакции повеќе, што укажува на пораст на пазарот на недвижности.



Процентуален израз на вкупно регистрираните продажби и закупи во периодот јануари - декември 2018 година

Геодетски работи за посебни намени од значење за Република Северна Македонија

Во согласност со укажувањата на Владата и одлуките за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко-проектни документации за 2018 година изработени се ажурирани геодетски подлоги за 6 локалитети со вкупна површина од 427 ха.

Премер на недвижности

Во согласност со одлуките на Владата за утврдување на работите од премерот во функција за запишување на недвижности во сопственост на државава во текот на 2018 година изработени се вкупно 30 елаборати од извршениот премер во функција на запишување на недвижности со незапишани права во сопственост на државава за објекти во 12 Катастарски Општини.

Премер на објекти согласно Законот за заклучување на стечајните постапки

Во текот на 2018 година изработени се 8 геодетски елаборати за утврдување на правен статус на бесправни објекти согласно Законот за заклучување на стечајните постапки отворени согласно со Законот за присилно порамнување стечај и ликвидација и Законот за стечај (Службен весник на Република Македоника" бр. 12/2014).

Востановувањето на катастарот на инфраструктурни објекти

АКН и во текот на 2018 година продолжи со востановувањето на катастарот на инфраструктурни објекти (во понатамошниот текст: ИО) кој опфаќа: запишување на правата на ИО, евидентирање на ИО, предбележување на ИО, како и одржување на ИО.
Во текот на 2018 година запишани се вкупно 579.770 м инфраструктурни објекти, евидентирани се вкупно 1.051.826 м инфраструктурни објекти и предбележани се вкупно 28.762 м инфраструктурни објекти.

Геодетска референтна инфраструктура и изработка на топографски карти

Во текот на 2018 година се одвиваа континуирани активности поврзани со редовното одржување на постојните геодетски референтни мрежи, при што посебен акцент е ставен на МАКПОС системот, како најзначаен сегмент од геодетската инфраструктура на нашата држава.
Новата нивелманска мрежа од висока точност на нашата држава-НВТ3 поврзана е со Европската обединета нивелмаска мрежа-UELN преку остварување на 3 (три) нивелмански врски со нивелманската мрежа од висока точност на Република Бугарија, на репери кои што заеднички ги одредија Агенцијата за катастар на недвижности и Агенцијата за геодезија, картографија и катастар на Република Бугарија. Вкупната должина на нивелманските линии за поврзување на НВТ3 со UELN изнесува околу 72,9 km.

Извршено е и поврзување на градските нивелмански мрежи со новата нивелманска мрежа од висока точност-НВТ3 преку поврзување на секоја градска нивелманска мрежа со НВТ3 со 3 (три) нивелмански врски, на репери кои што лежат на различни нивелмански линии и на различни страни од мрежата. Вкупниот број на градски нивелмански мрежи на кои што се изврши поврзување со НВТ3 изнесува 28, со вкупна должина на нивелманските линии од околу 70.1 km.
АКН во континуитет работи на изработка на топографски карти во различни размери. Заклучно со месец јуни 2018 година комплетирана е изработката на англиската верзија на топографските карти во размер 1:200000.

Во втората половина на 2018 година АКН отпочна со ажурирање на топографските карти во размер 1:25000. Во периодот јули-декември 2018 година ажурирани се 20 топографски карти во векторска и растерска форма (македонска и англиска верзија).
Во месец декември 2018 година, во соработка со Градежниот факултет Скопје-Катедрата за виша геодезија, завршена е изработката на „Студија за избор на нова државна картографска проекција“.

Ласерско скенирање

Во периодот јануари-декември 2018 година реализирана е првата подготвителна мисија поврзана со реализацијата на Проектот за ласерско скенирање на дел од територијата на државава (LIDAR проект). Во АКН престојуваа експерти од Норвешката агенција за картографија (Kartverket) со кои што е работено на дефинирање на активностите во рамките на секоја од компонентите во проектот и на планот за нивна имплементација. Во вториот квартал од 2018 година започнати се активностите поврзани со изготвување на Техничката спецификација и акциски план за реализација на LIDAR проектот. На 19.12.2018 година потпишан е договор за ласерско скенирање на дел од територијата на Република Северна Македонија (околу 10.000 км^2) кое што ќе го спроведе полската компанија MGGP Aero.

Премер, обележување, одржување и обновување на граничните белези и граничната линија на државната граница на Република Северна Македонија

Во текот на 2018 година АКН реализира поголем обем на активности поврзани со чување, одржување, обновување и обележување на државната граница на Република Северна Македонија спрема соседните земји и отварање на нови гранични премини.

Со Република Бугарија извршени се теренските работи околу обележувањето, чистењето и мерењето на граничната линија на од граничен столб 1 до граничен столб 50 во вкупна должина од 62 км. и се отпочна со елаборирање на прибраните теренски податоци во функција на изработка на граничната документација.

Со Република Србија продолжија активностите на изработка на гранична документација за дел од 4-тиот сектор од македонско-српската граница во должина од околу 12 км, а на 6-тиот сектор извршени се теренски контролни мерења на стабилизираните гранични белеги во вкупна должина од 47 км. и се отпочна со елаборирање на прибраните теренски податоци во функција на изработка на граничната документација.

Со Република Косово спроведени се низа геодетски активности во рамките на работата на Мешовитата македонско-косовска експертска комисија за отворање на заеднички граничен премин Белановце-Станчиќ.

Со Република Албанија извршени се теренски контролни мерења за одредување на местоположбата на граничните столбови Ф19 и Ф20 од граничната линија во реонот на Конско, Преспанско Езеро, како обврска од зклучоците на одржаната средба на Мешовита македонско-албанска комисија за одржување, обновување и обележување на граничната линија.

Со Република Грција на делот од границата која се протега по Дојранското Езеро извршена е контрола на местоположбата на 12-те гранични пловки поставени од грчка страна, согласно потпишаната меѓудржавна спогодба

Националната инфраструктура на просторни податоци

АКН во рамките на Националната инфраструктура на просторни податоци (во понатамошниот текст НИПП) и во текот на 2018 година продолжи со процесот на хармонизација и стандардизација на збирките просторни податоци по европската INSPIRE-директива, како и со изработката на метаподатоци и веб-сервиси за следните податоци:

-железничка мрежа 1:25000,
- мали објекти 1:25000
- класификација на земјиште 1:25000.

Во периодот јануари- декември 2018 се реализирани се промотивни активности за НИПП, и тоа: финализирани и испечатени сее Водичот за оперативна имплементација на НИПП, леток за НИПП и Прирачник за оперативна имплементација за НИПП.

Графички регистар за улици куќни броеви

Завршена е тендерската постапка за прибирање на податоци за улици и куќни броеви во 10 скопски општини. Избрани се две компании со кои се склучени три договори. Активностите по овие договори треба да завршат кон крајот на 2019 година.

Завршена е надградбата на е-кат системот со модул за воспоставување Графички регистар за улици куќни броеви.

Регистарот на просторни единици

Во Регистарот на просторни единици извршено е усогласување на границите на административните општини и границите на населените места, како и границите на статистичките и пописните кругови. Започнато е со подготвување на податоците потребни за претстојниот пробен попис и за пописот на населението, домаќинствата и становите.

Меѓународна соработка и обуки

АКН активно учествуваше во работата на меѓународните организации каде што таа членува, со цел во рамките на годишните собранија, конференции и работилници на овие организации да го прикаже напредокот на институцијата во областа на катастарот на недвижности, геодезијата, инфраструктурата на просторни податоци и информатичката технологија.

АКН и во 2018 година интензивно работеше на проширување на соработката со други сродни институции од регионот и пошироко за размена на искуства и знаења од соодветните области, и тоа во рамките на потпишаните меморандуми за соработка, преку TAIEX-инструментот, аплицирања на твининг-проекти итн. Во 2018 година АКН

потпиша Меморандум за соработка со Републичката управа за геодетски и имотноправни работи на Република Српска од областа на катастарот, геодезијата и НИПП.

АКН и Лантматериет во текот на 2018 година аплицираа и добија финансиска поддршка од Шведската меѓународна развојна агенција (Swedish International Development Agency-Sida) за имплементација на проектот „Соработка за дигитална демократија". Проектот е организиран во пет компоненти и ќе се имплементира во периодот 2019-2023, вкупниот износ на донацијата е 23.710.406 шведски круни

АКН аплицираше пред фондовите на Европската Унија за добивање на финансиска поддршка за теренско прибирање на податоци за 10 општини а во функција на воспоставување на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви.

Во текот на 2018 година беше потпишан договор за времено продолжување на проектните активности на ИМПУЛС проектот ќе се имплементира до крајот на декември 2019 година. Во рамките на SPATIAL проектот кој е финасиран од страна на Холандското министерство за надворешни работи во рамките на MATRA предпристапната програма, АКН и преставниците на холандскиот катастар организираа низа на работилници и обуки за вработените и засегнатите министерства од областа на НИПП, Адресниот Регистар и картографија.

Во текот на 2018 година претставници на АКН беа во работни посети на норвешката Агенција за геодезија и картографија и Шведскиот катастар (Лантматериет) на овие состаноци се разгледуваа можностите за продолжување на соработката како и финансирање на развојни проекти од областа на областа на основните геодетски работи, картографијата, Адресниот регистар и НИПП.

Во рамките на потпишаниот Меморандум за соработка, Генералниот директорат за картирање на Република Турција ѝ предаде на АКН печатени топографски карти во размер 1:100000 во количина 10.800 листови и карти во размер 1:200000 во количина од 4.800 листа, за целата територија на нашата држава кои карти претходно се изработени и се подготвени за печатење во Агенцијата.

Обуки за професионалните корисници и континуирани обуки за овластените геодети

Во периодот јануари-декември 2018 година се одржани 25 обуки наменети за професионалните корисници на услугите на АКН на 0буките учество земале 1.205 лица

ОДРЖАНИ ОБУКИ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - ДЕКЕМВРИ 2018 г.				
ПЕРИОД	ЦЕЛНА ГРУПА	ТЕМА НА ОБУКАТА	БРОЈ НА ОРГАНИЗИРАНИ ОБУКИ	БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ
јануари	трговци поединци овластени геодети	геодетски елаборати за инфраструктурни објекти	1	7
	вработени во општини во	користење на апликацијата е-	2	3

	Република Северна Македонија	кат шалтер		
	вработени во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство	користење на апликацијата е-кат шалтер	2	49
февруари	/	/	/	/
март	/	/	/	/
април	Нотарска комора	користење на апликацијата е-кат шалтер	1	2
	трговци поединци овластени геодети		1	187
мај	вработени во Државно правобранителство	користење на апликацијата е-кат шалтер	1	2
	вработени во општини во Република Северна Македонија	воспоставување на адресен регистар	1	93
	трговци поединци овластени геодети	геодетска дејност во Република Словенија	1	194
	вработени во општини во Република Северна Македонија	користење на апликацијата е-кат шалтер	2	29
	вработени во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство	користење на апликацијата е-кат шалтер	2	35
јуни	Адвокатска комора	користење на апликацијата е-кат шалтер	1	2
	вработени во општини во Република Северна Македонија	користење на апликацијата е-кат шалтер	1	2
јули	/	/	/	/
август	/	/	/	/
септември	/	/	/	/
октомври	трговци поединци овластени геодети	воспоставување на системот е-кат шалтер за поднесување/започнување на барања/постапки за инфраструктурни објекти	1	184
	вработени во АД за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Република Северна Македонија	користење на апликацијата е-кат шалтер	1	2
	вработени во Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство	користење на апликацијата е-кат шалтер	1	1

ноември	Нотарска комора	апликација е-кат шалтер – поднесување барања за инфраструктурни објекти	1	18
	Комора на извршители	апликација е-кат шалтер – поднесување барања за инфраструктурни објекти	1	13
	вработени во општини во Република Северна Македонија	апликација е-кат шалтер – поднесување барања за инфраструктурни објекти	1	122
декември	судови во Република Северна Македонија	апликација е-кат шалтер	1	40
	вработени во Министерство за финансии - Управа за имотно-правни работи	апликација е-кат шалтер	1	39
	трговци поединци овластени геодети	измени на законот за катастар на недвижности и трансформација на координати	1	181
ВКУПНО			25	1.205

1.10 ОСВРТ НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ ВО ПЕРИОД ЈАНУАРИ-СЕПТЕМВРИ 2019 ГОДИНА

Одржување на катастарот на недвижности

Вкупниот број на новодобиени предмети, вкупниот број на решени предмети, одбиени предмети, како и бројот на преостанати нерешени предмети во 29 одделенија за катастар на недвижности, како и во Центарот за катастар на недвижности-Скопје, за периодот јануари-септември 2019 година е прикажан во графиконот подолу.



Број на примени, решени, одбиени и нерешени предмети во периодот јануари-септември 2019 година

Запишување хипотеки

Во периодот јануари-септември 2019 година се запишани товари врз недвижностите во вкупен број од 6.228 и со вкупна вредност од 1.639.347.969 евра и 10.286.589.812 денари.



Дистрибутивен систем на АКН

Во периодот јануари-септември 2019 година на порталот http://ossp.katastar.gov.mk/OSSP/ направени се вкупно 22.993 нарачки со вкупно 219.847

производи во направени успешни нарачки, од кои според формата на производот се издадени 219.710 производи во електронска форма, 130 производи во хартиена форма и 7 сервиси.



Споредба на податоците издадени преку дистрибутивниот систем на АКН

Запишување на правото на сопственост на Република Северна Македонија на катастарски парцели кои останале со незапишани права во катастарските општини во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште-премерен катастар

Постапувајќи по заклучоците и препораките од Сто и втората седница на Владата на Република Северна Македонија, АКН согласно Акцискиот план, отпочна со запишувањето на правата на недвижностите на Република Северна Македонија, за кои пред ставање во примена на катастарот на недвижности во примена бил премерен катастар на земјиште. За таа цел беше изготвено и Упатство за начинот на запишување на правото на сопственост на недвижностите на Република Северна Македонија во катастарот на недвижности по службена должност бр. 0311-49083/1 од 18.12.2019 година, по што се отпочна со запишувањето.

Досега запишувањето е завршено во вкупно 607 катастарски општини, што преставува 79% од предвидените катастарски општини, при што се запишани вкупно 36.442 парцели со вкупна површина од 49.181 хектари, при што согласно доставеното Упатство констатирано е дека досега 5.431 катастарска парцела со вкупна површина 4.863 хектари не се предмет на запишување, односно според површината запишувањето досега е завршено на 71% од планираното.

Запишување згради, посебни делови од згради и други објекти во сопственост на Република Северна Македонија кои останале со незапишани права во катастарски општини во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште-премерен катастар

Постапувајќи по заклучокот од стои и втората седница на Владата на Република Северна Македонија со кој се задолжија сите органи на државната управа до 31.12.2018 година до АКН и до Државното правобранителство на Република Северна Македонија да достават листа со податоци за објектите (згради/делови од згради/други објекти) со кои располагаат, која ќе содржи адреса на објектот, број на катастарската парцела и име на катастарската општина каде се наоѓа објектот, определен број на државни органи и институции доставија податоци, но поголем дел од истите се со недостатоци.
Од прибраните податоци констатирано е дека за поголемиот дел, државните органи и институции не ги доставиле бараните податоци (доставени се податоци од вкупно 18 институции). Во период што следи, АКН во соработка со Државното правобранителство на Република Северна Македонија ќе пристапи кон изготвување на предлог акциски план за нивно премерување и запишување, во кој како активност ќе биде содржано и донесувањето на одлука/и за вршење премер во функција на запишување на недвижностите во катастарот на недвижности, како и донесување одлука/и за запишување на правото на сопственост на наведените недвижности во катастарот на недвижности.

За оваа цел АКН изврши пренамена на финансиските средства за 2019 година во рамки на Буџетот на АКН, а за извршување на овие работи во 2020 година ќе бидат планирани финансиски средства за ангажирање на надворешен/и изведувач/и за вршење на работите од премерот преку постапка на јавна набавка.

Запишување катастарски парцели кои останале со незапишани права во катастарски општини во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште-пописен катастар

Со стапување во сила на Измените и дополнувањата на Законот за катастар на недвижности (Службен весник на Република Северна Македонија бр.124/2019) се олеснуваат процедурите, и се поедноставуваат постапките за запишување на недвижностите со незапишани права. како по однос на запишувањата на правата на недвижностите на физичките лица така и за успешно запишувањето катастарски парцели и згради во сопственост на Република Северна Македонија кои останале со незапишани права за кои во примена претходно бил катастарот на земјиште засновано на попис-пописен катастар. За оваа цел АКН направи измена на финансискиот план за 2019 година, а за извршување на овие работи во 2020 година ќе бидат планирани финансиски средства за ангажирање на надворешен/и изведувач/и за вршење на работите од премерот преку постапка на јавна набавка.

Дигитализација на катастарски планови

Во периодот јануари-септември 2019 година, во делот на дигитализацијата на катастарските планови, направена е миграција во е-кат графика на 10 КО од ОКН Тетово.

Од вкупно 1913 КО во Република Северна Македонија, до сега се мигрирани вкупно 1865 КО. Преостануваат уште 48 КО за миграција, од кои 47 КО се во надлежност на ОКН Тетово, а 1 КО во надлежност на ОКН Гостивар.

Согласно потребите на АКН и професионалните корисници планирана е јавна набавка за реинженеринг/ редизајн на кориснички интерфејс/ изработка на нов современ систем за обработка на графички и атрибутни податоци за катастар на недвижности и катастар на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности.

Закон за катастар на недвижности

Во текот на 2019 година се донесе Законот за изменување и дополнување на законот за катастар на недвижности објавен во „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.124/2019 на ден 18.06.2019 година.
Подзаконските прописи предвидени со овој закон ќе се донесат во законски предвидениот рок од 90 дена од влегувањето во сила на законот.

Контрола на катастарот на недвижности и надзор на приватниот геодетски сектор

Во рамките на Секторот за контрола и надзор примени се вкупно 337 претставки. Согласно годишниот план за контрола, извршени се контроли на работата во 13 одделенија за катастар на недвижности, додека согласно планот извршени се контроли на 57 приватни геодетски фирми.



Подобрување на квалитетот на податоците од катастарот на недвижности

Во 2019 година, АКН продолжи со активностите за подобрување на квалитетот на податоците во ГКИС. Подобрувањето на квалитетот на податоците се однесува на подобрување на постојната нестандардизирана структура на записите во катастарот на недвижности.

Подобрувањето од овој вид се реализира во континуитет, со секоја поднесена пријава, но и со системско/ автоматизирано прочистување на податоците кое се прави по службена должност.

Систематско/ автоматизирано прочистување на податоците

За подобрување на квалитетот на податоците во КН спроведени се 5 систематски активности и тоа:

- прочистување на евидентни и пописни листови кои содржеа недвижности со запишани права.

Оваа активност во изминатиот период е завршена во обем од 85% од востановените грешки.

- отстранување на грешки за броеви на парцели за згради и делови од згради за кои при делбите не е внесен новиот парцелен број

Оваа активност во изминатиот период е завршена во обем од 11% од востановените грешки. Најголем дел од овие грешки се сконцентрирани во ЦКН Скопје, ОКН Тетово и ОКН Гостивар.

- поништување на имотни листови во е-кат системот во кои постоел само А лист (за недвижност која е отуѓена целосно во друг ИЛ)

Оваа активност во изминатиот период е завршена во обем од 60% од востановените грешки.

- проверка и евентуално поништување на ИЛ кои содржат податоци само во В и Б лист
- контрола на извршено усогласување на поединечно извршените запишувања.

Од направените контроли утврдено е дека во најголем дел на поединечните запишувања е извршено усогласување, односно овие запишувања се пренесени во катастарот на недвижности.

Одржување на современа геодетска референтна инфраструктура и картографија

АКН и Агенцијата за геодезија, картографија и катастар на Република Бугарија врз основа на потпишаниот меморандум за соработка ја финализираа обработката на податоците од извршеното поврзување на нивелманските мрежи од висока точност на Република Северна Македонија и Република Бугарија. Со нивното поврзување, нивелманската мрежа од висока точност на Република Северна Македонија практично станува дел од Обединетата европска нивелманска мрежа (UELN). Во скоро време ќе следува верификација на резултатите од проектот од страна на стручните тела на EUREF (европската референтна рамка) и формално ќе биде потврдено приклучувањето на македонската нивелманска мрежа во Обединетата европска нивелманска мрежа.
Во делот на картографијата, отпочнати се активности поврзани со изработката на ситноразмерни топографски карти во размер 1:500000 и 1:1000000, која што е предвидено да се реализира до крајот на 2019 година.

Врз основа на податоците од новото ортофото снимање на територијата на Република Северна Македонија, АКН продолжи со постапка за ажурирање на податоците од топографската карта во размер 1:25000, како основна државна карта за ГИС во Република Северна Македонија. Заклучно со месец септември 2019 година ажурирани се 30 листови од топографската карта, македонска и англиска верзија, од вкупно 40 колку што се планирани за 2019 година.

Изготвена е нова верзија на паневропскиот картографски продукт ERM (EuroRegionalMap) и истиот е доставен за контрола и валидација до Eurogeographics, а подготвена е и проектна апликација за воспоставување центар за обработка и анализа на податоци од сателитски снимки која што согласно утврдените процедури ќе биде доставена до Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA).

Ласерско скенирање

Заклучно со месец септември 2019 година извршено е ласерското скенирање на 8.800 км2 што претставува околу 80% од вкупната територија предвидена за скенирање во рамките на Lidar проектот. Во тек е процесирање на податоците, изработка на соодветни продукти (DTM, DSM и облаци од точки) и спроведување на контрола на квалитетот на изработените продукти. Контролата на квалитетот ја вршат стручни лица од АКН, обучени од норвешки експерти во рамките на LIDAR проектот. Паралелно со активностите поврзани со ласерското скенирање на теренот, се работеше и на создавање капацитети за чување и дистрибуција на податоците од LIDAR проектот. Изработката на дистрибутивниот LIDAR портал преку кој корисниците ќе можат да вршат преглед, селекција и преземање на LIDAR податоците е во завршна фаза и се очекува истот да биде финализиран до крајот на месец октомври 2019 година.

Премер, обележување, одржување и обновување на граничните белези и граничната линија на државната граница на Република Северна Македонија

Во периодот јануари-септември 2019 година АКН продолжи со активностите поврзани со чување, одржување, обновување и обележување на државната граница на Република Северна Македонија спрема соседните земји и отварање на нови гранични премини.

Со Република Бугарија продолжено е со елаборирање на прибраните теренски податоци во функција на изработка на граничната документација за македонско-бугарската гранична линија од граничен столб бр. 1 до граничен столб бр. 50, во вкупна должина од 62 км.

Со Република Србија во првото шестмесечие од 2019 година, комплетирана е изработката на гранична документација за дел од 4-тиот сектор од македонско-српската граница во должина од околу 12 км. и продолжено е со елаборирање на теренски прибраните податоци за граничната линија од 6-от сектор, во должина од 47 км.

Со Република Косово продолжени се работните активности во рамките на Мешовитата експертска комисија за отварање на нов Заеднички Граничен премин меѓу Република Северна Македонија и Република Косово.

Со Република Албанија отпочнати се подготвителни активности околу престојното поставување на граничните пловки за обележување на државната граница меѓу Република Северна Македонија и Република Албанија на делот од Преспанското и Охридското Езеро.

Со Република Грција остварено е активно учество во обновување на уништените гранични белези во атарот на село Гермијан-Битолско и продолжени се активностите поврзани со престојното поставување на граничните пловки за обележување на државната граница меѓу Република Северна Македонија и Република Грција на делот од Преспанското Езеро.

Востановувањето на катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности

Востановувањето на катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности АКН и во текот на 2019 година ќе продолжи со востановувањето на катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности кој опфаќа: запишување на правата на инфраструктурните објекти, евидентирање на инфраструктурните објекти, предбележување на правото на градба на инфраструктурните објекти, како и одржување на инфраструктурните објекти. Во периодот јануари-септември 2019 година превземени се следните активности:

- Запишани се вкупно 1.161.279 м инфраструктурни објекти;
- Евидентирани се вкупно 458.120 м инфраструктурни објекти и
- Предбележани се вкупно 5.523 м инфраструктурни објекти.

Со измените и дополнувањата на Законот за катастар на недвижности е овозможено правата на сопственост на инфраструктурните објекти од јавен интерес, кои се изградени на земјиште во приватна сопственост, да се запишуваат во катастарот на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, со обврска сопствениците на инфраструктурните објекти да ги решат имотно правните односи на земјиштето во рок од десет години од денот на влегувањето во сила на овој закон.
Обврската за решавање на имотно правните односи на земјиштето АКН ќе ги прибележува во имотниот лист во кој се запишани инфраструктурните објекти.

Вршење геодетски работи за посебни намени од значење за Република Северна Македонија

Постапувајќи по одлуката на Владата за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот предвидени со годишната програма за финансирање на изработка на урбанистички планови, регулациони планови на генерални урбанистички планови, урбанистичко-планска документација и урбанистичко проектна документација изработен е ажурирана геодетска подлога за брана и акумулација Слупчанска Река во К.О.Слупчане и К.О. Руница.

Национална инфраструктура на просторни податоци

Во рамките на НИПП-от и во текот на 2019 година се продолжи со процесот на хармонизација и стандардизација на збирките просторни податоци по европската ИНСПИРЕ-директива, како и со изработката на метаподатоци и веб-сервиси.
Креирање метаподатоци за следните збирки на просторни податоци:

- катастарски парцели и
- згради и други објекти.

Хармонизација и стандардизација за следните збирки на просторни податоци:
- патна мрежа 1:25000,
- железничка мрежа 1:25000 и
- класификација на земјиште 1:25000.

Изработка на WMS (Web Map Service) за:
- патна мрежа 1:25000,
- железничка мрежа 1:25000 и
- класификација на земјиште 1:25000.

Изработка на WFS (Web Feature Service) за:
- патна мрежа 1:25000,
- железничка мрежа 1:25000 и
- класификација на земјиште 1:25000.

Уредбата за стандарди на метаподатоците ја донесе Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 11 јуни 2019 година.

Графички регистар за улици и куќни броеви

Во функција на воспоставување на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви, врз основа на претходно спроведена тендерска постапка во 2018 година, АКН склучи три договори за теренско прибирање на податоци за улици и куќни броеви во 63 населени места на територијата на 10 општини во надлежност на градот Скопје.

Постапката на прибирање на податоците за улици и куќни броеви за 63-те населени места на територија на градот Скопје е завршена. Прибрани се вкупно 97.658 адресни податоци.

Преку проектот „Соработка за дигитална демократија“ финансиран од Кралството Шведска, започнати се активности поврзани со теренско прибирање на податоци за улици и куќни броеви за 350 населени места во 11 општини: Центар Жупа, Дебар, Гостивар, Кичево, Кочани, Куманово, Лозово, Македонска Каменица, Неготино, Битола и Градско.

Подготовка на податоци за попис на населението, домаќинствата и становите

АКН во изминатиот период за потребите на спроведување на пробниот попис на населението, домаќинствата и становите подготви и ги предаде потребните податоци во

дигитална и хартиена форма за 32 пописни круга од 13 општини на Државниот завод за статистика.
Во континуитет се припремаат податоци за претстојниот попис за останатите населени места.

Управување со графичкиот регистар за градежно земјиште

Во Одделението за Графички регистар за градежно земјиште и воспоставување и водење на катастар на инфраструктурни објекти како дел од катастарот на недвижности, при Секторот за геоматика за периодот јануари-септември 2019 година, превземени се следните активности:
Од вкуно примени 1.430 барања издадени се:

- 542 позитивни мислења за утврдена состојба по извршеното споредување на податоците од урбанистичките планови, урбанистичко планска документација и проект за инфраструктура, со податоците од катастарските планови, доставени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам;
- 542 негативни мислења за утврдена состојба по извршеното споредување на податоците од урбанистичките планови, урбанистичко планска документација и проект за инфраструктура, со податоците од катастарските планови, доставени во електронска форма преку информацискиот систем е-урбанизам;
- 294 извештаи за дигитално преклопување на податоците за урбанистички планови, урбанистичко планска документација и проект за инфраструктура, со податоците од катастарските планови доставени во електронска форма преку информацискиот систем е- урбанизам и
- 52 барања се повлечени од страна на подносителите

Воспоставување на регистарот на преземен недвижен имот наменет за продажба

Со донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 124/2019), се создадоа Законски услови за воспоставување и водење на овој регистар.

Во „Службен весник на на Република Северна Македонија“ бр. 196/2019, објавен е правилникот за начинот на водење, формата и содржината на регистарот на преземени недвижности наменети за продажба и формата и содржината на податоците за преземените недвижности.

Е-Кат системот е надграден со нова функционалност во насока на иницијално полнење, воспоставување и одржување на овој регистар.

Во изминатиот период, одржана е обука со претставници од банките, УЈП и Агенцијата за управување со одземен имот, за начинот на потврдување на податоците во функција на воспоставување на Регистарот.

Регистар на цени и закупнини

За периодот јануари-септември 2019 година во Регистарот на цени и закупнини се регистрирани вкупно 13.953 трансакции.



Процентуален израз на вкупно регистрираните продажби и закупи во периодот јануари-септември 2019 година

Во периодот јануари-септември 2019 година во Регистарот на цени и закупнини се впишани 11.408 продажби на недвижности, 2.200 продажби од инвеститор, 329 откупи од Република Северна Македонија и 16 продажби на лицитација, односно вкупен број од 13.938 продажби.

Меѓународни активности и обуки

Во рамките на своите меѓународни активности АКН беше домаќин на повеќе работни средби со претставници на националните агенции од регионот и пошироко. Во посета на АКН беше делегација од Агенцијата за катастар на Косово, на состанокот беа дискутирани можните полиња за соработка помеѓу двете институции но и беа

презентирани реализираните активности од проектот за гравиметрија како и основните геодетски работи.

Во дводневна работна посета на АКН беше и висока делегација од Генералниот директорат за картирање на Република Турција на состаноците се разгледуваше степенот на имплементацијата на акциски план за периодот 2019-2020 година кој е составен дел на Меморандумот за соработка.

АКН , оствари работна посета на Агенцијата за геодезија, картографија и катастар на Република Бугарија. За време на работната средба беа разгледани резултатите од реализацијата на „Проектот за поврзување на нивелманските мрежи од висока точност на Република Северна Македонија и Република Бугарија.

Проектот СПАТИАЛ (Strengthened Professional Access to Information About Land), кој беше финансиран од холандската влада, чија цел беше јакнење на капацитетите на АКН во делот на воспоставувањето на националната инфраструктура на просторни податоци (НИПП), адресниот регистар и картографијата беше финализиран во март 2019 година.

Агенцијата за катастар на недвижности на Република Северна Македонија, на 16 април 2019 година, беше домаќин на состанокот на Координациониот одбор на проектот ИМПУЛС.

Директорите на националните агенции од регионот, како и претставничката на шведската агенција за меѓународен развој СИДА, Нина Геладзе Екстед и заменик директорот на шведскиот катастар Андерс Лундквист учествуваа на овој десетти состанок на Координациониот одбор на кој беше разгледан и усвоен извештајот од реализираните проектни активности од изминатиот период, како и финансискиот извештај, а беа дадени и повеќе идеи и визии за понатамошната регионална соработка.

Претставници на АКН земаа учество на бројни меѓународни конференции и настани на кои беа презентирани реализираните активности и проекти од областа на геодезијата, катастарот, картографијата и НИПП.

АКН и Лантматериет во 2019 година ја започнаа имплементацијата на проектот „Соработка за дигитална демократија“. Проектот е организиран во пет компоненти и ќе се имплементира во периодот 2019-2023, а вкупниот износ на донацијата е 23.710.406 шведски круни. од Шведската меѓународна развојна агенција (Swedish International Development Agency-Sida)

Целта на проектот е зајакнување на капацитетите на АКН преку понатамошно развивање на деловните процеси за размена на висококвалитетни и ажурирани дигитални податоци, како и развивање на нови и подобрени сервиси со што ќе даде свој придонес кон владините политики за создавање поволна деловна клима и кон евроинтеграциските процеси во државата.

Обуки за професионалните корисници и континуирани обуки за овластените геодети

Одржани обуки/работилници јануари-септември 2019				
МЕСЕЦ 2019	ЦЕЛНА ГРУПА	ТЕМА НА ОБУКАТА	БРОЈ НА ОРГАНИЗИРАНИ ОБУКИ	БРОЈ НА УЧЕСНИЦИ
јан.19	трговци поединци овластени геодети	дополнителна обука за 2018 година: воспоставување на е-кат шалтер систем за поднесување постапки за инфраструктурни објекти	1	29
мар.19	трговци поединци овластени геодети	прва обука за 2019 година: – „3Д топографски карти" – „НИПП и ПДОК" – „клучни регистри" – „систем за подземен катастар" – „ЕУ-директиви и упатства за размена на информации"	1	189
мар.19	субјекти вклучени во НИПП	завршна работилница на проектот СПАТИАЛ	1	35
мар.19	вработени во општините	работилница: „Најдобри практики и научени лекции за воспоставување Адресен регистар"	1	78
мар.19	професионални корисници	работилница: „Анализа за редизајн и реинженеринг на е-кат шалтер"	1	36
апр.19	професионални корисници	Обука за Е-кат Шалтер	1	8
апр.19	вработени во општините	Регистар на улици и куќни броеви	1	22
апр.19	трговци поединци овластени геодети		1	5
мај.19	трговци поединци овластени геодети	Дистрибутивни сервиси во ГеоИС околина	1	194
ВКУПНО			9	596

1.11 ПРОГРАМИ

АКН во периодот 2020-2022 година ќе ги реализира стратешките програми кои се функција на остварувањето на стратешките приоритте на Владата на Република Северна Македонија и целите на АКН.

Во програмите се содржани мерки и активности кои произлегуваат од нашата мисија и нивното остварување треба да значи чекор поблиску до остварување на визијата на АКН и на утврдените индикатори на успешност.

Во стратешкиот план се креирани следниве програми:

1. Промоција и комуникација
2. Подобрување на квалитетот на податоците
3. Нови функционалности во ГКИС
4. Основни геодетски работи и картографија
5. Институционален развој

А: Оправданост и дизајн на Програмата	
Образложение: Програмата **„Промоција и комуникации“** произлегува од: Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година бр. Бр. 45-2931/1 од 30 април 2019 година: развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните и Република Северна Македонија - членка на НАТО и Европската Унија.	
НПАА: поглавје I - Политички критериуми, 1.2. Реформа на јавната администрација Поглавје II - Економски критериуми, 2.1. Постоење на функционална пазарна економија	
Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: АКН да се промовира во јавноста како сериозна институција, која работи врз основа на принципите на законитост, стручност, ефикасност, отвореност, сервисна ориентација, професионалност и одговорност за работењето и постигнатите резултати. **АКН е:** • отворена организација која е ориентирана кон корисниците; • современа агенција, која работи на подобрувањето на услугите, но и на сопствениот развој; • лесно достапна за корисниците, кои се упатени во нејзината работа преку редовно информирање за услугите и производите, редовно ја информира стручната јавност и професионалните корисници, како и медиумите за развојните програми и цели.	
Назив на програмата: „Промоција и комуникации“	
Цел на програмата: Информираност на широката јавност, стручната јавност и професионалните корисници за работењето на АКН, за новитетите кои ги воведува и за олеснувањето при користењето на сервисите, во интерес и на задоволство на корисиците.	
Показатели за успех на Програмата: Спроведена интерна анкета со корисниците, посебно оние кои го користат центарот за телефонски јавувања на корисниците. Достигнување на највисокото ниво на задоволството на корисниците, кое се пресметува во скала од 1 до 5. Оценка повисока од 4.	
Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ хоризонтална ✔ вертикална	
Потпрограми (компоненти) од Програмата:	
Потпрограма 1: Транспарентност и јавност во работењето	**Показател за успешност:** Анкета на репрезентативен примерок од 300 испитаници во која повеќе од половината од корисниците ќе се изјаснат позитивно за транспарентноста во работата на АКН
Потпрограма 2: Информативен сервис за корисниците, воедно и информатор за јавноста во однос на работењето на Агенцијата	**Показател за успешност:** Препознатливост и присутност во јавноста со секогаш нови информации. Прес клипинг на објави и гостувања во медиумите. Повеќе од 20 објави и учества во емисии.
Потпрограма 3: Подобрување на хоризонталното и вертикалното комуницирање во организацијата и јавноста	**Показател за успешност:** Број на поставени интерни информации на ИНТРАНЕТОТ споделување на стекнати знаења од посетени обуки, семинари, работилници

Б: План за спроведување на Програмата

Потпрограма 1: План за спроведување

АКТИВНОСТ	ОДГОВОРНИ	КОНСУЛТИРАНИ	ВРЕМЕНСКА РАМКА		ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ					
			ПОЧЕТОК	КРАЈ	ЧОВЕЧКИ			ФИНАНСИИ (МКД)		
					I год.	II год.	III год.	I год.	II год.	III год.
1. Изготвување на Стратегија за односи со јавноста на АКН	АКН	Стратегија за односи со јавноста на Владата	март 2020	јуни 2020	/	/	/	200.000	/	/
2. Формирање на одделение за односи со јавноста	АКН	/	2020	2021	/	/	/	/	/	/
3. Изготвување на Акционен план за споведување на предвиденото во Стратегијата за односи со јавноста	АКН	/	јануари 2020	март 2020	/	/	/	/	120.000	/
Вкупно активности во I година: 3										
Вкупно активности во II година: 1										
Вкупно активности во III година: /										
Вкупно за потпрограма 1: 4										

Потпрограма 2: План за спроведување

АКТИВНОСТ	ОДГОВОРНИ	КОНСУЛТИРАНИ	ВРЕМЕНСКА РАМКА		ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ					
			ПОЧЕТОК	КРАЈ	ЧОВЕЧКИ			ФИНАНСИИ (МКД)		
					I год.	II год.	III год.	I год.	II год.	III год.
1. Печатен инфо материјал	АКН	/	јануари 2020	континуирано	/	/	/	60.000	600.000	600.000
2. Креирање филмувани или комјутеризирани упатства за	АКН	/	март 2020	декември 2020	/	/	/	/	120.000	/

корисниците (туторијали)										
3. Промоција на работењето и на новитетите воведени во АКН	АКН	/	септември 2020	континуирано	/	/	/	/	/	/
Вкупно активности во I година: 3										
Вкупно активности во II година: 2										
Вкупно активности во III година: 2										
Вкупно за потпрограма 2: 7										

Потпрограма 3: План за спроведување

АКТИВНОСТ	ОДГОВОРНИ	КОНСУЛТИРАНИ	ВРЕМЕНСКА РАМКА		ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ					
			ПОЧЕТОК	КРАЈ	ЧОВЕЧКИ			ФИНАНСИИ (МКД)		
					I год.	II год.	III год.	I год.	II год.	III год.
1. Спроведување анкети преку ИНФО ЦЕНТАРОТ	Сектор за контрола и надзор – Одделение за грижа на корисници	/	континуирано	континуирано	/	/	/	/	/	/
2. Кампањи наменети за јавноста за новитетите и можностите кои ги нуди АКН	АКН	/	март 2020	континуирано	/	/	/	/	/	/
3. Воведување и функционален ИНТРАНЕТ	АКН	/	март 2020	континуирано	/	/	/	/	/	/
Вкупно активности во I година: 2										
Вкупно активности во II година: 2										
Вкупно активности во III година: 2										
Вкупно за потпрограма 3: 6										

А: Оправданост и дизајн на Програмата	
Образложение: Програмата **„Подобрување на квалитетот на податоците во ГКИС"** произлегува од: Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година бр. Бр. 45-2931/1 од 30 април2019 година: развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните	
НПАА: поглавје IIЕкономски критериуми, 2.1. Постоење на функционална пазарна економија	
Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: • подобрување на квалитетот на податоците запишани во катастарот на недвижности и намалување на процентот на незапишани права • унифицирање на податоците во катастарот на недвижностите • запишување на права на сопственост на Република Северна Македонија на КП кои во катастарот на нанедвижности се со незапишани права	
Цел на програмата: Подобрен квалитет на податоците во ГКИС	
Показатели за успех на Програмата: Број на запишани права на сопственост врз недвижностите, Број на недвижности/носители на правата на недвижностите/адреси и сл. за кои се унифицирани податоците, Број на запишани парцели/објекти сопственост на Република Северна Македонија	
Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ хоризонтална ✔ вертикална	
Потпрограми (компоненти) од Програмата:	
Потпрограма 1: Подобрување на квалитетот на податоците запишани во катастарот на недвижности и намалување на процентот на незапишани права и запишување на права на сопственост на Република Северна Македонија на КП кои во катастарот на недвижности се со незапишани права	**Показател за успешност:** Број на запишани права на сопственост врз недвижностите и Број на запишани парцели/објекти сопственост на Република Северна Македонија и степен на унифицираност во постапувањето по предметите и оправданост на претставките
Потпрограма 2: Унифицирање на податоците во катастарот на недвижностите	**Показател за успешност:** Број на недвижности/ИЛ/носители на правата на недвижностите/адреси и сл. за кои се унифицирани податоците

Б: План за спроведување на Програмата											
Потпрограма 1: План за спроведување											
АКТИВНОСТ	ОДГОВОРНИ	КОНСУЛТИРАНИ	ВРЕМЕНСКА РАМКА		ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ						
			ПОЧЕТОК	КРАЈ	ЧОВЕЧКИ			ФИНАНСИИ (МКД)			
					I год.	II год.	III год.	I год.	II год.	III год.	
1. Запишување на правото на сопственост на Република Северна Македонија на КП кои останале со незапишани права во КО во	Одделенија за КН/ сектори за КН/ ЦКН Скопје	/	2020	2021	АКН	АКН	АКН	/	/	/	

кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште-премерен катастар											
2. Запишување КП кои останале со незапишани права во КО во кои пред влегување во сила на катастарот на недвижности во примена бил катастарот на земјиште-пописен катастар	Одделенија за КН/ сектори за КН/ ЦКН Скопје	/	2020	2021	АКН	АКН	АКН и надворешни	АКН и надворешни	5.000.000 програма 20	/	/
3. Премер и запишување на зграда, посебни делови од зграда и други објекти во сопственост на Република Северна Македонија кои остнанале со незапишани права	Одделенија за КН/ сектори за КН/ ЦКН Скопје	/	2020	2021	АКН и надворешни	АКН и надворешни	АКН и надворешни	/	5.000.000 програма 20	5.000.000 програма 20	/
4. Спроведување на контрола на одделенијата за КН + ЦКН Скопје	Сектор за контрола и надзор	/	континуирано	континуирано	/	/	/	/	/	/	/

5.Спроведување на надзор на професионалните корисници заради градење на професионални стандарди	Сектор за контрола и надзор	/	континуирано	континуирано	/	/	/	/	/	/	/	/
6.Постапување по претставки и предлози во рамките на секторот за контрола и надзор	Сектор за контрола и надзор	/	континуирано	континуирано	/	/	/	/	/	/	/	/
Вкупно активности во I година: 6												
Вкупно активности во II година: 6												
Вкупно активности во III година: 3												
Вкупно за потпрограма 1: 15												

Потпрограма 2: План за спроведување

АКТИВНОСТ	ОДГОВОРНИ	КОНСУЛТИРАНИ	ВРЕМЕНСКА РАМКА		ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ						
			ПОЧЕТОК	КРАЈ	ЧОВЕЧКИ			ФИНАНСИИ (МКД)			
					I год.	II год.	III год.	I год.	II год.	III год.	
1. Воедначување на податоците во документите каде што носител на правото на сопственост се јавува Република Северна Македонија	одделенија за КН/ ЦКН Скопје	сектор за ИКТ	јануари 2020	декември 2022	/	/	/	/	/	/	/
2. Унифицирање на податоците во базите на податоци	одделенија за КН/ ЦКН Скопје	сектор за ИКТ	јануари 2020	декември 2022	/	/	/	/	/	/	/

Вкупно активности во I година: 2						
Вкупно активности во II година: 2						
Вкупно активности во III година: 2						
Вкупно за потпрограма 2: 6						

А: Оправданост и дизајн на Програмата	
Образложение: Програмата „**Нови функционалности во ГКИС**“ произлегува од: Стратешкиот приоритет на Владата на Република Северна Македонија содржан во Одлуката за утврдување на стратешките приоритети на Владата на Република Северна Македонија во 2020 година бр. Бр. 45-2931/1 од 30 април 2019 година: развој на економијата, зголемување на продуктивното вработување и подигнување на животниот стандард на граѓаните	
НПАА: поглавје IIЕкономски критериуми, 2.1. Постоење на функционална пазарна економија	
Стратешките приоритети и цели на органот на државната управа: • Графички регистар за градежно земјиште • Графички регистар за улици и куќни броеви • Адресен регистар • функционален Регистар на цени и закупнини • Регистар на преземени недвижности наменети за продажба	
Цел на програмата: Одржување на постојните и воведување на нови регистри и системи во функција на подобрување на услугите на АКН	
Показатели за успех на Програмата: Оперативен Графички регистар за градежно земјиште, воспоставен Графички регистар за улици и куќни броеви, воспоставен Адресен регистар, функционален Регистар на цени и закупнини и воспоставен Регистар на преземени недвижности наменети за продажба	
Програмата е: (забележете го видот на Програмата) ☐ **хоризонтална** ✓ **вертикална**	
Потпрограми (компоненти) од Програмата:	
Потпрограма 1: Стандардизирана урбанистичко-планска документација во ГРГЗ	**Показател за успешност:** Број на урбанисичко-планска документација во ГРГЗ
Потпрограма 2: Воспоставен Графички регистар за улици и куќни броеви	**Показател за успешност:** Број на населени места за кои е воспоставен Графички регистар за улици и куќни броеви
Потпрограма 3: Воспоставување на Адресен регистар	**Показател за успешност:** Број на населени места за кои е воспоставен Адресен регистар
Потпрограма 4: Функционален Регистар за цени и закупнини	**Показател за успешност:** Број на валидирани трансакции внесени во Регистарот за цени и закупнини
Потпрограма 5: Воспоставен Регистар на преземени недвижности наменети за продажба	Показател за успешност: Број на на преземени недвижности наменети за продажба

Б: План за спроведување на Програмата

Потпрограма 1: План за спроведување

АКТИВНОСТ	ОДГОВОРНИ	КОНСУЛТИРАНИ	ВРЕМЕНСКА РАМКА		ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ					
			ПОЧЕТОК	КРАЈ	ЧОВЕЧКИ			ФИНАНСИИ (МКД)		
					I год.	II год.	III год.	I год.	II год.	III год.
1. Одржување/ надградба на системот за Графички регистар за градежно земјиште (превентивно и адаптивно)	АКН	Министерство за транспорт и врски/ Комора на овлстени архитекти и инженери/ ЗЕЛС/ општини/ Комора на трговци поединци овластени геодети и трговски друштва за геодетски работи	јануари 2020	континуирано	АКН/ надворешни	АКН/ надворешни	АКН/ надворешни	3.540.000 програма 2А	3.540.000 програма 2А	3.540.000 програма 2А
Вкупно активности во I година: 1										
Вкупно активности во II година: 1										
Вкупно активности во III година: 1										
Вкупно за потпрограма 1: 3										

Потпрограма 2: План за спроведување

АКТИВНОСТ	ОДГОВОРНИ	КОНСУЛТИРАНИ	ВРЕМЕНСКА РАМКА		ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ					
			ПОЧЕТОК	КРАЈ	ЧОВЕЧКИ			ФИНАНСИИ (МКД)		
					I год.	II год.	III год.	I год.	II год.	III год.
1. Теренско прибирање на податоци за улици и куќни броеви за населените места во функција на воспоставување на Графички регистар за	АКН	/	2020	2022	надворешни	надворешни	/	21.525.000 Средства од Донации и средства на ЕК	27.675.000	40.000.000 други фондови или средства обезбедени од АКН

улици и куќни броеви												
2. Внес на податоци за улици и куќни броеви во базата на Графичкиот регистар за улици и куќни броеви за дел од населените места	АКН	/	во тек	континуирано	АКН/ надворешни	АКН/ надворешни	АКН/ надворешни	3.400.000 програма 2А	3.400.000 програма 2А	4.500.000 програма 2А		
3. Превентивно одржување на мобилна таблет апликација за прибирање теренски податоци и на апликација за контрола на квалитетот на теренски прибраните податоци	АКН	/	во тек	континуирано	надворешни	надворешни	надворешни	1.652.000 програма 2А	1.652.000 програма 2А	1.652.000 програма 2А		
Вкупно активности во I година: 3												
Вкупно активности во II година: 3												
Вкупно активности во III година: 3												
Вкупно за потпрограма 2: 9												

Потпрограма 3: План за спроведување

АКТИВНОСТ	ОДГОВОРНИ	КОНСУЛТИРАНИ	ВРЕМЕНСКА РАМКА		ПОТРЕБНИ РЕСУРСИ						
			ПОЧЕТОК	КРАЈ	ЧОВЕЧКИ			ФИНАНСИИ(МКД)			
					I год.	II год.	III год	I год.	II год.	III год.	
1. Донесување на подзаконски акти за воспоставување и водење на	АКН	Министерство за транспорт и врски/ Министерство за внатрешни	јануари 2020	јуни 2020	АКН/ надворешни	/	/	/	/	/	

Адресен регистар		работи/ Државен завод за статистика/ Град Скопје/ ЗЕЛС/ Министерство за информатичко општество и администрација/ Општини/ Управа за водење на матична евиденција											
